Александар ДОНСКИ

ИСУС ХРИСТОС И МАКЕДОНЦИТЕ



Александар ДОНСКИ

ИСУС ХРИСТОС И МАКЕДОНЦИТЕ

(Трето издание)
Штип, 2006 година

СО БЛАГОСЛОВ НА НЕГОВОТО ВИСОКО
ПРЕОСВЕШТЕНСТВО
МИТРОПОЛИТ БРЕГАЛНИЧКИ
ГОСПОДИН **АГАТАНГЕЛ**

НАМЕСТО УВОД

Библијата е најпреведуваната и најчитана книга на светот. Оваа света книга за христијаните и делумно за јудејците (која ја почитуваат и муслиманите), како што знаеме е поделена на два главни дела - Стар и Нов Завет. Настаните опишани во Библијата повеќе или помалку се познати во поширокатa јавност. Она што, меѓутоа, е недоволно истражено е одговорот на прашањето: имаат ли Македонците некакво учество во настаните опишани во оваа света книга?

Познато е дека христијанизацијата на Европа започнала преку Македонија, конкретно преку првите христијански заедници што овде ги основал свети Павле, на што во продолжение подетално ќе се задржиме.

Но, дали е тоа се што е поврзано со Библијата кога се во прашање Македонците? Одговор на ова дава исклучително вредната книга од д-р Ѓорѓи Поп-Атанасов под наслов: "*Библијата за Македонија и Македонците*" (Менора, Скопје, 1995 г.). Во оваа книга стручно и педантно се обработени сите спомнувања на Македонија и на Македонците во Светото Писмо, надополнети со нужни објаснувања. Од истражувањата што јас ги спроведов, утврдив дека постојат аргументи и сериозни претпоставки дека Македонците оставиле свој белег и во други библиски сегменти без да бидат директно спомнати како "Македонци". Така, на пример, постојат основани индиции дека лично Исус Христос за време на своето дејствување остварил повеќе средби со бројни Македонци. Исто така постојат силни индиции и за поставување хипотези дека некои важни личности поврзани со времето и дејствувањето на Исус Христос можеби биле етнички Македонци. Такви пред се би можеле да бидат светиот апостол Филип; потоа светиот евангелист Лука, како и неколку други познати светители. Постојат индиции за поставување хипотеза и за можното македонско потекло на еврејскиот крал Херод Велики (кај нас познат како: Ирод Велики) и на дел од неговата династија во чие време на владеење се родил и бил распнат на крст Исус Христос. Најпознат припадник на оваа династија бил синот на Херод Велики (кој се викал Херод Антипа),

по чија наредба му била отсечена главата на свети Јован Крстител.

Значи, навистина се работи за познати имиња од тоа време. Па, зарем може да се претпостави дека некои од нив можеби биле Македонци? Зарем не е пресмело такво нешто и да се помисли? Од каде Македонци во непосредната околина на Исус Христос? Во продолжение ќе се обидеме врз основа на аргументи, но и врз основа на логични заклучоци, да ја поткрепиме оправданоста на постоењето на овие препоставки.

ЗА ЕТНИЧКОТО ПОТЕКЛО НА АНТИЧКИТЕ МАКЕДОНЦИ

Пред да поминеме на главната тема на книгава најнапред предлагам да приложиме неколку нужни објаснувања. Да видиме кои биле тие Македонци кои одиграле една од главните улоги во создавањето на најмоќната религија во светот. Дали денешните Македонци имаат некаква врска со античките Македонци, т.е. со Македонците од т.н. *предсловенски период*?

Историските податоци, но и обичната логика зборуваат дека античките Македонци целосно ја внеле својата крв и култура во денешната македонска нација. Античките народи не исчезнувале од лицето на земјата и не испарувале во воздух (освен доколку не постојат податоци за нивно масовно иселување и сл.). Античките народи во најголем дел ја внесувале својата крв и култура во посовремените етникуми што се појавувале на нивната територија. Ова денес е прифатено од речиси сите историографии во светот. Таков е случајот и со балканските историографии. Така, на пример, современата албанска историографија тврди дека денешните Албанци во најголема мера се потомци на древните Илири, т.е. на античкиот народ, што во минатото живеел на територијата на денешна Албанија. Бугарската историографија сосема оправдано ги смета Тракијците како составен етно-културен сегмент од денешната бугарска нација. Да потсетиме дека Тракијците биле антички народ кој главно живеел на територијата на денешна Бугарија. И грчката историографија смета дека денешните Грци се директни потомци на древните Хелени, т.е. на народот што во антиката живеел на територијата на денешна Грција. Според ова, токму античките Македонци се античките предци на денешната македонска нација. Но, поради добро познатите дневно-политички причини, кај нас, до не така одамна, беше оневозможувано да се истражуваат етно-културните врски со античките Македонци (освен поедини инцидентни случави). Нашата официјална историографија за време на едноумието (но и подоцна) се држеше исклучиво до теоријата дека денешните Македонци се "*чисти Словени"* со "*прататковина"* од заткарпатските мочуришта.

Со целата почит кон ваквите ставови, ќе си дозволам да кажам дека во ваквата теорија не беа доволно објаснети неколку суштински моменти. За илустрација овде ќе спомнам еден ваков момент, што можат да го согледаат и најнеупатените читатели. Застапниците и приврзаниците на оваа теорија ќе треба да дадат убедлив одговор на едно едноставно прашање кое гласи: зошто денешните Македонци, според некои основни антрополошки карактеристики, изразено се разликуваат од мнозинството припадници на останатите *словенски* народи? Познато е сведоштвото на византискиот средновековен историчар Прокопие (кој бил современик на старите *Словени*) во кое тој сосема јасно ги опишал нив како народ, чии припадници биле изразено "*високи и многу јаки*". Тој тврдел и дека *старите Словени* сите до еден биле "*русокоси*", при што потенцирал дека меѓу нив немало ниту еден кој имал поинаква боја на косата, освен русата! ("*Одбрани четива за историјата на македонскиот народ"*, Скопје, 1951, стр. 7). Јасно е дека мнозинството денешни Македонци речиси воопшто не се вклопуваат во ваквиот опис на основните антрополошки црти на *старите Словени*. Поради тоа, се поставува прашањето: како е можно нашите "*крвни предци*" сите до еден да биле русокоси луѓе и, во најголем дел, "*високи и јаки*", а ние, нивните денешни "*потомци*", да имаме изразено спротивни карактеристики од нив? Таков случај не постои во историјата. Да ги земеме, на пример, Швеѓаните. Се знае дека основните антрополошки црти на нивните крвни предци (Викинзите) биле исти како антрополошките црти на денешниве Швеѓани. Зарем може некој денешен шведски историчар да ги опише Викинзите како "*ниски црномурести луѓе со темна боја на косите*"? Ова можеби помалку изгледа и смешно, но токму таква состојба имавме во нашата досегашна официјална историографија. Преку потенцирањето дека сме "*чисти Словени*" повеќе наши историчари и публицисти индиректно тврдеа дека нашите "*крвни предци"* антрополошки биле изразено поинакви од нас.

Под знак прашалник е и теоријата за *прататковината на Словените од зад Карпатите*. Секој читател самиот може да погледне во која било историска публикација поврзана со античкиот период на тој регион, каде што ќе види дека никакви *Словени* не се спомнуваат на поширокото подрачје околу Карпатите и тоа дури ни во првите векови по Христа. Та, нели е тоа нивната *прататковина* (земја на нивното создавање)? Ако е така, зошто тогаш нема никакви *Словени* на територијата околу Карпатите во првиот, вториот и

третиот век по Христа, па и подоцна? И зошто во официјалните историографии на сите денешни *словенски* земји (но и во официјалните историографии на Романија, Молдавија и Унгарија), т.е. во историографиите на **сите** држави кои денес опстојуваат на територијата на поширокиот простор околу Карпатите, пишува дека *Словените* таму се **доселиле**, а не дека таму биле создадени?

Со сето ова не сакам да ја запоставам *словенската* етнокултурна компонента во денешната македонска нација, туку само сакам да потенцирам дека процесите околу создавањето на една нација не се така едноставни, како што досега ги изучувавме (барем за време на едноумието) и истите треба поодговорно и покомплексно да се истражуваат и преиспитуваат. Но, овде нема да задржуваме на сложените процеси на етногенезата на денешната македонска нација, затоа што тоа не е предмет на оваа книга, туку само ќе посочиме на два клучни момента.

Прво ќе објасниме кои биле античките Македонци, а потоа ќе направиме краток осврт кон етно-културното наследство што античките Македонци го оставиле во денешната македонска нација. Па, да почнеме по ред.

Вистината дека античките Македонци не биле никакви Грци денес е се поприфатена во светската наука, наспроти жестоките напори на грчката историографија и пропаганда да го докаже спротивното. Во нашата поширока јавност е малку познато дека за прв пат дури во 19 век биле создадени посериозните пропагандни артикулации за наводниот "*грчки карактер*" на античките Македонци. Најгласни во овие тврдења биле тогашните германски историчари.

Познатиот американски историчар д-р Еуген (Јуџин) Борза, кој денес се смета за најголемиот авторитет во светот во однос на историјата на античка Македонија и чие име се среќава во голем број енциклопедии (во поглавијата за античка Македонија), како и во голем број американски документарни емисии посветени на оваа тема, во својата книга "*Во сенките на Олимп - појавата на Македонците"* (САД, 1990) прави детален преглед на теориите во 19 век поврзани со етничкото потекло на античките Македонци. Тој објаснува дека во 19 век, токму германските учени почнале погласно да го пропагираат хеленизмот кај античките Македонци. Д-р Борза смета дека тие тоа го правеле поради сопствени потреби и интереси, како на пример поради обединувањето на Германија и сл. Ним им бил потребен некој антички јунак "*обединител*", на кого требало да се угледаат нивните тогашни политички водачи. Таков

"*обединител*" тие виделе во лицето на Филип Втори Македонски, кој наводно ги "*обединил*" Грците.

Но, д-р Борза (цит. дело, стр. 7) пишува дека во оваа идилична слика за Филип Втори како "*обединител на Грците*" германските учени од 19 век се судриле со една непремостлива пречка. Имено, тие не знаеле како да ги објаснат говорите на познатиот грчки (атински) оратор Демостен, во кои, тој жестоко ги напаѓал Македонците како окупатори (а не како *обединители*) на грчките градови-држави, нарекувајќи ги "*барбари"* и "*тирани*".

Со текот на времето, компаративните научни истражувања од разни области, се повеќе почнаа да приложуваат докази дека античките Македонци не биле никакви Грци. Така, денешните обиди на грчката пропаганда да го докаже спротивното претставуваат само дефанзивен рецидив од германската пропаганда на 19 век, секако надополнет со дневно-политичките и стратешки национални грчки интереси, какво што е задржувањето на приграбениот крупен дел од Македонија во 1913 година и сл. За ова денес се свесни сите сериозни истражувачи на античка Македонија во светот. Самиот д-р Борза пишува:

"*Најголемиот дел од античка Македонија бил вклучен во модерната грчка држава дури во 1913 година и таа била политички чувствителна област во релациите помеѓу атинската власт на југ со своите не-хеленски соседи на север".* (Борза, стр. 6).

Излегувањето на површина на податоците за етничката засебност на античките Македонци и денес е попречувано поради низа објективни и субјективни фактори. Како прво, податоците од античките наративни извори за Македонците во голема мера до нашево време стигнале преку записите на нивните непријатели. Овој факт го признава и грчкиот археолог, проф. Фотис Пецас. Во својата статија "*Едно свинче-патешественик"*, овој грчки археолог, пишува:

"Во 1967 година започнавме со долгорочни ископувања во Едеса. Одевме да решиме сериозни проблеми: кои биле античките Македонци? Одговорот на прашањето не го даваат целосно историските извори за праисторискиот период. Македонски извори не се зачувани. За Македонците имаме информации главно од непријателите на Македонците: од Атињаните, како Демостен; од Римјаните, како Ливие, или од Грците под римска окупација, како Полибие. Само Македонија,

само македонската земја може да даде вистинска слика за античка Македонија, непристрасно..." (Христо Андоновски: *Јужна Македонија од античките до денешните Македонци,* Скопје, 1995 год., стр. 19).

И познатата американска историчарка д-р Синдија Синдор Словиковски, во својата книга "*Спортот и културата во античко-македонското општество*", пишува слично:

"*Голем дел од податоците за Македонците доаѓа од писатели кои живееле во грчките градови-држави, полиси. Животот и историјата на Македонците честопати им биле туѓи на Грците"*. (Dr. Synthia Sidnor Slowikowski, *Sport and Culturein the Ancient Macedonian Society*, The Pensylvania State University, 1988, стр. 8).

Слично пишувал и познатиот француски научник Виктор Берар (1864-1931). Во изданието "*La Revue de Paris* ", тој напишал:

"*До не така одамна Франција не ги познаваше Македонците. Тие за нас беа Тракијци, Пеони, Склавини, див или речиси митски народ, кој живее на дното од, за нас, непознатата земја. Ние не ги познававме и ги омаловажувавме затоа што всушност за нив дознававме од злобните белешки на старите и на сегашните Грци."* (Т. Л. Поречки: "*Истина о Македонији кроз документацију"*, Белград, 1992, стр. 62).

Уште подециден е д-р Борза, кој во врска со ова пишува:

"...Македонската историја ги предизвика оние кои сакаа да дознаат како овој народ успеа да достигне толкава историска големина. За несреќа, на античките Македонци им недостасуваше некој како Полибие кој ги расветли институциите што подоцна ги направија Римјаните славни. Оние што ги спомнувале македонските обичаи или им биле непријатели на Македонците, или биле подоцнежни биографи на Филип, или пак биле дилетантски собирачи на гласини и егзотика. Секој обид да се реконструира внатрешната историја на Македониците со помош на вакви фрагменти е крајно тежок." (Борза..., стр. 232)

Од друга страна ни современите археолошки ископувања во денешниот дел на Македонија под Грција не се отидени којзнае колку далеку, а да не зборуваме за веројатниот субјективизам во презентирањето на археолошките наоди од страна на грчката држава пред светот.

Д-р Словиковски во својот споменат труд ја потенцира незадоволителната активност на грчките археолози на тлото на Македонија под Грција, па вели:

"*Се до пред десетина години археологијата во северна Грција (Македонија) беше игнорирана за сметка на плодоносните наоди во таквите области како што е Атина*". (Исто, стр. 8).

И д-р Борза (стр. 12) пишува дека за ископините од античка Македонија се дознава главно преку годишните извештаи на грчкиот археолошки сервис и од понекои странски списанија.

Сепак, и покрај сите овие моменти, денес има пронајдено доволно докази за самобитноста на античките Македонци. Во продолжение ќе наведеме некои од нив.

За јазикот на античките Македонци

За античките Македонци се знае дека зборувале на сопствен македонски јазик. За овој факт постојат повеќе сведоштва од античките историчари. Овде ќе спомнеме само некои од нив.

Античкиот грчки историчар Плутарх, опишувајќи една расправија помеѓу Александар Македонски и еден негов пријател, во својата биографија за Александар Македонски во 53-та глава, запишал дека Александар: "*скокнал на нозе и почнал **на македонски** да ги довикува своите штитоносци*." (Плутарх: *Александар Македонски*, Скопје, 1994).

Дека античките Македонци зборувале на засебен македонски јазик сведочи и латинскиот историчар Квинтиј Куртиј Руф. (Квинтиј Куртиј Руф: *Историја на Александар Македонски,* во превод од латински на д-р Љубинка Басотова; Скопје, 1998 година).

Позната е случката кога било судењето на Македонецот Филота, кој подготвувал заговор за убиство на Александар Македонски. Заговорот бил откриен и Филота бил јавно испрашуван лично од страна на Александар.

Квинтиј Куртиј Руф, опишувајќи ја оваа случка, сосема јасно запишал дека Македонците зборувале на засебен јазик. Тој дури цитира и изјава на самиот Александар Македонски,во која, тој обрнувајќи им се на Македонците во прво лице множина, го споменува (цитат): "*мајчиниот"* и "*нашиот јазик"*. Александар му се обрнал на Филота со зборовите:

"*Сега тебе ќе ти судат Македонците. Те прашувам: дали ќе им се обратиш на мајчиниот јазик?"*

Филота одговорил одречно, со образложение дека, освен Македонци, имало присутни и припадници од други народи. На тоа, Александар им рекол на присутните Македонци:

"*Еве, гледате ли? До таму ли дошол Филота, та да се гнаси од мајчиниот јазик?...Но, нека зборува како што сака, а вие спомнете си дека тој подеднакво се отуѓил и од нашите обичаи и од нашиот јазик."* (Квинтиј Куртиј Руф, цит. дело, стр. 272).

Но, Филота не останал рамнодушен на овие обвинувања, па во својот одговор, рекол:

"*Мене ми се префрла што одбивам да зборувам на мајчиниот јазик и дека сум се грозел од обичаите на Македонците. Значи така јас му се заканувам на кралството, што го презирам? Но, уште порано, оној родниот јазик, беше напуштен во општењето со другите народи, па така и победниците и победените требаше да учат еден туѓ,странски јазик."* (Исто, стр. 274).

Сепак, во обвинувањата против Филота се вмешал војсководецот Болон, кој, меѓу другото, го обвинил Филота дека (цитат): "*...иако бил Македонец, не се срамувал, преку преведувач, да ги ислушува луѓето што зборувале на неговиот роден јазик".* (Исто, стр. 276).

И оваа случка е толку јасна во однос на постоењето на засебниот македонски јазик, што никаков коментар не е потребен. Исто така, од овој опис, гледаме дека, дел од Македонците, поради практични причини (поголема можност за општење со другите народи и сл.) го користеле и туѓиот грчки јазик (кој овде е опишан како "*туѓ, странски јазик"*), иако меѓу себе и натаму си зборувале на мајчиниот македонски јазик.

Дека античкиот македонски јазик бил сосема различен од грчкиот ќе спомнеме уште едно античко сведоштво. Д-р Борза во своето цитирано дело пишува за еден пронајден фрагмент од папирус, за кој се сметало дека претставува дел од изгубеното дело под наслов "*Историја на наследниците*" од античкиот грчки историчар Аријан. На овој фрагмент од папирус (PSI XII.1284), спомната е една епизода од античко-македонската историја во која е јасно потенцирана засебноста на македонскиот јазик. Овде читаме дека секретарот на Филип и на Александар Македонски, по име Евмен (цитат): "*...испратил напред еден човек, по име Ксение, кој*

зборувал македонски (на англиски преведено како: *who was Macedonian in speech*)*"*... за да преговара со Македонската војска на Неоптоломеј. Овој настан се случил околу 321 година пред Христа. Всушност оригиналниот збор со кој Аријан го опишал Ксение бил зборот: "*Македонисти*". Интересно е што ист ваков термин постои и во денешниот македонски јазик (иако можеби со малку поинакво значење). Д-р Борза пишува дека некои прогрчки автори (како на пример: Лидел, Скот и Џонс во нивниот Грчко-англиски речник) се обиделе овој термин да го преведат како "*човек кој зборувал на македонски начин*" (отприлика нешто како "*лаконскиот*" начин на зборување и сл.). Но, д-р Борза оправдано го критикува ваквиот нивни став и е дециден во врска со толкувањето на овој термин, па вели:

"*Контекстот на сцената опишана во овој фрагмент од папирус не наведува да веруваме дека ова значело нешто повеќе отколку 'начин на зборување': Ксение, кој зборувал македонски, бил испратен од Евмен за да преговара со командантот на македонските единици. Ваквата мисија барала одлично владеење на јазикот, какво што очигледно им недостасувало на обичните Грци. Евмен, кој им бил секретар и на Филип и на Александар добро ги знаел овие работи*. (Борза, стр. 92).

И навистина д-р Борза ова одлично го објаснува. Нема никаква логика ни да се претпостави дека Евмен во таква сериозна мисија би испратил човек кој знаел некаков посебен "*начин на зборување"*. Несериозно е и да се помисли такво нешто. Напротив, тој испратил човек кој го знаел македонскиот јазик за да може да преговара со Македонците во таа сериозна ситуација, а не да си игра мајтап со нив и да им се обраќа со некаков "*посебен начин на зборување*".

Дека македонскиот јазик бил различен од грчкиот пишуваат и многу подоцнежни и современи автори. Дури и во "*Историјата на Грција"*, од авторот Џорџ Герот, објавена во Лондон во 19 век, пишува дека македонскиот јазик бил различен од грчкиот. Овде читаме:

"*Македонскиот јазик бил различен од илирскиот, од тракискиот, а по се изгледа и од пајонскиот. Тој исто така бил различен и од грчкиот..."* (*History of Greece,* by George Gerote,Vol II, London, 1851, дел 2, стр. 14 и 15).

Современиот проучувач на античка Македонија Артур Вајгал во врска со засебноста на античко-македонскиот јазик, пишува:

"Грците ... не можеле да го разберат македонскиот јазик, кој немал речиси никаква сличност со нивниот, а немало ни литература од која би можел да се проучува." (Артур Вајгал: *Александар Македонски,* Скопје,1992, стр. 24).

Вајгал дури пишува и дека мнозина Македонци не знаеле ниту еден единствен збор од грчкиот јазик (Исто, стр. 267).

Има уште многу други светски познати авторитети кои пишуваат за засебноста на македонскиот јазик, на кои, во интерес на просторот, ќе се задржиме во некоја друга прилика.

Инаку, факт е дека владеачките кругови во античка Македонија во одреден период на својот развиток го прифатиле грчкиот литературен јазик. Денешните грчки историчари и пропагандисти го користат овој податок за своите цели. Тие потенцираат дека на Македонскиот кралски двор во четвртиот век пред Христа се пишувало на грчки и ова тие го нудат како "*доказ"* дека Македонците наводно биле "*Грци*".

Така, на пример, во првото издание со натписи од регионите во горна Македонија, подготвено од грчките историчари Ризакис и Тарацоглу, предадени се 225 натписи од територијата на Македонија под Грција. Речиси сите овие 225 натписи се напишани на грчки (Борза, цит. дело, 93).

Но, ваквото толкување на грчките историчари не може да се прифати како убедливо. Тоа што владеачките кругови во античка Македонија во одреден период го прифатиле грчкиот литературен јазик како писмен јазик на својот двор апсолутно не значи дека Македонците биле Грци. Еве зошто.

Како прво, со тогашниот литературен грчки јазик се служеле и други народи. За да го објасниме ова малку ќе се оддалечиме од темава за да направиме еден компаративен преглед со денешнава состојба. Најнапред ќе потенцираме дека големото мнозинство од денешниве генерации потсвесно го земаат литературниот јазик како "*доказ"* за етничката припадност на поединци во минатото. Зошто е тоа така? Одговорот е едноставен. Денес (кај нас и во целиот цивилизиран свет) најголемиот дел луѓе се писмени. Притоа (барем кај нас и во нашата поширока околина и соседство) секој етникум си пишува на својот сопствен литературен јазик. Грците пишуваат на грчки, Србите пишуваат на српски, Хрватите на хрватски, Бугарите на бугарски, Албанците на албански, Македонците на македонски, Романците на романски и така натаму. Поради тоа кај мнозина наши современици во потсвеста е создадено еден вид "*правило*",

според кое, штом денес секој народ си пишува на сопствениот литературен јазик, сигурно дека така било и во минатото, т.е. така било "отсекогаш". Но, ако се размисли подобро и ако се направи обид да се сфати реалноста во минатото, ќе се види дека ова "*правило*" тогаш воопшто не важело! За времето за кое зборуваме во целиот свет имало само неколку литературни јазици. Значи, секој што ќе сакал да пишува бил принудуван добро да се помачи да научи некој од овие јазици. Ова фактички значи дека одвај дали имало по некој писмен човек во тие времиња. Така, на пример, припадници од разни народи: Грци, Македонци, Тракијци, Евреи, Илири, па дури и Римјани во одреден период на антиката пишувале на старогрчкиот јазик, што никако не значи дека тие биле Грци.

За да го сфатат ова подобро денешниве генерации, ќе го спомнене примерот со Нигерија (кој важи и за други африкански држави). Имено, во оваа земја живеат голем број народи, кои си имаат сопствени јазици и кои воопшто не се разбираат помеѓу себе. Најбројни се народите: Хауса, Јорубо и Ибо. Ниту еден од нив нема свој литературен јазик, туку сите жители на Нигерија денес пишуваат на англиски. Значи припадникот на народот Хауса, дома си зборува на својот јазик, но кога сака да напише нешто или кога сака да комуницира со својот сограѓанин од народот Јорубо,тој се користи со англискиот говорен и литературен јазик. Е, сега да си замислиме дека по некоја, не дај Боже, општочовечка катастрофа, по неколку илјади години, ќе бидат откриени писмени документи од денешната држава Нигерија како единствени пишани споменици од оваа држава. Што ќе видат идните археолози и истражувачи? Секој од овие нигериски документи ќе биде напишан на - англиски! Но, дали тоа значи дека идните археолози треба да заклучат дека во Нигерија во 20 и 21 век живееле Англичани, само затоа што во овие векови во оваа земја официјален литературен јазик бил англискиот? Секако дека не, иако е можно да има и такви заклучоци. Потполно е иста состојбата и со користењето на грчкиот јазик во антиката, т.е. со зачуваните писмени споменици на овој јазик, што ги проучуваат денешните истражувачи. Тоа што овие дела биле напишани на овој јазик воопшто не значи дека сите нивни автори биле Грци, исто како што ни денешните Нигеријци не се Англичани само затоа што пишуваат на англиски. Денес постојат и други бројни народи кои пишуваат (па дури и зборуваат) на туѓи јазици (Ирците, бројни народи од Јужна Америка, од Африка и т.н.).

Како народ што го користел грчкиот литературен јазик во антиката рековме дека биле и Тракијците. Во 1986 година во североисточна Бугарија биле најдени 165 тракиски сребрени садови, кои потекнувале од 5 век пред Христа. Некои од нив бие напишани со грчко писмо. Коментирајќи го овој пример во контекст на она за што зборуваме, д-р Борза пишува:

"Шеснаесет од овие садови биле испишани со тракиски лични имиња и имиња на места на грчки. Како што знаеме Тракијците не биле Грци и нивниот јазик, кој продолжил да егзистира и во римско време, никогаш не се појавил во писмена форма... Можеме да се повикаме и на одамна познатите монети од тракиските племиња од петтиот век пред Христа, на кои имињата на нивните кралеви и нивните титули исто така се напишани на грчки. Значи, работата е јасна: употребата на грчкиот јазик, како форма на пишана експресија, не претставува доказ за етничката припадност и за културата." (Борза, стр. 94).

Со грчкиот литературен јазик се служеле и Илирите (*Хистопѕ оф Греесе* бѕ Георге Героте, Вол. ИИ, тхирд едитион, Лондон, Јохн Муррас, Албемарле Стреет, 1851, дел 2, стр. 10), а грчкото писмо ги користеле дури и турко-монголските Бугари по нивното доаѓање на Балканот во 7 век.

Според тоа се поставува прашањето: зошто грчката историографија единствено за Македонците тврди дека се "*Грци*", а истото не го тврди и за Илирите, Тракијците, Бугарите, Римјаните, како и за сите останати народи кои во одреден период се служеле со грчкиот литературен јазик?

Што се однесува до користењето на грчкиот литературен јазик на Македонскиот кралски двор, се знае дека тоа било прифатено во одреден период од развитокот на македонската држава, а не дека така било "*отсекогаш*". Во прилог на ова ќе потенцираме дека не постои **ниту еден** натпис на грчки јазик на територијата на цела Македонија што датира од петтиот век пред Христа, т.е. од времето пред делумното прифаќање на грчката култура во Македонија. Знаеме дека стари натписи на грчки јазик се пронајдени многу поодамна од 5 век пред Христа на територијата на денешна Грција (па дури и во Тракија), но такви натписи во Македонија - нема! Како доказ за ова ќе споменеме сведоштва од грчки и странски извори.

Грчкиот професор Пецас, во својата спомената статија *“Едно свинче патешественик*”, пишува дека не е пронајден ниту еден грчки натпис од раниот антички период во Македонија.

Истото го пишува и познатиот грчки археолог Андроникос, кој вели:

“*Многу сум несреќен што во Вергина не пронајдов никаков натпис од петтиот век”*.

И познатиот грчки универзитетски професор Даскалакис се жали дека, оние странски научници, кои тврделе дека античките Македонци не биле Грци, тоа го тврделе поради повеќе причини, од кои едната била токму непостоењето на стари грчки натписи во Македонија. Притоа професор Даскалакис пишува:

“*Во Македонија и покрај толкуте ископувања до денес не се најдени натписи на грчки јазик од тој период”.*(Подетално за овие изјави кај: Христо Андоновски: *Јужна Македонија од античките до денешните Македонци,* Скопје, 1995 год.).

Значи дури и официјалната грчка историографија признава дека во Македонија не постоеле натписи на грчки јазик од постариот период.

Слично пишува и во познатата општа ЦД Гролиер енциклопедија (CD Grolier electronic publishing , inc. Mindscape, 1995, CA 94945, наслов “*Greek language”*). Овде старогрчкиот јазик не е спомнат дури ни како **говорен јазик** во Македонија! Овде читаме:

“Античкиот грчки јазик бил говорен јазик во Грција, на Крит, во делови од источниот Медитеран и во западна и северна Анадолија, на Сицилија и во јужна Италија, на северннот брег на Црно Море и делумно на северноафриканскиот и францускиот брег”.

Значи, Македонија воопшто не е спомната како подрачје на кое се говорел античкиот грчки јазик. Не држи забелешката дека авторот, кога ја споменува денешна Грција, автоматски во неа ја вклучил и егејска Македонија, затоа што гледаме дека овде и Крит е спомнат одделно од Грција, иако тој денес е составен дел од неа! Инаку, автор на овој текст е Маргарет Алексиу, која овде се повикува на поголем број дела од еминентни странски и грчки автори (чиј подолг список го наведува на крајот од текстот).

И д-р Борза пишува дека денешните грчки историчари пред светската јавност ги форсираат исклучиво натписите на грчки јазик од Македонија, кои потекнуваат главно од 4 век пред Христа, т.е. од времето кога македонските владетели веќе дозволиле прифаќање

на дел од грчката култура во својата држава. Коментирајќи го споменатото издание со грчки натписи од Македонија, подготвено од Ризакис и Тарацоглу, д-р Борза пишува:

"*Речиси сите од 225 натписи се на грчки, но тие доаѓаат од хеленистичкиот и од римскиот период, во кои стандардниот грчки јазик бил во употреба за вакви формални намени. Во овој корпус нема објавено автентичен материјал од пораниот период".* (Борза, стр. 93).

Индиректна потврда за ваквата вистина имаме и во споменатата "*Историја на Грција*", каде се спомнати границите во кои живееле античките Грци. Овде читаме дека ниту Епирците не биле Грци, а камо ли Македонците:

"Територијата што и припаѓала на Елада (или продолжената Хелада, ако ги употребиме зборовите на Скилакс и Дикархус) се смета дека почнувала од градот Гулф во Амбракија. Оттаму на север до Акрокераунското испакнување лежи земјата која Грците ја викаат Епир и која е населена со Хаонците, Молосијаните и Теспротијаните, кои се детерминирани како Епирци и за кои се смета дека не припаѓале кон грчката целина". (*Хистоpѕ оф Гpеece* бѕ Георге Героте, Вол.ИИ, тхирд едитион, Лондон, Јохн Муррaѕ, Албемарле Стреет, 1851, дел 2, стр. 282).

Поради сето ова, се поставува прашањето: како е можно Македонија отсекогаш да била земја со "*грчка култура*", до колку се знае дека во неа не се пронајдени никакви натписи на грчки јазик од времето кога таа егзистирала без поблиски и помасовни културни врски со тогашните грчки градови, а истовремено такви натписи се пронајдени низ цела денешна Грција? Како е можно Македонија отсекогаш да била "*грчка земја*", кога се знае дека во Македонија тогаш воопшто не се ни зборувал грчкиот јазик (посебно не меѓу широките народни маси)? Навистина на овие прашања грчката наука и пропаганда не можат да дадат одговор пред светската јавност.

Овде сакам да потенцирам и дека ни античкото грчко писмо воопшто не е автентично грчко. Се смета дека тоа било позајмено од Феникијците, иако во поново време и во Македонија се откриени графеми, за кои се претпоставува дека дури биле и постари од феникиските и за кои е многу веројатно дека можеби биле прифатени од Грците во создавањето на нивното писмо. Останuваме отворени за сите идни сознанија во врска со ова.

Во врска со античко-македонскиот јазик и култура воопшто, треба да се знае и дека бројни литературни дела од античките Македонци биле уништени од римските окупатори на Македонија. Римјаните сурово се однесувале кон Македонците и нивната култура, при што уништиле многу дела од истата. Единствено останале сведоштвата за овие дела. Така, на пример, Стефан Византот споменува дека постоеле бројни хроники запишани од античките Македонци, како и две обемни истории на Македонија напишани од страна на двајца тогашни македонски историчари, а постоеле и обемни патешествија и други записи. Понатаму, грчкиот историчар Диодор Сицилијанецот споменува бројни писма што македонските војници за време на својот поход во Азија им ги испраќале на своите роднини во Македонија. Има сведоштва и за постоење на други пишани дела од Македонците, кои денес не се зачувани.

Но, да се вратиме на античко-македонскиот јазик. Каков бил овој јазик?

Од оригиналниот античко-македонски јазик засега се смета дека се зачувани само неколку десетици зборови. Од нив не може целосно да се заклучи каков јазик бил тоа. Факт е дека поголемиот дел од овие зборови се различни од тогашните грчки, иако има и слични на нив. За зборовите од античко-македонскиот јазик кои се слични со грчките зборови се смета дека и навистина биле прифатени од овој јазик.

За позајмиците од грчкиот јазик во античко-македонскиот читаме и во статијата објавена на англиски јазик во издание на МАНУ (Скопје, 1993) посветена на карактерот на античко-македонскиот јазик, каде пишува:

"*Јасно е дека помеѓу зборовите* (од античко-македонскиот јазик, з.м.) *има позајмици од грчкиот јазик, кој во антиката бил јазик со голем углед. Но, грчките зборови бил прилагодувани во склад со различниот не-грчки фонетски систем... Истовремено помеѓу зборовите има и такви кои ги нема во грчкиот јазик, а кои имаат свои паралели во другите индо-европски јазици"*.

Впрочем, ваква појава имало (и има) во речиси сите јазици на светот. И денес во македонскиот јазик прифаќаме странски термини за кои главно немаме свои аналогии. Во денешниот македонски јазик вакви зборови, на пример, се: антена, сателит, мобилен телефон, хард-диск и други. И денес ваквите странски зборови ги прилагодуваме според сопствениот фонетски систем.

Тоа треба да се има предвид и кога се анализира античко-македонскиот јазик. Не може за карактерот на овој јазик да се суди само преку позајмиците од грчкиот јазик (како што тоа го прават некои грчки и прогрчки настроени истражувачи), исто како што не може да се суди за автентичноста и за карактерот на ниту еден современ јазик само врз основа на позајмиците што истиот ги има прифатено од друг јазик.

Дека во античко-македонскиот јазик имало прифатено зборови од грчкиот пишува и д-р Борза (цит. дело, стр 93).

Она што, пак, е многу интересно е фактот што извесен број од оригиналните античко-македонски зборови, според својата етимологија и изговор, потсетуваат на соодветните денешни македонски (но и на други *словенски*) зборови. Така, на пример, на античко-македонскиот јазик изобилство на вода, т.е. *води*, отприлика се изговарало како "*веди*". Грчкиот археолог Алики Стујанаки во периодично списание *Едесаика хроника* (Воден, мај-август, 1972) пишува дека македонскиот град Воден, што Грците го викаат Едесса, отпрвин бил бригиски град и дека старото име на овој град било *Веди*, што значело *изобилство со вода*. Свети Климент Александриски пишува дека Македонците ја почитувале водата (изворите и реките).Тоа свое божество тие го нарекувале *Веди* (Ѓорѓи Поп-Атанасов, цит. дело, стр. 57). Денешниот македонски глагол *пеш*, на античко-македонскиот јазик отприлика се изговарал како "*пез*" (Хамонд, цит. дело, стр. 148). Името на античко-македонскиот бог на лекувањето "Дарон", на античко-македонскиот јазик значело "*оној што дарува здравје*", што значи дека во името на овој бог е содржана денешната македонска (и *општословенска*) именка "*дар*". Античко-македонскиот збор, напишан преку грчка интерпретација како "*скоидос*", значел *судии* и така натаму.

Постојат и други зборови од античко-македонскиот јазик, чија етимологија засега не е утврдена, а кои по својот изговор нападно потсетуваат на зборови од денешниот македонски јазик, но и на зборови од други *словенски* јазици. Постојат и сосема поинакви зборови, но сепак различни од грчките. На сето ова подетално ќе се задржиме во некоја друга прилика.

За религијата и обичаите на античките Македонци

Античките Македонци си имале и сопствена религија. Тие верувале во божествата со индо-европско потекло, како што се: Зевс, Посејдон, Аполон и други, кои од нивна страна биле славени на специфичен начин различен од начинот на славење кај соседните народи.

Но, зарем овие божества не биле грчки? А, ако биле грчки, зарем тоа не значи дека и античките Македонци биле Грци? За да одговориме на овие прашања треба да потенцираме дека таканаречената "*старогрчка митологија и религија*" воопшто не била автентична грчка. Имено, секој што сака подетално да ја проучува оваа митологија ќе дојде до сознание дека многу елементи на неа биле преземени од постарите култури. Така, на пример, боговите Зевс и Посејдон биле индо-европски богови; Аполон бил сибирско божество, а така било со повеќе други "*грчки"* божества.

И *Таткото на историјата* Херодот пишува дека повеќето грчки божества воопшто не биле грчки. Во врска со потеклото на *грчките* божества Херодот пишува:

"Некои од овие богови (со исклучок на Нептун) верувам дека Грците ги презедоа од Пелазгите. За Нептун, пак, тие дознаа од Либијците, кои отсекогаш го славеа".

Значи овие богови поседнакво им припаѓале и на античките Грци и на античките Македонци. И едните и другите го славеле Зевс (секој од својата страна на заедничката грчко-македонска планина Олимп), но на прилично различен начин и со различни епитети.

Откако дава преглед на разликите помеѓу Македонците и Грците во сферата на религиозните сфаќања, д-р Борза констатира:

"*Најголемиот дел од писмените податоци за Македонскиот пантеон доаѓаат од времето на Филип Втори и Александар, од што испаѓа дека Македонците и Грците славеле исти богови. Сепак, многу од јавните манифестации на тоа славење изгледа биле различни. На пример, во Македонија не се пронајдени големи јавни религиозни споменици од пред крајот на четвриот век (што претставува уште една разлика во однос на Грците)* (Цит. дело, стр. 95).

Д-р Синдија Синдор Словиковски во својот труд "*Спортот и културата во античко-македонското општество*" исто така

пишува дека некои од денес познатите "*грчки*" богови всушност им припаѓале на повеќе народи. Така, на пример, за богот Хераклe, таа пишува:

"*Хераклe бил познат во грчките, македонските и азиските митови, легенди и приказни....* (Синтија Сиднор Словиковски, стр. 136).

Во врска со богот Зевс, д-р Словиковски претпоставува дека имал поголема улога кај Македонците отколку кај Грците:

"*Зевс се почитувал во религиозната сфера и на Грците и на Македонците. Но, за Македонците улогата на Зевс среде нивните богови изгледа била поголема во однос на улогата на Зевс кај Грците".* (Исто, стр. 72).

Во продолжение таа нуди аргументи во полза на оваа своја претпоставка.

Но, дали постоеле и оригинални македонски богови? Одговорот на ова прашање е позитивен. За жал, под влијание на грчката пропаганда, во добар дел од светската историографија, некои од македонските богови се третирани како "*грчки".* Од нив најнапред ќе го издвоиме богот Дионис. Се знае дека Дионис бил од старо македонско-бригиско потекло. Тој прво се славел кај Македонците, а дури потоа кај Грците. Точно е дека постоело светилиште на Дионис на планината Олимп, кое се викало Дион, но тоа се наоѓало на северниот дел од планината, т.е во македонскиот дел на Олимп.

Оригинални божици со македонско потекло биле и познатите Музи! За првпат нивниот култ бил посведочен во македонската област Пиерија, а оттаму тие биле прифатени од Грците. Во споменатата ЦД Гролиер енциклопедија во насловот "*Muses"*, читаме:

"Музите ... понекогаш биле нарекувани како Пиериди, според нивниот првобитен дом Пиерија во Македонија, од каде честопати го посетувале изворот на Аганипа".

Во религиозниот корпус на античките Македонци припаѓале и боговите Кавири.

Херодот смета дека култот на Кавирите бил донесен од Пелазгите, кои во тоа време живееле и во Македонија и кои (според Херодот) зборувале на неразбирлив јазик за Грците.

Друг значаен култ за Македонците бил култот на легендарниот митски пејач Орфеј, кој бил роден во Македонија. Впрочем, минималното познавање на митологијата покажува дека Орфеј бил син на музата Калиопа,чие потекло од Македонија веќе го спомнав-

ме. Орфеј бил и погребан во нашата земја. Неговиот гроб се наоѓал во подножјето на Олимп во јужна Македонија и на неговиот надгробен споменик биле испишани стихови од еден македонски поет.

Како античко-македонски бог треба да го споменеме и богот на лекувањето *Дарон*.

Друго античко-македонско божество, кое го немало кај Грците, била божицата *Ма.* Во Македонија се посведочени повеќе примери на наоди со претстави на оваа божица, додека вакви наоди во Грција - нема! За божицата *Ма* се смета дека е од старо македонско-бригиско потекло, и истата кај Македонците, си имала свои македонски специфичности, кои ги нема кај другите народи (иако кај секој народ постоело божество со слична улога на Пра-Мајка).

Во Македонија, како посебна божица, била славена и божицата *Зирена* (која имала посебни македонски епитети), а по својата содржина потсетувала на Афродита.

Близу реката Струма била славена и божицата *Бендида,* а во повеќе места на Македонија биле славени и змијоликите божества *Драко* и *Дракена*.

Освен во религијата постојат изразени разлики и во уметноста помеѓу Македонците и останатите антички соседи.

Помеѓу античките Македонци и Грци постоеле разлики и во оштественото уредување. Додека Грците својот живот го организирале по одделните градови-држави, Македонците имале своја силна централизирана држава. Всушност Македонија била првата држава во вистинска смисла на зборот што се појавила во Европа. Познатиот историчар Питер Грин, во својата книга: "*Александар Македонски 356-323 пред Христа"*, во врска со ова пишува:

"*Македонија... била првата голема територијална држава со ефективна централизирана политичка, воена и административна структура што се појавила на европскиот континент."*

Разлики помеѓу Македонците и Грците постоеле и во фолклорот. Забележани се описи на две македонски народни игри. Едната се викала *Телесија*, и таа била вид на воен танц. Другата игра се викала *Карпеа* и во неа со мимики во ритамот на шупелката се прикажувало крадењето на волови.

Античките Македонци имале и сопствени македонски народни обичаи и обреди, за кои пишувале повеќе антички историчари, како што се: Херодот, Плутарх, Аристотел, Квинтиј Куртиј Руф и

други, децидно потенцирајќи дека овие обичаи биле македонски. Како автентични античко-македонски обичаи се споменуваат: кршењето погача за време на свадбените ритуали, одделното седење на мажите и жените за време на веселбите, стрижењето на косата за време на жалост или несреќа, специфичниот начин за избор на кралеви, специфичниот начин на судење, специфичниот начин на погребување и многу други. Добар дел од овие обичаи ги среќаваме и кај денешните Македонци.

За Пајонците и Десаретите

Овде предлагам да го спомнеме и горно-македонското племе Пајонци, кои исто така ја приложиле својата крв и култура во античко-македонскиот народ, а преку нив и во денешната македонска нација. Пајонците се горно македонско племе, кое главно живеело во средишниот дел на Република Македонија, иако ги имало и во дел од сегашна Егејска Македонија. Некои автори ги сметаат Пајонците како *одделен народ* од античките Македонци, најмногу поради тоа што тие долго време се спротивставувале на античко-македонската централна власт. Но, нивното спротивставување на централната македонска власт не може да биде *доказ* за нивната различност од античките Македонци. Едноставно, тие само подоцна се вклучиле во античко-македонската етногенеза, исто како што останатите македонски племиња тоа го направиле порано. Така, на пример, позната е војната помеѓу Македонците од Орестида против Македонците од Еордаја. Па, зарем тоа значи дека Македонците од Орестида биле драстично различни од Македонците од Еордаја? Понатаму, позната е војната што Филип Втори ја водел против македонското племе Линкести, од кои потекнувала неговата мајка. Значи и овде имаме меѓу-македонска племенска борба, која конечно резултирала со создавање на античко-македонскиот етникум. Инаку, да го кажеме и тоа дека, според бројни автори, и самите Пајонци потекнувале од Бригите, исто како што во голема мера бил случајот и со античките Македонци. Постојат повеќе културни сегменти кај Пајонците, кои биле идентични со оние на останатите македонски племиња.

Да ги спомнеме накратко и **Десаретите**, за кои некои автори сметаат дека биле илирско племе, иако постојат разлики помеѓу Десаретите и Илирите.

Наративни и други сведоштва и докази
за разликите помеѓу Македонците и Грците

Постојат и голем број наративни сведоштва, кои говорат за разликите помеѓу античките Македонци и Грци.

Но, пред да изнесеме дел од нив, најнапред би сакал да се задржам на една невистина што ја шири грчката историографија. Честопати грчките историчари тврдат дека најголем доказ според кој Александар Македонски наводно бил *Грк,* бил фактот што нему му било дозволено да учествува на Олимписките игри, на кои било дозволено да учествуваат само *Хелените*.

Според некои историски податоци (презентирани од Херодот) на грчките олимписки игри учествувал и Александар Први (предокот на Александар Велики Македонски). Херодот дури пишува и дека Александар Први победил во една трка на грчките олимписки игри. Па, зарем ова не е доказ дека Македонците биле "*Грци*"?

Како одговор на ова прашање ќе посочиме на неколку моменти. Како прво, некои современи историчари го стават под голем знак прашалник учеството на Александар Први на грчките олимписки игри. Врвниот познавач за улогата на спортот во античко-македонското општество д-р Синдија Синдор Словиковски смета дека Александар Први воопшто не учествувал на грчките олимписки игри. Таа потсетува дека неговото име го нема во списокот на победниците на ниту една тогашна олимпијада. Таа докажува и дека во времето на дотичната олимпијада Александар Први бил престар за да учествува на неа како крал, а камо ли да биде победник во трката на околу 193 метри. (Цит. дело, стр. 47).

Но, дури и да прифатиме дека Александар Први и навистина учествувал на некоја тогашна олимпијада. Неговото евентуално учество воопшто не одело така лесно и било дозволено дури по неговото упорно инстистирање пред Грците и тоа со строго ограничување, според кое, само македонските кралеви можеле да учествуваат на олимписките игри, додека на нивниот народ (Македонците) и натаму им било забрането учеството на овие игри. Освен тоа, се знае дека Александар Први во времето на 76 олимпијада бил прогласен за "проксен" од страна на атињаните. Таа титула Грците им ја давале само на своите гости и пријатели.

Што се однесува до учеството на олимписките игри од страна на Александар Македонски, тоа воопшто не е чудно. Во тоа време тој бил господар над Грците и не е јасно кој можел да го спречи да учествува на овие игри. Во врска со сето ова д-р Словиковски пишува:

"*Грците не ги признавале Македонците како свои Хелени и Македонците не можеле нормално да учествуваат во панхеленските натпреварувања".* (Исто, стр. 51).

И понатаму:

"*По Александар Велики за прв пат обичните македонски граѓани се појавиле на стартните линии во Олимпија, Делфи и останатите центри на панхеленските игри*." (Исто, стр. 102).

И понатаму:

"За време на владеењето на Филип, освен самиот тој, ниту еден Македонец не учествувал на олимписките игри... Всушност обичните Македонци не учествувале на олимписките игри се до времето по Александар Велики. (Исто, стр. 140).

Кога сме кај олимписките игри да го кажеме и тоа дека постојат сериозни претпоставки дека овие игри прво биле создадени во Македонија. Д-р Словиковски (цит. дело, стр. 71) пишува дека олимписките игри што ги воспоставил македонскиот крал Архелај, можеби биле постари од грчките, т.е. тие можеби претставувале само обновување на некои древни македонски оплимписки игри, чиј претходник бил некој архаичен македонски фестивал посветен на Зевс. Овде читаме:

"*Можно е некој многу стар фестивал посветен на Зевс да бил обновен од Архелај... Епиграфаските податоци од хеленистичкиот период ни сугерираат дека постоеле раскошни прослави во сите македонски заедници во чест на Зевс во месецот Диос. Во таков случај веројатно е дека во чест на Зевс во Дион постоел некој постар архаичен фестивал уште пред времето на Архелај".*

Дали ќе се потврди или оспори оваа претпоставка ќе зависи од напредокот на археолошките ископувања во Македонија под Грција, кои се уште, поради добро познатите причини, недоволно напредуваат. Во врска со ова д-р Словиковски пишува

"*Археологијата во Дион има напредувано само до римските слоеви, но ќе биде интересно да се открие дали навистина Архелај само ги обновил игрите што таму се одржувале".* (Исто, стр.. 72).

Како "*доказ*" дека Македонците биле Грци, денешните грчки историчари ја нудат и изјавата на Александар Први, кој (според Херодот) самиот изјавил дека потекнува од градот Арг на Пелопонез. Ќе одговориме и на ова.

Како прво, градови по име Арг имало неколку во тогашниот антички свет. Денес се повеќе научници (вклучувајќи го и александрискиот историчар од 2 век Апијан) сметаат дека, иако Александар го спомнал Арг на Пелопонез како град на своето потекло, тоа всушност се однесувало на Арг Орестикон (близу денешно Рупишта, гратче што се наоѓа по горниот тек на р. Бистрица во Македонија). Ова значи дека Александар Први, сакајќи по секоја цена да учествува на грчките олимписки игри, најверојатно го измислил своето грчко потекло од Пелопонез. Денес поголем број научници се согласуваат со оваа теорија и сметаат дека тој си бил Македонец со потекло од Македонија, но за да му дозволат да учествува на грчките олимписки игри, намерно им рекол на Грците дека потекнува од Пелопонез, т.е. дека и самиот е *Грк*.

Оваа теорија (за потеклото на Александар Први од Македонија, а не од Пелопонез) ја застапуваат токму голем број **грчки** историчари!

Така, на пример, грчкиот археолог Алики Стујанаки во Воденското периодично списание *Едесаика хроника* (мај-август, 1972, стр. 18) пишува дека првата позната династија на Македонците нема потекло од Арг на Пелопонез, туку од Арг во македонската област Орестида и дека повеќето грчки истражувачи ја прифаќаат оваа теза. Таа пишува:

"Помладите истражувачи на историјата оформија две различни гледишта: едни дека Аргос, како место за потеклото на Аргеадите е на Пелопонез... а другите тврдат дека Аргос е во Орестида (област во Македонија, з.м.) *како што објаснува и Апијан.* ***Последниве се повеќе и поверодостојни*** (подвлекувањето е мое, з.м.). (Христо Андоновски, цит. дело стр. 12).

Освен учеството на грчките олимписки игри, Александар Први Македонски сакал да им се доближи на Грците и поради политички причини. Практично негова цел му била што повеќе да биде присутен во грчкиот свет, иако соработувал и со Персија (која тогаш била непријателски расположена кон Грците). Неговата сестра била мажена за висок персиски достоинственик, поради што за време на грчко-персиските војни Александар Први играл улога на

преговарач меѓу завојуваните страни, кој бил ту на едната, ту на другата страна. Дури отпрвин тој бил на страната на Персијанците, но ноќта пред битката помеѓу Перисјанците и Грците кај Платеа, тој наеднаш се свртел на страната на Грците и поради тоа го добил прекарот *Филхелен* (почитувач на Хелените), што исто така сосема јасно зборува дека тој не бил никаков *Хелен*, туку странец кој ги почитувал Хелените. Интересно е што денешните грчки и прогрчки историчари терминот "*Филхелен"* се обидуваат да го објаснат како "*синоним за Хелен*" (!?). Реагирајќи на ваквата манипулација, д-р Борза пишува:

"'Филхелен'... бил назив кој нормално дека се однесувал на не-Грците. Напорите на некои современи автори терминот 'Филхелен' да го претстават како синоним за 'Хелен' останаа без успех." (Борза, цит. дело, стр. 113).

Подоцна, токму Александар Први започнал со делумно прифаќање на грчката култура во Македонија и нејзино мешање со македонската (без да навлегуваме во анализа колку и таа култура била автентична грчка, а колку настанала како резултат на влијанието на постарите народи - тоа ќе го оставиме за следната прилика).

Во полза на негирањето на наводното грчко потекло на Александар Први, т.е. на Македонската кралска куќа, од градот Арг на Пелопонез, постои уште една теорија, која станува се поприфатена во светската научна јавност. Повеќе историчари (меѓу кои и овде спомнатите д-р Борза и д-р Словиковски) посочуваат на фактот дека не постои никаков доказ дека Македонската кралска куќа потекнувала од грчкиот Арг. Според оваа теорија, приказната за наводното грчко потекло на Македонската кралска куќа била измислена поради политички потреби на тогашните македонски владетели. Ваквата приказна му била раскажана на Херодот за време на неговата посета на Македонија. Причина за ова бил стравот на Македонците од Персија, поради што барале приближување кон грчките градови-држави, но и учеството на тогашните престижни грчки олимписки игри. Како резултат на ваквата приказна, митолошкиот јунак Хераклe станал славен и почитуван од Македонците. Подоцна и Филип Втори ја форсирал оваа приказна за да може полесно да владее над грчките градови-држави (Цит. дело, стр. 89). Оваа тенденција својот одраз го нашла и на македонските монети.

Д-р Борза пишува дека Херодот некритички ја запишал оваа приказна, а подоцна Тукидид само ја препишал од него. И д-р Борза децидно потсетува дека нема ниту еден археолошки наод во поткрепа на оваа приказна, како и дека истата е заснована само врз митологија. (Борза, цит. дело, стр. 48, 80, 81 и 83). Тој потсетува дека во времето на создавањето на оваа приказна било во мода владетелите да бараат врски со митолошки или други славни личности. Впрочем, ваква појава имало и подоцна. Така, на пример, подоцнежниот македонски крал Филип В упорно тврдел дека е роднина на Филип Втори (иако тоа не било точно). Има и други вакви бројни примери во историјата не само кај Македонците, туку и кај многу други народи.

Како уште еден аргумент против приказната на Херодот за наводното "*грчко потекло*" на Македонската кралска куќа, д-р Борза наведува и еден податок што го пишува самиот - Херодот! Борза вели дека додека од една страна Херодот пишува дека Александар Први бил "*Грк"* (иако на едно место го нарекува и Македонец), од друга страна истиот тој Херодот (7.130) пишува дека Тесалијците биле првите Грци, кои биле потчинети од Персијанците, што значи дека тие биле најсеверните Грци на Балканот. Д-р Борза потсетува и дека тогашните Грци многу добро знаеле до каде живеат нивните сонародници и дека никој од нив тогаш не ја сметал Македонската владеачка династија за "*грчка*" (Борза, цит. дело, стр. 113).

Митолошката врска помеѓу Македонската кралска куќа и митолошкиот јунак Хераклe била негирана уште во антиката и тоа од самите Грци! Децидно сведоштво со кое била оспорена секаква етничка (но, и митолошка) врска помеѓу античките Македонци и "*грчкиот бог Хераклe"*, дал токму Гркот Демостен. Во еден од своите бројни анти-македонски говори тој го оспорил правото на Филип Втори да се смета себеси како *потомок на Хераклe*. Притоа Демостен рекол:

"*Јас сметам дека Хераклe, секако со негодување ги слушна зборовите на пратениците, кои постојано повторуваа дека Филип води потекло од овој бог. Овој бог добро нека го запознае презрителот на сите религии. Овој грчки бог нека го согледа тираниот Македонец. Овој бог, мразител, казнувач и уништивач на тиранијата..."* (Квинтиј Куртиј Руф, цит. дело... стр. 30).

Овде ќе спомнеме уште еден факт, кој денес, не е многу популаризиран во грчката историографија. Имено, во времето на Филип Втори, познато е дека дошло до ширење на границите на Македонија. Една од првите мерки што Филип Втори ја презел во тој правец било анектирањето на атинските колонии на територијата на Македонија, т.е. нивното приклучување кон матичната држава. Филип Втори насила влегол во овие градови, од каде, ги избркал грчките колонисти да се вратат назад на територијата на денешна Грција, а оние кои пружиле отпор, ги ликвидирал или ги продал како робје. Еве како го опишува однесувањето на Филип Втори Македонски кон грчките колонии на македонска земја, авторот Артур Вајгал (цит. дело, стр. 64):

"Во 349 година п.н.е. Филип повторно тргнал со својата војска на Халкидик, на источната страна на Солунскиот Залив, каде ја продолжил својата политика на задушување на бунтовите на грчките населби. Го повикал Олинт, главниот град на овие колонии, конечно да се предаде... Но, осигурувајќи ја помошта од Атина, овој град ги затворил портите пред Македонците и пружал отпор се до 348 или 347 година п.н.е., кога златото на Филип изнудило предавање на градот во рацете на Филип и истиот бил срамнет со земја, а граѓаните биле продадени како робје".

И понатаму:

"Паѓањето на Олинт било голем шок за Атињаните, кои им испратиле значителна помош во луѓе и снабдување на несреќните колонисти, но да се разбереме Филип немал желба да биде во војна со Атина и сега бил целосно подготвен за мировна спогодба со нив, бидејќи веќе немало други атински или грчки колонии на неговите непосредни крајбрежја. Тој само сакал, како што велел, да го исчисти своето родно крајбрежје од овие странски жители, кои немале никакво право на македонската земја".

Значи, самиот Филип Втори велел дека Грците од грчките колонии во Македонија се странци и тој постапил со нив небаре биле окупатори.

Ниту Грците не им останувале должни на Македонците во експонирањето на своите несимпатии кон нив, па големиот атински говорник Демостен во своето дело *Филипики* за Филип Втори Македонски ја дал следната навредлива изјава:

"Филип, тој човек не само што не е Грк, туку и нема ништо заедничко со Грците. Барем да беше барбарин од некоја

пристојна земја - но тој не е ни тоа. Тој е некакво шугаво суштество од Македонија - земјата од која не можеш да доведеш ниту роб што барем нешто вреди".

Оваа изјава е многу интересна затоа што повторно не навраќа на темата за античко-македонскиот јазик. Се поставува прашањето: зошто Демостен го нарекол Филип "*барбарин*"? Што значел овој термин во антиката? Научниците се речиси едногласни кога тврдат дека терминот "*барбарин*" во антиката главно се однесувал за луѓе кои зборувале на неразбирлив јазик за Грците, со доза на потценување кон нивната култура. Во врска со ова д-р Словиковски пишува:

"Терминот 'барбарин' во антиката бил прифатен како спротивен термин на терминот 'Хелен' и кај авторите овој термин имал три главни значења: неинтелигентен, странски и негрчки во однос на националноста, а странски со елементи на инфериорност... Зборот 'барбари' се однесувал на не-Грците, додека Грците од посебните градови-држави ги нарекувале Грците од останатите градови-држави како 'ксенои'.... 'Барбаринот' бил антитеза на 'Хеленот'. (Исто, стр. 30).

Дека терминот "*барбари*" се однесувал на луѓе со пониска култура, кои не зборувале на грчки пишува и во книгата "*Историја на Грција*" (*Хисторѕ оф Грееце,* цит. дело, стр. 316).

Значи, сите народи кои не зборувале на грчки, Грците ги нарекувале "*барбари"*, додека помеѓу себе Грците си се нарекувале "*ксенои*".

Демостен не бил единствениот Грк, кој вака ги нарекол Македонците. И античкиот грчки историчар Исократ ги нарекол Македонците "*барбари*". Д-р Словиковски пишува:

"*Историчарите имаат различно мислење околу тоа што мислеле авторите, како на пример Исократ, кога ги нарекувале Македонците 'барбари'. Дали овој термин бил употребен во етничка или во културна смисла? Мнозина сметаат дека тоа значело дека Македонците биле странци, кои не го зборувале грчкиот јазик... Знаеме дека пред хеленистичкиот период Грците не ги сметале Македонците за свои сонародници.* (Dr. Synthia Sidnor Slowikowski, стр. 30).

Понатаму, и Гркот Разимах ги нарекол Македонците "*барбари*". Тоа било во 5 век пред Христа. Во својот говор за Ларисјаните, Разимах го нарекол македонскиот крал Архелај како "*барбарин*" во однос на Грците Ларисјани. Притоа Разимах рекол:

"*Зарем ние Грците треба да му бидеме робови на Архелај барбаринот*" (Тукидид 2,8,1. Исократ 5.108 и Климент Александриски 6.2.17).

Расположението на Грците кон нивниот освојувач Македонија јасно се гледа и во фактот што речиси сите грчки градови со голема радост ја примиле веста за смртта на Филип Втори, надевајќи се дека лесно ќе излезат на крај со неговиот млад син Александар и дека бргу ќе се ослободат од македонското ропство. Во контекст на ова да го спомнеме и востанието што Грците од Теба го кренале против македонската власт на Александар Македонски пред неговиот поход кон Азија, кое детално го опишува токму античкиот грчки историчар Аријан. Тој пишува дека и Атињаните посакале да се приклучат на Тебанците, но Александар жестоко го задушил востанието на Тебанците, што било поука и за сите останати Грци. Теба била срушена до темел, а мнозина од востаниците и од нејзините жители биле убиени. Се смета дека биле убиени околу шест илјади Грци-Тебанци. (Arrian: "The Campaigns of Alexander*",* USA, 1987).

Омразата на мнозинството Грци кон нивниот окупатор Македонија доаѓала до израз и во многу други прилики. Така, на пример, Александар Македонски се биел против голем број Грци уште во првата посериозна битка против Персија кај реката Граник. Во оваа битка Александар заробил околу 2000 Грци, кои се бореле на страната на Персија.

Можеби поради сето ова во ударните единици на Македонската војска, т.е. во познатата Македонска фаланга, никогаш ниту еден Грк не бил поставен како заповедник.

Ќе наведеме уште еден фундаментален податок за односите помеѓу Грците и Македонците во времето на Александар Македонски. По расчистувањето на односите до грчките градови на територијата на денешна Грција, Александар Македонски навлегол во Азија на територијата на тогашна Персија. На тогашниот западен брег на Персија (денешниот западен брег на Турција што излегува на Егејско Море) имало голем број грчки градови, кои биле окупирани од Персија. Населението во овие градови било грчко, па според тоа, кога Александар навлегол во Персија, ова население требало да го дочека како свој ослободител од персиското ропство. Дури и самиот Александар бил убеден дека Грците од овие градови ќе се радуваат на неговото доаѓање, затоа што ќе им го "*врати хеленскиот дух"* и повторно ќе ги спои со останатите грчки градови

од кои насилно биле одделени. Но,не само што не се случило тоа, туку се случило сосема спротивното. Грчките градови во Мала Азија го дочекале Александар како нов поробител поради што му се спротивставиле со сите свои сили! Најжесток отпор на Македонците им пружил грчкиот град Милет. Во овој град Грците воделе голема борба против Македонците, при што мнозина од нив биле убиени откако градот бил освоен од Македонците. Слично како Грците од Милет постапиле и жителите на грчкиот малоазиски град Халикарнас, а ваков бил случајот и со грчкиот град Соли, што се наоѓал на Родос. Грците од овој град не сакале ни да слушнат за Александар, а камо ли да го пречекаат овој туѓинец како *свој ослободител*. Поради тоа, откако влегол во овој град Александар им наметнал на граѓаните тешки давачки.

Поради сето ова се поставува прашањето: до колку Македонците биле *Грци*, зошто тогаш грчките градови и население, кои биле поробени од Персија им пружале толку голем отпор на Македонците? Нели би требало тие да се радуваат на своето *ослободување*?

Уште подрастичен пример за омразата на Грците кон Македоцните бил случајот со битката кај Ис, кога на страната на Персија, против Александар Македонски, се биеле дури **триесет илјади Грци** и тоа како елитни единици во составот на Персиската војска! По победата на Александар некои од нив биле заробени, но над 8.000 успеале да побегнат во планините, за што исто така сведочи античкиот грчки историчар Аријан, кој дури пишува и дека помеѓу Македонците и Грците постоело "*расно ривалство*" (Арриан, цит. дело, стр. 119)

Подоцна и во битката кај Гавгамела против македонската војска на страната на Персијанците исто така учествувале илјадници Грци.

Поради сето ова навистина е смешно кога денешната грчка историографија тврди дека војската на Александар Македонски наводно била "*грчка".* Каква е таа "*грчка војска",* која се биела против илјадници Грци припадници на персиската војска? И зошто Грците се биеле на страната на Персија, до колку војската на Александар и навистина била "*грчка"*? Се знаат вековните непријателства меѓу Персијанците и Грците,па оттаму нема никаква логика десетици илјади Грци да се борат на страната на Персија против "*сопствената"* војска. Одговорот на овие прашања е еден и единствен! Огромен број Грци ја мразеле Македонија повеќе и од

својот вековен непријател Персија, штом дури решиле и да учествуваат на нејзина страна во војната против Македонците.

Дека Македонците не биле Грци пишува и античкиот грчки историчар Диодор Сицилијанецот, а така пишува и Плутарх. Овој познат грчки историчар (1 и 2 век по Христа) сосема јасно напишал дека Грците биле под ропство на Македонците и дека биле ослободени дури откако на Балканот се појавиле Римјаните. Во својата биографија за римскиот војсководител Павел Емилијан, Плутарх пишува:

"*Римјаните... го поразија кралот Филип во Тесалија и ги ослободија Грците од македонскиот јарем.*" (*Aemilius Paulus* by Plutarch, Translated by John Dryden).

Овде јасно гледаме дека Плутарх ги споменува "*Грците"* (а не Атињаните, Тебанците и сл.), одделно од Македонците. Според тоа јасно е дека за него тоа биле два различни народа, од кој едниот народ (Македонците) го држел под ропство другиот (Грците, т.е. Атињаните, Тебанците и останатите Грци).

Впрочем, Грците и воено им помагале на Римјаните за да ја освојат Македонија, но и македонското кралство на Селевкидите (за кое ќе пишуваме во продолжение). Ова јасно го посочува научникот Адкок во својата книга: "*Грците и Македонците - Уметноста на војната"*, во која пишувајќи за навлегувањата на Римската империја на Балканот, констатира:

"*Не треба да се заборави дека во своите судири со Македонија и со Сирија на Селевкидите, Рим бил помогнат од грчки единици на чело со команданти Грци*. (F. E. Adcock: *The Greek and Macedonian Art of War,* University of California Press, 1957, стр. 96).

Македонците и Грците како одделни народи во своите дела ги споменува и античкиот еврејски историчар Јосиф Флавиј, а така е и со поголем број современи истражувачи.

Во врска со сето ова д-р Борза го дава следното резиме:

"*Обајцата Херодот и Тукидид ги опишуваат Македонците како странци, како посебен народ кој живее надвор од границите на грчкитее градови-држави*.(...) *Македонците... себеси не се сметале како грчко племе, ниту како каков било друг балкански народ, туку само како Македонци. Ова го знаеле сите странски протагонисти - од времето на Дарие и Ксеркс, до времето на римските генерали*. (Борза, цит. дело, стр. 96).

Во споменатата "*Историја на Грција*", читаме:

"*Македонците од седмиот и шестиот век пред Христа претставувале целина од жестоки внатрешни племиња, распоредени во посебни мали кнежества и биле посебни во однос на Грците... Херодот, кој ги смета епирските Молосијани и Теспротијаните како деца на Хелен, децидно го мисли спротивното во однос на Македонците.* (*History of Greece,* цит. дело, дел 2, стр. 11).

Познатиот германски историчар Улрих Вилкен во врска со етничките разлики помеѓу античките Македонци и Грците, во своето познато историско дело *Александар Македонски* запишал:

"*Македонците беа наполно здрав народ. Тие не беа тренирани како грчките атлети, туку беа како Римјаните со војнички навики. Но, покрај овие добри особености, тие имаа и многу лоши навики, останати од дамнешните времиња, како што беше неумереното пиење, со што, во очите на Грците беа вистински варвари. Меѓутоа, антагонизмот беше реципрочен, бидејќи Македонците беа израснати во една горда и самосвесна нација, која со презир гледаше на Хелените"*. (Улрих Вилкен: *Александар Македонски,* 1931 год. во превод на македонски, Скопје, 1988 г.).

И познатиот американски историчар Бадијан во својата книга "*Грци и Македонци*" ги потенцира разликите меѓу Македонците и Грците (Badian E. "*Greeks and Macedonians" Studies in the History of Art*, Washington DC, 1982).

Во светски познатата американска општа ЦД енциклопедија Microsoft Encarta (USA, 1998; наслов Europe) во врска со негрчкото потекло на Македонците читаме:

"Македонија, која се наоѓа на север од Грција, отпрвин не била составен дел од грчкиот свет. Но, во 4 век пред Христа, нејзината владеачка класа се хеленизирала. Под Филип Втори, Македонија го освоила поголемиот дел од Грција, ја приклучил и територијата на Персиската империја на ова царство".

Постојат уште многу вакви современи сведоштва кои во интерес на просторот ќе ги оставиме за друга прилика.

Сепак, наубедлив доказ за разликите помеѓу античките Македонци и античките Грци претставува различната етногенеза на овие два народа. Етногенезата, пак, знаеме дека е апсолутен параметар во одредувањето на етничкото потекло на некој етникум.

Овде малку ќе се оддалечиме од темава за да кажеме накратко нешто за најстарата историја на Македонија.

Најстариот познат жител на Балканот е пронајден во Македонија. Имено, во 1960 година на Света Гора (Халкидик) бил откриен череп (најверојатно од жена) за кој се смета дека припаѓал на неандреталец. Черепот бил најден во пештера близу местото Петралона, поради што бил наречен *арцхантропос петралониенсис.* Се смета дека е стар дури 270.000 години. Во истата пештера биле откриени наоди од човекови активности стари барем половина милион години! (Kokkoros and Kanellis "*Decouverte dun crane d homme paleolithique dans la peninsule Chalcidique,* L Antropologie 64, 1960).

Во Македонија е пронајдено и најстарото палеолитско орудие. Се работи за примитивна камена рачна секира.

Во Македонија е пронајдена и најраната досега откриена неолитска населба. Тоа е населбата откриена неколку километри северно од Бер. Оваа населба е датирана помеѓу 6300 до 5300 година пред Христа. Куќите во оваа населба имале повеќе соби, а некои од нив имале и тераси. Во секоја куќа имало огниште, складиште за храна, како и централно светилиште. Во населбата била најдена претстава на женска фигура, како и цртежи на жаби, кози, диви свињи и бикови.

Од времето на неолитот (5000-4000 пред Христа) близу Кожани била пронајдена уште една неолитска населба со куќи, чии ѕидови биле измачкани со кал. Таваните биле потпрени на столбови и биле измачкани со смола. Веќе во доцниот неолит (4000-2800 пред Христа) западните и централните делови на Македонија биле значително населени. (Борза, цит. дело, стр. 60).

Грчкиот археолог Андроникос своите најрани наоди во Вергина (Кутлеш) ги датира од 12 век пред Христа. Истото мислење го дели и Хамонд, кој смета дека првиот организиран живот во оваа населба потекнува од 1180 - 1100 година пред Христа. (NGL Hammond, *History of Macedonia I*, Oxford, 1976, стр. 385,390,407,409,420).

Сето ова значи дека Македонија имала свое домородно население со длабоки корени во најдалечното минато.

А, сега да се вратиме на етногенезата. Античките Македонци биле засебен балкански народ, главно создаден од мешањето на старите домородни племиња, кои живееле на територијата на Македонија.

Значаен етникум во формирањето на античките Македонци биле Бригите. Тие биле староседелци во Македонија, а по Тројан-

ската војна делумно се преселиле во Мала Азија. Освен нив, во етногенезата на античките Македонци биле вклучени и домородните античко-македонски племиња: Десарети, Линкести, Орести, Крестонци и други, а подоцна и Пајонците.

Етногенезата, пак, на античките Грци ни покажува дека тие главно биле составени од мешањето помеѓу Ахајците и Дорците.

До не така одамна мнозина историчари сметаа дека Дорците биле еден од главните етникуми и во етногенезата на античките Македонци. Ваквиот став историчарите главно го препишуваа едни од други, без некоја посериозна критичка анализа на истиот. Но, во поново време, врз основа на најновите истражувања и преиспитувања на досега познатите материјали, ваквата теорија е целосно отфрлена. Причините за ова се многу едноставни и јасни. Нив повторно ги сублимира д-р Борза. Во својата цитирана книга тој е дециден во тврдењето дека теоријата за дорската миграција во Македонија треба да се исфрли од науката. Во врска со ова д-р Борза пишува:

“Теоријата за инвазијата на Дорците (заснована врз пишувањата на Херодот 9.26 и наследена од Тукидид 1.12) во најголем дел претставува измислица на историографијата од деветнаесеттиот век, и истата не е поткрепена со никаков археолошки или лингвистички податок.” (стр., 65).

Во продолжение д-р Борза објаснува:

“Археолошки гледано Дорците се невидлив народ. Северна Грција се уште треба да ни понуди макар и најобичен арте-факт што може да биде поврзан со Дорците... Не постои никаков доказ за оваа таканаречена дорска миграција во централна и западна Македонија и во северо-источна Тесалија (стр. 67)... *Не постои археолошки запис за движењата на Дорците, а митските аргументи во најголема мера се претпоставки, засновани врз фолклорни традиции за тоа дека Дорците потекнувале од северозападна Грција. Дури и доколку последново е вистина, врската помеѓу оригиналната татковина на Дорците и добро познатиот дорски дијалект од подоцнежните времиња не е јасна. Сигурно дека сите 'дорски Грци' од Класичниот период не можеле да бидат потомци на расеаните племиња од северо-западните грчки планини. Тоа што тие подоцна биле наречени Дорци не е доказ за нивното дорско потекло во етничка смисла. И Грците од 19 век имале обичај себеси да се декларираат како Ромеи, а својата земја ја нарекувале Румелија, како доказ за нивното*

римско потекло, наспроти сопствениот грчки јазик и словенски примеси. (стр. 68). *Објаснувањата за врските помеѓу Дорците и Македонците... се засновани врз митови и претпоставки. Недостасуваат доволно лингвитички и археолошки податоци за да бидат поддржани..."*

Д-р Борза пишува дека Македонците немале етничка врска со Дорците, туку дека предците на Дорците и предците на Македонците можеби заедно живееле во околината на Пинд и Халикамон за време на Бронзената ера, поради што дошло до взаемни културни влијанија.

Ваквата теорија целосно ја поддржува и историчарот Чедвик, кој го тврди истото. (Цхадњицк Јохн: "*Њхо њере Дорианс?"* Цамбригде, 1976), а така тврдат и други историчари.

Како заклучок на ова гледаме дека античките Македонци никако не можеле да бидат Грци, затоа што имале различно етногенетско потекло од нив.

Сепак и покрај сите овие силни докази за разликите помеѓу Македонците и Грците (што овде само накратко ги изнесовме), грчките историчари и натаму со сите сили се обидуваат да ги бранат ставовите на германската пропаганда од 19 век за наводното "*грчко*" потекло на античките Македонци. Причината за ова веќе ја спомнавме, а тоа е (гледано од нивни аспект) заштитата на грчките национални интереси во однос на делот од Македонија што тие го држат под своја власт. Тие сметаат дека секој доказ дека античка Македонија не била грчка, ќе го доведе во прашање нивното држење на дел од оваа земја. За таа цел во Грција секојдневно се публикуваат голем број статии, книги и сл., со цел докажување пред светот дека античките Македонци биле Грци. Дека добар дел од ваквите изданија не наидуваат на поддршка кај објективната светска научна јавност, повторно ќе се повикаме на д-р Борза,кој во својата книга, жестоко критикува некои грчки историчари во однос на нивните пишувања за потеклото на античките Македонци.

Пишувајќи конкретно за грчките ставови околу јазикот на античките Македонци, д-р Борза пишува дека грчкиот автор Калерис најцелосно го искажал грчкиот став кон античко-македонскиот јазик, но дека таков не бил случајот со некои други грчки автори. Во врска со ова д-р Борза пишува:

"*Пошовинистички и понеубедлив поглед застапува Даскалакис во своето дело 'Хеленизам' (2 и 3). Но, најфалшливо објасну-*

вање е она на Мартис (во делото "Фалсификатите на Македонската историја"). Оваа книга, напишана од поранешниот министер за северна Грција, претставува полемичен антијугословенски памфлет, толку полн со историски грешки и искривувања што цената што ќе ја плати Академијата од Атина ќе биде намалување на довербата во научниот суд на ова почитувано друштво на учени... (Борза, стр. 91).

Да потсетиме дека овде критикуваните Даскалакис и Мартис денес во Грција се сметаат за едни од најголемите научни авторитети во однос на античка Македонија. Според тоа, овие жестоки критики кон нивните дела имаат посебна тежина затоа што се упатени од страна на најголемиот светски авторитет на истата тема - американскиот доктор на науки од Универзитетот во Пенсилванија д-р Еуген (Јуџин) Борза, кој притоа не ја штеди од критики ниту Грчката академија за науки од Атина. Овој научник, со доза на цинизам кон грчките ставови, заклучува:

"*... Македонците од петтиот век пред Христа биле помалку сигурни во своето хеленско потекло отколку што се некои модерни автори*". (Борза, цит. дело, стр. 84).

Наследството од античките Македонци во денешната македонска култура

Веќе рековме дека античките Македонци ја приложиле својата крв, култура и национално име во денешната македонска нација, т.е. во нацијата што денес живее на истата територија на која тие порано живееле.

Во контекст на ова накратко ќе ги спомнеме и елементите во македонската култура, кои имаат античко-македонски корени. За жал, веќе рековме дека истражувањата во овој правец кај нас (посебно за време на едноумието) беа табу-тема, поради добро познатите дневно-политички причини. Ние Македонците бевме убедувани дека сме *чисти заткарпатски Словени* (со крајна цел: еден ден да бидеме - *чисти ЈУГО-Словени,* и тоа *самоуправни*!). Во исто време античките Македонци нечесно ни беа прикажувани како толку далечни од нас денешните Македонци, небаре тие биле Кинези, Чилеанци или марсовци. Бевме убедувани дека со секого сме *браќа* (со Србите, со Хрватите, со Муслиманите, со Словенците, па дури и со *неврзаните* Етиопјани, Виетнамци или Тогоанци - во што, впро-

чем, и нема ништо лошо), но никако не смеевме ниту да ги спомнеме античките Македонци како наши крвни и културни предци. Ваквите дециниски притисоци доведоа до појава на комплекси и предрасуди кон нашето античко-македонско минато, кои се чувствуваат дури и денес кај поединци. Како резултат на ваквата пропаганда овие поединци афективно реагираат дури и на спомнувањето на античко-македонското име, што претставува невиден мазохизам кон сопствената историја. За среќа од друга страна се поголем број истражувачи, па дури и докажани историчари, како и обични граѓани го свртуваат својот интерес кон нашата славна античка историја. Овој процес е незапирлив.

Но, да се вратиме на античко-македонското културно наследство во денешната македонска нација. Постојат голем број културни елементи (обичаи, обреди, народни верувања, фолклорни мотиви и друго) кои останале уште од античките Македонци среде Македонците во 19 и 20 век. Ќе спомнеме накратко некои од нив. Така, на пример, Херодот пишува дека на веселбите во античка Македонија мажите седеле одделно од жените. Овој обичај е евидентиран и од запишувачите на македонски народни умотворби од 19 и 20 век, конкретно од Верковиќ, Шапкарев и браќата Миладиновци, па дури е останат и до денес во некои средини во Македонија. Од античките Македонци ни останал и обичајот на кршење леб за време на свадбените обичаи, што е спомнат од биографот на Александар Македонски, Квинтиј Куртиј Руф. Истиот овој обичај останал и среде Македоцните во 19 век, па и денес. Од античките Македонци се задржало и третирањето на машкиот појас од народната носија како симбол за машкост. Ова верување среде античките Македонци го опишал Аристотел (Хамонд, цит. дело), а исто такво верување во 19 век регистрирал и Верковиќ во својот опис на свадбените обичаи од југозападна Македонија. И подарувањето прстен на наследникот (пред умирачка) е обичај регистриран кај античките Македонци што останал до денес, а така е и со стрижењето на косата за време на голема жалост - античко-македонски обичај, што го споменува бугарскиот историчар Гаврил Кацаров, во својата книга "*Цар Филип Втори Македонски"* (Софија, 1922). Дури и античко-македонскиот обичај за избор на крал (што се одвивал преку масовен собир на војската и избор со акламација) останал среде Македонците од 19 век, како обичај за избор на селски старешнина. Овој обичај детално го опишува Стефан Верковиќ во своите описи на обичаите во југозападна Македонија.

Верковиќ пишува дека на селскиот старешина дури му било давано и жезло во знак на почит (исто како што било и со кралевите во античка Македонија). Античко-македонски обичај е и одбележувањето на круг околу населбата поради заштита од зла. И овој обичај е запишан како обичај кај Македонците од 19 век повторно од страна на Стефан Верковиќ. Античко-македонски елементи се забележани кај Македонците и за време на славењето на пролетните празници: Лазара, Ѓурѓовден, Руса Среда, па и Прочка. Китењето на младите девојки за време на овие празници е чист античко-македонски обичај. Античко-македонски елементи се регистрирани и во денешните македонски додолски обичаи, кои се вршат за повикување на дожд. Од античките Македонци останало и верувањето во магиската моќ на змијата; потоа неколку погребни обичаи (како што е покривањето на лицето на покојникот пред да биде погребан) и други. (Сето ова детално ќе биде елаборирано во мојата следна книга: "*Античко-македонското наследство во денешната македонска нација*").

Не помалку значаен е и податокот дека во македонскиот фолклор постојат бројни македонски народни творби (песни, приказни, легенди, преданија и сл.) посветени на некои од античко--македонските владетели или јавни личности. Постојат и одредени фолклорни елементи (посебно во приказните), кои несомнено влечат корени од времето на античка Македонија. Такви се: мотивот со лавот (кој и навистина живеел во времето на античка Македонија и токму затоа е најзастапен во македонските народни приказни, но и во хералдиката); рисот; филозофот; мотивот со тројцата браќа (преземен од Херодотовата приказна за настанокот на македонската држава); култот кон водата и други. (И за ова подетално во следната книга).

Но, да се вратиме на постоењето народни творби со античко-македонска содржина. Во интерес на просторот само ќе споменеме некои од нив без да ја приложуваме целосната содржина.

Народни песни во кои се опеани славни личности од античко-македонската историја запишале речиси сите македонски запишувачи на народни умотворби од средината на 19 век. За ваквата појава сведочеле и странци, кои ја посетувале Македонија во 18, 19 и 20 век.

Сепак, можеби прв запис за песна посветена на античко-македонската историја имаме кај Теофилакт Охридски. Во својот

труд *Теофилакт Охридски за музиката во Македонија од 11 до 12 век*(*Македонска музика*, бр. 2, 1979, стр. 39-46) познатиот македонски истражувач на средновековна Македонија Бранко Панов споменува едно писмо на Теофилакт Охридски во кое тој пишува дека кога бил во:"*варварската земја - Македонија"*, населението во Охрид го дочекало со пеење на "*некаква борбена и победоносна песна"*, за која Теофилакт вели дека во неа народот ги опеајувал "*своите честити времиња"*.

Византискиот историчар и писател Никифор Григора, за време на својата посета на Струмица во 1326 година, опишува некои од народните песни што таму ги слушнал. Тој децидно тврди дека (иако не го разбирал јазикот на тамошното население), струмичките народни песни многу потсетувале на - фригиските! (*Одбрани четива за историјата на македонскиот народ,* Скопје, 1951, стр. 122). Се знае дека Фригите (Бригите) играле важна улога во етногенезата на античките Македонци, па оттаму гледаме дека Македонците во 14 век, како свое наследство, ги чувале старите античко-македонски (бригиски) мотиви во народните песни.

Многу подоцна, францускиот барон Франсоа де Тот, кој работел во Цариград од 1768 до 1775 (18 век!), во своите Спомени запишал:

"Дваесет и двајца Македонци, секој со пушка на рамо... во една кафеана пееја песни за победите на Александар". (*Memories du baron de Tott sur les Turcs et les Tartares,* Amsterdam*,* 1784, цит. според Ѓ. Радуле: *Историја на Македонија,* Софија, 1997, стр 250).

Сведоштво дека споменот за античките Македонци бил присутен среде Македонците од првата половина на 19 век дал и рускиот истакнат деец Виктор Григорович. Во врска со импресиите од неговата посета на Македонија во 1844-1845 година, тој запишал дека најчесто име среде Македонците од тоа време било името Александар!

Виктор Григорович запишал и една народна приказна за македонскиот цар Филип Втори. Тоа всушност била првата запишана македонска народна приказна воопшто!

И чешкиот научник И. Доровски во својата студија за врските меѓу Чесите и Македонците објавил факсимил од една: "*македонска народна песна"*, запишана од В. И Григорович. (J. Dorovsky, *Ceske zeme a Balkan*, Brno 1974 год.).

Харалампие Поленаковиќ, во својот труд: *Уште една варијанта од македонската народна умотворба "Цар Филип сос*

слонце облок чинили" (Избрани дела 2, Скопје 1988), наведува дури четири приказни или песни (а можеби и само варијанти) за македонскиот цар Филип Втори.

Познато е дека босанскиот запишувач на македонски народни умотворби и обичаи Стефан Верковиќ престојувал во Македонија повеќе години во средината на 19 век. Тој признава дека бил многу изненаден кога во Македонија открил народни песни за личности од античка Македонија. Дури овие песни тој ги прогласил како свое најголемо откритие.

Стефан Верковиќ дал и други сведоштва за македонски народни творби со античко-македонски елементи, на кои наишол за време на својот долговремен престој во Македонија. Притоа сведочи дека голем број вакви преданија имало кај македонското колено *Марваци* (жители на дел од денешниот пиринский дел од Македонија).

Сведоштво за, до неодамна, непозната македонска народна песна, посветена на царот Александар Македонски среќаваме и во фолклорната збирка на егејскиот Македонец Димитар Поп-Димитров (кој, во моментов кога ги пишувам овие редови, живее во своето родно село Цакони во околината на Воден). Овој деец со години собирал македонски народни умотворби низ повеќе градови и села на егејскиот дел на Македонија. Меѓу ваквите творби била и песната за царот Александар Македонски, која му ја испеал 84-годишниот Танас Марков (в. *Нова Македонија* 1 и 2.11.1997, стр. 7).

Во средината на 19 век француский славист Сипријан Робер запишал една песна за Александар Македонски, во која тој ги молел боговите да бдеат: "*...над неговиот народ славен со херојски срца, поради што заслужуваме да го носиме убавото име Словени. Ова име го добивме од устата на самиот Александар, восхитувајќи се на јунаштвото наше, јунакот од Македонија изрече пред смртта дека го проколнува секого, кој, во иднина ќе говори лошо за народот славен".* Инаку, овој завет е објавен во оригинал на француски во 1852 година.

Постојат и македонски народни песни во кои се споменува античко-македонскиот цар Каран. Една ваква песна споменува и македонскиот преродбеник Исаија Мажовски во своите *Спомени* (Софија, 1922). Тој раскажува како на ден 23.02.1867 година престојувал во селото Сосалија (Ениџе-Вардарско) кај своите вујковци, браќата Хаџи Секови. Вечерта, кај нив дошол некој Евреин да купува волна и откако завршиле работа седнале и пееле македонски

народни песни. Тогаш браќата Хаџи Секови испеале неколку стари песни за македонскиот "*цар Каран и Солуна девојка"*, за кои рекле дека кај нив останале уште од старите времиња (цитирано од постари извори од Гане Тодоровски: *Веда Словена,* Македонска книга, Скопје, 1979, стр. 30).

Во македонскиот весник *Народна Волја* (Благоевград, јули 1994) е објавена и македонска народна приказна за царот Персеј, под наслов *Татковата клетва*, раскажана од Г. Петров.

Секако дека постојат и други приказни и песни со античко-македонска содржина, останати до денес среде Македонците.

Да наведиме и неколку преданија и легенди, запишани во 19 и 20 век, кои имаат античко-македонски корени.

Во Зборникот од Шапкарев (Софија, 1891 год.) се наоѓа предание, кое гласи: *Александар Велики ја изумил војната.*

Неколку преданија за Александар Македонски има регистрирано и во Институтот за фолклор (м.л.1755). Едно од нив е раскажано од Станимир Вишински во 1971 година, роден во с. Мисимер (Воденско) во 1885 година.

Во друго предание, раскажано од Лоза Камчевска од Прилеп (Лидија Славеска: *Етногенезата на македонскиот народ*, Скопје, 1992, стр. 37), Александар Македонски го победил Дарие со тоа што се обложил со него, кој ќе изеде повеќе од македонските лути пиперки. Дарие не можел да изеде толку колку што изел Александар и затоа морал да го предаде своето царство.

Предание во кое се споменува Александар Македонски запишал и Марко Цепенков.

Во Зборникот на браќата Миладиновци во поглавието *Преданија* како прво по ред стои запишано преданието за Александар Македонски.

Благодарение на г-дин Љубе Панов (р. 1938) од Велес, запишав уште една варијанта на ова предание, која тој ја запомнил од својата мајка Васка Јолевска Панова (1913-1980), родена во Битола, а мажена во Велешко. Содржината на ова предание е слична како на она запишано од браќата Миладиновци.

Францускиот славист Андре Мазон во својот Зборник *Славјански приказни од југозападна Македонија* (Париз, 1923) објавил предание, раскажано од дедо Јован од село Неволјани (Костурско) во кое има фантастичен спој помеѓу Александар Македонски, Крали Марко и Јанкула, кои успеале да налеат жива вода што ги правела луѓето бесмртни. Јанкула и Крали Марко се напиле и тие

до денес останале живи, а Александар не успеал, затоа што сестрите му ја испиле неговата, па поради тоа умрел (Ѓорѓи Радуле: *Историја на Македонија,* стр. 191).

Предание за Александар Македонски има раскажано и Никола Андонов (род. 1883) од село Конопиште (Танас Вражиновски: *Македонски народни преданија*, *Македонско народно творештво: Народни преданија,* книга И, Скопје, 1986, стр. 26-29). Во ова подолго предание, на начин својствен само за народниот творец, опишани се односите меѓу Александар Македонски и персискиот цар Дарие, почнувајќи уште од детството на Александар, па се до неговото мажење за ќерката на Дарие. И овде се спомнати гајдата, македонското оро, македонските лути пиперки, градот Солун и уште многу други елементи, кои заеднички прават фантастичен спој помеѓу историската вистина и имагинацијата на народниот творец.

Интересно е и преданието за Александар Македонски и сестра му Ангелина (Танас Вражиновски, цит. дело, стр. 29-32) во кое народниот творец направил фантастичен спој помеѓу овој славен цар и девојката Ангелина - симболот на македонската девојка во Средновековието.Ова предание го раскажал Петре Андрески (род. 1893) од село Модришта.

Во ова предание царот Александар Македонски е претставен како **наш, македонски цар**! Овде сакам да потенцирам дека во македонскиот фолклор не постои ниту една творба во која, кој и да било српски, грчки или бугарски цар или хан, е опеан како "*наш цар"*, како што е случајот со Александар Македонски.

Постои и предание за Александар Македонски раскажано од Апостол Апостолов (род. 1912 год.) во Крива Паланка (Танас Вражиновски, цит. дело, стр. 33). Во ова предание Александар Македонски, како заштитник на Македонците, се бори против турскиот султан Мурат. Овде се појавува и жена му на Александар *Султана*, која прифаќа да биде жена на Мурат, но под услов македонскиот народ да не се зема во војска, зашто е сирак, бидејќи татко му (Александар, з.м.) загинал.

Значи и овде нашиот народ си го смета Александар Македонски за свој етнички предок и заштитник.

Во контекст на ова да ја спомнеме и легендата со *Историјата на Македонија*, која животописецот Новко од Дебар тргнал да ја бара (Танас Вражиновски, цит. дело, стр. 25). Новко отишол во еден манастир, каде ги прашал владиците и поповите: *Слушајте вие владици и попој, ќе ми кажете кај се најдува Историјата на*

Македонија? Тогаш еден поп му одговорил: *Добро, ќе ти кажиме. На филан* (тајно, з.м.) *место се најдува Историјата на Македонија. На филан ден се отвора и се чита историјата. Трипати годишно се чита историјата.* Потоа Новко тргнал да го бара тој *филан манастир*. Кога го нашол, таму и навистина му ја покажале Историјата на Македонија, која била напишана: *"на зајачка кожа со орлово перо"*. Му рекле дека може да ја чита само три дена и три ноќи. Тогаш Новко купил три кила свеќи и седнал да ја чита Историјата на Македонија. Свеќите ги палел една по друга за да не му згасне светлината. Три дена и три ноќи Новко ја читал Историјата на Македонија, а кога се вратил назад им рекол на луѓето:

"А бре, браќа, дниве е читав Историјата на Македонија. Сум читал и сум плачел за Македонија".

Интересно е и преданието за настанокот на градот Воден (објавено во Зборникот на Миладиновци, во поглавието "*Преданија*", под реден број осум). Речиси неверојатно звучи податокот дека во ова предание се опфатени клучните елементи од една многу стара случка што се одиграла во подалечната историја на античка Македонија. Да видиме за што станува збор.

Во книгата: "*Кралевите на античка Македонија и нивните монети во Република Македонија"* (*Македонска Цивилизација*, Скопје, 1994), авторите Никола Шелдаров и Виктор Лилчиќ на стр. 29, пренесуваат извадок од делата на античкиот историчар Јустин (ВИИ, 1,7) во врска со заземањето на македонскиот град Ајгаи од страна на македонскиот цар Каран. Овде читаме:

"Според преданието на Јустин, Каран, откога собрал војска и дошол во Македонија, врвејќи зад едно стадо кози, со помош на дождот и маглата успеал незабележано да влезе во еден град... Градот го нарекол Ајгаи. ".

Браќата Миладиновци, во споменатото предание за настанокот на Воден, запишале:

"Воден, град каде се закопвеха македонските цареви, окрепен од природата, велјат че во време од некоја војна беше се презел од непријателите, после далго опколисвање, со помошча од козите, кои им показаха скришно патче, по кое тие обикновено се качвеха и по кое непријателите влезоха в крепоста".

Фрапантната идентичност помеѓу описот на Јустин и ова предание, запишано во средината на 19 век, нема потреба од никаков коментар.

Постои едно многу интересно предание во кое *Македонските Словени* се поистоветуваат со античките Македонци. Ова предание го запишал Кузман Шапкарев и истото гласи:

"Во старо време сета крајезерска месност била испосеана се со села и градови, во кои живееле таканаречените Езерци, име земено од езерото, кое грчките историчари, меѓутоа го превртеле во Десарити. И сега во Охрид се наоѓаат камења со натписи од тие Езерци или Десарити".

Во Зборникот на Миладиновци, веднаш по преданието за Александар Македонски е објавено и предание за царот Јустинијан, кој иако бил римски цар, бил роден во Македонија. Ова народно предание браќата Миладиновци го сместиле како второ во поглавието за Преданијата, што зборува за нивната почит кон овој цар, без разлика што во нивно време странските пропаганди, правеле се што е можно за да го оневозможат националното себесознавање на етничките Македонци. Наспроти странските еднострани и фалсификувани податоци за нашата историја како цврст бедем и можеби единствен светилник во тоа време стоел нашиот народен творец, кој во своето творештво непогрешливо ги апсорбирал само поистакнатите македонски владетели или пошироко познати личности од Македонија и, како такви, ги пренесувал од поколение на поколение.

Преданието за Јустинијан е поврзано со настанокот на името на градот Охрид и, според ова предание, името на овој наш град го дал токму царот Јустинијан.

Уште едно предание за Јустинијан (но и за неговиот војсководец *Велизарија*) има и во *Сборник на народни умотворенија, наука и книжнина, Софија, 1889* IV, стр. 154. Ова предание е поврзано со настанокот на преспанските села Исток и Герман.

Освен овие, постојат и други легенди и преданија со античко-македонски елементи.

Да кажеме неколку зборови и за наследството на античко-македонските народни танци во денешните македонски. Оваа тема досега е мошне малку истражувана.

Американскиот истражувач Стојан Прибичевиќ во својата книга: "*Macedonia – Its People and History"* (ИСБН 0-271-00315-4, The Pensylvannia State University Press, USA, 1982, п. 221-224), во врска со историјатот на македонските народни танци, пишува:

"*Македонските танци ... спаѓаат помеѓу најстарите забележани танци во светот... На успорените танци, кои се играат*

само од мажи, со долги и одмерени чекори, единствена придружба им е тапанот и високо-тонскиот дувачки инструмент (зурла, з.м.). *Еден од овие танци е 'Тешкото'. Постои и 'Овчарски танц', кој се игра со спретни скокови, од камен на камен, при што 'се внимава' да не наиде можен sвер или крадец. Всушност тоа е архаичен македонски танц, останат уште од предсловенските времиња, кој претставува имитација на тешкиот живот на Македонците за одбрана на границите од напади, како и на бескрајните борби за одбрана на своите стада, земја и племе".*

И понатаму:

"*Постоеле античко-македонски танци кои се изведувале само со удирање на тапанот, а постоеле и тивки танци кои во целост се играле без инструменти, пеење или ракоплескање".*

И понатаму:

"*Зурлата и тапанот не потекнуваат од Турција, како што некои веруваат. Нив ги има на фреските од пред доаѓањето на Турците. Тие постојат на Балканот уште пред доаѓањето на Словените..."*

И понатаму:

"*Според мислењето на некои музиколози постојат бројни архаизми во македонската музика, како што постојат и во носиите, танците и обичаите...Во селото Мариово во јужна Македонија, матријархатот се уште владее, а носиите и обичаите се уште се архаични..."*

Сигурно дека истражувањата во оваа насока треба да продолжат.

Во врска со постоењето на очевидните фолклорни античко-македонски елементи во денешниот фолклор должни сме да укажеме на еден многу важен момент.

Имено, до не така одамна, потеклото на ваквите творби од страна на најголемиот дел претставници на досегашната македонска историографија, погрешно се толкуваше како наводен производ на некаков романтизам од Средниот век поврзан со романот за Александар Македонски, под наслов *Александрида* што тогаш се појавил во Европа (!?). Мислам дека нема апсолутно никаква основа да се тврди дека еден роман објавен во Средниот век некаде во западна Европа ги поттикнал нашите неписмени селски предци да седнат и да создаваат фолклорни творби, посветени за главните херои од тој роман (за кој всушност којзнае дали воопшто и слушнале дека постои).

Конечно, собирачите на македонски народни умотворби од 19 и 20 век воглавно јасно регистрирале од кого ги запишувале овие творби.

Така, на пример, сосема добро се знае кои интерпретатори му дале песни за Александар Македонски на Стефан Верковиќ. Податоците за една ваква песна тој ги добил од овчарот Стојан Мечкаров (некаде во шеесеттите години на 19 век). Понатаму, Верковиќ запишал две песни за Александар Македонски и од страна на **слепиот** Јован Михаилов од село Броди, Серско (Кирил Пенушлиски: *Народната култура на Егејска Македонија*, *Мисла,* Скопје, 1992, стр. 120)! Па, зарем некој може и да помисли дека почитуваниот овчар Мечкаров и слепецот Јован Михаилов биле полиглоти, кои своето познавање на неколкуте европски јазици, го искористиле за анализа на романот за Александар Македонски, а потоа, инспирирани од тој роман, седнувале и создавале песни за Александар Македонски!? Замислете си ги овчарот Мечкаров и **слепецот** Михаилов како седат еден до друг и заеднички го читаат романот за Александар Македонски (и тоа на некој од европските јазици!), а потоа заедно измислуваат песни за него(!?). Дали е тоа можно?

Понатаму, веќе го наведовме сведоштвото на баронот Франсоа де Тот, според кое уште на крајот од 18 век од група македонски работници била пеена песна за Александар Македонски. Па зарем и овие, најверојатно неписмени, работници го читале романот за Александар Македонски, за потоа да *измислат* песна за него? Ако е така, тогаш сигурно дека такви биле и браќата Хаџи Секови од селото Сосалија, кои немале друга работа, па откако добро ја проучиле античката историја (посебно Херодот) седнале и ги *измислиле* песните што ги пееле за царот Каран. Исто така, страстни читатели на романот за Александар Македонски испаѓа дека биле и сите останати наши сонародници, кои им ги кажале македонските народни творби со античко-македонски елементи на запишувачите од 19 и 20 век.

Да го спомнеме повторно и фрапантното поклопување на содржината на описот на античкиот историчар Јустин за завземањето на градот Ајгаи со преданието за градот Воден. (За градовите Ајгаи и Воден се смета дека биле два блиски града, но порано долго време се сметало дека се работи за ист град). Се поставува прашањето: од кого нашите неписмени баби и дедовци од средината на 19 век го научиле ова предание, кое подоцна им го

пренеле на Миладиновци? Зарем тие го познавале делото на Јустин, па откако убаво го "простудирале" истото, им текнало да го создадат ова предание? Јасно дека тоа не е можно ни да се претпостави. Јустин дури ни денес не е преведен кај нас, а камоли во времето на мрачните турски вилаети на Балканот во средината на 19 век.

Се надевам дека читателите нема да ми забележат на овој (оправдан!) цинизам, но целта ми беше да укажам до каде се не одеше нашиот сопствен мазохизам во негирањето на вистината за нашите етнички корени. На бројни наши историчари воопшто не им пречеше тоа што други народи (без никакви аргументи) го присвојуваа Александар Македонски како свој, а кога исконската сила и енергија на нашиот народен гениe им понуди докази дека античките Македонци се нашите антички предци, тогаш тие не само што ова не го прифатија, туку дури и се обидоа да ги забошотат ваквите чисти докази со своите бесмислени толкувања за наводниот *романтизам* кај нашиот народ, кој наводно се јавил како резултат на појавата на некаков средновековен роман за Александар Македонски во Европа. Инаку, колку што знам, за првпат роман за Александар Македонски на македонски јазик е преведен дури во 1965 година. Тоа е романот *Александар Македонски* од авторот Словомир Настасиевиќ, во превод на Трајан Бавтировски. Подоцна, пред крајот на животот на социјалистичка Југославија (средината и крајот на осумдесеттите) се преведоа на македонски јазик неколку книги од таа област, како на пример: книгите на Елис, Вилкен, Плутарх и уште некоја.

Во сегашниве услови мислам дека појавата на постоење на македонски народни творби, посветени на античките Македонци, треба посериозно и посмело да се обработува, наместо досегашниот понижувачки и потценувачки однос, диктиран не само од страна на дневно-политичките потреби на идеологијата на бившите југословенски комунисти, туку и од страна на странските шовинистички пропаганди, кои и самите тврдат дека ние, денешните Македонци, немаме никакви етнички и културни врски со античките Македонци. Се разбира дека над сето тоа треба да биде силата на аргументите, а примерите што ги приложуваме во овој текст претставуваат повеќе такви аргументи, кои едноставно можат да се формулираат и како едно единствено прашање, кое гласи: до колку денешните Македонци немаат никаква етничка и културна врска со античките Македонци, тогаш како да се објасни појавата на

македонски народни творби во денешниот македонски фолклор, во кои се споменуваат античките Македонци како наши предци? Се знае дека фолклорот на секој народ во најголема мера ги влече своите корени од етничкото минато на истиот тој народ. Значи, Македонците од 19 и 20 век само ги наследиле фолклорните творби (обичаи и сл.) од своите предци.

Овде сигурно дека спаѓаат и бројните претстави на македонското осумзрачно и шеснаесетзрачно сонце (кои биле главни хералдички симболи на античките Македонци) што ги среќаваме на македонските средновековни и нововековни икони и фрески. Лично имам забележано стотици претстави на исти или слични симболи како овие сонца на нашите икони и фрески, што впрочем секој читател може и самиот да го согледа. Но и за ова истражување подетално ќе проговориме во некоја следна прилика.

Античко-македонското самосознание кај Македонците од блиското минато

Кон сето досега изнесено да го додадеме и фактот дека наспроти сите антимакедонски пропаганди, античко-македонското етничко потекло масовно било прифаќано од страна на многу Македонци и тоа главно во 19 и 20 век. Ова посебно детално го има обработено академик Блаже Ристовски (во своите дела: *Портрети и процеси И*, Скопје, 1989 год. и *Македонија и македонската нација,* Скопје, 1995 год.), па во продолжение ќе се послужиме со цитати од неговите истражувања во врска со ваквите појави, надополнети со моите дополнителни истражувања во оваа насока. Посебно е важен фактот дека за чувството за античко-македонската етничка припадност на нашите предци од 19 и 20 век сведочеле и еминентни странски дејци, кои во тоа време престојувале во Македонија. Овде само накратко ќе потсетиме на некои од овие сведоштва.

Сведоштво дека споменот за Александар Македонски останал меѓу Македонците во првата половина на 19 век дал Јохан Маер. За време на својата посета на Македонија (Серско) во 1814 година, тој запишал дека народот од тој крај се уште го чувал споменот за Александар Македонски.

Да ја споменеме и изјавата на еден засега непознат учител од Охрид, кој дошол на местото на истераниот бугарски учител во

Солун во 1845 година. Кога го прашале да се декларира што е по националност, нашиот охриѓанец дословно рекол дека е "*чист Македонец, какви што биле Филип и Александар Македонски и Аристотел филозофот".*

Јерејот Димитрија од Кривопаланечко во далечната 1848 година исто така запишал дека се чувствува потомок на античките Македонци, додека весникот *Цариградски весник* во бројот од 03. 03.1860 година, во една статија од непотпишан автор, запишал дека во Македонија се уште живеат потомците на античките Македонци.

И познатиот босански фолклорист Стефан Верковиќ, кој во 19 век престојувал во Македонија (каде запишувал народни умотворби) запишал дека Македонците од југозападна Македонија (кои во најголем број му припаѓале на *коленото Пуливаковци*) сметале дека се потомци на античките Македонци. Пишувајќи за нивната народносна свест (некаде во шеесеттите години на 19 век) Верковиќ запишал:

"*Кај Пуливаковците постои предание дека се чисти Македонци и потомци на Александар Велики. Долно-Поленците, а особено тие што живеат во околината на Пазар се гордеат со старата столица, т.е. со градот Бела, од кој останале само една кула и една карпа, висока пет аршина."*

За директен потомок на античките Македонци себеси се сметал и истакнатиот македонски учител, писател и револуционер Иван Шумков од Крушево, а така било и со внукот на солунскиот првенец Паунчев, кој на бугарскиот учител Салганџиев му се претставил како: *"чист Македонец, како што беа Филип и Александар Македонски"*.

Дури и бугарскиот национален деец и егзархиски агент Петко Славејков во својата статија *Македонското прашање*, објавена на 18.01.1871 година, признал дека мнозина Македонци од 19 век себеси се декларирале како потомци на античките Македонци.

Античко-македонското етничко потекло, како свое етничко потекло, го прифаќале и водачите на славното Кресненско востание. Така на пример во Уставот на Македонскиот востанички комитет од 1878 година, кој го организирал и подигнал ова востание, востаниците се наречени како: "*Македонска војска на Александар Македонски".*

И големиот македонски писател и револуционер Ѓорѓи Пулевски, исто така сметал дека Македонците имаат и античко-македонско етничко потекло и тоа повеќепати го истакнувал.

Во Манифестот на илегалната Привремена влада на Македонија, објавен во април 1881 година, исто така пишувало дека Македонците од 19 век се потомци на античките Македонци. Во овој Манифест од владите на останатите земји била побарана "*реставрација на античка Македонија*".

За античка Македонија (и покрај влијанието на грчката и на бугарската пропаганда) интерес покажувале и Григор Прличев и Димитар Миладинов, кои тоа и јавно го истакнувале.

Во една статија објавена во весникот *Македонија*, кој тогаш излегувал во Русе (Бугарија) во 1888 година, од автор кој се потпишал само со иницијалите К.Г., пишува:

"Нашата татковина Македонија си има историја за своето минато, каде што се гледа нејзината моќ, величина, како и нејзиното политичко потчинување под власта на тогаш моќната Турска империја.... Денес, секој Македонец, кога го спомнува Александар Македонски, вели: Ние сме го имале цар Александар Велики. Со тие зборови тој си припомнува за блескавиот период и величието на Македонската држава. Александар Македонски стои пред лицето на секој Македонец како национална гордост!"

За големиот македонски преродбеник од 19 и 20 век Исаија Мажовски, античките Македонци и *Словените* претставувале потполно ист народ. Еве што, помеѓу другото, изјавил во неговиот говор одржан на бродот *Рицар*, за време на пловидбата по Дњепар, Русија, во 1888 година:

"Многупочитувани господа, македонскиот народ е словенски народ од пред 2600 години, кој бил доведен во Македонија од царот Каран, кој, исто како Филип и Александар, бил чист Словен..."

Славата на македонскиот цар Александар Македонски не ги заобиколила ниту *лозарите*. На еден нивен таен состанок, што се одржал на 19.06.1889 година во хотелот *Конкордија* во Софија, на кој, помеѓу другите присуствувале и: Коста Шахов, Димитар Македонски, Г. Георгиев, И. Шумков, Ножаров, браќа Иванови, Ќузлиев, Мандушев и други, било дискутирано околу преземањето на натамошни активности, па во таа смисла значаен простор и бил

отстапен на дискусијата за Александар Македонски, кого тие го сметале за свој предок.

Подоцна *лозарите* биле жестоко напаѓани од страна на бугарските весници, а посебно од публицистот Левов, кој во својата статија, објавена во април 1892 година, ги обвинил *лозарите* дека биле сепаратисти, кои себеси се нарекувале како Македонци и кои тврделе дека: "... *Македонија била нивната татковина и дека таа е одделна словенска држава, чие минато е покриено со блесок, особено во времето на Филип и Александар Велики...*"

Ако го спомнеме и фактот дека блиски до *лозарите* биле и: Гоце Делчев, Даме Груев, Христо Матов, Иван Хаџиниколов, Петар Поп-Арсов и другите, ова сведоштво има уште поголема тежина.

Чувството на етничка припадност на античките Македонци како наследувано од нашите предци, не ги запоставило ниту Македонците од бурниот почеток на 20 век. Така, на пример, малку е познато дека во досега неправилно сатанизираното Горноџумајско врховистичко востание, воено-оперативниот водач на ова востание, полковникот на бугарската војска Атанас Јанков (инаку етнички Македонец од Загоричани), непоколебливо се сметал за директен потомок на античките Македонци. Пред самиот почеток на Горноџумајското востание, тој до востаниците го упатил следниот проглас:

"Македонци! Сетете се за светскиот победител, за светската слава на Македонија - великиот Александар Македонски! Сетете се за храбриот цар Самуил, македонскиот великан, за прекрасниот Марко Крале, општословенската слава - дека во сите нив течела македонска крв. Тие сега од небесните височини бдеат над нас и го благословуваат нашето започнато дело. Да се покажеме како нивни достојни потомци!"

Малку е познато дека античко-македонската етничка свест кај нашиот народ дошла до израз дури и во периодот на Илинденското востание, наспроти силното влијание на Егзархијата.

Така, на пример, претседателот на Крушевската Република Никола Карев себеси непоколебливо се декларирал како Македонец и тоа како директен потомок на античките Македонци. Доказ за ова е неодамна откриеното интервју со Никола Карев, објавено во грчкиот весник "Акрополис" на 08.05.1903 година во кое тој потврдно одговара на прашањето дали се смета за директен наследник на Александар Македонски. ("*Јас сум Македонец*", *досега необјавено интервју со претседателот на Крушевската*

Република за грчкиот весник "Акрополис" од 8 мај 1903 година. Подготвено од д-р Лефтерија Вамбаковска, в. "*Македонско сонце*" 28.07.2000, стр. 14 и 15).

Во септември 1903 година во Њујорк и Филаделфија (САД) во знак на поддршка на Илинденското востание бил формиран Македонски комитет, кој упатил Апел до американската јавност со барање помош за востанието. Во овој Апел илинденските востаници секаде се наречени како Македонци и тоа како потомци на оние Македонци на кои свети Павле им го проповедал христијанството. Овде читаме:

"*Она што Павле го виде во духот, во човечката визија за Македонија што го повика да и помогне на оваа земја, сето тоа сега го имаме пред нас. Крајно време беше да биде кренато востание во Македонија како резултат на болката и сиромаштијата... За правата и за неправдите на Македонците ние засега не сме заинтересирани, но не смееме да бидеме незаинтересирани и да не им помогнеме на тие човечки суштества, сродни христијани, на нивните сопруги и деца кои гинат со стотици, па и повеќе. Ќе загинат и илјадници доколку христијанска Европа и христијанска Америка не ги спасат."* (Т. Л. Поречки: "*Истина о Македонији кроз документацију*", Белград, 1992, стр. 68).

Да спомнеме и една непотпишана статија од весникот "*Автономна Македонија"*, објавена во екот на Илинденското востание во август 1903 година, каде античките Македонци исто така се поистоветени со *Словените* во Македонија.

Авторот Петар Загоров, во екот на Илинденското востание во септември 1903 година, во в. "*Автономна Македонија"*, ја објавил песната *Таму*, во која, помеѓу другото, илинденците ги нарекол "*достојни потомци на Велики Александар."* Песни во кои е опеана славата на античките Македонци биле објавувани и по Илинденското востание.

Конечно, во длабината на својата душа античко-македонската традиција (или свест?) ја носел и големиот македонски национален деец Димитрија Чуповски и не случајно на македонското знаме, што тој и неговите истомисленици го изработиле во Русија (1913 или 1914 година), било застапено Сонцето и разлутениот коњ на Александар Македонски,по име Букефал. Исто така, неразделен предмет од кој Чуповски никогаш не се делел била сребрената монета од времето на Александар Македонски, што Чуповски ја имал

закачено на синџирчето од својот часовник. Истите идеи ги носел и братот на Димитрија Чуповски, Никола Д. Чупаров.

Во една стара албанско-латинска историја, која му била покажана на Македонецот Исаија Мажовски за време на неговиот престој во Тирана (Албанија) и кој, она што таму го прочитал, го пренел во својата книга *Спомени* (Софија, 1922) исто така пишувало за античките Македонци како за директни крвни предци на денешните Македонци.

Големиот македонски национален деец Крсте Петков Мисирков, непосредно пред својата смрт, пишувајќи за великаните што ги дала нашата земја, за Александар Македонски, запишал:

"Александар Македонски ја разнесе славата на Македонија до средно-азиските реки Аму-Дарија, Сир-Дарија, како и до Индија и Индискиот Океан".

Како директен потомок на античките Македонци се сметал и истакнатиот македонски национален деец д-р Трифун Греков. Во текот на годините 1922 и 1924 тој објавил неколку статии посветени на античките Македонци и посебно за Александар Македонски и тоа во в. *Македонија* во Софија и во в. *Македонско сознание* во Виена.

Документ во кој е потенцирано античко-македонското потекло на современите Македонци е пронајден и во архивата на ВМРО на Ванчо Михајлов од 1932 година, а едно здружение од организацијата на МПО (еден вид наследници на ВМРО на Ванчо Михајлов) во градот Лорејн (САД), формирано во март 1924 година, го носело името *Александар Велики* и имало свое знаме на кое биле прикажани името и ликот на овој наш славен цар.

За фактот дека античките Македонци не биле никакви Грци, туку посебен етникум со своја култура и цивилизација, кои ја *надминувале елинската*, пишувале и Васил Ивановски - Бистришки (во 1934 година), како и Ангел Динев (во 1938 година).

Меѓу двете светски војни во прилепската чаршија особено бил развиен култот за Александар Македонски за што сведочи македонскиот национален деец од тие времиња Димче Аџимитрески.

Во триесеттите години од славата на Александар Македонски се восхитувале и членовите и раководството на тајната македонска организација позната под името ММОР (модифициран збор од францускиот збор морт, што значи: *смрт* - според девизата: *Смрт или слобода*!), на која еден од активистите бил токму Димче Аџимитрески, заедно со Благоја Димитров од Скопје.

Во раководството на оваа тајна македонска организација (покрај Аџимитрески и Димитров) тогаш се наоѓал и поетот Венко Марковски, како и Стојан Јовановски, а близок до Организацијата бил и Кочо Рацин. Оваа организација се залагала за обединета и независна Македонија со признавање на националните права на Македонците, но во ноември 1934 година била пробиена, а некои од нејзините членови биле уапсени од српската полиција.

Во периодот меѓу двете светски војни и младината од Охрид била опфатена со култот за Александар Македонски. Поетот Гоце Митески од Охридско сведочел дека интелектуалната младина од Дебарца за време на Втората светска војна била воодушевена од својот предок Александар Македонски. Во 1942 година и самиот Митески напишал песна за Александар Македонски во која направил фантастичен спој помеѓу него и Гоце Делчев.

По Втората светска војна култот на Александар Македонски и славата на античка Македонија станаа уште позасилени во редовите на илегалните анти-југословенски македонски организации кај нас и во странство, како и меѓу поширокиte слоеви на македонското иселеништво. Полека, но сигурно, врз основа на цврсти докази, овој процес конечно незапирливо напредува и помеѓу денешниве генерации Македонци во нашата земја. Веќе и Македонската Православна Црква во својот Устав ги признава античките Македонци како предци на денешната македонска нација.

*

На крајот посебно сакам да ја потенцирам констатацијата дека декларирањето на нашите предци од 19 век како потомци на античките Македонци има неспоредливо поголема тежина од декларирањето на поедини наши предци како: *Грци, Срби* или како *Бугари*. Ќе одговорам и зошто го тврдам ова.

За нашите предци да се декларираат како *Грци, Бугари* или како *Срби* (посебно во 19 век) најголема причина биле баснословните суми што Грција, Србија и Бугарија ги фрлале за своите пропаганди во Македонија. Но кој ги *убедувал* тогашните Македонци да се декларираат како потомци на античките Македонци? Се разбира, никој! И не само што никој отстрана не ги убедувал нашите предци да се декларираат како потомци на античките Македонци, туку странските пропаганди со сите сили се обидувале да го задушат ваквото декларирање, истовремено

убедувајќи ги дека тие им припаѓаат на *нивните* нации. Притоа, многубројните историски докази за вековната национална посебност на Македонците биле криени од нашите предци во егзархиските, патријаршиските или во српските цркви и училишта. Затоа ваквото декларирање, кое не само што не било поттикнувано, туку дури било и попречувано од странските шовинисти, има далеку поголема тежина од инаквото декларирање на нашите предци. Ваквото декларирање не е настанато како резултат на ниедна странска пропаганда, туку нашите предци го наследиле од своите предци и во тоа се состои неговата исконска сила.

СВЕТАТА ЗЕМЈА ПОД ВЛАСТА НА МАКЕДОНЦИТЕ

Откако ги дадовме потребните објаснувања да почнеме конечно со презентирањето на главната тема на оваа книга. Да видиме каков бил уделот на Македонците во некои од клучните библиски настани. Пред да ги изнесеме овие податоци должни сме да дадеме уште една поширока елаборација во која ќе посочиме на некои факти, кои во нашата досегашна историографија речиси воопшто не беа третирани.

Најнапред да кажеме нешто во врска со местото каде што се одиграле сите најзначајни настани од Светото Писмо, а тоа е Светата земја (Палестина).

Во светската историографија добро е познато дека со Светата земја (целосно или делумно) со векови владееле Македонците. По освојувањето на Блискиот Исток од страна на Александар Македонски овие предели влегле во составот на Македонската империја.

Освојувањето на Светата земја од страна на Македонците го спомнуваат сите биографи на Александар Македонски. Меѓутоа, најголем дел од нив само бегло и посредно го спомнуваат овој настан, задржувајќи се претежно на македонската опсада на соседниот феникиски град Тир и на градот Газа. Ова донекаде е разбирливо ако се знае дека жителите на градот Тир долго време не сакале да им се предадат на Македонците, изјавувајќи дека ќе останат верни на персиската власт под која дотогаш се наоѓале. Сепак, по седум месеци опсада, Тир бил заземен и уништен од Македонците.

Така, на пример, Александровиот биограф Плутарх само посредно го опишува освојувањето на Светата земја од страна на Македонците. Тој го спомнува овој настан само во главите 25 и 26 во својата биографија за Александар Македонски. Притоа Плутарх најмногу се задржува на описот на опсадата на соседниот феникиски град Тир, а само бегло споменува дека Александар Македонски го завзел и градот Газа (“*Александар Македонски”*, Детска радост, Скопје, 1994).

Малку поопширен опис на овие настани дава античкиот грчки историчар Аријан. Во своето дело “*The Campaigns of Alexander*”(во превод на Aubrey de Selincourt, Penguin books, USA, 1987), речиси

целата втора половина од Втората книга е посветена на овој настан. Сепак, и Аријан главно се задржал на описот на опсадите на соседниот феникиски град Тир и на градот Газа.

Освојувањето на Светата земја од страна на Александар Македонски посредно го споменува и латинскиот историчар Квинтиј Куртиј Руф (Quintus Curtius Rufus: "*Историја на Александар Македонски*, во превод на д-р Љубинка Басотова, *Патрија*, Скопје, 1998). Овие настани Руф ги споменува во Четвртата книга, при што и тој се задржува исклучиво на описот на битките за Тир и за Газа. Руф споменува и дека Александар Македонски во Газа се задржал седум дена, а потоа заминал за Египет.

И античкиот грчки историчар Диодор Сицилијанецот посредно го споменува влегувањето на Александар Македонски во Светата земја, спомнувајќи ја само опсадата на соседниот феникиски град Тир (Diodorus of Sicily. Book 17, *Loeb Edition* volume IX).

Меѓутоа, повеќе детали за престојот на Александар Македонски во Светата земја дава еден друг антички историчар, кој е малку познат и обработен во нашата наука. Се работи за античкиот еврејски историчар Јосиф Флавиј. Неговото дело има посебна тежина затоа што тој бил Евреин, што значи дека тој од поинаков аспект гледал на тогашните случувања во однос на античките грчки и латински историчари, кои ги опишувале овие настани.

Бидејќи во оваа книга ќе опфатиме и дел од историјата на Светата земја од периодот кога со неа владееле Македонците, незамисливо е да го сториме ова без консултирање на делата на Јосиф Флавиј. Овде малку ќе се оддалечиме од темата за да кажеме неколку зборови за овој древен еврејски историчар. Ова поради фактот што во продолжение ќе цитираме повеќе извадоци од неговите дела.

Јосиф Флавиј се родил во Ерусалим некаде околу 36 година, што значи само неколку години по распнувањето на Исус Христос. Неговото вистинско име било Јосиф Бен Мататија. Потекнувал од кралско и свештеничко јудејско семејство. Бил член на фарисеите и бил позната личност во еврејското општество. Иако имал пријатели меѓу Римјаните, учествувал во еврејското востание против римската власт, по што бил заробен и затворен. Веспазијан го ослободил, поради што во знак на благодарност Јосиф го зел неговото семејно име - Флавиј. Крајот на животот го поминал во Рим, пишувајќи за историјата на Евреите. Негови дела се "*Историјата на Евреите" Jewsh Antiquites*), кое го напишал во 20 тома; потоа

"*Војната на Евреите" (Jewish War*), кое го напишал во седум тома и "*Против Апион" (Against Apion)*, дело во кое им се спротивставил на тогашните хеленистички историчари, кои со потценување пишувале за Евреите. Напишал и своја автобиографија. Флавиј (иако бил јудеец и фарисеј), како историчар, оставил извонредно значајни историски податоци и за дејствувањето на Исус Христос, а оставил сведоштва и за дејствувањето на свети Јован Крстител (за што во продолжение ќе пишуваме). Јосиф Флавиј оставил и многу вредни податоци за животот на Македонците во Светата земја, не само од времето кога тие целосно владееле со Палестина, туку и многу подоцна.

Но, да се вратиме на описите на Јосиф Флавиј во врска со освојувањата на Александар Македонски на Светата земја. Опишувајќи го походот на Александар Македонски во Азија Флавиј, пишува:

"*Филип, кралот на Македонија бил убиен од атентат во Егеј од страна на Павсаниј, синот на Кераст од Оресте (...) Неговиот син Александар го наследил неговото кралство и, преминувајќи го Хелеспонт, ги поразил генералите на војската на Дарие во битката кај Граник"*.

Во продолжение Флавиј детално ги опишува областите што ги завзел Александар Македонски и настаните што притоа се одиграле (*Antiquites*...XI, 11).

За настаните по битката кај реката Граник, Флавиј пишува:

"Дарие разбрал дека Александар го поминал Хелеспонт и дека ги поразил неговите војсководители кај Граник, како и дека продолжил да напредува. Така тој собрал војска од пешадија и коњаница со цел да ги пресретне Македонците пред да ја покорат цела Азија..."

И понатаму:

"Иако кралот (Дарие, з.м.) *учествувал во битката против Македонците, тој бил поразен и загубил голем дел од својата војска..."*, па така "...*Александар дошол во Сирија и го зазел Дамаск..."*

И Флавиј пишува за уништувањето на Тир од страна на Македонците. Веќе рековме дека овој феникиски град бил уништен откако неговите жители одбиле да им се предадат на Македонците. Интересно е што Флавиј вината за уништувањето на овој град ја фрла токму врз главниот свештеник на Тир, кој ја одбил пријателската понуда на Македонците и, наместо тоа, воено му се спротивставил на Александар Македонски. Така, Флавиј пишува

дека Александар му понудил на овој свештеник "*... да ја снадби неговата војска, исто како што претходно ја снабдувал војската на Дарие и да го прифати пријателството на Македонците...*" Но, високиот свештеник на Тир ја одбил оваа понуда на Македонците со зборовите дека му останува верен на персискиот цар Дарие. Ова многу го налутило Александар поради што ја презел опсадата на Тир, која завршила со уништување на овој град.

Да го кажеме и тоа дека не биле сите Евреи наклонети кон персиската власт. Така, на пример, Флавиј пишува дека во Газа Евреите се побуниле против персиската власт и дека седум илјади од нив, предводени од Санбалат, дошле кај Александар, нудејќи му ја својата воена помош. Александар со задоволство ја прифатил понудата. По падот на Тир, паднала и Газа. За разлика од споменатите биографи на Александар Македонски, Флавиј дава детален опис и на влегувањето на Александар Македонски во срцето на Светата земја - Ерусалим.

Приближувањето на Александар Македонски кон Ерусалим го вознемирило високиот ерусалимски свештеник Јадуа, кој му бил лојален на Дарие. Во врска со ова, Флавиј пишува:

"Сега, откако Александар ја освои Газа, направи план да влезе во Ерусалим. Кога го слушна ова високиот свештеник Јадуа, падна во агонија бидејќи не знаеше како да се појави пред Македонците."

Јадуа ги повикал Евреите заедно да се молат и да му принесат жртва на Бог за спасение на нивнот народ. Во продолжение Флавиј пишува дека на сон на Јадуа му се појавил Бог (Јехова), кој му рекол да не се плаши. Во сонот Бог му соопштил на Јадуа дека може слободно да ги отвори градските порти на Ерусалим и да го пречека Александар како што му прилега на крал. Кога се разбудил Јадуа ги известил своите соработници за овој сон и решиле така да постапат. Штом разбрале дека Александар е близу, тие организирано му излегле во пресрет. Кога ги видел Александар, во знак на почит, лично им пријдел и длабоко му се поклонил на високиот свештеник Јадуа (иако најверојатно знаел дека до пред тоа Јадуа му бил лојален на Дарие - во тоа се гледа величината на Александар и неговата способност да ги придобива своите непријатели). Потоа Флавиј пишува дека Александар им се поклонил и на останатите еврејски свештеници, на што тие возвратиле.

Опишувајќи ја оваа средба Флавиј пишува за еден многу интересен момент што тогаш се случил. Иако знаеме дека Александар Македонски живеел над триста години пред Христа и дека бил многубожец, малку е познато дека во еден миг, тој искажал длабока стравопочит кон Бог (Јехова). Александар дури искажал и пофалба кон Бога при што истакнал дека Бог (Јехова) бил тој што го водел во неговите освојувачки успеси.

Флавиј пишува дека откако членовите на придружбата на Александар Македонски виделе колку длабоко тој му се поклонил на високиот еврејски свештеник, останале вчудовидени. Тие знаеле дека Александар со почит се однесува кон сите народи, кои мирољубиво го пречекувале, но сепак се зачудиле на неговото толку длабоко изразување почит кон еврејскиот висок свештеник. Некои дури помислиле и дека Александар се поместил со умот, а неговиот војсководител Парменион лично го прашал зошто направил така. Во врска со сето ова Јосиф Флавиј пишува:

"Кога Александар стигнал во Ерусалим, Евреите излегле да го пречекаат. Тој се поклонил пред нивниот висок свештеник,а неговиот генерал Парменион му забележал за тоа и го прашал: 'Зошто му се поклонуваш на овој свештеник, кога сите други тебе ти се поклонуваат?'"

На ова Александар дал една неверојатно интересна изјава, со која ја потврдил сопствената почит кон Бог (Јехова). На забелешката на Парменион, Александар одговорил:

"Јас не се поклонив нему, туку на Господ што го почестил него, со неговото свештенство; бидејќи јас го видов на сон истиот овој човек, во потполно истата ситуација, кога бев во Дион во Македонија. Додека размислував како ќе можам да ја освојам Азија, тој ме поттикна да не се двоумам, туку смело да поминам преку морето на другата страна, затоа што тој ќе ја предводел мојата војска и ќе ми овозможел да владеам над Персијанците. Ете затоа, гледајќи го овој човек тука, се сетив на тој сон, и на охрабрувањето што го добив во соното. Јас верувам дека ја водам мојата армија под Божјата заповед."

Во продолжение Флавиј пишува:

"И кога го кажа ова на Парменион, тој му ја пружи десната рака на високиот свештеник, кој тргна со него и така тој (Александар, з.м.) *влезе во градот* (Ерусалим, з.м.)*. И кога дојде до храмот, тој принесе жртва на Бог, според упатствата што му ги даде високиот свештеник."*

Потоа Флавиј пишува дека Александар им дозволил на Евреите да си ја почитуваат сопствената вероисповед, според своите прадедовски обичаи. Флавиј пишува и дека Евреите му се оддолжиле на Александар на тој начин што во сите градови од Светата земја во кои влегол, бил дочекуван со највисоки почести, а мнозина Евреи се придружиле во неговата војска.

Флавиј пишува и за смртта на Александар Македонски. Тој детално ги именува наследниците на Македонската империја и пишува за нивните меѓусебни несогласувања и војни. Го споменува влегувањето во Ерусалим на александровиот генерал Македонецот Птолемеј Лагов, кој ја приклучил територијата на Светата земја кон својот дел од распаднатата македонска империја, т.е. кон Египет, со кој тој останал да владее. И Птолемеј Лагов искажал почит кон Евреите, така што и тој му принел жртва на Бог (Јехова). Евреите и него го сметале за свој пријател. Подоцна Птолемеј почнал масовно да населува Евреи во Египет, каде што им дал исти права како на, веќе доселените, Македонци.

Во продолжение Флавиј детално ја опишува историјата на Светата земја се до времето во кое самиот живеел, а тоа рековме дека е крајот на првиот век по Христа.

Настаните во Азија и Африка по смртта на Александар Велики Македонски

Династијата на Македонците Птолемеи

По смртта на Александар Македонски познато е дека огромната Македонска империја бргу се распаднала на неколку држави. Но, Македонците и натаму останале да владеат со некои од нив. Така, на пример, Македонците останале да владеат со Египет. Веќе рековме дека Египет се одделил како самостојна држава, на чие чело застанал александровиот генерал Македонецот Птолемеј Лагов. Тој ја основал македонската династија Птолемеи, чии припадници останале да владеат со Египет уште речиси триста години по смртта на Александар Македонски.

Македонското етничко потекло на Птолемеите го потенцира и Јосиф Флавиј. Кралевите од династијата на Птолемеите тој сосема јасно ги нарекува "*Македонци*" (*Against Apion*...II, 5).

За македонското етничко потекло на Птолемеите пишува и ранохристијанскиот писател Иринеј. Дел од неговото творештво го пренесува познатиот ранохристијански историчар Евсевие Кесариски (околу 260 - 340 год.). Пишувајќи за создавањето на библиотеката во Александрија и Иринеј го споменува македонското потекло на Птолемеите. Овде читаме:

"*Уште пред Римјаните да ја воспостават својата империја, во времето кога Македонците се уште ја држеа Азија, Птолемеј синот на Лаг, посакал да ја збогати библиотеката што тој ја направи во Александрија со вредни книги од сите луѓе...*" (Eusebius of Caesarea: *Church History*, Book V, 8).

Македонското етничко потекло на Птолемеите е спомнато и во светски познатата американска ЦД енциклопедијата Microsoft Encarta (USA, 1998; наслов *Ptolemaic Dynasty*). Овде читаме:

"*Династијата на Птолемеите претставува македонско семејство кое владеело со Египет за време на хеленистичкиот период, од смртта на Александар Велики во 323 година пред Христа, па се до времето кога Египет станал римска провинција во 30 година пред Христа. Во различни временски периоди Птолемеите ја држеле под својат власт и Киренајка (која се наоѓа во северна Либија), Палестина и Кипар. Династијата била основана од александровиот генерал Птолемеј. Тој бил поставен за гувернер на Египет од самиот Александар, а во 305 година пред Христа се прогласил себеси за независен владетел, под името Птолемеј И Сотер. Кралството доживеало голем напредок, како под негова власт, така и под власта на неговите наследници: Птолемеј ИИ Филаделф и Птолемеј III Евергет, кои постојано имале спорови со припадниците на уште една македонска династија - династијата на Селевкидите во Сирија, околу превласта на источниот Медитеран... Иако не биле со египетско потекло, Птолемеите се придржувале кон повеќе египетски традиционални обичаи. Исто како што правел и Александар, така и тие се претставувале себеси на јавните споменици во египетски стил и облеки... Сепак, во нивната војска доминирале грчките и македонските должносници... Последната и сигурно најславна владетелка од Птолемеите била Клеопатра, која независно владеела, прво со поддршката од Јулие Цезар, а подоцна и од Марко Антоние...*"

Македонското етничко потекло на Птолемеите е спомнато и на официјалната веб-страница на Интернет, поставена од египет-

ската влада (конкретно од Министерството за туризам на Египет). Во краткиот осврт кон историјата на Египет, Птолемеите се наречени како "*Македонска династија*" (*Alexander the Great, Macedonian Dynast , http://interoz.com/egypt/macdyn01.htm*).

Прв владетел од династијата на Птолемеите рековме дека бил Птолемеј Лагов (познати и како Птолемеј Први Сотер). Тој бил роден во 367 година пред Христа. Од 323 година пред Христа бил гувернер на Египет и на Либија, а од 305 до 284 година пред Христа владеел како крал. Во неговата биографија, во споменатата енциклопедија Енкарта (наслов *Ptolemy I*), читаме:

"*Птолемеј Први... бил основач на династијата Птолемеи. Син на Лаг и Македонец по род, Птолемеј бил генерал во армијата на Александар Велики, кој играл главна улога во подоцнежниот поход на Александар во Азија...*"

За македонското етничко потекло на Птолемеј Први ни зборува и фактот што тој бил другар од детството на Александар Македонски. Поради тоа, тој подоцна станал еден од најдоверливите генерали на Александар, кој посебно се истакнал во битките за покорувањето на Персија. Откако станал крал на Египет, тој ја прогласил Александрија за главен град на своето кралство. Птолемеј Први ја основал и познатата Александриска библиотека, на која подоцна ќе се задржиме. Тој напишал и биографија за Александар Македонски, која денес не е сочувана, но се знае дека од неа црпеле подоцнежните антички биографи на Александар. Птолемеј Први бил оженет со Береника Прва. Умрел во 283 година пред Христа.

Во 284 или 285 година пред Христа, Птолемеј Први го напуштил престолот во полза на својот син Птолемеј Втори (309-246 пред Христа). Птолемеј Втори војувал со македонската династија на Селевкидите (кои тогаш владееле со дел од Азија и за кои во продолжение подетално ќе пишуваме). Во негово време Египет доживеал силен економски и културен процут. Птолемеј Втори значително ја збогатил библиотеката во Александрија и активно ја поддржувал уметноста. Притоа многу му помагала неговата сопруга Арсиноја (316-271 пред Христа), која имала големо влијание во неговото владеење.

Птолемеј Втори бил наследен од својот син Птолемеј III (околу 282-221 пред Христа). Тој успеал да ја припои Киренајка кон Египет. Исто како и неговиот татко, и тој ја збогатил библиотеката

во Александрија и ја поддржувал уметноста. Во негово време економијата на Египет доживеала уште поголем процут.

Потоа на власт дошол Птолемеј Четврти, чија сопруга исто се викала Арсиноја. Тој не владеел долго и бил наследен од својот син Птолемеј Петти, кој формално дошол на власт по смртта на својот татко, кога имал само пет години. Тогаш практично власта во Египет била во рацете на корумпираните министри на Птолемеј Четврти, што довело до последици по државата. Птолемеј Петтиимал сестра, по име Арсиноја (III). Користејќи ја ваквата состојба и таа посакала да дојде на власт. Но, во тоа не успеала бидејќи била убиена веројатно по налог на корумпираните министри. Практично Птолемеј Петти бил само формален владетел на Египет. Кога наполнил шеснаесет години, бил оженет со Клеопатра I, која била ќерка на Антиох III, македонски крал од династијата на Селевкидите. Во бракот со Клеопатра I му се родиле два сина. Птолемеј Петти умрел на возраст од дваесет и осум години. Се смета дека бил отруен. Бил наследен од својот син Птолемеј Шести, кој исто така имал само пет години кога умрел неговиот татко.

Птолемеј Шести (околу 186 - 145 пред Христа) исто така немал среќа во владеењето со Египет. Тој војувал против Антиох Четврти (кралот на Селевкидите) при што бил заробен. Тогаш бил заменет од својот брат Птолемеј Седми. По падот на Антиох Четврти, Птолемеј Шести се вратил на престолот во Египет и заеднички владеел со својот брат Птолемеј Седми. Подоцна избил судир помеѓу нив. Во 145 година пред Христа на власт во Египет дошол Птолемеј Осми, кој исто така бил син на Птолемеј Петти. Тој бил опишан како суров владетел, иако вовел либерални реформи во религиозните институции. Бил оженет со Клеопатра III. Во бракот им се родиле два сина (Птолемеј Деветти и Птолемеј Десетти Александар) и три ќерки (Клеопатра Четврта, Клеопатра Трифена и Клеопатра Селена). Птолемеј ОсмиI умрел во 116 година пред Христа. Престолот на Египет тогаш дошол во рацете на неговата жена Клеопатра III. Таа го форсирала својот помлад син Птолемеј Десетти како нов владетел на Египет, иако граѓаните на Александрија повеќе сакале Птолемеј Деветти да им биде крал. Птолемеј Деветти прво бил поставен за гувернер на Кипар, но под притисок на граѓаните на Александрија, бил вратен да владее со Египет. Подоцна неговата мајка Клеопатра III го обвинила дека наводно подготвувал заговор против неа и повторно

успеала да го испрати на Кипар. Наместо него, на престолот повторно дошол неговиот помлад брат Птолемеј Десетти. Клеопатра III умрела во 101 година пред Христа. Птолемеј Десетти останал да владее со Египет како мошне непопуларен крал. Загинал во една битка во 88 година пред Христа. По неговата смрт, Птолемеј Деветти повторно се вратил од Кипар во Еипет и повторно станал крал. Тој владеел со Египет уште осум години, се до својата смрт. Птолемеј Деветти имал два сина, но тие умреле како мали деца. Поради тоа, бил наследен на престолот од својата ќерка Клеопатра Береника. Според египетската традиција (според која секоја жена владетелка морала да има крај себе личност од машкиот пол за да може да владее) Клеопатра Береника била принудена да се омажи за својот братучед Птолемеј Единаесетти, кој бил син на Птолемеј Десетти. Но, само по деветнаесет дена од свадбата Птолемеј Единаесетти ја убил својата сопруга Клеопатра Береника. Тоа ги разгневило граѓаните на Александрија, кои насилно влегле во кралскиот дворец и го убиле својот крал Птолемеј Единаесетти. Тогаш во Египет завладеал хаос. На престолот дошол Птолемеј Дванаесетти, кој бил син на Птолемеј Деветти и кој владеел до својата смрт во 51 година пред Христа. Тој имал четири ќерки и два сина. Една од неговите ќерки била Клеопатра Седма. Тоа всушност е познатата египетска кралица Клеопатра, чие име денес е познато во целиот свет. Значи најславната египетска кралица всушност била етничка Македонка! Таа била далечна пра-внука на александровиот генерал и другар од детството Птолемеј Лагов. Денес не постои ниту една сериозна и објективна историска енциклопедија или друга публикација, во која не е потенцирано македонското етничко потекло на оваа прочуена египетска владетелка. Ќе наведиме неколку примери во поткрепа на ова.

Во ЦД енциклопедијата *Chronicle Encyclopedia of History Цхроницле* (USA,1997), во поглавието за Клеопатра VII (*Chronology*) читаме:

“Во 69 година се родила третата ќерка на еден од македонските фараони на Египет, Птолемеј XII.”

Во интернет изданието на Riverworld penmush org. во врска со етничкото потекло на Клеопатра читаме:

“*Клеопатра била висока и витка жена од чисто македонско потекло.”* (*Cleopatra VII Thea Philopater*, description http://riverworld.pennmush. org/~alansz/rw-pbem/bg/chars/cleopatra.html).

Во подолгата статија за Клеопатра, објавена во историската публикација во издание на ИнтерОз од САД, во врска со етничкото потекло за оваа славна египетска кралица, читаме:

"*Клеопатра била енергична македонска кралица. Таа била брилијантна жена, која сонувала за голема светска империја. За малку и ќе успеела во тоа... Единствен владетел кој може да фрли сенка врз фасцинантноста на Клеопатра бил Александар, кој исто така бил Македонец... Птолемеите биле по потекло Македонци, кои владееле со Египет како фараони. Клеопатра била последниот египетски фараон.*" (Подетално во: *Cleopatra VII, Ptolemaic Dynasty*, Design, Layout and Graphic Art by Jimmy Dunn, an Inter City Oz Inc Employee USA, 1996).

Античките историчари различно ја опишуваат Клеопатра. Јосиф Флавиј го критикува нејзиниот карактер, што впрочем е и разбирливо ако се знае дека таа извесно време ги припоила еврејските територии кон својата држава. Меѓутоа, античкиот грчки историчар Плутарх во својата биографија за Марко Антоние со восхит пишува за Клеопатра. Тој наведува дека таа зборувала голем број јазици, при што индиректно споменува дека нејзиниот мајчин јазик бил македонскиот. Плутарх пишува:

"*Беше вистинско задоволство да се слуша звукот на нејзиниот глас со кој, како инструмент со многу жици, таа преоѓаше од еден јазик во друг, така што, имаше само неколку барбарски народи со кои разговараше преку преведувач, додека со поголемиот дел од нив таа директно разговараше. Такви беа: Етиопјаните, Троглодите, Евреите, Арапите, Сиријците, Медите, Партијците и многу други, чии јазици таа ги научи. Тоа беше уште поизненадувачко затоа што повеќето од нејзините предци кралеви одвај се мачеа да го научат египетскиот јазик, а некои од нив прилично го запоставија и македонскиот јазик.*" (*Antony* by Plutarch, Translated by John Dryden).

Ова многу значајно сведоштво од Плутарх ни зборува дека мајчиниот јазик на Птолемеите бил токму македонскиот јазик! Гледаме дека, според Плутарх, некои од нив (веројатно поради политички причини) го запоставувале македонскиот јазик на сметка на јазикот коине (за кој во продолжение подетално ќе пишуваме). Но, Плутарх не пишува такво нешто и за Клеопатра, што значи дека таа си го задржала својот мајчин македонски јазик. Да потсетиме дека Плутарх ова го напишал само стотина години по смртта на

Клеопатра (некаде околу 75 година по Христа), што значи дека временски бил многу близу до настаните поврзани со неа.

Да направиме краток осврт кон историските настани поврзани со владеењето на Клеопатра Седма. По смртта на нејзиниот татко Птолемеј XII, Клеопатра останала да владее со Египет заедно со својот дванаесетгодишен брат Птолемеј XIII. Клеопатра тогаш имала само осумнаесет години (била родена во 69 година пред Христа во Александрија). Рековме дека таа имала уште три сестри. Постари од неа биле Клеопатра VI и Береника, а помлада била Арсиноја IV. Имала уште еден брат познат како Птолемеј XIV. За нејзината сестра Клеопатра VI се смета дека умрела како млада. Во тоа време државата на Птолемеите се повеќе пропаѓала на сметка на растежот на Римската империја.

Според египетската традиција (што веќе ја спомнавме и до која Птолемеите се придржувале), Клеопатра не можела да владее сама со Египет, па затоа формално била принудена да се омажи за својот помлад брат Птолемеј XIII. Сепак, таа уште на почетокот на заедничкото владеење, го игнорирала својот брат. На монетите го претставувала само својот лик, а на официјалните државни документи го потпишувала само своето име. Во тој период нивната држава ги загубила територииите на Кипар, дел од Сирија и Киренајка. По тригодишно заедничко владеење, Клеопатра била симната од престолот, а голема улога во ова одиграле советниците на нејзиниот брат Птолемеј XIII, кои успеале да го убедат дека е подобро да владее сам. Тогаш Клеопатра била прогонета во Теба, а на престолот останал да владее сам младиот и неискусен Птолемеј XIII. Во тоа време на власт во Рим се наоѓал Јулие Цезар. Во 48 година пред Христа, Цезар дошол во Александрија, а Птолемеј XIII се повлекол од кралскиот дворец. Цезар влегол во кралскиот дворец во Александрија, но не сакал формално да го окупира Египет, туку сакал да стави свој приврзаник да владее со оваа држава. Тоа го искористила Клеопатра, која во меѓувреме успеала да дојде Цезар при што веднаш го освоиле со својата привлечност и станала негова љубовница. Меѓутоа Цезар побарал да се сретне и со нејзиниот брат и опонент Птолемеј XIII. Така Клеопатра и Птолемеј XIII заеднички биле поканети пред Цезар. Птолемеј XIII сфатил дека Цезар веќе е под влијание на Клеопатра и веднаш му станало јасно дека таа ќе го замени на престолот. Поради тоа тој, заедно со своите лојални приврзаници, организирал воен бунт против Цезар. Во судирите што следувале изгорел дел од

библиотеката во Александрија. Во такви услови и Арсиноја (сестрата на Клеопатра) побегнала од кралскиот дворец, при што и таа била прогласена за кралица, откако добила поддршка од некои Македонци кои биле против Клеопатра. Во врска со ова, во горенаведеното издание (*Cleopatra VII, Ptolemaic Dynasty*, (Design, Layout and Graphic Art by Jimmy Dunn, an Inter City Oz Inc Employee USA, 1996), читаме:

"*Сестрата на Клеопатра Арсиноја побегнала од дворецот и отишла кај Ахила* (војсководител и опонент на Клеопатра, з. м.). *Таа била прогласена за кралица од македонскиот дел од војската."*

Судирот со опонентите на Клеопатра завршил со нивни пораз. Главните војсководители биле погубени од страна на Цезар, а загинал и самиот Птолемеј XIII. Така Клеопатра станала единствен владетел на Египет. Но, за да ја задоволи египетската традиција, таа и овојпат формално била принудена да се омажи за својот уште помлад единаесетгодишен брат Птолемеј XIV. Всушност таа си останала љубовница на Цезар и од таа врска на 23 јуни 47 година пред Христа им се родил синот Цезарион (познат и како Птолемеј XV). Во 46 година пред Христа Цезар ја поканил Клеопатра во Рим. Конзервативните републиканци негодувале поради неговата врска со Клеопатра, која таму била дочекана со највисоки почести. Цезар бил толку опиен од неа што воопшто не обрнувал внимание на негодувањата од републиканците. Тој дури наредил да биде направена златна статуа со ликот на Клеопатра, која била поставена во познат римски храм. Истовремено Цезар отворено изјавил дека и формално ќе се ожени за неа, што исто така предизвикало негодување среде високите кругови во Рим. Но, во 44 година пред Христа Цезар бил убиен во атентат. Клеопатра веднаш се вратила во Александрија, загрижена за натамошните настани. Таа наредила да биде убиен Птолемеј XIV, а за владетел што ќе владее заедно со неа го прогласила својот четиригодишен син Цезарион (Птолемеј XV). Тогаш во Египет владеела голема економска криза. Клеопатра будно ги следела настаните во Рим, каде на власт заеднички дошле Марко Антоние, Октавијан Август и Лепид. Бидејќи Октавијан Август тешко се разболел, Клеопатра проценила дека најзначајна личност во Рим ќе биде Марко Антоние. Тогаш таа веројатно донела одлука да му се приближи и нему. Клеопатра за прв пат се сретнала со Марко Антоние во 41 година пред Христа во Тарс. Таму Клеопатра го завела моќниот Римјанин.

И покрај економската криза во Египет, таа му однела скапи подароци, а себеси се облекла како Афродита (божицата на љубовта). На Марко Антоние му се допаднала идејата да добие жена со "сина крв" од династијата на Птолемеите, затоа што неговата тогашна сопруга Фулвија потекнувала од средната класа. Така се родила една од најпознатите љубовни врски во историјата на човештвото. Во 41 година пред Христа Марко Антоние и Клеопатра заеднички живееле во Александрија, а во 40 година Марко Антоние заминал оттаму. Тогаш починала неговата сопруга Фулвија, а тој, за да ги смири односите со Октавијан Август, се оженил за неговата сестра Октавија (која тогаш и самата била вдовица). Во меѓувреме Клеопатра му родила близнаци на Марко Антоние, кои ги добиле имињата Александар Хелиос (Сонце) и Клеопатра Селена.

Марко Антоние на Клеопатра и ги подарил територииte на Кипар, Киликија, Феникија, дел од Сирија, Јудеја и Арабија. Така Клеопатра, успеала значително да ја зголеми територијата на својата држава. Тогаш Египет за миг повторно ја вратил својата стара слава. Била изградена силна флота, која всушност му била потребна на Марко Антоние во неговата борба против опонентите во Рим. Но, во 36 година пред Христа Марко Антоние доживеал пораз. Клеопатра била со него во Антиохија. Тогаш им се родил уште еден син, кого го нарекле Птолемеј Филаделф. Во 34 година пред Христа Марко Антоние извојувал важна победа во Ерменија, од која добил значителни финаниски средства. Оваа победа била грандиозно прославена во Александрија. На јавната прослава Клеопатра била претставена како божицата Изида, а Марко Антоние себеси се претставил како македонскиот бог Дионис. Во тој победнички занес, Клеопатра и Марко Антоние и навистина посакале да создадат светска империја, исто како што тоа своевремено се обидел да го направи и Александар Македонски. Детален опис на овој победоносен занес на Марко Антоние и на Клеопатра дава Плутарх, кој пишува:

"*...Беа поставени два златни трона врз сребрена платформа. Едниот беше за него* (Марко Антоние, з.м.)*, а другиот за Клеопатра. Крај нивните нозе беа поставени пониски тронови за нивните деца. Тој ја прогласи Клеопатра за кралица на Египет, Кипар и Либија. За владетел што ќе владее заедно со неа го прогласи Цезарион* (Птолемеј ЏВ, з.м.), *угледнот син од претход-ниот Цезар, кој ја остави Клеопатра со дете. Неговите сопствени синови од Клеопатра беа прогласени за кралеви над кралевите.*

На Александар тој му ја даде Ерменија и Медија, заедно со Партија, веднаш откако ќе биде завземена. На Птолемеј му ги даде Феникија, Сирија и Киликија. Александар беше изведен пред народот во медиска носија, со тијара со исправен врв, додека Птолемеј носеше чизми, наметка и ***македонска капа опфатена со дијадема****, каква што по обичај носеа наследниците на Александар... И кога тие ги поздравија своите родители, едниот беше примен од* ***стражари Македонци****, а другиот од стражари Меди и Ерменци. Клеопатра тогаш, како и претходните пати кога се појавуваше пред народот, беше облечена како божицата Изида и му се претстави на народот како Нова Изида".* (*Antony* by Plutarch, Translated by John Dryden).

Во горенаведеното издание *Cleopatra VII*, *Ptolemaic Dynasty*, (Design, Layout and Graphic Art by Jimmy Dunn, an Inter City Oz Inc Employee USA, 1996), откако е даден описот на оваа грандиозна прослава, авторот заклучува:

"Клеопатра сонувала да стане кралица на целиот свет".

Дека крајна цел на Клеопатра Седма и на нејзиниот сопруг Римјанинот Марко Антоние, била обновување на Македонската империја од времето на Александар Македонски смета и германскиот историчар Улрих Вилкен. (Вилкен, *Александар Македонски*, Скопје, 1988, стр. 309). Впрочем, фактот што тие покажувале почит кон културата на сите народи над кои владееле (преку јавното презентирање на нивните обичаи, носии и религиозни убедувања) е доволен показател дека тие и навистина сакале да ја обноват империјата на Александар Македонски. Не треба да потсетуваме дека така се однесувал и самиот Александар, кој исто така јавно ја манифестирал својата длабока почит кон останатите народи.

Во 31 година пред Христа Марко Антоние се развел од својата сопруга Октавија. Тогаш тој исковал монети со својот лик и со ликот на Клеопатра. Овие монети денес се едни од најретките, најскапите и најбараните во светот на нумизматиката. Овде приложуваме илустрација од една ваква монета. Претходно Октавијан Август и објавил војна на Клеопатра. Во пресудната битка помеѓу Марко Антоние и Октавијан Август, победила флотата на Октавијан Август. Марко Антоние добил лажна вест дека Клеопатра загинала, поради што извршил самоубиство. Клеопатра се обидела да преговара и со Октавијан Август, но тој не покажал никаков интерес за такви преговори. Наоѓајќи се во безизлезна состојба Клеопатра извршила самоубиство, откако претходно

дозволила да биде касната од египетска кобра. Според египетската традиција, сите што умирале од отровот на кобрата, останувале бесмртни. Клеопатра умрела на 12 август 30 година пред Христа кога била на возраст од 39 години. Веднаш по нејзината смрт, Египет бил окупиран од Римјаните и неговата територија била анектирана кон римската империја. Последниот формален владетел на Египет Птолемеј XV (синот на Клеопатра од Јулие Цезар) бил задавен по наредба на Октавијан Август. Интересно е тоа што останатите деца на Клеопатра (што ги имала со Марко Антоние) останале живи и биле посвоени и израснати токму од Октавија (разведената сопруга на Марко Антоние и сестра на Октавијан Август).

Љубовта помеѓу Македонката Клеопатра и Римјанинот Марко Антоние била вековна инспирација за многу познати уметници во светот. Славниот Вилијам Шекспир, во чест на оваа љубов, ја напишал својата драма под наслов "*Антоние и Клеопатра*", а драма за љубовта помеѓу Цезар и Клеопатра напишал и Бернард Шо. За животот на Клеопатра се снимени и два филмски спектакла (едниот со Елизабет Тејлор во главната улога), а создадени се и голем број литературни, музички и други уметнички дела.

Сега предлагам да кажеме неколку зборови за начинот на кој Македонците Птолемеи владееле со Египет.

Се знае дека Птолемеите длабоко ја почитувале египетската култура, иако рековме дека мнозина од нив никогаш не се погрижиле ни да го научат египетскиот јазик. Познато е дека тие во својата нова татковина задржале многу од македонското културно наследство (обичаи, ономастика, топонимија и сл.).

Така, на пример, била задржана практиката кралевите да носат бела лента околу главата (исто како што правеле и античко-македонските владетели). Многу е интересно што оваа практика целосно се задржала и среде Македонците Птолемеи, иако мнозина од нив никогаш во животот немале ниту стапнато во Македонија. Ова најдобро може да се забележи од илустрациите со автентичните ликови на некои од припадниците на оваа династија што овде ги приложуваме.

Понатаму, голем број населби во Египет добиле македонски и балкански имиња. Такви биле египетските населби: Менде (име на постар античко-македонски град), Арсиноја (име на неколку Македонки од владеачката династија), Птолемаида (топоним

изведен од името Птолемеј), Хераклеополит, Панополис, Афродито и многу други.

Во Египет (макар и делумно) бил воведен и Македонскиот календар (кој бил различен од грчкиот). Овој календар бил во употреба и по крајот на владеењето на династијата на Птолемеите. Така, на пример, на еден папирус од светски познатата збирка на папируси *Duke Papyrus Archive* (P.duk.inv.7), зачуван е извадок од еден договор за позајмица на пари помеѓу жители на Птолемаида во Египет. Договорот бил адресиран со името на македонскиот месец Ксантик и истиот потекнува од 6 година по Христа.

Македонците Птолемеи, кои владееле со Египет, отпрвин не им дозволувале на домородните Египјани ниту во војската да служат, а камоли да постават некого од нив за локален гувернер.

Во контекст на ова е и податокот од еден зачуван папирус од третиот век пред Христа, т.е. од времето на владеењето на Птолемеите со Египет, на кој пишува дека еден Арап, кој бил камилар, се жалел дека не бил добро платен затоа што бил третиран како "*барбарин*" (Dr. Synthia Sidnor Slowikowski, *Sport and Culture in the Ancient Macedonian Society*, The Pennsylvania State University, 1988, стр.132).

Интересен е обидот на Македонците Птолемеи за менување на етничкиот состав на Египет. За таа цел од Македонија и од територииите на денешна Грција во Египет биле доселени околу еден милион Македонци и Грци со цел да го изменат етничкиот состав на Египет. Сепак, оваа бројка била премала во однос на седумте милиони Египјани (подетално за сето ова кај: Улрих Вилкен: *Александар Македонски*; 1931 год., во превод на македонски, Скопје, 1988 г., стр. 332 и 334).

За значителното присуство на Македонците во тоа време во Египет постојат повеќе податоци.

Така, на пример, во описот на битката кај Рафија (Raphia), во која се судриле војските на двете македонски кралства (она на Птолемеите и она на Селевкидите), сосема јасно се спомнати Македонците како составен дел од обете војски. Во врска со ова, во книгата *Армиите на македонските и пунските војни* од историчарот Фил Баркер, читаме:

"*Птолемеј, македонскиот владетел на Египет, со 73 африкански слонови, со 5000 коњаници и со фаланга составена од 5000 Македонци и 20.000 Египјани, со 5000 копјеносци и со 19.000 останати пешадијци, ја поразил војската на Антиох Селевкид,*

која имала 102 индиски слонови, 6000 коњаници, Македонска фаланга од 20.000 борци, 10.000 копјеносци и 32.000 лесно вооружени пешадијци." (*Armies of the Macedonian and Punic wars, Organization, tactics, dress and weapons*, by Phil Barker, Copyright R.E.G. Games Ltd, Wargames Research Group, 1971, стр. 3)

Значи, бројот на Македонците во Египет воопшто не бил мал штом Птолемеј успеал само во една битка да мобилизира околу пет илјади свои сонародници.

Што се случило подоцна со Македонците во Египет? Секако дека тие никаде не исчезнале. Дали некои од денешните египетски Копти (кои имаат сини очи) можеби ја носат крвта на своевремено таму населените Македонци?

Но, да се вратиме на наследството во светската култура што го оставиле Македонците Птолемеи. Како еден од најзначајните културни сегменти што оваа македонска династија го оставила на светската цивилизација претставува преводот на Стариот Завет од еврејски на јазикот коине. Овој превод на Стариот Завет бил направен во III век пред Христа и преку него практично Стариот Завет, за првпат, бил пошироко промовиран пред светот. Овој превод бил извршен благодарение на залагањето на Македонецот Птолемеј Втори. Како тогашен крал на Египет, тој ангажирал 72 преведувачи од еврејско потекло, кои го зборувале јазикот коине за да го преведат Стариот Завет. Овој превод денес е познат под името "*Септугинта*" и се смета за најзначајниот превод на Стариот Завет (*Библија*, Загреб, 1983, стр. 1170).

Овде малку ќе се оддалечиме од темава за да објасниме каков бил тој јазик коине и зошто Македонците го форсирале како официјален јазик во империјата на Александар Македонски, но и во државите со кои останале да владеат неговите наследници? Зошто стариот македонски јазик (за чија засебност веќе пишувавме) не бил форсиран како официјален јазик во оваа империја? Одговорите на овие прашања се едноставни. Имено, до колку Александар и неговите наследници се обиделе на овие народи да им го наметнат, за нив, сосема непознатиот македонски јазик, сигурно дека ќе наишле на несакан отпор од нивна страна. Тоа, пак, најмалку им одговарало на Македонците и затоа бил создаден и форсиран еден универзален јазик наречен *коине* во кој имало вклучено елементи од повеќе тогашни јазици (грчкиот со своите варијанти, македонскиот и други јазици на блиско-источните народи). Поради тоа што овој јазик бил создаден во Александарија, бил познат и

под името: *Александриски дијалект*. Значи, коине бил еден вид мешан (заеднички) јазик, кој бил форсиран од македонските династии како универзален јазик во земјите со кои владееле, исклучиво заради полесна комуникација помеѓу различните народи.

Денес научниците сметаат дека јазикот коине всушност бил еден вид есперанто во тоа време. Како илустрација за ова ќе го спомнеме пишувањето на д-р Чарлс Френсис Потер, кој инсистира на фактот дека јазикот коине не бил никаков "чист" грчки јазик, туку дека бил еден вид есперанто - мешавина од повеќе тогашни јазици. Во врска со ова д-р Потер пишува:

"*...Коине (мешавина од различни јазици)... настанал како резултат на освојувањата на Александар Македонски на тогашниот познат свет. Коине... бил заеднички или универзален јазик на тоа време, еден вид есперанто, што се употребувал во конверзацијата, во комерцијалата и во пишувањето со векови пред и по првиот век по Христа..."* (Dr Charles Francis Poter: *The Lost Years of Jesus Revealed;* A Fawcett Gold Medal Book, Published by Ballantine Books, 1962, 1958, CBS Publications, стр. 40).

Уште подециден е српскиот црковен историчар Веселиновиќ, кој во врска со карактерот на јазикот коине, уште во 1908 година, запишал:

"*Јазикот коине треба да го разликуваме од стариот класичен грчки јазик. Тој бил создаден во времето на Александар Велики како заеднички јазик за сите народи во Македонското царство. Бил наречен и како: заеднички или Александриски дијалект, бидејќи главно се развивал во Александрија. На тој јазик било преведено Светото Писмо во времето на Птолемеј Филаделф..."* (С. М. Веселиновиќ: *Лекције из Светог Писма - Законске књиге Старог Завета*, Београд, Нова штампарија *Давидовиќ*, Дечанска 14, 1908 год. стр. 17-18).

Династијата на Македонците Селевкиди

Но, да се вратиме и на другите настани што следувале по смртта на Александар Македонски во останатите делови од распаднатата македонска империја. Династии, составени од етнички Македонци, владееле и со други земји од оваа некогашна империја. Така, на пример, со источното Средоземје, владеела македонската династија Селевкиди, додека со Пергамското

кралство владееле Македонците Аталиди. И во овие мултиетнички држави, македонските династии го прогласиле јазикот коине како официјален јазик, повторно поради можноста преку него полесно да можат да комунцираат народите со различни култури.

За македонското етничко потекло на Селевкидите, во ЦД енциклопедијата Encarta (наслов: *Seleucids*), читаме:

"Селевкидите биле династија македонски кралеви, кои владееле со Средниот Исток од IV до I век пред Христа. Оваа династија била воспоставена откако империјата на Александар Македонски била поделена помеѓу неговите наследници. Кралството на Селевкидите се протегало на исток до Мала Азија, па се до денешен Пакистан. Најзначајни кралеви од династијата Селевкиди биле: Селевк I (владеел 312-280 пред Христа), Антиох I (владеел 280-261 пред Христа); Антиох II (владеел 261-247); Селевк II (владеел 247-226 пред Христа); Антиох III (владеел 223-187 пред Христа) и Антиох Четврти (владеел 175-163 пред Христа)".

Значи основач на оваа династија бил македонскиот генерал Селевк I Во неговата биографија во Encarta (наслов Seleucus I), читаме:

"Селевк Први...крал на Сирија (301-280). Како основач на династијата Селевкиди, тој бил македонски генерал, кој му служел на Александар Македонски".

Во 323 година пред Христа Селевк I бил поставен за сатрап на Вавилон. Во 312 година пред Христа тој се прогласил за крал на Вавилон, а во 302 година војувал против кралот на Македонија Антигон I. Себеси прогласил и за "*крал на Македонија"*, но тогаш бил убиен.

Се смета дека негова голема желба и цел му била преку територијални освојувања полека да се доближи и до родната Македонија за да може пак да ја стави под една власт територијата на целата империја од времето на Александар Македонски. Во врска со ова, во неговата биографија (Encarta, цит. дело) читаме:

"За време на своето владеење тој се прогласил и за крал на Македонија, но ненадејно бил убиен од атентат".

Селевк I го основал познатиот град Антиохија (за кој во продолжение поопширно ќе пишуваме), а изградил уште неколку градови на кои им го ставил името Селевкија. Во сите овие градови биле населени значителен број Македонци. Бил оженет со Апама и од тој брак му се родил синот Антиох, кому му го ставил името

според името на својот татко (традиција што до денес постои меѓу Македонците). Синот на Селевк I во историјата е познат под името Антиох I. Тој уште како млад учествувал во воените походи на својот татко. Татко му го поставил да владее заедно со него. Антиох И се оженил за својата маќеа Стратоника, во која, според некои податоци, бил толку вљубен, што татко му, плашејќи се за неговото здравје, му ја дал нему својата жена. Селевк I умрел во 280 година пред Христа. Со кралството останал да владее сам Антиох I. Тогаш некои народи се побуниле против неговата власт. Истовремено војувал и против државата на Птолемеите, по што загубил значителни територии од своето кралство. Но, од друга страна успеал да ги порази Галатјаните, кои со години ги тероризирале градовите во неговото кралство. Истовремено склучил договор за ненапаѓање со Антигон II Гонат (тогашниот крал на Македонија). Од бракот со неговата претходна маќеа Стратоника му се родиле ќерките Апама и Лаодика и синовите Селевк и Антиох II. Имал уште две деца: Александар и Лаодика, кои му се родиле во бракот со непозната жена. Антиох I прво го поставил својот син Селевк да владее заедно со него, но Селевк подготвил заговор против својот татко, поради што бил погубен. Тогаш Антиох И го поставил својот втор син Антиох II да владее заедно со него. Тоа било во 267 година пред Христа. Антиох I умрел во 261 година пред Христа. Бил наследен од својот син Антиох II, кој владеел до 246 година пред Христа.

Антиох II бил наследен од својот најстар син Селевк II Каликиник, кој тогаш имал само деветнаесет години. Во тоа време нивното кралство било нападнато од Птолемеј III (тогашниот македонски крал на Египет). Младиот и неискусен Селевк II претрпел низа порази од војската на Птолемеите. Значајни области од кралството на Селевкидите паднале во рацете на Птолемеите. Во такви услови неговата мајка Лаодика го прогласила својот најмлад син Антиох Хиеракс за нов крал. Поради ова дошло до војна помеѓу двајцата браќа, која траела од 239/240 до 237 година пред Христа. Војската лојална на Селевк II доживеала тежок пораз. Во пресудната битка Селевк II одвај се спасил и побегнал во Киликија. По поразот сепак останал да владее со дел од кралството. Антиох Хиеракс бил убиен од Галатјаните во 227 година пред Христа. Во 225 година пред Христа умрел и Селевк II. Бил наследен од своите синови Селевк III и Антиох III.

Селевк III владеел само околу три години. Бил наследен од својот брат Антиох III, кој во историјата е познат и како Антиох Велики. Тоа било во 223 година пред Христа. Антиох III се покажал како способен владетел. Тој ги направил вазални некои од околните држави, а успеал да ја прошири и територијата на своето кралство. Успешно војувал против македонскиот крал на Египет Птолемеј Петтиод чие кралство одзел значителни територии. Војувал и против Римјаните, но бил поразен, по што загубил некои територии од кралството и бил принуден да им плаќа данок на Римјаните. Сепак, во негово време кралството на Селевкидите доживеало голем процут. Антиох III умрел во 187 година пред Христа. Од 187 до 175 година пред Христа со кралството на Селевкидите владеел неговиот син Селевк ИВ. Тој бил наследен од својот брат (друг син на Антиох III), кој е познат под името Антиох Четврти Епифан. На неговото владеење и на настаните кои потоа се одиграле во кралството на Селевкидите (посебно на територијата на Светата земја) ќе се задржиме во продолжение.

Македонското етничко потекло на Птолемеите и на Селевкидите е спомнато и во Библијата. Во старозаветната *Прва книга на Макавеите* (1-3), опишана е македонската окупација на Светата земја од страна на Александар Македонски. Притоа е спомнато дека неговите наследници Македонци продолжиле да владеат со Светата земја и по неговата смрт. Од не сосема јасни причини, Македонија овде е наречена со името *Китим* (за што во продолжение ќе пишуваме подетално), иако за Александар Македонски јасно пишува дека бил Македонец. Овде читаме:

"Александар Македонецот, синот Филипов, кој тогаш веќе беше господар на Грција, се појави од земјата Китим и го победи Дарие, кралот персиски и медиски, по што зацарува место него. Поведе многу војни, завзеде многу тврдини и отепа кралеви на многу земји. Дојде и до крајот на светот и заплени многу народи... Конечно, падна во постела и сфати дека ќе умре (Прва Мак. 6)*... Така, откако царуваше дванаесет години, Александар умре. А, неговите должносници ја презедоа власта, секој на своето подрачје. Сите тие, по неговата смрт си ставија круни, а по нив тоа го сторија и нивните синови* (Прва Мак. 8-9).*Од нив дојде и грешното колено на Антиох Епифан, синот на крал Антиох, кој беше заложен во Рим"* (Прва Мак. 10).

Значи, во *Првата Книга за Макавеите*, сосема јасно е опишано македонското потекло на Селевкидите, конкретно на крале-

вите Антиох (III) и на неговиот син Антиох (IV) Епифан, кој овде е наречен "*грешно колено*",затоа што (како што ќе видиме во продолжение) ја забранил слободата на вероисповед во Светата земја и се обидел да наложи присилна паганизација на Евреите.

Состојбата во Светата земја под власта на Македонците Селевкиди

Од претходно наведените факти, јасно се гледа дека Македонците Птолемеи и Селевкиди долго време владееле со територијата на Светата земја. Всушност (делумно или целосно) тие владееле со оваа територија преку два и пол века. Недолго по нивното независно владеење се родил Исус Христос. Конкретно, од распадот на империјата на Александар Македонски, па се до 197 година пред Христа со Палестина владееле Македонците Птолемеи, а од 197, па се до 63 година пред Христа (делумно или целосно) со оваа земја владееле Македонците Селевкиди. Овде треба да го спомнеме и постоењето на независната еврејска држава, која била воспоставена во дел од Палестина од страна на еврејското семејство Макавеи, кои претходно кренале востание против Македонците Селевкиди (на што во продолжение подетално ќе се задржиме). Ова востание завршило со формирање на автономна еврејска држава во дел од Палестина, која егзистирала во периодот од 139/138 до 63 година пред Христа. Во 63 година пред Христа, Римјаните ги потчиниле обете држави - еврејската и онаа на Селевкидите.

Сега предлагам да кажеме неколку зборови за начинот на уредувањето на државата во источното Средоземје со која владееле Македонците Селевкиди, т.е. да се обидеме барем приближно да го реконструираме животот во Светата земја од времето кога со неа владеела оваа македонска династија. Германскиот историчар Вилкен има извршено длабоки проучувања на животот во Палестина (и пошироко, на просторот со кој владееле Селевкидите) од тоа време. Во продолжение ќе се послужиме со цитати од неговиот гореспоменат труд, а ќе се послужиме и со цитати од самата Библија и од делата на Флавиј, каде што детално се опишани историските настани од овој период. Притоа, од аспект на нашиот интерес, во врска со етно-културните состојби во

државата на Селевкидите (конкретно во Светата земја со која тие владееле) ќе потенцираме неколку клучни моменти.

Најнапред да потсетиме дека државата на Селевкидите била етнички хетерогена држава. Во неа живееле припадници на повеќе народи. Што се однесува до етничкиот состав на областа Палестина од тие времиња, Вилкен како најдоминантни жители ги споменува Евреите, Македонците, Грците, Сиријците и помал број припадници на други народи. Да направиме краток преглед на населувањето на секој од овие основни етникуми, кои ја населувале Палестина во тоа време, затоа што овој етнички состав на Светата земја речиси целосно се задржал и во времето на дејствувањето на Исус Христос.

За Евреите се знае дека живееле во оваа област далеку пред времето на Селевкидите. Понатаму, овде се Сиријците. Кои биле тогашните Сиријци? Сириски народ во етничка смисла на зборот во тоа време не постоел. Под терминот Сиријци од тоа време можат само да се сметаат потомците на постарите семитски народи, кои живееле на просторот на тогашната област Сирија (денешните: Сирија, Јордан и Израел), од кои најдоминантни биле: Феникијците, Кананитите и Арамејците (Енцарта, цит. дело. наслов Cspиа). На овие простори порано живееле и други народи (како што биле, на пример, Филистејците, по чие име Палестина го добила своето име), но во Исусово време нивните потомци, или веќе биле претопени во подоминантните народи, или биле незначително малуброjни.

Што се однесува до присуството на Македонците и Грците на овие простори (Светата земја и пошироко), тие таму почнале да се населуваат уште веднаш по освојувањето на овие територии од страна на Александар Македонски. Во државата на Птолемеите (Египет), рековме дека биле населени близу еден милион Македонци и Грци, додека за населувањето на Македонците во државата на Селевкидите нема конкретни бројки. Сепак, се знае дека и овде се работело за помасовно населување.

Улрих Вилкен (цит. дело, стр. 299), во врска со ова, пишува:

“Од почетокот Селевкидите и Птолемеите имаа за цел да привлечат колку што е можно повеќе македонско и грчко население во своето кралство. Само на овој начин тие можеа да се здобијат со рамнотежа среде ориенталските маси... Селевк И и неговиот син Антиох И се меѓу најголемите колонизатори во светската историја. Не само во Мала Азија... туку и во цела

Сирија, тие спроведоа обемна програма за изградба на градови, ***па како резултат на тоа, една 'друга Македонија' се издигна во овие делови.”*** (Подвлекувањето е мое, з.м.).

И понатаму (стр 327):

“Селевкидите... и од политички и од економски аспект имаа најголем интерес да привлечат што е можно повеќе Грци и Македонци во своето кралство...”

Вилкен (стр. 334) пишува и дека Селевкидите изградиле цели градови населени со Македонци и Грци, при што заклучува дека тие извршиле “*огромна колонизација”* на источното Средоземје (секако, вклучувајќи ја овде и Светата земја - Палестина).

И добриот познавач на античка Македонија д-р Синдија Синдор Словиковски, во своето цитирано дело, кога пишува за населувањето на Македонците во државите на Птолемеите и на Селевкидите, заклучува дека Македонците долго време останале владеачка класа во градовите што самите ги основале или значително проширили. Во врска со ова таа пишува дека (цитат): “...*Македонците го сочинувале главниот дел од владеачката класа на новите градови.*” (Dr. Synthia Sidnor Slowikowski, *Sport and Culture in the Ancient Macedonian Society*, The Pennsylvania State University, 1988, стр. 131).

Веќе го спомнавме податокот од книгата на Фил Баркер, во кој тој споменува дека во војската на Селевкидите во битката против египетскиот крал Птолемеј, се борела “*Македонска фаланга од 20.000 борци*”. Сигурно дека добар дел од оваа единица биле токму Македонците, кои биле најизвежбани да војуваат во Македонската фаланга.

Македонци имало населено дури и во срцето на Светата земја - Ерусалим! За ова сведочи еврејскиот историчар Јосиф Флавиј, кој пишува за поставувањето на македонскиот гарнизон во Ерусалим од страна на македонскиот крал Антиох IV. Имено, овој крал (за разлика од своите претходници) сурово владеел над Евреите при што запалил дел од Ерусалим. За ова Јосиф Флавиј пишува:

“Тој ги изгоре најубавите згради и откако ги сруши градските ѕидини, изгради цитадела во долниот дел на градот... каде постави гарнизон со Македонци” (*Jewsh Antiquites*... XII, 5,4).

Од овој цитат ќе го издвоиме како извонредно значаен податокот што Јосиф Флавиј за војската на Антиох Четврти тврди

дека била составена од Македонци! Ова претставува голем доказ дека Селевкидите биле сосема свесни за своето македонско потекло, и тоа долго време по освојувањето на Светата земја од страна на Александар Македонски. Македонецот Антиох Четвртивладеел речиси околу двесте години по потпаѓањето на Палестина под македонска власт. Тој бил роден во Азија и немал речиси никакви контакти со Македонија. Така било и со неговите војници - главно потомци на таму населените Македонци. Ниту тие немале никаков контакт со татковината на своите предци. Па сепак, сите тие сосема јасно себеси се декларирале како Македонци, што и го натерало еврејскиот историчар Јосиф Флавиј така да ги претставува во своите дела.

Флавиј сведочи и на други места за "*странците*" (главно Македонците и Грците) како жители на Светата земја. Така, на пример, тој го споменува извештајот на водачот на еврејските востаници против македонската власт Јуда Макавеј (средина на втори век пред Христа), во кој Јуда Макавеј ги споменува "*странците од Галилеја*", кои се бореле против еврејските бунтовници. Флавиј го споменува и "*градот населен со странци, што се вика Мале"*, кога пишува за битката помеѓу еврејските бунтовници и македонската војска на Антиох Четврти(*Jewsh Antiquites*... XII,8,1 и XII,8,3).

Во својата држава Македонците Селевкиди почнале да ја наложуваат балканската култура. Така, на пример, Македонците Селевкиди во својата држава наложиле неколку чисти македонски културни сегменти. Тие го наложиле Македонскиот календар, ја наложиле македонската топонимија, па дури се обиделе да наложат и некои елементи од македонската мода.

За Македонскиот календар веќе рековме дека бил сосема различен од грчкиот. Денес се знаат имињата на античко-македонските месеци и се знае дека сите тие биле сосема различни од соодветните грчки имиња. За наложувањето на Македонскиот календар во државата на Селевкидите постојат неколку библиски и вонбиблиски сведоштва. Ќе спомнеме некои од нив.

Во *Втората книгата за Макавеите* (11), спомната е содржината на писмото што го напишал македонскиот крал Антиох В (син на Антиох ИВ), во кое тој ги повикал на мир еврејските бунтовници, кои биле предводени од семејството Макавеи. Во писмото кралот ветува дека ќе им ја врати верската слобода на Евреите и ги повикува бунтовниците да се вратат во своите домови. Писмото

е адресирано на "*15 ксантик"* (што претставува античко-македонски назив за месецот март, кој на грчки се викал Елапхеболион). Во писмото Антиох В ги повикува еврејските бунтовници да го остават своето оружје најдоцна до "*30 ксантик*". Овде читаме:

"Менелај ми соопшти дека сте сакале да се вратите во своите домови. На сите оние кои ќе се вратат во своите домови до триесетти ксантик ќе им биде загарантирано дека нема да бидат казнети... Бидете здрави. Година сто четириесет и осма, 15 ксантик". (Ова се случило во 163 или 162 пред Христа, з.м.).

До еврејските бунтовници писмо упатил и војсководителот на Антиох В, Македонецот по име Лизија. Ова писмо е адресирано на "*24 Диос*" (што претставува античко-македонско име за месецот октомври, кој на грчки се викал *Pyanopsion*).

Интересно е што тогашниот еврејски бунт против македонската власт будно го следеле и Римјаните. Откако разбрале за мировната понуда на кралот Антиох V, Римјаните исто така им упатиле писмо на еврејските бунтовници (кои рековме дека биле предводени од семејството Макавеи), во кое искажале поддршка на мирот помеѓу нив и Антиох V. Интересно е тоа што и ова писмо, иако било напишано од Римјаните, било адресирано со македонското име на месецот "*Диос*" (*Втора книга за Макавеите,* 11). Поради ова со сигурност може да се заклучи дека античкиот Македонски календар бил официјален календар во државата на Селевкидите (вклучувајќи ја и Светата земја) и дека токму поради тоа Римјаните вака го датирале своето официјално писмо.

Македонскиот календар останал да се користи во Светата земја дури и во времето на римската окупација и тоа не само од страна на Македонците и на Грците (кои таму останале да живеат), туку и од страна на самите Евреи. Како еден од доказите за ова се делата на најпознатиот еврејски историчар од тоа време Јосиф Флавиј, кој рековме дека живеел и работел токму во времето на почетоците на христијанството во Светата земја.

Во своето обемно дело "*Jewsh Antiquites*", Флавиј повеќепати се користи со Македонскиот календар.

Така, на пример, пишувајќи за времето кога владеел персискиот цар Дарие, Флавиј го спомнал името на македонскиот месец *Диструс* (*Jewsh Antiquites...* XI, 11,7). Овде читаме:

"Во деветтата година од владеењето на Дарие, во дваесет и третиот ден од дванаесетиот месец што ние го викаме Адар, а Македонците го викаат Диструс, свештеникот и

останатите Израелци принесоа жртви во чест на обновувањето на нивниот поранешен просперитет..."

Флавиј го споменува и македонското име на месето *Ксантик*. Пишувајќи за славењето на еден еврејски фестивал,Флавиј пишува дека луѓето го славеле овој фестивал,според традицијата на својата земја во: "...*првиот месец, што Македонците го викаат Ксантик, а ние го викаме Нисан..."* (*Jewsh Antiquites...* XI, 11,8).

Кога пишува за историјата на Евреите од времето на персискиот цар Ксеркс, Флавиј повторно го споменува македонското име на еден месец. Пишувајќи за доаѓањето на племињата на Бенјамин и на Јуда тој пишува дека тие дошле "... *за само три дена на дванаесетиот ден од деветиот месец, што, според Евреите се вика Тебет, а според Македонците Апел*".

И кога пишува за Повелбата преку која перискиот цар Артаксеркс им дал слобода на Евреите, Флавиј го споменува "...*тринаесетиот ден од дванаесетиот месец, што Евреите го викаат Адар, а според Македонците се вика Диструс..."* (*Jewsh Antiquites...* XI,11,5).

Флавиј споменува име на македонски месец и кога пишува за упадот на македонскот крал Антиох Четвртиво Ерусалим. Флавиј пишува:

"По две години, во сто четириесет и петтата година, на двеаст и петтиот ден ден од месецот што ние го викаме Хаслев, а Македонците Апел, во времето на сто педесет и третата олимпијада, кралот дојде во Ерусалим и преправајќи се дека сака мир, го освои градот со измама." (*Jewsh Antiquites*... XII, 5,4).

Флавиј го споменува и името на македонскиот месец *Хекатомбеон*, кога пишува за писмото од Антиох Четврти упатено на неговиот војсководец Никанор во кое го известил дека сидонците ја прифатиле балканската религиозна определба (*Jewsh Antiquites*... XII, 5,5).

Флавиј ги споменува имињата на македонските месеци и на други места во своите дела.

Значи, гледаме дека Јосиф Флавиј, иако бил Евреин и иако живеел со децении по крајот на владеењето на Македонците со неговата земја, сепак го користел Македонскиот календар во своите дела.

Интересен е податокот дека античко-македонскиот календар го користеле и други антички и ранохристијански автори. Ранохристијанскиот историчар Евсевие Кесариски (3 и 4 век) во своето дело "*Историја на Црквата*", објавува цитат од делото на Анатолие, во кое е спомнат античко-македонскиот месец Диструс. Овде читаме за (цитат): "... *првата година на младата месечина, во првиот месец, со кој почнува секој циклус од деветнаесет години, на дваесет и шестиот ден на египетскиот месец Фаменот, што според месеците на Македонците е дваесет и вториот ден од месецот Диструс, или како што би рекле Римјаните, единаесеттиот ден од Април...* (Eusebius of Caesarea: *Church History*, Book VII, Chapter 32, *The Distinguished Ecclesiastics of our Day, and which of them survived until the Destruction of the Churches*).

Евсевие во својата книга го споменува и македонскиот месец Ксантик:

"*Тоа беше во деветнаесеттата година од владеењето на Диоклецијан, во месецот Ксантик, што Римјаните го викаат Април.* (Eusebius of Caesarea: *Church History*, Book VIII, Chapter 17, *The Revocation of the Rulers*).

Пишувајќи за смртта на маченикот Прокопие од Палестина, Евсевие го споменува и името на античко-македонскиот месец Десиј. Овде читаме:

"*Првиот маченик од Палестина беше Прокопие... кому му беше отсечена главата... во седмиот ден од месецот Десиј, или на седумнаесетти Јуни, според сметањето на Римјаните*". (Eusebius of Caesarea: *Church History*, Book IX, Chapter 1).

Евсевие го споменува и името на античко-македонскиот месец Диос, кога пишува за смртта на мачениците Алфеј и Закеј. (Book IX, 2).

Овој историчар и на други места во своите дела ги споменува македонските месеци. Впрочем тој живеел во градот Кесарија во Светата земја. Дали можеби и самиот имал некое далечено балканско потекло? Да потсетиме дека во времето кога тој го спомнувал македонскиот календар, овој календар не бил официјален календар во Палестина веќе над четири века!

Да кажеме нешто и за воведувањето на македонската мода во Светата земја (и пошироко). Во времето на најжестоката паганизација врз Евреите, која била спроведувана од страна на Македонецот Антиох IV, главен свештеник кој ја спроведувал паганизацијата меѓу Евреите бил паганизираниот Евреин Јасон (кој

отпрвин имал еврејско име Исус, но го сменил во балканското име Јасон). Во Ерусалим Јасон изградил балкански светилишта и други објекти поврзани со оваа култура. Во коментарите и толкувањата на содржината на Библијата (*Библија*, Загреб, 1983, стр. 1197) читаме дека тој вовел мода меѓу Евреите, на носење "*шешир со широк обод*", што несомнено дека се однесува на македонската шапка каусија, која била токму со широк обод и која масовно се носела уште со векови пред тоа токму во античка Македонија (според бројни претстави на оваа шапка уште на најстарите примери на античко-македонската материјалната култура). Всушност, шеширот (шапката) каусија бил специфичен елемент од постарата античко-македонска мода. Евреите не гледале благонаклоно на сето ова (посебно не на присилната паганизација што им била наложена), што резултирало со нивно масовно востание против Македонците, на кое подоцна ќе се задржиме.

Што се однесува до топонимијата, Македонците Селевкиди (исто како и Птолемеите) ставале македонски, т.е. балкански имиња на градовите што ги основале (или освојувале) во својата држава (вклучувајќи го и подрачјето во и околу Светата земја). Овие градови целосно биле градени (или доградувани) во балкански стил. Таков бил градот Антиохија (за кој во продолжение ќе пишуваме). Друг познат таков град бил пристаништето Селевкија Пиерија, кој бил изграден во 300 година пред Христа од страна на македонскиот крал Селевк И. Овој град го добил своето име, според името на античко-македонската област Пиерија, од која потекнувале познатите Музи. Веќе рековме дека имало и други новоизградени градови кои го добиле името Селевкија. Македонски имиња носеле и градовите: Пела, Дион, Макед, Береја и други. Овие градови се наоѓале токму во Светата земја, но и во нејзината непосредна близина. Имало и други градови со балкански имиња, кои се наоѓале среде Светата земја. Некои од нив биле: Аполонија, Филаделфија, Хипос, Орнитопол, Ареопол, Скитопол и други. Некои од овие градови ги имало и во постарата историја на Светата земја. Се разбира дека тогаш имале други имиња. Така, на пример, градот Птолемаида отпрвин се викал Ако, а македонското име го добил откако потпаднал под власта на македонскиот владетел Птолемеј Втори. Понатаму, градот Хипос, порано го носел еврејското име Афек и т.н. Но и градовите што ги имало во постарата историја на Израел, а кои подоцна добиле балкански имиња, сигурно дека биле

доградувани и населувани со македонско и грчко население, поради што веројатно и се случувала промената на нивните имиња.

Освен градовите, македонски имиња носеле и други топоними во и околу Светата земја. Некои од нив биле: долината на Антиох, планината Александриум, планината Пиереја и други.

Дури имало и цели области во Светата земја во кои доминирале градовите со балкански имиња. Таква била областа Декаполис (што претставува термин на јазикот коине, што значи "*Десетоградие*"). Во оваа област се наоѓале градовите: Пела, Дион, Скитопол, Хипос, Филаделфија, Енон, Гадара, Герас и други. Повеќето имиња на овие библиски градови (вклучувајќи го и името на самата област Декаполис) гледаме дека се балкански. Поради тоа, со голема веројатност можеме да заклучиме дека се работи за градови кои биле населени со значително македонско и грчко население, иако во нив сигурно дека имало и голем број Евреи, исто како што имало Македонци и Грци, кои живееле и во претежно еврејските градови. Областа Декаполис граничи со познатите библиски области Галилеја и Самарија. Низ Декаполис минува реката Јордан, а во оваа област во голем дел се наоѓа и познатото библиско Генисаретско Езеро (Галилејско Море) по чија вода Исус одел и на чиј брег ги сретнал своите идни ученици, апостолите Симон (Петар) и неговиот брат Андреј, кои таму ловеле риба. Значи, во областа Декаполис се случиле некои од клучните настани во Новиот Завет, за кои во продолжение ќе проговориме.

Взаемните односи помеѓу Македонците, Грците и Евреите во Светата земја

Да кажеме неколку зборови за заедничкиот соживот помеѓу доселените Македонци и Грци и староседелците во времето на кралството на Селевкидите, но и подоцна. Најнапред да кажеме нешто за односот помеѓу Македонците и Грците.

Старото меѓусебно ривалство помеѓу овие два народа го опишуваат сите позначајни антички автори. Меѓутоа, за време на заедничкиот живот среде ориенталците дошло до одредено попуштање на претходната меѓусебна напнатост помеѓу Македонците и Грците. Ова пластично го споменува Вилкен (стр. 334), кога вели:

"Низ сите овие влијанија локалните разлики на населените луѓе се повеќе слабееја, а контрастите меѓу

Македонците и Грците, кои се уште беа силни под Александар и неговите најблиски соработници, беа посмирени, иако веројатно никогаш не исчезнаа, делумно поради посебната воена привилегија што Македонците ја имаа се до римско време".

Значи гледаме дека поради тоа што судбината ги ставила да живеат заедно среде многу поразличните ориенталци, Македонците и Грците биле принудени да се дружат заедно што довело до попуштање на меѓусебната напнатост. Сепак, Македонците во државата на Селевкидите и натаму се чувствувале супериорни, затоа што токму нивните сонародници Македонци владееле со оваа држава.

Но, долговременото заедничко живеење довело до појава на поединечни случаеви кога некои од Македонците или Грците прифаќале делови од културата на домородците, исто како што имало појава и на паганизација на домородците. Секако дека имало и, отпрвин не така чести, мешани бракови. Поради сето ова, во Библијата и во вонбиблиските историски текстови од тоа време (иако не така често) се среќаваат личности, кои носеле имиња од античко-македонскиот ономастикон, а биле припадници на јудаизмот. Во Египет (каде владееле Македонците Птолемеи) имало појава и на прифаќање на јазикот коине од страна на некои Евреи од погорните слоеви, но тие и натаму главно си ја задржувале својата вероисповед и култура (обичаи, ономастика и сл.). Всушност, тие јазикот коине го прифаќале само како втор јазик, т.е. како додаток на сопствениот мајчин јазик (Вилкен, цит. дело, стр. 336). Сепак, повеќето извори ни зборуваат дека Македоцните главно живееле сосема јасно издвоени од ориенталците и дека така било се до првите децении по Христа.

Вилкен е дециден кога тврди дека мнозинството од домородното население во државата на Селевкидите упорно се спротивставувало на паганизацијата што се обидувале да им ја наметнат Македонците и Грците. На стр. 336 (цит. дело) Вилкен пишува:

"Независно од религијата, хеленизацијата на ориенталците во градовите што по правило беа формирани со поврзување на ориенталските населби што веќе од порано постоеја, постепено беше ограничувана од ориенталското население што живееше едно до друго со новодојденото".

На стр 337 (цит. дело) Вилкен вели:

“Евреите останаа Евреи, верни на својот закон и се конфронтираа со паганите (Македонците и Грците, з. м.)*”.*

Отпорот на Евреите против паганизацијата што Македонците и Грците се обидувале да им ја наметнат во државата на Селевкидите, т.е. во Светата земја е опишан и во Стариот Завет.

Ова ни открива уште еден извонредно значаен момент од македонската поврзаност со Библијата, а тоа е фактот дека значајни делови од Стариот Завет биле пишувани токму на територииите со кои владееле Македонците.

Така, на пример, старозаветната книга “*Захарија”* (9-14) практично била пишувана во - Македонија! Имено, делот 9-14 од оваа книга се смета дека бил напишан во времето кога со Палестина владеел токму Александар Македонски, т.е. во времето кога Светата земја практично била составен дел од Македонија! (*Библија*, Загреб, цит. дело, стр 1280).

И Книгата за пророкот Јона се смета дека била напишана во четвртиот или во третиот век пред Христа, т.е. во времето кога со Палестина владееле Македонците (Библија, цит. дело, стр. 1230 и 1280).Оваа книга денес е една од најпочитуваните книги во јудаизмот.

И “*Книгата за Тобија”* била напишана во ова време (четврти или трети век пред Христа), т.е. и оваа Книга била напишана на територија со која тогаш владееле Македонците (*Библија*, Загреб, 1983, стр. 1194).

Старозаветната книга под наслов “*Даниел*” исто така била напишана во времето на владеењето на Македонците Селевкиди. Оваа книга била создадена токму како резултат на отпорот на месното еврејско население против паганизацијата што им била наметнувана од страна на Македонците Селевкиди, конкретно од страна на Македонецот Антиох Четврти (175-164 пред Христа), кој тогаш владеел со Палестина. Во коментарот за настанокот на оваа книга, во Библијата (Загреб, 1983, стр 1224) повторно е спомнат еврејскиот отпор против Македонците. Овде читаме:

“Во Даниел (11) детално се опишани приликите и времето на прогонот на Евреите од страна на Антиох ЧетвртиЕпифан (175-164)... Неа ја напишал некој побожен Евреин... Преку познатите примери од минатото, тој сакал на своите сонародници да им ја разбуди надежта за конечна победа над непријателите”.

И старозаветната "*Книга Сирахова"* била напишана во времето на владеењето на Селевкидите со Палестина. Се смета дека оваа книга била напишана околу 190 година пред Христа, исто така како резултат на отпорот на Евреите против Македонците Селевкиди. Авторот на оваа книга, по име Сирах, ги повикува Евреите да се сетат на својата традиција и богата култура за да пружат отпор на новите струења што однадвор им биле наметнати.

Во Библијата (Загреб, 1983, стр. 1212), во врска со овој отпор, во коментарот за настанокот на Книгата Сирахова, јасно е опишана состојбата околу ова. Овде читаме:

"Во тие денови малиот израелски народ преживува тешки денови. Во 197 година (пред Христа) Палестина преоѓа во рацете на Селевкидите... Владетелите широко ги отвораат вратите на примамливата паганска култура (балканската, з.м.)*. Набргу тие прават обид и сосила да му ја наметнат на народот... Во тие тешки и напнати религиозни и културно-историски прилики, Сирах му дава на својот народ, а пред се на младите и на духовните водачи, практични и морални предупредувања, поуки и смерници, што ги презема од богатото минато и вера, од Библијата и од традицијата, укажувајќи им дека со силата на верата и традицијата можат да им се спротивстават на кобните струења однадвор".*

Во времето додека со Египет владеела познатата македонска кралица Клеопатра VII, во Александрија била напишана и старозаветната "*Книга на мудроста"* (*Библија*, Загреб, 1983, стр. 1284).

Од ова време се смета дека потекнува и старозаветната книга "*Јудита"*. Во оваа библиска книга е опишано херојството на Еврејката Јудита во борбата против Асирците. Овде е спомнат и кралот Набуходоносор, потоа неговиот врховен војсководител Холоферно, градот Нинива и слично. Меѓутоа, поради временското непоклопување со историските настани и личности, кои се спомнати во оваа книга, повеќе истражувачи сметаат дека и оваа книга е посветена на борбата на Евреите против македонското ропство, посебно од времето на македонскиот крал Антиох IV, кој рековме дека ја забранил еврејската вероисповед. Во енциклопедијата Encarta (цит. дело, наслов Judith) посочени се повеќе факти, кои зборуваат во прилог на ваквата претпоставка. Како заклучок на овие факти, во врска со ова читаме:

"'Набуходоносор' можеби го претставува Антиох ИВ, додека 'Холоферно' можеби е неговиот генерал Никанор. 'Асирците' можеби се Сиријците на Селевкид, а 'Нинива' можеби ја претставува Антиохија, главниот град на Антиох."

Кога зборуваме за одвоениот живот помеѓу масовно доселените Македонци од една страна, и домородните ориенталци од друга, треба да го спомнеме и фактот дека оваа политика отпрвин ја поддржувале и самите владетели Селевкиди.

Вилкен пишува за македонската национална политика што ја воделе Селевкидите во својата држава (вклучувајќи ја и Светата земја Палестина). Додека Александар Македонски го поттикнувал мешањето на народите преку форсирање на мешани бракови, неговите наследници Птолемеи и Селевкиди, кои останале да владеат со земјите каде доминирало немакедонско население, децидно ја напуштиле таа практика и, наместо тоа, во овие земји форсирале македонска национална политика. Во врска со ова, Вилкен (стр. 294) пишува:

"Секако, неговите (александровите, з.м.) *наследници во последните генерации, со принципите на националното македонско владеење се бореа да го спречат спојувањето на Македонците и Грците со ориенталските народи."*

И понатаму (стр. 338):

"Собранието на македонската војска во Вавилон ја одби оваа политика на мешање, а неговите (александровите, з.м.) *наследници во Азија и во Египет, не мислеа да го обноват тоа, туку ја продолжија националната македонска политика".*

Значи немешањето на Македонците со домородното население во Светата земја Палестина (со должната почит кон исклучоците) не само што било одраз на објективните културни разлики помеѓу нив и домородците, туку тоа било и официјална политика на Македонците кои владееле со оваа земја.

Од своја страна Јосиф Флавиј пишува дека и Евреите главно се спротивставувале на мешаните бракови (иако споменува извесен број исклучоци). Така, на пример, тој пишува за братот на веќе споменатиот висок свештеник Јадуа (од времето на завземањето на Светата земја од страна на Александар Македонски), кој посакал да се ожени за "*туѓинка*". Оваа негова желба наишла на голем отпор кај угледните Евреи. Во врска со ова Флавиј пишува:

“Старешините на Ерусалим беа многу вознемирени поради тоа што братот на високиот свештеник Јадуа (кој требаше да му биде партнер во високото свештенство) се ожени за туѓинка...Тие му наредија на Манасех (братот на Јадуа, з.м.) *или да се разведе од својата жена, или да не смее ни да се приближи до олтарот. И високиот свештеник лично се придружи во обвинувањата против својот брат, по што го отстрани од олтарот*” (*Jewsh Antiquites*... XI,8,2).

Значи, меѓу угледните Евреи владеело мислењето дека е прекршок до колку некој Евреин (јудеец) се ожени за туѓинка. Ова е уште еден доказ повеќе за вистината дека барем во првите неколку векови пред Христа и во првите неколку децении по Христа, Евреите главно живееле издвоени од Македонците.

Независната еврејска држава во Палестина

Кога зборуваме за вековниот заеднички живот помеѓу Македонците и Евреите во Светата земја должни сме да спомнеме уште еден извонредно значаен настан што се случил во тоа време. Имено, веќе рековме дека Селевкидите не владееле целосно со Палестина до 63 година пред Христа, т.е. до времето на уништувањето на нивната држава од страна на Римјаните. Напротив, тие целосно владееле со Светата земја само во периодот од 197 до 139/138 пред Христа. Во 139/138 година пред Христа побунетите Евреи во дел од Палестина основале независна држава, која исто така била потчинета од страна на Римјаните во 63 година пред Христа.

Каде точно се протегала оваа независна еврејска држава? Во историските документи се спомнати територииите кои влегувале во составот на независната еврејска држава и од нив се гледа дека оваа држава, сепак, не ја опфаќала целата територија на Светата земја, што значи дека до 63 година пред Христа, Македонците и натаму владееле со дел од Светата земја. Отпрвин оваа независна еврејска држава била лоцирана исклучиво на подрачјето на Јудеја (Ерусалим и неколкуте соседни градови со својата поширока околина), но кон крајот на вториот век пред Христа, кон оваа држава биле приклучени и соседните територии на Идомеја,Самарија, дел од Галилеја и дел од Декаполис.

Сега предлагам да се задржиме на настаните што претходеле на настанокот на оваа независна еврејска држава, која била создадена како резултат на големото еврејско востание што било кренато против власта на Македонците Селевкиди. Целиот овој настан детално е опишан во двете библиски *Книги за Макавеите* и во овие описи се застапени многу вредни историски податоци за заедничкиот живот на Евреите и Македонците во Палестина од вториот век пред Христа. Еврејското востание против Македонците детално го опишува и Јосиф Флавиј.

Макавеите биле големо еврејско семејство, чии припадници го кренале еврејското востание, по кое била создадена споменатата независна еврејска држава. Макавеите, но и останатите Евреи, отпрвин живееле во мир со Македонците и релативно лојално им служеле на македонските владетели (како на Птолемеите, така и на Селевкидите). Веќе рековме дека уште Александар Македонски им дозволил целосна верка слобода на Евреите, кои многу го почитувале поради тоа. Евреите имале целосна верска и граѓанска слобода и во времето кога со нивната земја владеел македонскиот крал Птолемеј Филарет (3 век пред Христа), како и за време на владеењето на неколку кралеви од династијата на Селевкидите. Ова го потврдува и Јосиф Флавиј на неколку места во своите дела.

Но, во 175 година пред Христа на престолот во државата на Селевкидите се качил веќе споменатиот македонски крал Антиох ИВ. Тој бил мошне суров кон Евреите и неколку години по доаѓањето на власт (во 168 година пред Христа) ја забранил нивната вероисповед. Евреите биле принудени да се откажат од својата прататковска вера и наместо тоа морале да и се потчинуваат на, за нив, туѓата балканска религиозна определба. Во *Втората Книга за Макавеите* (6) детално е опишан обидот за присилна паганизација на Евреите. Тие речиси сосила биле принудувани да ги прават поворките во чест на македонскиот бог Дионис.

Овде читаме и за постоењето на "*хеленистичките градови*" во Палестина (кои и претходно ги спомнавме), во кои Евреите живееле како малцинство и каде уште поинтензивно биле присилувани да ги прават, за нив туѓите, обичаи. Евреинот Јасон бил главниот кој ја ширел балканската култура и паганска религиозна определба меѓу Евреите (*Втора Мак,* 4). Тој изградил пагански храмови, театри и други познати градби од оваа култура. Веќе ре-

ковме дека дури и ги терал Евреите да се облекуваат според македонската мода, при што посебно место имала македонската шапка со широк обод, каква што носеле Македонците уште во постарата историја на античка Македонија. Оние Евреи, кои се спротивставувале на паганизацијата биле жестоко измачувани и убивани. Примери за вакви мачења имаме во познатите библиски описи на убиството на седумте браќа и нивната мајка, кое се случило по наредба и пред очите лично на македонскиот крал Антиох IV. Овде е и библискиот опис на убиството на Евреинот Елеазар, како и убиството на двете Еврејки, кои биле сурово убиени од Македонците затоа што ги "*обрезале"* своите бебиња, според еврејскиот закон, што било строго забрането од страна на Антиох IV. (*Прва Мак*, 60-61 и *Втора Мак.* 6 - 7).

Прв посериозен отпор против оваа присилна паганизација пружил Евреинот Мататија Макавеј. Тој собрал поголем број Евреи околу себе и почнал да ги подготвува за востание. Мататија отпрвин бил убедуван од намесниците на Антиох Четврти да се откаже од отпорот, но откако ги одбил тие предлози, Антиох Четвртииспратил војска против него. Во првиот налет на македонската војска биле убиени околу илјада Евреи (*Прва Мак* II, 38). Но, тоа не ги поколебало востаниците и нивниот број се повеќе почнал да се зголемува. Недолго потоа Мататија умрел, а по неговата смрт (167 година пред Христа), на чело на еврејските востаници застанал неговиот трет син Јуда Макавеј. Тој се покажал како многу успешен војсководител и успеал да и нанесе неколку сериозни порази на далеку побројната државна војска на македонскиот крал Антиох IV. Притоа Јуда Макавеј војувал и со околните народи, како што биле Арапите и идомејците, на кои подоцна ќе се задржиме (*Втора Мак*, 2: 10-12). Сепак, востанието на Евреите завршило со успех. Антиох Четврти се разболел и умрел, а неговиот син Антиох V им понудил мир на Евреите што тие го прифатиле. Антиох V им ја вратил верската слобода и го поставил нивниот водач Јуда Макавеј за намесник на територијата од градот Птолемаида, се до земјата на гереницjите (дел од Палестина).

Јуда Макавеј загинал во една битка во 161 година пред Христа. Бил наследен од својот брат Јонатан Макавеј, кој бил најмлад син на Мататија.

Овде сакам да спомнам еден многу значаен податок. Имено, античкиот еврејски историчар Јосиф Флавиј кога пишува за воста-

нието на Евреите против Селевкидите, сосема јасно пишува дека Евреите всушност се бореле за своја слобода против ропството што им било наметнато од - Македонците! Кога пишува за смртта на еврејскиот водач Јуда Макавеј, Флавиј вели:

“Јуда... остави зад себе голем углед и спомен, борејќи се за слободата на својот народ и избавувајќи го од ропството под Македонците. (*Jewsh Antiquites*... XII, 11,2).

Во врска со успесите на Јуда Макавеј против Македонците Селевкиди, Јосиф Флавиј пишува:

“Еврејскиот народ ја обнови својата слобода откако претходно беше под ропство на Македонците... Но, не беа малку оние (Евреи, з.м.), *кои поради основните потреби и поради тоа што не можеа да се носат со мизерувањето и со гладот што им надвиснаа над глава, избегаа од својата земја и појдоа кај Македонците.* (*Jewsh Antiquites*... XIII, 1,1).

Овде терминот *Македонци* повторно се однесува на Селевкидите, кои и покрај губењето на територијата на Јудеја, и натаму останале да владеат со голем дел од Палестина и пошироко.

Дека Евреите се наоѓале под “*власта на Македонците”* (мислејќи на Селевкидите), Флавиј пишува и во деветнаесеттата книга (*Jewsh Antiquites*.., 6,2), како и во дваесеттата книга од *Jewsh Antiquites*...(цит. дело).

Флавиј пишува и за загриженоста на македонскиот војсководител Бакид, што ја искажал кога разбрал дека загинатиот Јуда Макавеј бил заменет со својот брат Јонатан. И овде Флавиј, Селевкидите ги нарекува *Македонци.* Овде читаме:

“Кога Бакид го слушна ова, се уплаши поради тоа што Јонатан можеше да му направи многу неприлики на кралот на Македонците, исто како што правеше и Јуда пред него...” (*Jewsh Antiquites*... XIII, 1,2).

Флавиј ги нарекува Селевкидите како *Македонци* и кога пишува за барањето на Евреите што го упатиле до египетскиот крал Птолемеј Филометор (исто така Македонец), во кое тие го замолиле Птолемеј да им дозволи да изградат јудејски храм во Александрија. Ова барање го упатил синот на високиот еврејски свештеник, по име Онија, кој прво живеел во Палестина, а потоа се преселил во Александрија. Кога Онија видел дека неговата Јудеја е угнетувана од Македонците го замолил египетскиот крал да им дозволи на Евреите да изградат еврејски храм во Александрија за

да ги потсетува на нивната угнетена татковина. Во врска со ова Флавиј пишува:

“Синот на високиот свештеник Онија, кој исто така се викаше Онија, како што веќе рековме, сега живееше во Александрија, кај кралот Птолемеј Филометор. Кога овој Онија виде дека Јудеја е угнетувана од Македонците и од нивните кралеви... реши да упати молба до кралот Птолемеј и до неговата жена Клеопатра да им дозволи да изградат храм во Египет, ист како оној во Ерусалим” (*Jewsh Antiquites*... XIII, 3,1).

Сето ова се извонредно значајни податоци посебно затоа што во многу светски енциклопедии и други дела (меѓу кои делумно и во овде споменуваната Encarta) не сосема точно пишува дека Селевкидите во својата држава наводно ја шириле “*грчката култура и јазик*”; дека граделе “*грчки градови*” и слично. И навистина во културата што тие таму ја шириле имало елементи од разни култури, па и од грчката, но тоа не значи дека тие биле “*Грци*”. Впрочем, од сведоштвото на Флавиј гледаме дека самите Евреи биле сосема свесни дека се наоѓаат под македонско (а не под грчко) ропство. Секако дека тие ова го тврделе поради фактот што самите Селевкиди биле свесни за своето македонско потекло, иако голем дел од нив немале ниту стапнато во Македонија. Значајно е и тоа што еврејскиот водач Јуда Макавеј загинал во средината на вториот век пред Христа. Ова значи дека дури и по повеќе од еден и пол век од освојувањето на Светата земја од страна на Александар Македонски, потомците на Македонците кои биле населени во Палестина, себеси се декларирале како - Македонци!

Но, да продолжиме со настаните од ова време. И на престолот на државата на Селевкидите имало промена. На чело на оваа држава дошол Димитрија Сотер кој отпрвин војувал со Евреите, а потоа им понудил примирје. Негов ривал за престолот бил синот на Антиох V, по име Александар Балас (150-145 пред Христа). Александар Балас исто така им понудил примирје на Евреите, сакајќи да го придобие за свој сојузник новиот еврејски водач Јонатан Макавеј во борбата за престолот против Димитрија. Подоцна, откако дошол на престолот, Александар Балас и навистина водел мирољубива политика кон Евреите. Тој склучил мир со Јонатан Макавеј и го прогласил за свој голем пријател, поставувајќи го за намесник (*Прва Мак.* 10).

Јосиф Флавиј детално го опишува овој мир. Тој ја споменува и содржината на писмото што Александар Балас му го упатил на Јонатан Макавеј. Во ова писмо Александар Балас му ветил на Јонатан Макавеј скапоцени подароци (пурпурна облека, каква што носеле високите кругови среде античките Македонци уште од времето на Александар Македонски) и златна круна. И кога пишува за овој мир Флавиј повторно ги спомнува Македонците како војска на македонскиот крал Александар Балас. Овде читаме:

"Кога Александар (Балас, з.м.) *разбра за ветувањата што Димитрија му ги дал на Јонатан и знаејќи ја неговата храброст и знаејќи што се направи додека се бореше против Македонците... тој им кажа на своите пријатели дека во моментов не може да најде подобар сојузник што би можел да му понуди помош, одошто Јонатан, кој не само што беше храбар кон непријателите, туку и негуваше посебна омраза кон Димитрија...* (*Jewsh Antiquites*... XIII, 2,2).

Подоцна Александар Балас бил убиен и бил наследен од синот на својот непријател Димитрија, кој се викал Димитрија Никатор (145-139 пред Христа) и кој продолжил да војува против еврејските бунтовници на Јонатан Макавеј.

Јосиф Флавиј детално ги опишува битките што тогаш се воделе и повторно припадниците на војската на Димитрија Никатор ги именува како *Македонци*. Во описот на една од битките, Јосиф Флавиј пишува:

"Високиот свештеник Јонатан собра војска од цела Јудеја, по што ја нападна тврдината во Ерусалим и ја опсади. Таа беше бранета од еден гарнизон Македонци..." (*Jewsh Antiquites*... XIII, 7,9).

Подоцна Македонците во главниот град на кралството на Селевкидите (Антиохија) се побуниле против Димитрија Никатор, по што овој побарал помош од својот довчерашен непријател Јонатан Макавеј. Меѓутоа, македонскиот војсководител Трифун го сменил неспособниот Димитрија Никатор, а на негово место го довел синот на Александар Балас, по име Антиох (Антиох VI).

Но, Димитрија Никатор се обидел повторно да дојде на власт. Тој отишол во Месопотамија за да бара поддршка од таму населените Македонци и Грци за да му помогнат во неговото враќање на престолот. Јосиф Флавиј во врска со ова пишува:

"Димитрија ја помина реката Еуфрат и дојде во Месопотамија... за да создаде основа за обновување на целото

кралство. На Грците и на Македонците, кои таму живееја тој бргу им испрати свои емисари, кои им ветуваа дека ако тој дојде кај нив, тие ќе треба да му помогнат во борбата..." (*Jewsh Antiquites*... XIII, 5,11).

И овде имаме извонредно значајно сведоштво од Флавиј од кое гледаме дека тој ги споменува Македонците како жители на многу поширок простор во Азија и тоа речиси двесте години по освојувањето на овие предели од страна на Александар Македонски. Ова значи дека Македонците во ова време се уште биле свесни за своето македонско етничко потекло, штом биле нарекувани као Македонци од страна на тогашните историчари (од чии дела секако дека црпел и самиот Флавиј). Но, да се вратиме на настаните.

Еврејскиот водач Јонатан Макавеј бил убиен по пат на измама во 142 година пред Христа. Бил наследен од својот брат (втор син на Мататија), по име Симон Макавеј. Во времето на Симон Макавеј била создадена независната еврејска држава.

Флавиј ги споменува Македоцните и кога пишува за борбите што Симон Макавеј ги водел против војската на Селевкидите. Овде читаме:

"Симон... ненадејно ги нападна и успеа да ги изгори (борбените) *справи што Македонците ги употребуваа, а потоа направи масакр над нив".* (*Jewsh Antiquites*... XIII, 1,5).

И во својата книга *War of the Jews* (цит. дело), Флавиј ги нарекува Селевкидите како Македонци. И овде тој пишува за борбата на Симон Макавеј против Селевкидите, па вели:

"Симон... ги ослободи Евреите од власта на Македонците по сто и седумдесет години од империјата на Селевкидите". (*War...* I, 2,2).

Основањето на независната еврејска држава од страна на Симон Макавеј, Флавиј го опишува со зборовите:

"Симон беше избран од мнозинството за висок свештеник и уште првата година од неговото владеење тој го ослободи народот од ропството под Македонците". (*Jewsh Antiquites*... XIII, 6,7).

Значи еве уште една потврда од Флавиј за етничкиот македонски карактер на Селевкидите и тоа двесте години по првото доселување на Македонците во Светата земја!

Симон Макавеј бил заменет од својот син Јован Хиркан во 135 година пред Христа, кој ја наследил власта во еврејската

држава, која тогаш рековме дека се протегала само на мал простор во Јудеја.

Но, Јован Хиркан успеал преку воени дејства да ја прошири територијата на својата држава. Во новоосвоените (главно соседни) територии тој почнал да населува Евреи и почнал да го шири јудаизмот меѓу локалното население. Во опширната биографија за Макавеите во ЦД енциклопедијата Encarta во биографијата на Јован Хиркан, читаме:

"Јован...преку серија воени дејства ја прошири својата територија и ги вклучи во неа провинциите на Идомеја и Самарија, делови од Галилеја и територии источно од Јордан. Тој почна да ги колонизира овие области и успеа да преобрати голем дел од локалното население во јудаизмот."

Значи, Јован Хиркан практично го ширел јудаизмот меѓу нееврејското (македонско и грчко) население, кое живеело на териториите што тој успеал да ги приклучи кон Јудеја (Идомеја, Самарија, дел од Галилеја и дел од областа источно од реката Јордан, а тоа е дел од областа Декаполис, за чиј значителен македонски етнички карактер веќе пишувавме). Се знае и дека во Јудеја тој ги исфрлил сите елементи на балканската култура. Но, овде има еден интересен момент. Истиот тој Евреин Јован Хиркан, кој се борел против македонската власт и против паганизацијата, на своите два сина им ги ставил имињата: Аристобул и Александар - типични имиња од постариот македонски и балкански ономастикон! Науката се уште нема дадено убедлив одговор за овој негов гест.

Инаку, и кога пишува за времето на владеењето на Јован Хиркан, Флавиј повторно Селевкидите ги именува како *Македонци*. Имено, неколку години по доаѓањето на власт Јован Хиркан живеел во мир со Селевкидите на кои бил принуден да им плаќа одреден данок. Но, по смртта на кралот Антиох VII (129 година пред Христа) Хиркан се побунил против оваа состојба, барајќи поголема независност за еврејската држава. Ова Флавиј го опишува со зборовите:

"*Хиркан ...живееше во мир, но по смртта на Антиох, тој се побуни против Македонците".* (*Jewsh Antiquites*... XIII, 10,1).

Јован Хиркан бил убиен во 104 година пред Христа. Тој бил заменет од својот син Аристобул И, кој набргу потоа и самиот умрел. На негово место дошол неговиот брат Александар, кој се оженил со вдовицата на Аристобиул, по име Салома. На престолот на кралството на Селевкидите тогаш се наоѓал Димитрија III. Евреинот Александар продолжил со ширењето на јудаизмот, кога

веројатно уште повеќе Македонци и Грци ја прифатиле оваа вероисповед. Флавиј пишува дека Евреинот Александар го ширел јудаизмот и во Газа. Таму Флавиј споменува една жестока битка помеѓу еврејската војска и локалното население при што спомнува постоење на храм посветен на Аполон во кој се сокриле непријателите на Евреинот Александар (*Jewsh Antiquites*.. XIII, 13,3). Ова е дециден доказ дека Македонците во тоа време живееле и во Газа (штом таму имало пагански храм).

Интересно е тоа што во војската на Евреинот Александар имало и макеонски платеници, а во војската на Димитрија Трети (кралот од Селевкидите, кој се борел против еврејската држава) имало платеници Евреи. Флавиј го споменува повиците што обата водачи им ги упатиле на своите сонароници од спротивната војска да им се придружат. Димитрија Трети ги повикал Македонците од еврејската војска да дезертираат оттаму и да му се придружат нему, а Евреинот Александар го сторил истото со Евреите во државната војска на Димитрија III. Но, обата повика немале успех.

Евреинот Александар (синот на Јован Хиркан) бил убиен во 76 година пред Христа за време на опсадата на еден град во Светата земја населен со потомците на балканското население. Бил наследен од неговата жена Салома Александра, која умрела во 67 година пред Христа.

Кога сме кај Салома Александра некој можеби ќе забележи дека и таа имала име од македонскиот ономастикон, иако била чиста Еврејка. Но, тоа не е точно. Нејзиното вистинско име било Салома, но Грците и Македонците во (и околу) нејзината земја ја викале Александра. Така, името Александра останало до денес во науката, заедно со името Салома што не претставува сосема прецизно детерминирање за оваа личност.

Ова најдобро го објаснува Флавиј, кој во врска со нејзиното име пишува дека било:"*Салома, која Грците ја викаа Александра"* (*Jewsh Antiquites*... XIII, 12,1).

Синовите на Салома: Хиркан II и Аристобул II се бореле меѓусебно за власт во еврејската држава. По краткиот договор за заедничка власт, помеѓу нив и нивните приврзаници избил вооружен судир. На помош на Хиркан ИИ му дошол Антипатер (уште едно име со балканско потекло), кој бил по потекло од новоосвоената област Идомеја (јужно од Јудеја) и за кого во продолжение подетално ќе пишуваме. Но, тогаш се вмешале и Римјаните, кои во тоа време биле на врвот од својата моќ. Римскиот

генерал Помпеј го освоил Ерусалим и го испратил на заточение Аристобул ИИ. Потоа Помпеј ги обновил македонските градови што се наоѓале во Светата земја, а кои настрадале од војната помеѓу Селевкидите и Евреите. Флавиј пишува дека меѓу другите биле обновени и градовите: Хипос, Скитопол, Дион, Пела и други (*Jewsh Antiquites*... XIV, 3,4). За настаните што потоа се одиграле ќе проговориме во продолжение.

Востанието на Макавеите и создавањето независна еврејска држава (кое овде накратко го опишавме) не треба да се разбере како израз на расна омраза помеѓу Евреите и Македонците. Напротив, дури и самите водачи на еврејското востание понекогаш со носталгија се присетувале на заедничкиот соживот помеѓу Евреите и Македонците. Така, пред една битка, водачот на еврејските востаници Јуда Макавеј за да ги охрабри своите востаници пред многубројниот непријател ги повикал да се сетат на славните победи што Евреите ги извојувале во минатото. Помеѓу другото тој ја спомнал и победата на Евреите над Галатјаните во која на страната на Евреите тогаш се бореле и Македонците. Во *Втората книга за Макавеите* (8,20), Јуда Макавеј на своите востаници им ја спомнал: "... *битката против Галатјаните, во која се бореа осум илјади луѓе, со помош на четири илјади Македонци".*

Оваа изјава на Јуда Макавеј претставува исто така дециден доказ за присуството на Македонците во Светата земја. Инаку, битката против Галатјаните (во која заеднички се бореле Евреите и Македонците) се случила во втората половина на третиот век пред Христа кога Македонците и Евреите живееле во релативна слога и заемно почитување, па дури и заедно се бореле против своите заеднички непријатели. Меѓутоа, подоцна откако Светата земја паднала под власта на Селевкидите неразумната политика на Македонецот Антиох Четвртитрајно ги нарушила овие односи што довело до отцепување на дел од Палестина од државата на Селевкидите.

Да заклучиме дека независната еврејска држава создадена од Макавеите сепак егзистирала само на дел од Палестина, додека значајни области од оваа земја и натаму останале под власта на Македонците Селевкиди. Така било се до 63 година пред Христа кога Римјаните ги потчиниле обете држави во Светата земја - еврејската и македонската.

Неполни шеесетина години потоа во Светата земја се појавил Исус Христос.

МАКЕДОНЦИТЕ - ЖИТЕЛИ НА СВЕТАТА ЗЕМЈА И ВО ИСУСОВО ВРЕМЕ

Имајќи го предвид сето досега изнесено се поставува прашањето: дали можеме да кажеме дека Македонците живееле во Светата земја (и во нејзината поширока околина) и во времето на дејствувањето на Исус Христос и извесно време потоа, т.е. во текот на првиот век по Христа? Мислам дека е несериозно и да се постави ова прашање. Веќе наведовме сведоштва од кои видовме дека не само што Македонците вековно владееле со Светата земја, туку и дека голем број Македонци масовно биле населени таму, при што основале или доградиле многу тамошни населби (во кои претставувале значително население). Сосема е нормално дека потомците на овие Македонци си живееле таму и во Исусово време (но и потоа), без разлика што тогаш овие населби веќе неколку децении се наоѓале под римска окупација.

За ова постојат повеќе библиски и други докази.

Најнапред ќе наведеме докази за присуството на Македонците во првиот век по Христа вон Светата земја, т.е. на поширокиот простор во некогашното кралство на Селевкидите.

Доволно е внимателно да се погледнат описите на мисионерските патувања и говорите на свети Павле и на свети Петар, кои ги остварile во некои од населбите на овој простор. Во сите нив свети Павле и свети Петар јасно зборуваат дека, освен Евреите, во овие населби живееле и "*паганите*", т.е."*многубошците*". Јасно е дека овие термини се однесуваат токму на Македонците и на Грците, кои своевремено биле доминантни жители во овие населби и кои останале да живеат во нив и во римско време, негувајќи си ја својата балканска ("*паганска*") култура.

Доказ дека Македонците живееле и во блиските области околу Светата земја имаме во *Делата апостолски* (13:16). Овде е спомнат говорот на свети Павле пред жителите на Антиохија - град кој своевремено бил основан и населен токму од Македонците, чии потомци и во времето на свети Павле сигурно дека таму си живееле во значителен број! Оваа посета на Антиохија свети Павле ја направил за време на своето прво мисионерско патување. Во својот говор пред жителите на овој град свети Павле сосема јасно

посочил дека во него не живееле само Израелци, туку и припадници на други народи. Свети Павле го почнал својот говор со зборовите:

"*Израелци и останатите признавачи на вистинскиот Бог, слушнете ме!"*

Утредента, свети Павле и неговиот придружник свети Варнава биле навредувани од припадници на еврејската заедница во Антиохија. Во одговорот што им го дале на Евреите, свети Павле и свети Варнава повторно го спомнале не-еврејското население (*паганите*, т.е. главно Македонците) во Антиохија. На провокациите од Евреите, свети Павле и свети Варнава, одговориле:

"*Вам најпрво требаше да го проповедаме Божјото Слово. Но, бидејќи вие го одбивате од себе и самите себе се сметате за недостојни на вечниот живот, тогаш ние им се обрнуваме на паганите, бидејќи така ни заповеда Господ."*(*Дела апостолски* 46-47)

Понатаму читаме дека "*паганите"* (потомците на таму доселените Македонци) со радост ја прифатиле Христовата вера:

"*Кога го слушнаа тоа паганите, почнаа весело да го слават Божјото Слово и ја прегрнаа верата сите оние кои беа насочени кон вечниот живот".* (*Дела апостолски,* 48).

И во своето *Послание до Галатјаните* свети Павле ги споменува "*паганите"*, како жители на Антиохија (*Дела апостолски*, 2:1-14).

(Во продолжение ќе наведиме и децидни антички сведоштва дека токму Македонците биле главното население во Антиохија).

"*Паганите"* се спомнуваат како жители и на малоазиските градови Иконија и Листра (во кои исто така проповедале свети Варнава и свети Павле). Домородно население на Иконија биле Фригите (според наодите на статуи од нивната божица Кибела). За Фригите рековме дека (додека живееле во Македонија), дале свој значителен придонес во етногенезата на античките Македонци.

Во Листра свети Павле со погледот оздравел неподвижен човек пред очите на присутните *пагани* (главно Македонци и Грци), кои веднаш го прогласиле свети Павле за Хермес, а Варнава за Зевс. Дури довеле јагнишња со венци, кои сакале да ги жртвуваат пред нив. На тоа свети Павле им рекол дека тие се само обични луѓе и дека ова чудо го направиле во името на Исус. Одвај ги спречиле присутните *пагани* да не им принесат жртви. (*Дела апостолски* 13: 8-18).

Свети Павле и свети Варнава го посетиле и македонскиот малоазиски град Селевкија (*Дела апостолски* 13:4), кој го добил ова име во чест на претставник од македонската династија Селевкиди. Од времето на свети Павле (први век) е и сведоштвото на Јосиф Флавиј, кој сосема јасно ги спомнува Македонците како жители на овој град. Имено, Флавиј пишува дека дел од Евреите под притисок на Вавилонците биле принудени да се населат во градот Селевкија, кој бил (цитат): "*населен со многу Македонци, но и уште повеќе Грци, а не бил мал бројот и на Сиријците кои таму се населиле"* (*Jewsh Antiquites*... XVIII, 9,9). По пет години од населувањето, Евреите биле избркани од Селевкија, откако против нив се сплотиле Македонците, Грците и Сиријците.

"Паганите", ги споменува и свети Петар, во своето *Прво Петрово Послание* (1,1). Овде тој пишува дека "*паганите"* тогаш биле жители на: "*Кападокија, Азија и Битинија"*, а тоа се токму земјите со кои владееле Македонците Селевкиди, т.е. земјите во кои околу два до три века пред тоа, била извршена огромна колонизација на македонско население. Токму на потомците на ова население се однесува терминот "*пагани"* што го употребил свети Петар (но и свети Павле).

Во продолжение ќе наведеме неколку докази и за присуството на Македонците во самата Света земја во времето на дејствувањето на Исус, но и извесно време потоа.

"*Странците*" (главно Македонците и Грците) како жители на Светата земја во Исусово време се спомнати уште во Евангелието по Матеј (27:7). Кога пишува за предавството на Јуда, светиот евангелист Матеј пишува дека Јуда, откако го предал Исуса, се покајал и ги вратил парите (триесетте сребреници) што претходно ги зел од свештениците, по што се обесил. Но, свештениците не сакале да ги вратат тие пари назад во касата на Храмот, затоа што тие биле "*окрвавени*". Свети Матеј пишува дека со тие пари свештениците ја купиле "*Лончаревата нива*" за да изградат на неа гробишта за "*странците*".

Значи, светиот евангелист Матеј ги споменува "*странците"* како жители на Светата земја, а поради фактот што за нив требало да бидат изградени гробишта гледаме дека нивниот број воопшто не бил мал. Претходно докажавме дека тие "*странци*" биле претежно Македонците и Грците.

И самиот Исус барем двапати ги спомнал "*паганите*" како жители на Светата земја.Во Евангелието по Матеј (10:5), Исус ги

спомнал “*паганите*” (припадниците на балканското религиозно сфаќање, т.е. Македонците и Грците) како жители на библиската област Самарија. Во истото Евангелие (10:18) Исус повторно ги спомнал “*паганите*”. Предупредувајќи ги своите ученици (апостолите) дека ги чекаат големи непријатности во нивниот живот поради ширењето на христијанството, Исус им рекол: “*Ќе ве изведуваат поради мене пред управниците и кралевите за да сведочите пред нив и пред паганите*”.

Впрочем, дека во околината на Исус имало Македонци и Грци индиректен доказ претставува и самиот негов назив *Христос*, што на јазикот коине значело *помазаник*. Ваквиот назив можеле да му го стават само оние на кои поблизок им бил јазикот коине, во однос на еврејскиот јазик, а тоа секако дека биле потомците на таму населените Македонци и Грци, кои и го донеле своевремено јазикот коине во Светата земја.

Македонци живееле и во Галилеја (позната област од Светата земја, што се наоѓа на север од Самарија). Во галилејскиот град Назарет живееле Јосиф и Марија (света Богородица). Во Назарет Исус го поминал своето детство.

Да наведеме неколку докази во поткрепа на ова.

Најнапред да се потсетиме на писанието на Јосиф Флавиј во кое тој споменува еден извештај од Јуда Макавеј - водачот на еврејските востаници против македонската власт (средина на втори век пред Христа). Веќе спомнавме дека во овој извештај Јуда Макавеј ги споменува “*странците од Галилеја*”, кои се бореле против еврејските бунтовници.

Флавиј ги споменува “*странците*” како жители на “*градовите на Галилеја*” и кога пишува за разговорот помеѓу Набатан и еврејскиот водач Јуда Макавеј. Набатан го убедувал Јуда Макавеј да појде во Галилеја и воено да ги заштити Евреите, кои таму биле потчинувани од “*странците*” (*Jewsh Antiquites...* XII, 8,3).

Жестока битка против не-еврејското население во Галилеја водел и еврејскиот водач Симон Макавеј. Флавиј пишува дека во оваа битка загинале околу три илјади странци (*Jewsh Antiquites...* XII, 8,2). Од овој податок може да се заклучи дека бројноста на не-еврејското население (главно составено од потомци на македонските и грчките доселеници) во Галилеја воопшто не била мала, штом успеале да организираат војска од најмалку неколку илјади души за да се борат против еврејските востаници. Сигурно дека и

во Исусово време потомците на овие Македонци и натаму си живееле во Галилеја.

Во својата биографија (12 дел) Флавиј споменува и некои "*Грци*" како жители на галилејскиот град Тиверијада, кои живееле таму и во негово време (втора половина на првиот век по Христа). Секако дека штом таму имало Грци, сигурно дека имало и Македонци, затоа што веќе рековме дека тие воглавно живееле заедно во населбите што ги населувале.

Всушност Флавиј во својата биографија (45 дел) тврди дека во негово време (неколку децении по распнувањето на Исус Христос) во Галилеја имало вкупно двесте и четириесет градови и села.

За присуството на "*паганите"* (главно Македонците и Грците) во Светата земја сведочат и податоците од неколку ранохристијански апокрифни ракописи. (Овде сакам да истакнам дека и на други места во продолжение на книгава ќе се служиме со податоци од неколку ранохристијански апокрифни ракописи. Притоа ќе ги користиме само историските податоци од овие ракописи, без да навлегуваме во толкување на нивниот теолошки аспект).

Но, да се вратиме на темава. Во апокрифниот ракопис под наслов *Евангелието на псевдо-Матеј*, спомната е молитвата на света Ана (мајката на света Богородица), во која таа ги споменала "*паганите"*, молејќи го Господа да ги прибере кон Себе. (*The Gospel of Pseudo-Matthew*, chap. 5; The Nag Hammadi Library, revised edition. Harper Collins, San Fransisco, 1990, ISBN 0-06066935-7).

И во апокрифниот ракопис во кој се опишани делата на светиот апостол Филип, среќаваме податок за присуството на "*паганите"* (Македонците и Грците) во Светата земја. Овде е спомната средбата на свети Филип со некоја вдовица, која го погребувала својот син. Во овој ракопис читаме:

"*Кога* (Свети Филип, з.м.) *излезе надвор од Галилеја виде една вдовица која го носеше својот единствен син за да го погреба. Филип ја праша за нејзината несреќа, а таа му одговори: 'Потрошив многу пари на боговите Арес, Аполон, Хермес Ањарртемида, Зевс, Атина, на сонцето и на месечината, но тие изгледа спиеја за време на мојата мака."* (*Acts of Philip, 4,1; "The Apocryphal New Testament*" M.R. James-Translation and Notes Oxford: Clarendon Press, 1924).

Очигледно дека оваа несреќна жена и припаѓала на балканската религиозна определба штом ги спомнала овие богови.

Дури можеме и да претпоставиме дека можеби таа била потомка токму на Македонците, затоа што гледаме дека, освен на познатите богови, таа му се молела и на сонцето, чиј култ одамна егзистирал среде античките Македонци.

Во апокрифниот ракопис *Евангелие по Никодим* (прв дел: *Делата на Пилат*) децидно се спомнати некои Грци како жители на Ерусалим во Исусово време (The Gospel of Nicodemus, Part I; The Acts of Pilate; First Greek Form. Memorials of Our Lord Jesus Christ Done In The Time of Pontius Pilate, Prologue I; From The New Advent: Fathers of the Church http://www.csn.net/advent/fathers/ fathers. htm; "*The Apocryphal New Testament*" M.R. James-Translation and Notes Oxford: Clarendon Press, 1924). Пак ќе повториме дека Македонците и Грците воглавно живееле заедно во земјите во кои биле населени. Оттаму штом во Исусово време се спомнати Грци како жители на Ерусалим, нема причина да не веруваме дека во овој град имало и Македонци. Тоа секако дека биле потомци на оние Македонци кои ги спомнува и Јосиф Флавиј како жители на Ерусалим уште во времето пред раѓањето на Исус.

За "*паганите*" како жители на Ерусалим пишува и рано-христијанскиот историчар Евсевие. Тој тврди дека првите христијани во Ерусалим биле од редовите на "*паганите*" (главно Македонците и Грците). Овде читаме:

"*Веќе рековме дека во она време црквата во Ерусалим отпрвин била составена од паганите...*" (Eusebius of Caesarea: *Church History*, Book V, Chapter 12, *The Bishops in Erusalim*). Овој историчар ги наведува и имињата на првите христијански епископи на Ерусалим.

Интересно е и името на првиот христијански маченик од Палесетина, кој рековме дека се викал Прокопие. (Eusebius of Caesarea: *Church History*, Book IX, Chapter 1). Евсевие споменува и други имиња на ранохристијански маченици од Палестина. Некои од нив биле: Алфеј (Book IX, chapter 2), Дионисие и Агапие (Book IV, chapter 3). Јасно е дека станува збор за имиња со балкански корен.

Во апокрифниот ранохристијански ракопис *Делата на Петар* читаме дека во времето кога дејствувал свети Петар во Ерусалим живеел некој човек по име Птолемеј. Тој бил богат, но многу лош и, доколку им веруваме на податоците во овој ракопис, за него пишува дека ја малтретирал ќерката на свети Петар. (*Acts of Peter*, Coptic fragment, From "*The Apocryphal New Testament*" M.R. James-Translation and Notes Oxford: Clarendon Press, 1924). Дали можеби и овој

Птолемеј бил потомок на Македонците (барем според неговото име кое било често во постариот македонски ономастикон)?

Кога зборуваме за Македонците - жители на Светата земја во времето на Исус и во текот на целиот прв век по Христа треба да имаме предвид уште еден многу важен момент.

Имено, во времето на Исус во Светата земја, гледано од религиозно-културен аспект, живееле (условно кажано) две *групи* Македонци.

Првата *група* биле Македонците пагани. Тоа биле оние Македонци кои во својата семејна традиција си ја зачувале балканската паганска религиозна определба и култура дури и во римско време. Тоа се делумно тие "*пагани*", за кои досега пишувавме.

Но, имало и такви Македонци, чии предци своевремено се јудаизирале. Овие Македонци, поради различни причини, се откажале од паганската балканска култура и го прифатиле јудаизмот. Постоењето на оваа категорија луѓе е спомнато и во Библијата, конкретно во *Делата апостолски* (2:11). Таму се спомнати Евреите и оние кои "*ја прифатиле јудејската вера*". Значи, имало и припадници од други народи, кои го прифатиле јудаизмот, исто како што пред тоа имало Евреи кои ја прифатиле паганизацијата. Јудаизираните Македонци и Грци живееле во сите области на Светата земја. Веќе рековме дека мнозина од нив за првпат потпаднале под еврејска власт во втората половина од вториот век пред Христа, кога водачот на еврејската држава Јован Хиркан (владеел од 135 до 104 година пред Христа) освоил по-голем дел од областите во Светата земја, кои ги приклучил кон еврејската држава. Притоа, посочивме факти според кои тогаш биле јудаизирани голем број Македонци и Грци, кои биле жители на новоосвоените еврејски територии. Да се потсетиме на биографијата на Јован Хиркан од ЦД енциклопедијата Encarta, каде пишува дека тој во новоосвоените територии "...*успеал да преобрати голем дел од локалното население во јудаизмот.*"

Се поставува прашањето: што се случило со потомците на овие јудаизирани Македонци по повеќе од век и половина од нивната јудаизација, т.е. во времето на Исус Христос? Јасно е дека потомците на овие Македонци во Исусово време себеси веќе се чувствувале како "*Евреи*". Сигурно дека тие тогаш веќе длабоко биле навлезени во јудаизмот, прифаќајќи ја неговата религиозна доктрина и во голема мера прифаќајќи ги и неговите останати

сегменти (ономастика, обичаи и сл.). Но, сигурно и дека нешто не можеле да променат, а тоа е нивниот јазик и нивните антрополошки црти. Тие и натаму си останале белокожи луѓе, а најверојатно дека и натаму, макар и делумно, задржале некои сегменти од својата претходна култура (најповеќе јазикот, а можеби и дел од обичаите и ономастиката). Впрочем, ова се случувало насекаде во светот низ историјата, а се случувало и кај нас. Да се потсетиме на исламизираните Македонци, кои се исламизирале во средината на 19 век. Денес нивните потомци длабоко се навлезени во исламот, ја почитуваат неговата религиозна доктрина, традиција, ономастика и обичаи, но македонскиот јазик им останал, а останало и нивното македонско етничко потекло, па дури и дел од претходната македонска ономастика. Вакви примери има безброј низ историјата и тоа се толку познати работи што нема потреба ни да се објаснуваат.

Многу јасна потврда за постоењето на јудаизираните "*паганите*" (главно Македонци и Грци) и на нивните потомци во Светата земја во Исусово време, имаме во латинската форма на споменатиот апокрифен ранохристијански ракопис *Евангелие по Никодим* (1 дел, *Делата на Пилат*, цит. дело, стр. 441). Во овој ракопис децидно е спомнато постоењето на "*паганите*", кои биле јудаизирани. Овие луѓе биле наречени *прозелити*. Во овој ракопис е опишан разговорот на Евреите Ана и Каифа со Пилат. Во еден миг Ана и Каифа му ги спомнале на Пилат *прозелитите*, а тој ги прашал какви луѓе се тоа. Во врска со сето ова читаме:

"*А Пилат ги повика Ана и Каифа и им рече: 'Што се тоа прозелити?' Тие му одговорија: 'Тоа се луѓе родени како синови на паганите, кои подоцна станале Евреи'.*

Значи, потомците на јудаизираните Македонци живееле како "лојални јудејци" (кои веќе биле сметани како "*Евреи*") и во Исусово време. Поради ова, гледано од денешен аспект, речиси е невозможно секогаш да се открие кои од жителите на Светата земја, кои денес ги знаеме како Евреи, биле потомци на јудаизираните Македонци, а кои биле вистински Евреи по род.

Впрочем, јудаизираните Македонци (но и Грци) во голема мера веќе носеле еврејски имиња (иако рековме дека можеби задржале дел и од сопствениот ономастикон). Доказ за ова имаме кај споменатиот ранохристијански историчар Евсевие Кесариски. Тој пишува дека некои припадници на јудаизмот потекнувале од *прозелитите* (главно потомци Македонците и Грците, кои се

јудаизирале). Како такви тој ги споменува личностите Ахор и Рут (Eusebius of Caesarea: *Church History*, Book I, Chapter 7, *The Alleged Discrepancy in the Gospels in regard to the Genealogy of Christ*). Значи, дотичните личности веќе носеле јудејски имиња, иако не биле етнички Евреи.

Што се случило подоцна со потомците на овие "*Евреи"*, т.е. со *прозелитите* од македонско етничко потекло? Без да претендираме на какви било шпекулации, само ќе кажеме дека и денес постојат Евреи со бел тен, па дури и со руси коси и сини очи, наспроти мнозинството од останатите Евреи, кои имаат потемен тен на кожата. Дали овие Евреи во добар дел не се од генот на своевремено јудаизираните антички Македонци? Познатиот истражувач на античка Македонија Артур Вајгал во својата книга: *Александар Македонски* (Скопје,1992, стр. 24) во врска со антрополошките карактеристики на античките Македонци пишува: "*Вистинските Македонци ... имале побел тен од просечниот Грк".*

Во историјата на Израел не постои случај припадници на друг ваков етникум (со "*побел тен*") помасовно да го прифатиле јудаизмот. Таков бил случајот само со таму населените Македонци. Јудаизмот го прифаќале и Грците, но тие и самите биле со потемен тен на лицето во однос на Македонците. Оттаму, многу е веројатно дека добар дел од денешните и поранешните Евреи со бел тен и навистина го носат во себе генот на своевремено јудаизираните антички Македонци. Поинаку, не знам како може да се објасни постоењето на Евреи со вакви антрополошки карактеристики среде мнозинството семитски Евреи.

Во продолжение ќе наведеме и други докази за присуството на Македонците во Светата земја во Исусово време, но и потоа. Овде сакам да укажам на една неправда кога станува збор за оваа тема. Речиси никој од библиските историчари не ги спомнува Македонците како жители на Светата земја во Исусово време. Наместо нив, главно се спомнуваат само Грците и Евреите. Овде само по себе се наметнува прашањето: дали е сето ова случајно? Кому му пречи да ја спомне вистината за значителното присуство на Македонците во Светата земја во миговите кога таму се испишувале најзначајните страници во историјата на светот? Зошто денес уделот на Македонците во првите никулци на христијанството некој сака да им ги препише исклучиво на Евреите и на Грците? Видовме дека најпознатиот еврејски антички историчар Јосиф Флавиј сосема јасно повеќепати ги споменува

токму Македонците како значителна популација во Светата земја и тоа само неколку децении пред раѓањето на Исус. Па, каде "*исчезнале*" потомците на овие Македонци во времето на Исус? Како е можно Македонците да "*исчезнале*", а да останале само Грците и Евреите? Да се надеваме дека идните библиски истражувачи ќе ја исправат оваа неправда нанесена врз уделот на Македонците во клучните настани што се одиграле во Светата земја. Македонската историографија треба и мора да го постави овој проблем пред светската научна јавност.

Средбите на Исус Христос со Македонците

Од сето досега изнесено можеме да заклучиме дека во времето на дејствувањето на Исус Христос постоело компактно македонско население во Палестина, кое (освен спомнатите исклучоци на потомците на јудаизираните Македонци) во добар дел се уште живеело јасно издвоено од тамошните староседелци во смисла на својот етно-културен идентитет. Ова македонско население всушност претставувало наследник на таа (како што ја нарекува Вилкен) "*една друга Македонија*", која (целосно или делумно) била значително присутна и во Светата земја само неколку децении пред раѓањето на Исус (а секако и потоа).

Поради сето ова нема речиси никакво сомнение дека поголем број од потомците на таму населените Македонци имале и директна средба со мнозина значајни библиски личности од тоа време, вклучувајќи го и самиот Исус Христос! Ако се знае дека во текот на своето дејствување Исус контактирал со повеќе илјади луѓе (жители на повеќе населени места), законот на веројатноста дозволува да заклучиме дека во тој народ имало и поголем број Македонци кои само неколку децении пред неговото раѓање целосно или делумно владееле со неговата земја.

Најнапред да ја спомнеме многу големата веројатност дека Исус имал контакти со Македонците уште кога бил - бебе! Се работи за времето поврзано со бекството на света Богородица во Египет со цел да го спаси бебето Исус за да не биде убиено од војниците на Ирод кој, како што е познато, наредил да бидат убиени сите бебиња до три години, кои се родиле во Витлеем. Бекството на света Богородица и малиот Исус во Египет детално го опишува свети Паладие во "*Приказната за бекството на пречистата*

Богородица со Богомладенецот во Египет” (*Житија на светците за месец декември,* приредил Д-р Јустин Поповиќ, Белград, 1977 год. стр, 748). Свети Паладие раскажува дека света Богородица и малиот Исус за време на својот престој во Египет престојувале во градот Ермопол. Да потсетиме дека само околу три децении пред нивниот престој во Египет, оваа земја се наоѓала под власта на Македонците Птолемеи (конкретно под власта на Клеопатра ВИИ). Исто така, веќе рековме, дека во Египет во тоа време живееле неколку стотици илјади Македонци, кои исто како и во кралството на Селевкидите, во добар дел живееле во посебни населби. Сигурно дека таква населба бил и градот Ермопол, не само поради балканскиот завршеток на неговото име, туку и поради фактот што свети Паладие споменува дека жителите во овој град им се поклонувале на идолите, што сигурно дека се однесува на паганските статуи. Оттаму, со голема веројатност можеме да претпоставиме дека Исус уште како бебе бил во близина на потомците на таму доселените Македонци. Свети Паладие пишува дека света Богородица со бебето Исус во Египет престојувале и во селото Сирен, каде исто така имало статуи, кои според преданието почнале да се рушат откако тие влегле во храмот.

Понатаму,кога Исус пораснал и кога почнал јавно да дејствува повторно остварил средби со бројни Македонци, овојпат во самата Света земја. Впрочем, сите евангелисти јасно пишуваат дека Исус секаде каде што јавно дејствувал бил пречекуван или следен од многуилјаден народ.

Дури светиот евангелист Марко сосема јасно пишува дека Исус престојувал и дејствувал токму во местата каде претежно биле населени Македонците во Светата земја. Имено, евангелистот Марко (7:31) пишувајќи за чудата што ги правел Исус запишал дека тој престојувал и “*среде подрачјето Декаполис*”. Таму, како што е познато, пред Исус довеле глувонем човек и го замолиле да го излекува. Исус, само што го допрел човекот со раката, овој почнал да слуша и да зборува. Сето ова се случило во присуство на многу народ.

За областа Декаполис рековме дека прилично била населена со Македонци. Доказ за ова рековме дека се градовите од таа област, кои таму биле изградени или значително проширени од Македонците Селевкиди и кои носеле македонски имиња. Токму централните два града на оваа област во Светата земја се викале Дион и Пела! Чисти македонски имиња ставени во чест на македон-

ската престолнина Пела и на македонското светилиште Дион! Веќе рековме дека Селевкидите ги населувале овие градови претежно со Македонци и со Грци и ги граделе во типичен балкански стил. Иако, во Исусово време, Селевкидите веќе не владееле со овие градови (туку наместо нив веќе владееле Римјаните), сепак македонското население во нив останало да си живее. Оттаму, голема е веројатноста дека мнозинството од насобраниот народ, кој го видел ова Исусово чудо, па дури можеби и самиот излекуван глувонем човек, биле потомци на таму доселените Македонци.

И светиот евангелист Матеј сведочи дека Исус бил следен од многу луѓе меѓу кои добар дел потекнувале токму од областа Декаполис. Пишувајќи за јавните чуда што ги правел Исус, светиот евангелист Матеј запишал дека за Исус се прочуло низ цела Сирија и дека кај него почнале да доведуваат разни болни и опседнати луѓе, месечари и други кои имале здравствени проблеми. Многу народ разбрал за тоа и сите сакале да го видат Исуса. Овде читаме:

"*И тргна по него многу народ од Галилеја и* ***Декаполис****, од Ерусалим и од Јудеја, како и од онаа страна на Јордан*" (Матеј, 4:25. Подвлекувањето е мое, з.м.).

Од дејствувањето на Исус во областа Декаполис ќе ја спомнеме и случката со лекувањето на еден опседнат човек. Оваа случка ја опишуваат светите евангелисти Лука и Марко. Се работи за познатиот настан кога Исус излекувал еден човек, кој бил опседнат од лошите духови. Исус наредил духовите да излезат од опседнатиот, по што тие влегле во блиското стадо свињи, кои поради тоа наеднаш побеснеле и се фрлиле од ридот во морето пред очите на преплашените свињари. Светиот евангелист Матеј (8: 28-34), раскажува:

"*А, свињарите побегнаа и доаѓајќи во градот, раскажаа се што се случи со опседнатиот. Потоа целиот град му излезе во пресрет на Исус*."

Постојат подвоени мислења околу името на градот за кој станува збор во овој настан. Или се работи за градот Герас или за градот Гадара. Но, обата града се наоѓаат во "*македонската област*" Декаполис, што значи дека добар дел од народот што излегол да го види Исуса сигурно дека биле потомци на таму доселените Македонци.

Впрочем во поткрепа на ова ќе спомнеме уште еден доказ. Познато е дека Евреите и останатите јудејци воопшто не јаделе свинско месо (а така е до денес кај оние што строго се придржуваат

до каноните на јудаизмот). Поради тоа се поставува прашањето: од каде свињари и стадо свињи среде Светата земја и тоа во Исусово време, т.е. во време кога целокупното еврејско население без исклучок строго се придржувало до јудејските канони, вклучувајќи ја и забраната за јадење свинско месо? За разлика од јудејците, паганите (главно Македонците и Грците) немале проблем со јадењето свинско месо и само тие можеле тогаш да чуваат свињи во Светата земја. Такви најверојатно биле и самите свињари кои ги паселе свињите, бидејќи тешко може да се претпостави дека тие можеле да бидат Евреи кои ги чувале "*валканите животни"* свињи (макар и како вработени кај сопственикот на стадото). Значи, спомнувањето на стадото свињи во оваа епизода претставува уште еден јасен доказ за присуството на Македонците во Светата земја во Исусово време.

Кога сме кај областа Декаполис, да го спомнеме и тоа дека во оваа "*македонска област*" среде Светата земја дејствувал и свети Јован Крстител. Имено, дел од крштевањето на народот што го вршел свети Јован Крстител се случувало токму во непосредната близина на градот Енона, што се наоѓал во областа Декаполис на брегот на реката Јордан (Јован, 3:23). Најблизок град до Енона бил токму градот Пела, што се наоѓал на само неколку километри оддалеченост. Поради ова со сигурност може да се каже дека добар дел од луѓето што таму биле крстени од свети Јован Крстител исто така биле потомци на своевремено таму доселените Македонци.

Сигурно дека Исус Христос имал средби со Македонци и вон "*македонската област*" Декаполис. Така, на пример, светиот евангелист Марко (8: 24-29) го опишува дејствувањето на Исус во близината на градовите Тир и Сидон. Таму Исус имал средба со една жена, која била "*паганка*". Кога дошол во овој крај Исус сакал да се сокрие во една куќа, но таму дошла една жена, која му паднала пред нозете и го замолила да ја излекува нејзината ќерка, која била опседната од лоши духови. Светиот евангелист Марко пишува: "*Таа жена беше паганка, Сирофеничанка по род*" (26). Исус, кратко поразговарал со неа и откога сфатил дека таа верува, и помогнал. Кога се вратила дома жената ја видела ќерка си излекувана.

Самиот факт што жената била "*паганка*" (најверојатно припадничка на балканската паганска култура, која тогаш таму била најдоминантна токму среде Македонците и Грците) е доволна индиција за нејзиното можно македонско (или грчко) етничко

потекло. Исто така, во област каде што се случил овој настан постоел град со балкански завршеток, што се викал Орнитопол. Терминот "*Сирофеничанка по род*" може да се разбере само како географски термин во смисла дека оваа жена живеела во сириската област Феникија, која била во склопот на државата на Македонците Селевкиди се до нивното потчинување од Римјаните. Интересна е и средбата на Исус со слепиот просјак, која се остварила вон ѕидините на Ерихон. Исус, следен од своите ученици (но и од многу народ), кога излегол од Ерихон видел крај патот седнат еден слеп просјак. Просјакот го замолил да го излекува и Исус го сторил тоа. Иако овој настан се случил во Јудеја, интересни се имињата на слепецот и на неговиот татко. Светиот евангелист Марко (10:46) ни сведочи дека името на слепецот било "*Бартимеј, синот на Тимеј*". Всушност "*бар*" на арамејскиот јазик значело син, што значи дека и самата етимологија на Бартимеј значи "*син на Тимеј*". Веднаш паѓа во очи дека името Тимеј има балканско потекло. Слично име на Тимеј (Тимон) се среќава и во постариот античко-македонски ономастикон. Дали ова може да биде индиција за балканското потекло на Тимеј и на неговиот син?

Понатаму, светиот евангелист Лука (24:18) пишува како Исус по своето воскреснување им се појавил на двајца ученици во близина на селото Емаус. Едниот од учениците се викал Клеофа. Значи, уште едно име со балкански корен, т.е. потекло.

Иако и Емаус се наоѓа во Јудеја, повеќе од сигурно е дека и таму имало Македонци (макар и како малцинство) исто како што и Евреите живееле како малцинство во македонските населби, што таму биле изградени или значително проширени од Селевкидите (барем во времето на нивното независно владеење, а секако и извесно време потоа).

Податоци за можни средби на Исус со Македонците има и во ранохристијанските апокрифни ракописи. Така, на пример, во апокрифниот ракопис *Евангелие по Тома* (IX, 1) предадени се неколку сцени од детството на Исус. Овде читаме дека едно од другарчињата со кои малиот Исус си играл во Назарет се викало - Зено! И ова име очигледно дека има балканско потекло. (*Gospel of Thomas*, Greek text A, IX, 1, "*The Apocryphal New Testament*" M.R. James-Translation and Notes Oxford: Clarendon Press, 1924).

Во апокрифниот ранохристијански ракопис *Евангелие по Никодим* (7 дел) спомната е некоја жена која имала средба со Исус. Нејзиното име било Береника. И ова име е типично за владеачките

кругови од постарата историја на античките Македонци, па можеби и оваа жена била потомок на Македонците во Светата земја. (*The Gospel of Nicodemus*, or *Acts of Pilate VII*; "The Apocryphal New Testament" M.R.James-Translation and Notes Oxford: Clarendon Press, 1924).

Во втората варијанта на латинската форма на истиот овој текст спомнати се имиња на три лица од Галилеја кои имале средба со воскреснатиот Исус. Нивните имиња се запишани како: Ада (Addas), Фине (Finees) и Егија (Egias). (*The Gospel of Nicodemus*, or *Acts of Pilate* Latin form, second version; 1, 17; "The Apocryphal New Testament" M. R. James-Translation and Notes Oxford: Clarendon Press, 1924). Очигледно е дека сите три имиња имаат балканско потекло. Останува да се шпекулира дали можеби името Егија (Egias) има некоја врска со името на древната македонска престолнина Еге?

Во латинската форма на споменатото *Евангелие по Тома* (XII, 1) е предаден уште еден многу интересен податок за присуството на "*паганите*" во непосредната близина на Исус. И овде е опишана сцена од детството на Исус. Овде читаме дека Јосиф го одвел малиот Исус кај некој доктор (веројатно во Назарет) за да го научи да чита и да пишува. Докторот го прашал Јосифа дали сака прво да ги научи буквите на паганите или оние на Евреите. За сето ова читаме:

"*Тогаш докторот му рече на Јосифа: 'На кои букви сакаш да го научам ова дете?' Јосиф му одговори: 'Научи го прво на буквите на паганите, а потоа и на еврејските.'*" (*Gospel of Thomas*, Latin text, XII, 1, "*The Apocryphal New Testament*" M.R. James-Translation and Notes Oxford: Clarendon Press, 1924).

Ова практично значи дека Јосиф побарал малиот Исус прво да биде научен на буквите од јазикот коине, кој јазик своевремено токму Македонците го наложиле во Светата земја. Штом во овој ракопис е спомнат учител кој ги знаел овие букви во времето на Исус и штом Јосиф им придал толкава важност (преку неговата желба малиот Исус прво нив да ги научи, а дури потоа еврејските), повеќе од јасно е дека нивното опстојување во Светата земја и во Исусово време тешко може да се замисли без присуството на потомците на своевремено таму доселените Македонци, кои впрочем и го донеле овој јазик во Светата земја и кои биле тие што воглавно го чувале истиот и во Исусово време.

Ќе спомнеме уште еден интересен пример на можна средба помеѓу Исус и Македонци. Во апокрифниот ранохристијански ракопис *Евангелие по Никодим*, спомнати се имињата на двајца жители

на Светата земја, кои се викале Карин (Каринус) и Левкија (Леуциус). Тие изјавиле дека имале средба со воскреснатиот Исус, поради што биле повикани од Евреите за да сведочат. Тие побарале хартија за да го напишат тоа што го виделе и доживеале. Потоа обајцата седнале да пишуваат за својата средба со Исус. Помеѓу другото, тие вака ја опишале својата средба со Бог:

"*Додека седевме заедно со нашите татковци во длабочината на мрачната темнина, наеднаш се појави златна топлина од сонцето и пурпурна кралска светлина наеднаш блесна над нас".* (*The Gospel of Nicodemus*, or *Acts of Pilate; Part II*; *Descent into Hell*, II; XVII; "The Apocryphal New Testament" M. R. James-Translation and Notes Oxford: Clarendon Press, 1924).

Овде предлагам да се задржиме на описот на Божјата светлина со епитетите "*пирпурна кралска*". Познавачите на постарата античко-македонска историја веднаш ќе забележат дека овие епитети биле синоним за нешто величествено токму во античка Македонија. Имено, пурпурната боја била една од карактеристиките на античко-македонските кралеви. Поради ова се поставува прашањето: дали можеби Карин и Левкија биле Македонци од Светата земја, кои во својата свест го задржале древниот македонски синоним за величественост олицетворен преку епитетите "*пурпурна кралска*", па поради тоа токму така ја опишале Божјата светлина што им се појавила? Овие епитети кај античките Македонци биле синоним за нешто величествено, па можеби затоа Карин и Левкија ги употребиле во нивниот опис за појавата на Исус. Се разбира дека сето ова останува во доменот на шпекулациите, а овде накратко ќе се оддалечиме од темава за да покажеме дека пурпурната боја како синоним за кралско останала среде Македонците и многу подоцна.

Познато е дека етнички потомци на античките Македонци биле и извесен број византиски цареви. Имено, познато е дека извесен број потомци на античките Македонци своевремено биле населени на територијата на денешна Тракија. Токму поради тоа, подоцна, оваа територија, заедно со југоисточниот дел од територијата на етничка Македонија, бил наречен "тема Македонија". Во оваа тема (византиска административна област, з.м.), од редовите на доселените потомци на античките Македонци, потекнуваале неколку византиски цареви. Такви биле, на пример, царевите на византиската Македонска династија, која почнала со царот Василиј Први Македонски (867-886), а завршила 1081 година. Во

биографијата на византискиот цар Василиј Први, во енциклопедијата Енцарта (цит. дело, наслов *Басил И*), читаме:

"Василиј Први (812-886), византиски император (867-886) и основач на Македонската династија. Роден е во Македонија и потекнувал од селанско семејство (...)".

Најпознат цар од оваа династија - крвни потомци на античките Македонци - бил токму царот Василиј Втори Македонски - непријателот на средновековниот македонски цар Самуил! Овие етнички Македонци многу малку се изучуваат во денешната историографија од аспект на нивната поврзаност со античко-македонскиот ген, најверојатно поради фактот што тие сепак живееле вон територијата на етничка Македонија и владееле со туѓа држава (Византија), исто онака како што и Македонците Птолемеи владееле со Египет и исто онака како што Македонците Селевкиди владееле со источното Средоземје.

Кога сме кај Василиј Втори Македонски и кај останатите припадници на Македонската династија во Византија, да го кажеме и тоа дека овие цареви од своите предци - античките Македонци, задржале повеќе традиционални обележја. Веќе рековме дека главни белези на античко-македонските владетели биле: пурпурната боја на облеките, но и жезлото и дијадемата. (Да се потсетиме дека и синот на славната Клеопатра носел - дијадема, а така било и со други припадници од династијата на Птолемеите). Потполно истата состојба ја имаме и кај византиските цареви - етнички Македонци од редовите на Македонската династија! Поетот Иван Кириотес, наречен Геометрес, кој бил епископ на Метилена во 10 век, во своите песни ги опејал настаните околу владеењето на Василиј Втори Македонски, при што, во една од нив, сосема јасно ги спомнал (цитат): "*кралските жезла и дијадеми, како и пурпурните облеки*", што ги носеле византиските цареви од Македонската династија, исто како што, на времето, ги носеле и нивните предци - славните античко-македонски владетели (Joаннис Геометрае, J.П. Мигне, ПГ 106, 919; цит. според д-р Стјепан Антолјак: *Средновековна Македонија 1, Мисла*, Скопје, 1985, стр. 242).

И византискиот историчар Михаил Псел (Michael Psellus: *Chronographia*, 1,31, Introduction by Professor J.M. Hussey; trans. E.R.A Sewter, New Haven: Yale University Press, 1953) ја опишува пурпурната боја на облеката во која се облекувал Василиј Втори Македонски. Професорот Џ. М. Хаси (како приредувач на преводот од Псел), ја

толкува тогашната изрека "*роден во пурпур* ", која се однесувала само за византиските владетели од македонско потекло. Професор Хаси пишува:

"Изреката 'роден во пурпур' давала посебно значење на владетелската династија. Овде Псел зборува за Македонската куќа".

Но, да се вратиме на средбите на Исус Христос со Македонците.

На крајот ќе спомене и едно вонбиблиско сведоштво за контактите на Исус со "*паганите*" (Македонците и Грците). Ова извонредно значајно сведоштво е дадено од еврејскиот историчар Јосиф Флавиј, кој иако бил фарисеј и не бил никаков христијанин во своите историски дела не можел да го одбегне постоењето и дејствувањето на Исус во неговата земја. Независното сведоштво на Флавиј за постоењето на Исус Христос претставува децидна негација на тенденциозните атеистички небулози (за првпат создадени во Сталиново време) според кои, наводно "*немало историски докази за постоењето на Исус*"(!?). Флавиј, како историчар, не само што го забележал постоењето и дејствувањето на Исус Христос, туку и јасно ставил до знаење дека Исус **не бил обичен човек!** Флавиј дури го спомнал и воскреснувањето на Исус, а спомнал и дека за време на своето дејствување повел по себе "*многу Евреи и многу пагани*". Еве како го опишал Исус Христос најпознатиот еврејски историчар од тоа време Јосиф Флавиј:

*"Во тоа време се појави Исус, мудар човек, **до колку и навистина можеме да го наречеме човек**; тој правеше прекрасни нешта, учител на луѓето кои ја примаа вистината со задоволство. Тој привлече кон себе многу Евреи и многу пагани. Тој беше Христос. А, кога Пилат, по сугестија на нашите угледни луѓе го распна на крст, оние што го сакаа не се откажаа од него, затоа што им се појавил жив на третиот ден како што најавија Божјите пророци, заедно со уште десет илјади прекрасни нешта поврзани со него. И групата христијани, кои го добија името по него, до денес постојат."* (Подвлекувањето е мое, з.м., *Jewsh Antiquites*... XVIII,3,3).

Јосиф Флавиј дал вредни историски сведоштва и за дејствувањето на свети Јован Крстител. Кога пишува за поразот на војската на вазалниот еврејски крал Ирод Антипа од Арапите, Флавиј пишува:

“Некои Евреи сметаа дека поразот на Херодовата војска дојде како казна од Господ, поради тоа што му го направи на Јован, кого го викаа Крстител. Херод го отепа него, иако тој беше добар човек и им зборуваше на Евреите да бидат чесни и праведни еден кон друг, како и да покажуваат почит кон Бога, така што ќе бидат крстени... Кога луѓето масовно почнаа да одат кај него за да ги слушаат неговите зборови, Херод се уплаши дека големото влијание што Јован го имаше кај народот, би можело да биде искористено од негова страна за кревање востание, бидејќи изгледаше дека луѓето се подготвени да направат се што ќе им кажеше Јован. Поради тоа Херод помисли дека е најдобро ако го погуби за да ги спречи немирите што тој можеше да ги предизвика, а и за да не се кае подоцна до колку се доведе себеси во непријатности преку конфронтирањето со него. Така, поради сомневањето на Херод, Јован беше испратен во затворот во Махер, што претходно го спомнав и таму беше погубен. Сега Евреите сметаа дека поразот на војската на Херод беше казна поради незадоволството на Бог. (*Jewsh Antiquites*... XVIII,5,2)

И ова сведоштво има посебна тежина, затоа што е дадено од нехристијански извор. Флавиј, не само што не бил христијанин, туку тој припаѓал на еврејската фарисејска секта, која тогаш била спротивставена на христијаните. Затоа неговите сведоштва за постоењето на Исус и на свети Јован Крстител имаат огромно значење.

Освен со Македонците припасници на балканската паганска култура (*паганите*) сигурно дека Исус имал контакти и со јудаизираните Македонци (*прозелити*), но деталите за овие средби не можат ни да се насетат во изворите од тоа време. Едноставно, овие Македонци само по својата крв (антрополошки карактеристики и сл.) биле Македонци, додека по својата вероисповед тие веќе се однесувале како Евреи и како такви биле третирани. Оттаму пак ќе повториме дека практично е невозможно да се утврди кои од бројните спомнати Евреи во Исусово време биле вистински Евреи по род, а кои можеби биле потомци на своевремено јудаизираните Македонци во Светата земја.

Кои од библиските личности можеби биле Македонци?

Од сето она што досега го наведовме пак ќе потенцираме дека во Светата земја (Палестина) во Исусово време живеело многубројно не-еврејско население во кое значителен удел имале Македонците и Грците. Веќе спомнавме силни индиции за средбите на Исус со потомците на таму населените Македонци. Но, тоа не е сосема се кога е во прашање учеството на Македонците во познатите настани од времето на Исус и потоа. Постојат индиции за поставување хипотези дека некои од библиските личности спомнати во овие времиња можеби биле Македонци. Но, дали може да се прêтпостави кои од споменатите личности во Библијата (освен владетелите Селевкиди и Птолемеи) можеби биле етнички Македонци? Ако се земе предвид досега изнесеното, сепак постои метод според кој барем хипотетички може да се претпостави ова. Овој метод главно се базира на ономастиката.

За значењето на ономастиката како културен белег на еден народ (посебно во античките времиња) мислам дека нема потреба од поширока елаборација. Само ќе се потсетиме дека дури и денес, во време кога различните култури масовно се мешаат, при што ономастиката на еден народ се повеќе ги губи своите "граници", сепак се уште имаме карактеристични лични имиња, претежно својствени за еден народ (без разлика на потеклото на овие имиња). Ова уште повеќе било изразено во минатото, конкретно во времето за кое зборуваме. Секој народ си ги ставал личните имиња главно врз основа на сопствената традиција, култура и религиозна определба, што значи дека секој народ, така да кажеме, си имал сопствен, прилично јасно профилиран, ономастикон. Народите, кои имале изразено различни култури и вероисповеди имале и изразено различни ономастикони. Така, на пример, од зачуваните лични имиња на Индијците од времето на антиката, ниту едно од нив не се среќава во тогашниот балкански свет. И обратно. Ниту еден Индиец не носел име на некој Македонец или Грк од тоа време (барем пред да дојдат во меѓусебен контакт). Наспроти тоа, народите кои имале одредени заеднички или слични културни сегменти, имале допирни точки и во ономастиката.

Овде предлагам да објасниме уште една работа. Некој можеби ќе забележи дека имињата од античко-македонскиот ономастикон кои овде ги спомнуваме не биле оригинални македонски, туку дека некои од нив имало и во постарата грчка

историја. На ова ќе одговориме дека тоа што некои од овие имиња се среќаваат во одредени наративни извори во постарата грчка историја воопшто не мора да значи дека тие по потекло се грчки имиња. Посебно не, ако се знае дека Грците присвојувале делови од културното богатство на останатите народи. Понатаму, се повеќе се откриваат податоци дека некои од овие имиња ги имало и кај други постари народи, што практично значи дека нивното потекло не може со сигурност да се утврди Впрочем, потполно истата состојба ја имаме и денес. Така, на пример, најчесто име во англо-американскиот ономастикон денес е името Џон. За ова име се знае дека по потекло не е англо-американско, туку дека е еврејско. Сепак, за ова име денес можеме да кажеме дека му припаѓа (и) на англо-американскиот ономастикон, токму поради неговата најголема прифатеност од страна на Англичаните и Американците. Вакви примери има уште многу.

Но, да се вратиме на доселените Македонци во Светата земја. Тие со децении по населувањето во државите на Птолемеите и Селевкидите воглавно си ги чувале своите културни сегменти во чиј склоп посебно место заземале личните имиња од постарата историја на античка Македонија. Впрочем, веќе рековме дека тие таму се чувствувале како господари, барем додека со овие земји владееле нивните сонародници.

Дека Македонците со векови си ги чувале своите имиња, каде и да живееле, доволно е да се погледне списокот на имињата на Македонците, членови на династиите, кои останале да владеат со источното Средоземје и со Египет. Од овој список ќе се види дека меѓу овие имиња нема ниту едно име што го немало во постариот македонски ономастикон, иако Македонците што ги носеле овие имиња живееле без речиси никакви контатки со нивната прататковина Македонија. Секако дека овие имиња останале и во самата Македонија со векови по смртта на Александар Македонски. Ќе спомнеме некои од нив.

Да го земеме, на пример, името Клеопатра. Добриот познавач на антиката д-р Борза во врска со потеклото на името Клеопатра пишува дека ова име било непознато кај другите народи и дека било (цитат): “*истакнато македонско женско име”* (*In the Shadow of Olimpus, The Emergence of Macedon*, Princeton Univercity Press, Princeton, New Jersey, ISBN 0-691-05549-1, USA, 1990, с.178). Името Клеопатра се среќава повеќепати како име на етнички Македонки, кои живееле во распон од неколку векови и тоа во разни земји.

Според зачуваните наративни извори, името Клеопатра континуирано се среќава меѓу античките Македонци уште од ВИИ век пред Христа. Така, на пример, мајката на македонскиот крал Аргеј И (кој владеел околу 623 година пред Христа) се викала Клеопатра. Клеопатра се викала и една од жените на Филип Втори Македонски. И за неа се знае дека потекнувала од угледно македонско семејство. Клеопатра се викала и една од ќерките на Филип Втори. Веќе ја спомнавме и славната египетска кралица Клеопатра ВИИ, која исто така била од чисто македонско етничко потекло, а во и околу династијата на Птолемеите спомнати се најмалку десетина жени со името Клеопатра. Значи, иако владееле со далечниот Египет без речиси никакви контакти со својата пра-татковина Македонија, Македонците си го зачувале своето име Клеопатра.

Исто е и со името Птолемеј. Ова име го носеле двајца владетели од постарата историја на Македонија, а во наративните извори поврзани со времето на Александар Македонски, познати се уште неколку Македонци со тоа име. Подоцна ова име си останало во Македонија, но видовме дека останало и среде Македонците, кои со векови останале да живеат вон земјата на своето потекло. Мнозина од нив никогаш и не стапнале во Македонија, па сепак си го задржале ова име. Така,на пример, во Македонската династијата Птолемеи ова име се спомнува како име дури на петнаесет владетели!

Ваков е случајот и со името Селевк, кое го имало во античка Македонија и кое останало среде Македонците во Азија од династијата на Селевкидите. Овде ова име се среќава како име на шесмина владетели - Македонци.

Понатаму, во истата оваа династија името Антиох се среќава како име на тринаесет владетели, а присутни во оваа династија биле и имињата Димитрија, Филип (на кое ќе се задржиме во продолжение) и други. И овие имиња ги имало одамна среде Македонците (без разлика на нивното потекло, кое впрочем рековме дека со целосна сигурност не секогаш може да се утврди).

Ова доволно зборува за силниот однос кон сопствената традиција од страна на Македонците, каде и да живееле. Поради тоа можеби можеме да претпоставиме дека и дел од останатите личности од библиските времиња, кои носеле лични имиња, какви што ги среќаваме и во постарата историја на Македонија (а за кои нема децидни докази или индиции дека биле етнички Македонци,

како што се тоа доказите и индициите за горенаведените династии) и навистина биле Македонци.

Исто било и со огромното мнозинство Евреи. Во одредени периоди тие ги чувствувале Македонците како свои окупатори, посебно за време на владеењето на Антиох Четвртикога сосила им била наметнувана паганизацијата, на што мнозинството Евреи жестоко се спротивставувале, бранејќи ја својата традиција, во чиј склоп секако дека спаѓал и сопствениот еврејски ономастикон.

Значи, врз основа на фактите што досега ги изнесовме за постоењето на компактно македонско и грчко население во Светата земја, мислам дека може да се објасни присуството на големиот број лични имиња од балканскиот ономастикон, кои ги среќаваме во Библијата, или кои биле поврзани со библиските настани без да бидат директно спомнати во самата Библија од времето на (и по) владеењето на Селевкидите со Светата земја. Луѓето што ги носеле овие имиња во голем број случаеви можеле да бидат само потомци на таму населените етнички Македонци или Грци. Како поинаку да го објасниме постоењето на бројни личности кои живееле во тоа време во Светата земја, а кои се викале: Александар, Филип, Архелај, Антипатер, Аристобул, Антиох, Никанор, Ѓорѓија, Птолемеј, Димитрија, Береника и други? Мнозина од нив не биле никакви Евреи (што во продолжение и ќе го докажеме со должното внимание кон подоцнежните исклучоци, кои исто така во продолжение ќе ги спомнеме). Конечно, вакви имиња немало меѓу Евреите од пред владеењето на Македонците Селевкиди со Палестина и сосема добро се знаат еврејските старозаветни имиња од тоа време.

Ако се разгледаат личните имиња спомнати и во останатите наративни извори од тие времиња (последните векови од пред Христа и првиот век по Христа) од територииите на кои владееле династиите на Селевкидите и на Птолемеите, исто така ќе се забалежат бројни лични имиња со балканско потекло.

Во контекст на ова, ги прегледав личните имиња спомнати во најзначајните наративни извори од тие времиња (поврзани со споменатите територии) и тоа, конкретно ги разгледав личните имиња со балканско потекло од: Библијата; потоа од сите спомнати дела на еврејскиот историчар Јосиф Флавиј; како и од житијата на светителите, кои дејствувале во првите децении по Христа преземени од делата на д-р Јустин Поповиќ (чиј список е спомнат на крајот од книгава). Ги прегледав личните имиња и од десетте

книги на делото *Историја на Црквата* од ранохристијанскиот историчар Евсевие, како и од овде споменатите апокрифни ранохристијански ракописи. Направив преглед и на личните имиња кои се спомнуваат на извесен број папируси (напишани на јазикот коине и преведени на англиски) од времето на Птолемеите, кои денес се чуваат во најголемите збирки на папируси во светот: Duke Papyrus Archive и Tebtunis Papyri. Содржината на овие папируси е различна и таа опфаќа широк дијапазон од официјални кралски документи, па се до најобични купо-продажни договори направени од обични граѓани; договори за позајмици и слично. Во овие папируси се среќаваат многубројни имиња со балканско потекло од кои мнозина сигурно дека им припаѓале на потомците на таму населените Македонци и Грци.

Во врска со прегледот на сите овие имиња можат да се изведат следните заклучоци:

1. Постоеле огромен број луѓе кои носеле лични имиња со балканско потекло во горенаведениот период, кои се спомнати во горенаведените извори. На најголемиот дел од личностите што ги носеле овие имиња, поради недостиг на дополнителни информации, не може да им се утврди етничкото потекло.

2. Оние личности кои носеле имиња со балканско потекло, на кои се знае етничката припадност, во најголем број и навистина биле Македонци и Грци. Како пример пак ќе ја спомнеме династијата на Птолемеите, во која името Птолемеј (кое рековме дека го имало и во постарата античко-македонска историја) се среќава како име на петнаесет личности, за кои со сигурност се знае дека биле Македонци. Има и други вакви примери.

3. Во изворите поврзани со историјатот на Светата земја од периодот што го разгледуваме, не сретнав примери на Евреи кои носеле лични имиња од македонскиот (балканскиот) ономастикон пред средината на 2 век пред Христа, т.е. пред присилната пагани-зација што им била наметната од страна на македонскиот владетел Антиох IV. Значи, во периодот од завземањето на Светата земја од страна на Александар Македонски (4 век пред Христа), па се до средината на 2 век пред Христа (времето на Антиох IV), Евреите си носеле еврејски лични имиња, познати уште од нивната постара историја. Македонците и Грците, пак, кои живееле во Светата земја во овој период си ги задржале своите лични имиња, иако живееле заедно со Евреите веќе речиси двесте години.

4. За првпат до прифаќање имиња со балканско потекло од страна на некои Евреи дошло токму во времето на Македонецот Антиох ИВ. Ова се случило поради присилната паганизација што тој им ја наметнал на Евреите. Иако Евреите веднаш кренале востание против него, сепак извесен број од нив подлегнале на паганизацијата. На овие Евреи им биле сменети личните имиња. Веќе спомнавме дека високиот еврејски свештеник Исус го добил балканското име Јасон. Ваков бил случајот и со други Евреи, кои сакале или не, морале да си ги сменат еврејските имиња со имиња од балканско потекло. Флавиј мошне пластично го опишува ова, кога пишува:

"*Исус си го смени името во Јасон, а Онија беше наречен Менелај"* (*Jewsh Antiquites*, XII, 12,5).

Во оваа појава нема ништо чудно и тоа се случува и денес во случаевите на присилно менување на националноста или на веро-исповедта. Знаеме дека во поново време на сличен начин на Македонците во Грција им се сменети личните имиња; понатаму на Турците во Бугарија исто така им беа присилно сменети имињата за време на диктаторот Тодор Живков, па така Асан стануваше Асен; Наим стануваше Наум и т.н. Вакви случаеви има уште многу во историјата. Значи, токму од времето на Антиох Четвртипочнале да се јавуваат првите Евреи со имиња од балканско потекло кои, иако отпрвин сосила им биле наметнувани, останале во семејната традиција кај некои од нив дури и во времето кога тие се ослободиле од Македонците и создале своја независна држава. Сепак, овој процес бил минорен во однос на огромното мнозинство Евреи кои и натаму си останале припадници на јудаизмот, чувајќи си ги имињата од сопствениот постар еврејски ономастикон. И Флавиј во своите дела споменува голем број Евреи од времето околу раѓањето на Исус Христос (но и подоцна), кои носеле чисти еврејски имиња и чиј список мислам дека нема потреба да го приложуваме.

5. По создавањето на независната еврејска држава и по проширувањето на нејзината територија во областите каде живееле Македонците се јавил обратен процес. Имено, сега Евреите почнале да ги јудаизираат Македонците пагани, па ништо чудно дека некои од подоцна споменатите "Евреи", кај кои се уште се среќаваат имиња од балканско потекло, всушност биле потомци на јудаизираните Македонци. Секако дека јудаизираните Македонци

(т.н. *прозелити*) со текот на времето значително го прифатиле и еврејскиот ономастикон (за што наведовме сведоштва од Евсевие).

6. Во првиот век пред Христа на сцената стапнуваат и Римјаните, кои барем во првиот век од нивното владеење, носеле лични имиња од сопствениот ономастион. Понатаму, овде се и арапските лични имиња: Јамлик, Забидел (*Прва Мак*, 11), Арета (*Втора Мак*, 5), Обода (*Jewsh Antiquites*, XVI, 7,6), Накеб, Силеј и други, за кои со сигурност се знае дека ги носеле Арапи.

7. Веќе кон крајот на првиот век по Христа доаѓа до извесно мешање на балканскиот, еврејскиот и римскиот ономастикон во Светата земја. Така, во ова време веќе се среќаваат поедини Евреи со римски имиња, поедини Римјани со македонски (балкански) имиња; јудаизираните Македонци веќе носеле еврејски лични имиња и сл. Кон ова мешање свој прилог дало и христијанството, кое било универзално за сите народи. Во следните векови оваа појава добила на својот интензитет.

Овде треба да ги спомнеме и ретките мешани македонско-еврејски бракови, чии потомци или приоѓале кон јудаизмот, или кон балканската паганска вероисповед. Можеби и на тој начин можат да се објаснат неколкуте случаеви на имиња од еврејскиот и од македонскиот ономастикон, кои се среќаваат во едно исто семејство (*Александар син на Симон* и сл.).

Има примери и на Евреи јудејци кои носеле имиња со балканско потекло, иако оваа појава не била така честа. Дали некои од овие личности биле потомци на јудаизираните Македонци или Грци?

8. Сепак, и покрај појавата на мешање на културите во Исусово време (барем за оние личности за чие етничко потекло постојат податоци, како што се македонските династии, бројни Евреи со еврејски имиња, неколкумина Арапи со арапски имиња и сл.), освен наведените исклучоци, и натаму секој етникум во голема мера си ги негувал имињата од сопствениот постар ономастикон. Најголемиот број Арапи носеле арапски лични имиња, најголемиот број Евреи носеле еврејски лични имиња, Римјаните во ова време носеле претежно лични имиња од сопствениот ономастикон, а таков бил случајот и со Македонците и Грците пагани, кои исто така носеле имиња од сопствените постари ономастикони.

Неколку размислувања за етничкото потекло на светиот апостол Филип

Сега, откако завршивме со нужните објаснувања да спомнеме неколку познати личности од тоа време и да направиме обид за поставување хипотези за утврдување на нивното етничко потекло. Ќе почнеме со светиот Исусов апостол Филип. Но, најнапред да кажеме нешто за неговиот живот и дејност.

Свети Филип бил еден од дванаесетте апостоли на Исус Христос. За животот на овој апостол многу малку се знае. Во Новиот Завет тој е спомнат само неколку пати. Неговото место на раѓање бил градот Витсаида. Во врска со неговата дејност, во познатата светска ЦД енциклопедија *Microsoft Encarta 98 Encyclopedia Deluxe Edition* (USA, 1998), во биографијата за свети Филип (наслов: *Saint Phillip*), пишува:

"*Свети Филип живеел во првиот век по Христа и бил еден од 12-те ученици на Исус Христос. Филип се спомнува како еден од апостолите во првите три Евангелија и во Дела апостолски, но она малку што се знае за неговиот живот е запишано во Евангелието по Јован. "* (...)

Светиот апостол Филип го среќаваме во настанот кога Исус Христос нахранил пет илјади луѓе со пет леба и со две риби (Јован 6:5-7). Исто така во Евангелието по Јован спомнат е и неговиот разговор со неколку Грци во Ерусалим, кои го прашале свети Филип дали може да го видат Исус, по што тој заедно со свети Андреј го известил Исус (Јован 12:21-22). Спомнат е и неговиот дијалог со Исус за време на Тајната вечера во врска со Бог Отец (Јован,14:8-10). Сочуван е и ранохристијански апокрифен ракопис посветен на делата на свети Филип.

Свети Филип бил убиен со распнување на крст кога бил на возраст од 87 години. Тоа се случило во 90 година по Христа. Неговите свети мошти денес се чуваат во Рим (*Житија....ноември*, стр. 414). Знак на распознавање на свети Филип е лебот, поради епизодата со хранењето на народот.

Од скудните податоци за неговиот живот може да се заклучи дека свети Филип бил во непосредна близина на Исус во времето на неговите најзначајни дела. Исто така можеме да констатираме и дека за животот и за етничкото потекло на свети Филип многу малку се знае.

Како прв елемент за поставување хипотеза за неговото не-еврејско етничко потекло ќе го спомнеме самото негово име. Јасно е дека името Филип е нетипично име за Евреите, што ќе го објасниме во продолжение.

Но, од друга страна нема никакво сомнение дека свети Филип пред да стане христијанин најпрво му припаѓал на јудаизмот. Ова може да се заклучи од неговиот дијалог со свети Натанаил кога свети Филип спомнал старозаветни сцени, т.е. кога рекол дека Исус бил тој за кого пишувале Мојсие и пророците. Понатаму, свети Филип присуствувал и на Тајната вечера по која апостолите заедно со Исус според јудејскиот обичај пееле псалми. Па, зарем ова не е доказ дека тој бил Евреин? Може, но и не мора да биде. Веќе спомнавме библиски докази, според кои имало и припадници на други народи, кои го прифатиле јудаизмот. Можеби токму таков било и семејството на свети Филип?

Сепак, за поставувањето хипотеза за не-еврејското етничко потекло на свети Филип ќе спомнеме една друга индиција. Да се потсетиме на библиската сцена во која група Грци му се обратиле на свети Филип со молба да ги одведе кај Исуса. Се поставува прашањето: зошто Грците му се обратиле токму на свети Филип, а не на некој од останатите апостоли? Можни одговори на ова прашање (кои воедно се и можни одговори околу етничкото потекло на свети Филип) се следните:

1.*Свети Филип бил по потекло Грк и затоа Грците му се обратиле токму нему*. Оваа претпоставка ја ставаме под сомнеж поради следните моменти. Како прво, во веќе споменатиот рано-христијански апокрифен ракопис посветен на делата на свети Филип, читаме дека тој по распнувањето на Исус, исто како и останатите апостоли, заминал да го проповеда христијанството низ разни земји. Притоа тој ја посетил територијата на денешна Грција (конкретно престојувал во Атина). Овде, од страна на Грците, тој бил пречекан како - странец! Во спомнатиот ракопис читаме:

"*...Филип влезе во градот Атина, наречен Хелада, каде што му пријдоа триста филозофи, кои рекоа: 'Ајде да видиме каква е неговата мудрост, затоа што се зборува дека мудроста на луѓето од Азија е голема... Тие се собраа на едно место и си рекоа еден на друг: 'Дојдете да погледнеме во нашите книги за да не се случи овој* ***странец*** *да не надмине и да не засрами.*"

Потоа читаме дека тие дошле кај свети Филип и му рекле:

"*...Ако ти ни носиш нешто ново, о* ***странецу****, покажи ни го смело и без завист, затоа што нам не ни треба ништо друго, освен да слушнеме нешто ново."*

Во продолжение читаме дека свети Филип почнал да им зборува на филозофите за Исус. Тие останале зачудени и решиле да му напишат писмо на високиот еврејски свештеник во Ерусалим за да побараат мислење од него за она што им го проповедал свети Филип. Во писмото до високиот еврејски свештеник, атинските филозофи, помеѓу другото, напишале:

"*Филозофите од Хелада до Ананија, големиот висок свештеник во Ерусалим (...) Еден* ***странец****, по име Филип, дојде во Хелада и со своите зборови многу не вознемири...*" (подетално за сето ова во: *Acts of Saint Philip the Apostle when he went to Upper Hellas*, The Acts of Philip, "*The Apocryphal New Testament*" M.R. James-Translation and Notes Oxford: Clarendon Press, 1924, стр. 505).

Значи грчките филозофи од Атина дефинитивно не го сметале свети Филип како свој сонародник, туку тие сосема јасно неколкупати го нарекле *"странец".* Оттаму, доколку им веруваме на податоците од овој апокрифен ракопис, отпаѓа претпоставката дека свети Филип можеби бил јудаизиран Грк.

2. *Свети Филип бил етнички Евреин и Грците му се обратиле на еврејски или на арамејски јазик*. Во прилог на оваа претпоставка е и еден извадок од гореспоменатиот апокрифен ракопис во кој пишува дека наводно свети Филип не знал ни грчки, ни латински, туку само арамејски. Сепак и претпоставката за еврејското етничко потекло на свети Филип има свои слабости.

Како прво веќе спомнавме дека неговото име воопшто не било вообичаено за Евреите. Впрочем, факт е дека постоеле случаеви на јудејци кои носеле имиња од постариот македонски ономастикон, но тоа сепак било ретка појава во однос на Евреите кои носеле имиња од постариот еврејски ономастикон. Освен тоа, за дел од јудејците со имиња од македонскиот ономастикон не се знае дали биле вистински Евреи по род, или пак можеби биле потомци на јудаизираните Македонци и Грци.

Понатаму, податокот дека свети Филип наводно не знаел ни грчки, ни латински е во целосна контрадикторност со податоците за неговите опширни разговори со мнозина Грци на територијата на денешна Грција, а секако и со оние Грци во Ерусалим, кои се спомнати во Библијата. Доколку тој и навистина не знаел грчки, тогаш испаѓа дека атинските филозофи со него зборувале на арамејски, а

тоа секако дека не може да биде прифатливо. Според тогашните политички и други прилики тешко може да се претпостави дека кој и да било тогашен Грк од Атина го знаел егзотичниот арамејски јазик. Исто е и со Грците со кои тој разговарал во Ерусалим. Да потсетиме дека тоа е време кога со Ерусалим веќе стотина години владееле Римјаните. Ова значи дека до колку овие Грци дошле од некоја подалечна територијата, т.е. од некоја азиска македонско-грчка населба или од територијата на денешна Грција за да го видат Исуса, тие апсолутно немале никаква причина, па ни можност, претходно да го научат туѓиот арамејски јазик.

Но, дали смееме да претпоставиме дека овие Грци дошле од територијата на денешна Грција или од некоја азиска македонско-грчка населба во Светата земја специјално за да го видат Исуса? Јасно дека тоа не може да се докаже, но се знае дека за време на дејствувањето на Исус и навистина доаѓале луѓе од подалечните земји за да ги видат неговите чуда. Во продолжение ќе наведиме пример на двајца жители на сириска Антиохија (Панкратие и Маркел), кои дошле во Светата земја само за да го видат Исуса откако разбрале за неговите чуда. Значи, сепак имало луѓе кои доаѓале од подалечните места за да го видат Исуса. Можеби такви биле и споменатите Грци?

Сигурно дека е можно овие Грци да биле жители и на Светата земја, но и во таков случај не знам дали можеме да претпоставиме дека го знаеле арамејскиот јазик, затоа што овој јазик тогаш бил зборуван од релативно мал број луѓе (иако ни оваа веројатност не треба да се отфрли). Сепак за Грците од Атина со кои свети Филип на долго и на широко разговарал и навистина тешко можеме да кажеме дека го знаеле арамејскиот јазик.

Дали податокот дека свети Филип го знаел само арамејскиот јазик не бил намерно вметнат во овој апокрифен ракопис исклучиво со цел да се покаже блискоста на свети Филип со Исус (за кого знаеме дека зборувал на арамејски)? Секако дека ова останува во доменот на шпекулациите.

Но, доколку податокот дека свети Филип исклучиво го зборувал арамејскиот јазик не одговара на вистината, зарем тогаш не се доведуваат во прашање и останатите податоци од овој апокрифен ракопис, конкретно разговорите на свети Филип со Грците во Атина? Овде пак навлеговме во сферата на шпекулациите. Воопшто за автентичноста на добар дел апокрифните ранохристијански ракописи теолозите и истражувачите отсекогаш

расправале и се уште расправаат. Факт е дека голем дел од податоците во овие ракописи се прифатени како автентични од Православната и од Католичката Црква. Но, од друга страна во овие ракописи има и такви податоци кои не одговараат на вистината. Овде нема да навлегуваме во анализа за автентичноста на апокрифниот ракопис посветен на делата на свети Филип, а за оние детали кои овде ги разгледавме можеме да кажеме дека некои од нив сигурно дека се претерани, но некои се и сосема веројатни. Конкретно нема ништо необично во тоа дека свети Филип и навистина бил во Атина, посебно ако се знае дека светите апостоли и навистина пропатувале многу земји за да го проповедаат христијанството. Оттаму сцената со грчките филозофи и навистина можела да биде автентична, посебно ако се знае дека свети Филип и во Ерусалим разговарал со Грци. Доколку ги прифатиме овие претпоставки, тогаш хипотезата за еврејското етничко потекло на свети Филип и навистина доаѓа под сомнение.

3. *Свети Филип имал македонско етничко потекло и тој со Грците разговарал на јазикот коине*. Ако ги земеме предвид слабостите на претходните две претпоставки, оваа претпоставка добива на својот интензитет (иако тоа не мора да значи дека е целосно прифатлива).

Значи оваа хипотеза би поаѓала од претпоставката дека свети Филип го знаел јазикот коине и затоа можел да се разбере со Грците за разлика од мнозинството Евреи, кои таму биле присутни. Се знае дека населените Македонци во Палестина добро го зборувале јазикот коине за разлика од мнозинството домородни жители на оваа земја и најверојатно така може да се објасни библиската сцена со Грците во Ерусалим, кои му се обратиле токму на свети Филип за да го замолат да ги одведе кај Исус.

Да потсетиме дека јазикот коине во Палестина го зборувале само горниот слој на домородците и тоа само како втор јазик. Но, тоа било така само во времето кога овој јазик бил официјален државен јазик во државата на Селевкидите. Подоцна, во времето кога се случила сцената помеѓу Грците и свети Филип (а тоа е времето кога со Палестина веќе владееле Римјаните), малку кој *обичен* Евреин имал посериозна причина допрва да го учи јазикот коине, затоа што овој јазик подолго време веќе не бил официјален јазик во делот од нивната земја со кој владееле Селвкидите. Во останатиот дел од Палестина (каде што во 139/138 година пред Христа била формирана независната еврејска држава) во времето

кога се случила сцената помеѓу свети Филип и Грците, јазикот коине веќе не бил официјален јазик речиси цели 170 години! До колку и навистина свети Филип го зборувал јазикот коине, тогаш можеме да претпоставиме дека свети Филип го научил овој јазик од своето семејство. За Македонците, пак, се знае дека не бил никаков проблем знаењето на овој мешан (заеднички) јазик, затоа што токму тие го наложиле овој јазик во земјите со кои владееле и сигурно дека си го задржале во семејната традиција и по пропаста на нивните држави. Сепак, Македонците го знаеле овој јазик како втор јазик (покрај мајчиниот македонски јазик). Дали останале записи од чистиот македонски јазик од времето на Селевкидите и Птолемеите во државите со кои владееле, допрва треба да се истражува.

Ова е исто како кога и во Македонија до не така одамна имаше стари луѓе Македонци, кои добро го зборуваа турскиот јазик само затоа што својата младост ја живееле во времето кога со Македонија владееле Турците, т.е. кога турскиот јазик бил официјален државен јазик во Македонија. Но, веќе нивните деца и внуци не знаат ниту збор од турскиот јазик, затоа што не живееле во времето на турското владеење со Македонија. Турскиот јазик, сосема разбирливо, дома си го задржаа само Турците, кои останаа да живеат во Македонија и по крајот на владеењето на Турција со Македонија. Исто било и тогаш во Палестина. Евреите (и тоа само горните слоеви) во времето на владеењето на Селевкидите го знаеле јазикот коине затоа што тоа бил официјален јазик во нивната држава. Но, веќе нивните деца, внуци и правнуци (а тоа е токму генерацијата на свети Филип) немале никаква потреба да го учат овој јазик затоа што овој јазик веќе одамна не бил официјален јазик во нивната држава, така што ретко кој Евреин тогаш го знаел овој јазик (иако имало ретки исклучоци на учени поединци Евреи, кои и подоцна го знаеле овој јазик). Овој јазик во семејната традиција си го задржале само Македонците и Грците. Оттаму, ако претпоставиме дека свети Филип го знаел овој јазик во времето кога истиот одамна не бил официјален јазик во Палестина, тој можел да го знае овој јазик само преку своето семејство, што претставува индиција за неговото македонско потекло. Дури и ако тој, или неговите предци, го прифатиле јудаизмот како своја вероисповед, јазикот коине не можеле да го заборават. И денес имаме Македонци припадници на разни вероисповеди (муслимани,

будисти и т.н.), кои дома си зборуваат на македонски јазик, што е и сосема нормално.

А, сега да кажеме нешто и за личното име на овој апостол. Она што може да претставува поткрепа во хипотезата за можното македонско потекло на свети Филип претставува самото негово име. За да го продолжиме нашето истражување потребно е да кажеме нешто и за спомнувањето на името Филип во наративните извори од тие времиња. Името Филип е старо и често име во македонскиот ономастикон, а во Библијата се спомнати само неколку личности со името Филип и за најголемиот дел од нив со сигурност се знае дека биле Македонци, додека за останатите тоа може да се претпостави. Во изданието на Библијата (Загреб, 1983) на последните страници е предаден список со имиња на сите позначајни личности спомнати во Библијата. Во овој список се спомнати и (според авторите) позначајните личности што го носеле името Филип (*Библија*,...стр 1299). Тие се:

1.Филип - таткото на Александар Македонски (Филип Втори Македонски). За него нема дилеми дека бил Македонец.

2. Филип - пријател на македонскиот владетел Антиох IV. Повикувајќи се на добро познатиот факт дека владетелите Селевкиди и Птолемеи во своето најблиско окружување држеле претежно Македонци со голема веројатност можеме да претпоставиме дека и овој Филип бил Македонец штом бил личен пријател на Антиох IV. Нему Антиох Четврти пред својата смрт му го доверил на чување на својот син Антиох V.

3. Филип - настојник на Ерусалим, поставен од Антиох ИВ. За овој Филип пишува дека по потекло бил Фригиец (*Втора Мак*.5). Веќе рековме дека Фригите (Бригите) дале свој значителен прилог во етногенезата на античките Македонци, поради што и овој Филип, гледано од етно-културен аспект, не бил многу различен од античките Македонци.

4. Четврта личност со името Филип спомната во горенаведениот список е токму свети Филип - апостолот Исусов! Ако го земеме предвид фактот дека за трите претходно спомнати значајни библиски личности што го носеле името Филип, постојат докази или силни индиции дека биле Македонци и ако (поради претходно наведените причини) го земеме предвид фактот дека (и покрај исклучоците) сепак Македонците биле тие кои најчесто ги носеле имињата од постариот македонски ономастикон во тие времиња,

мислам дека можеме да претпоставиме дека можеби и свети Филип бил потомок на таму населените Македонци.

Името Филип во Библијата е спомнато како име уште на пет личноти. Ќе ги спомнеме и нив.

5. Филип В - крал на Македонија, кој бил поразен од Римјаните (*Прва Мак*. 3,8). И за него се знае дека бил Македонец.

6. Филип - близок пријател на македонскиот владетел Антиох В. Со голема веројатност можеме да претпоставиме дека и овој Филип бил потомок на таму доселените Македонци, од кои добар дел секако дека живееле во најблиското опкружување на македонските владетели. Впрочем, ова било практика уште од времето на Александар Македонски, кога тој и покрај тоа што во неговата војска имал лојални војници од повеќе народи, сепак во своето најблиско опкружување држел исклучиво Македонци.

Од останатите три личности кои го носеле името Филип, а кои се спомнати во Библијата, двајца биле припадници на династијата на јудејскиот крал Ирод Велики (за чие можно македонско потекло ќе пишуваме во продолжение). Во Библијата е спомнат и свети Филип, кој бил еден од седумте свети проповедници, за кого исто така ќе пишуваме во продолжение.

Името Филип од времето на владеењето на Селевкидите го носеле уште две познати личности, кои ги нема спомнато во Библијата, но кои биле индиректно поврзани со настаните во и околу Светата земја. И за нив со сигурност се знае дека биле Македонци. Тоа се владетелите од династијата на Селевкидите: Филип I (95 - 85/83 пред Христа) и Филип Втори, кој во 63 година пред Христа бил симнат од престолот од страна на Римјаните по што државата на Селевкидите престанала да постои.

Инаку, името Филип се среќава уште одамна во античките наративни извори поврзани со Македонија. Најстарото наративно споменување на ова име во Македонија датира уште од 7 век пред Христа! Конкретно ова име го носел македонскиот крал Филип I, кој владеел со Македонија уште од 644 до 640 година пред Христа. Сигурно дека ова име во антиката го имало и кај Грците и практично не е можно да се утврди дали ова име било почесто кај Македонците или кај Грците. Херодот го споменува ова име само еднаш како име на некој Грк, кој живеел далеку по Филип И Македонски (*The history of Herodotus*, by Herodotus; translated by George Rawlinson). Старогрчкиот историчар Аријан во своите описи за подвизите на Александар Македонски го споменува името Филип

како име што го носеле четворица Македонци наспроти само еден Грк (Arrian: *The campaignes of Alexander;* translated by Aubrey De Selincourt, Pengiun books, 1971). Квинтиј Куртиј Руф споменува седум личности со името Филип, од кои исто така најголемиот дел биле Македонци. Конечно, во сите држави со кои владееле Македонците, името Филип, како име на македонски владетели, во наративните извори се среќава осум пати. И тоа во огромен временски распон, почнувајќи од 644 година (пред Христа), па се до 63 година пред Христа.

Сепак, нема докази дека името Филип било почесто кај Македонците во однос на Грците. За да се потврди ова нема да биде доволна ни анализата на сите досега познати антички грчки и останати извори во кои евентуално е спомнато ова име, затоа што не постојат податоци за степенот на прифатеноста на ова име среде обичниот грчки и македонски народ.

Но, ќе потенцираме дека името Филип кај Македонците (за разлика од Грците) било тесно поврзано со владеачките династии, па оттаму можеби можеме да претпоставиме дека сепак Македонците биле тие кои повеќе го користеле ова име во однос на Грците, барем ако се повикаме на тогашната традиција обичните луѓе да им ставаат имиња на своите деца според имињата на познати владетели од сопствениот народ или држава. (Впрочем, оваа традиција во извесна мера постои и денес кај многу народи).

Поради сето ова, можеме да заклучиме дека името на апостолот Филип може да претставува силна индиција за неговото можно македонско потекло. Секако дека подоцна ова име се проширило кај многу народи, но во антиката ова име било поврзано со владеачките кругови на Македонците, поради што било често име среде Македонците, иако го имало и кај Грците.

Свети Филип за време на своето дејствување имал средби и со Македонците од Македонија (иако нема податоци дека престојувал во нашата земја). Пак ќе се послужиме со цитат од гореспоменатиот апокрифен ранохристијански ракопис, во кој читаме дека, поради проповедањето за Исус и поради чудата што во Исусово име свети Филип ги направил во Атина, кај него почнале да доаѓаат луѓе и од околните области и земји. Во врска со ова читаме:

"*И славата за него се прошири низ цела Хелада и Македонија. И мнозина дојдоа кај него од околните градови,*

водејќи ги со себе оние кои беа болни од разни болести, а тој ги излекува сите нив во името на Исус."

Да кажеме неколку зборови и за родното место на свети Филип - градот Витсаида (Bethsaida). Дали има докази дека во Витсаида живеело не-еврејско население (конкретно Македонци)?

Пред да одговориме на ова прашање ќе кажеме дека библискиот град Витсаида со векови претставувал загатка за светските археолози. Вековните напори да биде пронајден овој град останувале без успех. Дури во 1980 година се случил првиот позначаен напредок во тој правец. Бенедиктинскиот монах отец Баргил Пикснер (Bargil Pixner) презел лична потрага по остатоците од градот Витсаида. Тој прегледал голем број историски извори, компарирал бројни податоци од разни научни дисциплини и конечно дошол до заклучок дека остатоците од библискиот град Витсаида се наоѓаат кај местото Ет-Тел кое се наоѓа околу три километри оддалечено од брегот на Генисаретското Езеро. Во 1985 година отец Пикснер ги објавил своите наоди, но веднаш бил нападнат од бројни опоненти. Суштината на овие напади била дека Витсаида бил град што се наоѓал на самиот брег на езерото, а локацијата што ја посочил Пикснер била прилично оддалечена од сегашниот езерски брег. Но, археолошките истражувања што биле преземени на локацијата Ет-Тел покажале дека отец Пикснер бил во право. Таму и навистина биле откриени остатоците од библискиот град Витсаида. Стручњаците по геологија докажале дека во времето на Исус овој град и навистина се наоѓал на брегот на Езерото, а дека подоцна, под влијание на реката Јордан, водата се повлекла, па така денес остатоците на Витсаида се наоѓаат на цели три километри оддалеченсост од сегашниот брег на езерото. Во 1987 година владата на Израел објавила официјално соопштение дека за прв пат по долговековната потрага биле пронајдени остатоците од градот Витсаида, токму на местото што го посочил отец Пикснер. Веднаш било пристапено кон интензивни археолошки ископувања, кои траат и денес. Во изданието "*Друштво на библиските археолози*", објавено во САД и достапно преку Интернет, објавен е преглед на позначајните археолошки наоди што досега се откриени во Витсаида. Овде читаме дека историјата на овој град се протегала некаде од 10 век пред Христа. Сепак се до потпаѓањето на Галилеја под власта на Македонците, Витсаида била само мала населба. ((Biblical Archaeology Society Washington, DC 20016-1700, USA Copyright © 2000). Археолошките наоди покажуваат дека Витсаида

доживеала значителен процут и препород токму во времето на владеењето на Македонците Птолемеи и Селевкиди. Во горенаведениот преглед читаме:

"*Во хеленистичкиот период (332-27 пред Христа), благодарение на местоположбата на Витсаида помеѓу моќните империи на Селевкидите и на Птолемеите, првата на север, а втората на југ, градот доживеал препород. Од овој период откриени се станбени реони со приватни куќи, од кои секоја имала по неколку соби опколени со цветни поплочени дворови."*

Во овој преглед читаме и за пронајдени подвижни предмети (садови за домаќинство и сл.) од балкански тип. Ова може да биде силна индиција дека и во Втсаида имало населено Македонци. Во прилог на ова е и горенаведената констатација дека овој град го доживеал својот препород токму во времето кога со него владееле Македонците. Веќе рековме дека Македонците ги доградувале постарите и помали населби во кралствата на Птолемеите и на Селевкидите и дека истите ги населувале со македонско и грчко население. Препородот што го доживеала Витсаида во нивно време ни дава за право да претпоставиме дека и овој град бил дограден и населен со Македонци.

Всушност, Витсаида и навистина се наоѓала во близината на "*македонските*" градови во Палестина (и во блискиот дел од Сирија). Така, на пример, градот Макед се наоѓал само неколку десетици километри од Витсаида, а толку биле оддалечени и градовите Пела и Дион. Ако се знае дека Македонците честопати ги граделе или доградувале градовите во кои живееле недалеку еден од друг, тогаш и ова може да биде индиција дека Витсаида и навистина бил значително проширен и населен од Македонците.

Интересен е и завршетокот на името на градот Витсаида (Бетхсаида), што на еврејски значи *Дом на рибарите*. Имено, завршетокот на името на овој град ("ида") е типичен завршеток што го имало и кај други македонски градови. Веќе спомнавме дека Македонците им ставале македонски имиња на градовите што ги граделе или доградувале и населувале во Палестина (и секаде каде што владееле). Притоа, некои од овие имиња завршувале токму со завршетокот "ида". Во Палестина, таков бил градот Птолемаида, кој рековме дека отпрвин се викал Ако, но бил преименуван од страна на македонскиот владетел Птолемеј Втори. Инаку, завршетокот "ида" како топонимски завршеток го имало и во постарата македонска топонимија (без разлика на неговото

потекло). Познато е дека постојат многу постари македонски топоними со овој завршеток. Да се потсетиме само на древните македонски области: ЛинкестИДА, ОрестИДА, АмфакситИДА и други. Дали е случајност тоа што и ВитсаИДА го имала истиот завршеток?

Инаку, настанот со хранењето на петте илјади луѓе, кои Исус ги нахранил само со пет леба и две риби се случил токму во близината на Витсаида. Овој настан го опишува светиот евангелист Јован (6:5-7), кој пишува дека кога Исус дошол во околината на Витсаида бил следен и окружен со многу народ. Бидејќи немало храна за сите, Исус му се обратил на свети Филип со зборовите: "*Каде да купиме леб за да ги нахраниме овие луѓе*?" Исус го поставил ова прашање за да го стави во искушение свети Филип, но сигурно и дека поради тоа што свети Филип во околината на својата родна Витсаида бил еден вид домаќин и тој секако дека знаел информации каде може да се купи леб и колку чини истиот. Свети Филип му одговорил на Исус дека дури и ако купат леб за двесте денари пак нема да има доволно за секого да добие барем по малку. По ова Исус го направил чудото со хранењето на петте илјади луѓе само со пет леба и две риби.

Светиот евангелист Марко (8:22-26) го споменува и лекувањето на слепецот од страна на Исус, кое исто така се случило во близината на Витсаида.

На крајот да заклучиме дека засега нема сигурни докази за етничкото потекло на свети Филип. Заедно со останатите претпоставки, постојат силни индиции и за поставување хипотеза дека неговото потекло можело да биде и македонско.

Светиот апостол Бартоломеј

Случајот со потеклото на името на светиот Исусов апостол Бартоломеј е многу интересен. Некои црковни историчари сметаат дека тој го добил своето име според името Птолемеј, кое било најчесто име во македонската династија Птолемеи. Во Регистарот на поважните имиња и зборови, објавен во изданието на Новиот Завет (International Bible Society, во превод на македонски ХБЦ "Радосна Вест", Скопје, 1999, стр. 757), во врска со етимологијата на неговото име, читаме:

"*Бартоломеј - арамејски Бар-Талмеј - еден од дванаесетте апостоли. Името најверојатно значи 'син на Птоломеј', т.е. син на египетски владетел.*"

Зошто овој Исусов апостол носел име тесно поврзано со тогашната македонска династија, која владеела со Египет? Мислам дека е пресмело да се претпостави дека можеби тој имал некаква врска со потомците на веќе непостоечката македонска династија во Египет. Сепак, од неговото име гледаме дека неговиот татко и навистина си викал Птолемеј. Да се потсетиме дека на арамејскиот јазик зборот *бар* значел *син*. Оттаму етимологијата на името Бартоломеј и навистина би била *син на Птоломеј* (Птолемеј). Значи, сепак неговиот татко носел име кое било често во македонската кралска династија.

Некои учени сметаат дека свети Бартоломеј всушност бил иста личност со светиот апостол Натанаил. За свети Натанаил се знае дека бил стар пријател на свети Филип. Дали можеби ги врзувало заедничкото етничко потекло?

Светите апостоли Петар и Андреј

Кога сме кај родниот град на свети Филип да го кажеме и тоа дека во овој град се родиле уште двајца Исусови апостола. Тоа се познатите апостоли свети Петар и неговиот брат свети Андреј. Па, зарем и тие имале некое далечно етничко потекло од Балканот? За нив се знае дека биле рибари и дека му припаѓале на јудаизмот. Понатаму, вистинското име на свети Петар било Симон, што прêтставува старо еврејско име. Во историографијата е прифатено дека тие биле етнички Евреи. Со целата почит кон ваквиот став, овде ќе спомнеме два интересни момента без претензии да менуваме што и да било во општо прифатениот став околу нивното еврејско етничко потекло.

Како прво, името на свети Андреј несомнено дека има балкански корен. Да се потсетиме на сличните имиња од постарите македонски и грчки ономастикони (Андриск, Андромах, Андро, Андроник и други). Сите тие го имаат истиот корен со името Андреј - корен, каков што го нема во еврејскиот ономастикон.

Понатаму, "второто име" (прекарот) на Симон, било Петар. Во Евангелието по Матеј (4:18), во врска со првата средба помеѓу Исус и свети Петар, читаме:

“Кога Исус минуваше крај Галилејското море ги забележа двајцата браќа Симон, наречен Петар, и неговиот брат Андреј...”

Во Евангелието по Лука (5:8) исто така пишува дека Симон бил наречен Петар.

Името *Петар* претставува форма на збор од јазикот коине (петрос = карпа). Ова име Симон го добил откако од Исус бил наречен *Кефа*, што на арамејскиот јазик (јазикот на кој зборувал Исус) значело карпа, т.е. камен (во смисла на темел на Христијанската црква). Но, за неговиот прекар Кефа тогаш бил користен и соодветниот коине-термин - Петар! Се поставува прашањето: кој го иницирал користењето на коине терминот *Петар,* како соодветен термин за прекарот *Кефа*? Секако дека тоа можеле да бидат само оние на кои поблизок им бил јазикот коине, отколку арамејскиот јазик, а тоа во најголема мера биле потомците на таму населените Македонци и Грци. Токму тие можеле прекарот Кефа да го *преведат* со соодветниот коине-термин *Петар*. Ова може да биде уште една индиција дека во непосредната близина на свети Петар и свети Андреј (градот Витсаида и околината) имало луѓе со балканско (македонско или грчко) потекло.

Во веќе споменатиот ранохристијански апокрифен ракопис *Делата на Петар*, напишан во 5 или 6 век, спомнато е името на ќерката на свети Петар, која наводно се викала Петронила. Автори на овој ракопис биле ранохристијанските писатели Нерej и Ахилej. Доколку овој податок е вистинит, тогаш очигледно дека и неговата ќерка носела име со корен од јазикот коине. (*Acts of Peter*, Coptic fragment, From "*The Apocryphal New Testament*" M.R. James-Translation and Notes Oxford: Clarendon Press, 1924).

Светиот апостол Тадеј

Свети Тадеј бил еден од дванаесетте Исусови апостоли. Тој се родил во киликискиот град Едеса (денешниот турски град Урфа). Овој град бил изграден од Македонците Селевкиди, кои му ставиле име според стариот македонски град Едеса (Воден). Градот отпрвин бил воена станица на Селевкидите. Во *The Hutchinson Encyclopedia* (Helicon Publishing, наслов *Edessa*), во врска со настанокот на овој град читаме:

“Градот бил основан како воена населба од страна на Селевк I, еден од генералите на Александар Велики.”

Во апокрифниот ранохристијански ракопис *Делата на светиот апостол Тадеј* (*Acts of the Holly Apostle Thaddaeus One of Twelve*, From The New Advent: Fathers of the Church http:// www. csn. net/ advent/ fathers/ fathers.htm) читаме дека овој апостол отпрвин се викал Лебеј (Лебаеус). Иако овде пишува дека тој бил Евреин, интересно е тоа што неговото име не е типично име за еврејскиот ономастикон, туку нападно асоцира на име со корен од постарата македонска историја. Да се потсетиме на сторијата од Херодот (BIII) за настанокот на македонската држава. Во оваа сторија читаме дека тројцата браќа Пердика, Гаван и Аероп работеле кај некој крал, кој одбил да им плати за работата. Овде читаме:

"Трите потомци Теменови: браќата Гаван, Аероп и Педрика избегале од Арг во Илирија, а од Илирија, навлегувајќи во Горна Македонија дојдоа во градот Лебеа. Тука се вработија да служат кај кралот. Едниот ги чувал коњите, вториот говедата, а најмалиот од нив Пердика, ги чувал козите и овците. Беше тоа време кога и кралевите, а не само народот беа сиромашни и немаа пари. Лебот го месеше и печеше самата кралица. Ама, кога и да го печеше лебот за најмладиот, овчарот Пердика, тој секогаш двапати нараснуваше. И откога тоа истото секогаш се повторуваше, му раскажа таа на својот маж за ова. Штом кралот тоа го дочу, се сети дека тоа може да биде некој чуден знак и дека претскажува нешто важно. Тој ги повика слугите и им нареди да ја напуштат неговата земја. Овие пак му рекоа дека веднаш ќе си одат штом ќе ја добијат платата што ја заслужиле".

Во продолжение читаме дека кралот одбил да им плати и им наредил на слугите да ги убијат, но тројцата браќа избегале преку реката, која подоцна надојдела и ги спасила. Без разлика дали оваа приказна била вистинита или не (за што веќе пишувавме) сигурно дека таа останала длабоко врежана во традицијата на Македонците. Интересно е името на градот во кој тројцата браќа отпрвин работеле. Овој град се викал - Лебеа (Лебаеа) и токму нараснувањето на **лебот**, што бил печен за Пердика, бил повод за судирот помеѓу кралот и тројцата браќа Теменови.

Дали името на овој таинствен и древен македонски град има врска со првобитното име на свети Тадеј, кое рековме дека гласело Лебеј? Дури и ако тој и навистина бил Евреин, не треба да се запостави фактот дека токму Македонците го изградиле и (барем отпрвин) го населиле неговиот роден град Едеса.

Во гореспоменатиот ракопис *Делата на светиот апостол Тадеј* читаме дека Лебеј од Едеса бил многу побожен човек. Еден ден заминал за Ерусалим, токму во времето кога во Светата земја дејствувал свети Јован Крстител. Лебеј бил крстен лично од свети Јован Крстител, кој му го ставил името Тадеј. Потоа Тадеј станал еден од дванаесетте Исусови апостоли, а по извесно време се вратил во Едеса каде почнал да го шири христијанството. Во апокрифниот ракопис се спомнати храмови со идоли во Едеса, што секако дека се однесува на паганските храмови, што пак претставува доказ за постоењето на македонска популација во овој град.

Светиот евангелист Лука

Како значајна личност за која постојат силни индиции дека имал македонско етничко потекло ќе го спомнеме и светиот евангелист Лука. Тој е најзастапениот автор во Новиот Завет - вистински исполин на христијанството, од чии дела континуирано се напојувале, се напојуваат и ќе се напојуваат сите генерации христијани. Свети Лука ги напишал клучните делови од Новиот Завет, а тоа се: *Евангелието по Лука* и *Делата апостолски*.

Она што е малку познато за пошироката јавност кај нас е фактот дека свети Лука, пред да стане христијанин, воопшто не му припаѓал на јудаизмот. Напротив, тој отпрвин бил "*паган*", припадник на балканската паганска култура и религиозно сфаќање. Тој дури не бил ни роден во Палестина.

За поставувањето хипотеза за можното македонско потекло на свети Лука ќе наведеме неколку индиции.

Прво, ќе кажеме дека за свети Лука некои библиски историчари сметаат дека бил роден во градот Антиохија. Овие историчари главно се потпираат на пишувањето на ранохристијанскиот историчар Евсевие.

Ова сфаќање е презентирано како веродостојно во хрватското издание на Библијата (Библија, Загреб, 1983, стр. 1236), каде во врска со ова читаме:

"*Првите податоци за Лука ги црпиме од 'Делата апостолски', од така наречените 'ние-делови' (пишувани во прво лице множина). Според овие податоци,Лука се родил во Антиохија сириска,веројатно од родители пагани,каде што, многу*

рано,некаде околу 40 година,станал христијанин. Павле го сретнал во Троада на своето Второ мисионерско патување,од каде што го одвел во Филипи, каде што најверојатно го оставил како пазител на првиот европски центар на христијанството."

Во врска со родното место на свети Лука постои и друга теорија, која ќе ја спомнеме во продолжение.

Но, пред тоа да ги разгледаме податоците за градот Антиохија, како можен роден град на свети Лука. Кој го основал овој град? Каков бил неговиот етнички состав? Ќе наведеме неколку факти, кои се малку познати во нашата поширока јавност.

Како прво рековме дека градот Антиохија бил основан од Македонците, конкретно од македонскиот владетел Селевк И во 300 или 301 година пред Христа. Градот го добил името според таткото на Селевк, кој се викал Антиох.

Барем во првиот период од неговото основање градот претежно бил населен со Македонци, што е и разбирливо ако се знае дека Антиохија била престолнина на македонското кралство на Селевкидите. Подоцна, по пропаста на државата на Селевкидите, Антиохија потпаднала под римска власт, но сигурно дека Македонците и натаму останале доминантно население во овој град, барем во првиот период по римската окупација.

Претежно македонското етничко потекло на жителите на Антиохија е потенцирано во повеќе извори. Овде ќе наведеме некои од нив. Во ЦД енциклопедијата Енцарта (цит. дело, наслов Антиоцх Туркеs), сосема јасно пишува дека овој град бил изграден токму од Македонците. Овде читаме:

"Античкиот град Антиохија бил многу поголем од денешниот. Тоа бил главен град на династијата на Селевкидите во Сирија, но бил главен град и на римската провинција. Градот бил изграден во 301 година пред Христа, од страна на Селевк И, кој бил еден од генералите и наследниците на Александар Велики... Антиохија бил центар на христијанизацијата надвор од Палестина. Апостолите проповедале таму пред да ги почнат своите мисионерски патувања..".

Во енциклопедијата *The Columbia Encyclopedia* (Fifth Edition Copyright ©1993, Columbia University Press) во врска со настанокот на Антиохија читаме:

"*Антиохија била изградена во 300 година пред Христа од страна на Селевк Први, кралот на античка Сирија. Градот го*

добил името според неговиот татко Антиох, кој бил македонски генерал... Антиохија била ранохристијански центар..".

Значи, во светската наука е добро познато дека токму Македонците го основале и населиле градот Антиохија. Нема основа да се тврди дека нивните потомци не живееле таму и во времето на Исус и апостолите, па и подоцна. Само така може да се објасни терминот "*пагани"* што е употребен во Библијата за жителите на овој град, а секако и за жителите на останатите градови кои своевремено биле изградени и населени од страна на Македонците.

И еврејскиот историчар Јосиф Флавиј од првиот век по Христа сосема јасно ги споменува Македонците како доминантни жители во градот Антиохија. Флавиј пишува дека македонскиот владетел Селевк Никатор им дал граѓански права на Евреите во Антиохија, исти онакви какви што имале и Македонците во овој град, кои таму биле привилегирани. Во врска со ова Флавиј пишува:

"*Евреите добија почести од кралевите на Азија тогаш кога им станаа потчинети. Селевк Никатор ги направи граѓани во оние градови што тој ги изгради во Азија и во долниот дел на Сирија, па дури и во самата метропола Антиохија, каде што им даде исти такви привилегии, какви што веќе имаа Македонците и Грците, кои таму беа населени".* (*Jewsh Antiquites...* XII,3,1).

Штом Флавиј најпрво ги спомнува Македонците како жители на Антиохија, а дури потоа Грците и Евреите, јасно е дека тие биле најдоминантни жители на овој град. Впрочем, ова е сосема нормално ако се знае дека Антиохија бил главен град на кралството на Селевкидите.

Интересно е и тоа што во времето на престојот на свети Павле во Антиохија тамошниот градски старешина се викал - Александар! (*Житија... септември*, стр. 448).

Доказ за македонскиот етно-културен карактер на Антиохија се и житијата на светителите, кои потекнувале или престојувале во овој град. Во повеќе житија во кои се споменува Антиохија се потенцира дека таму се славеле паганските божества. Така, на пример, во житието на светите маченици Трофим, Саватиј и Доримедонт, спомната е прославата во чест на богот Аполон што ја вршеле жителите на Антиохија и тоа во 3 век по Христа (*Житија... септември*, стр. 343). Секако дека ова е уште еден доказ за македонскиот етнички карактер на овој град.

Дури и во шестиот век по Христа (значи речиси осум и пол векови по основањето на Антиохија), во овој град се среќаваат траги од неговото македонско наследство. Во овој век византискиот историчар Прокопие во своето дело "Тајната историја" (12 глава) споменува име на еден жител од градот Антиохија, кој се викал Македонија (Мацедониа)! Тоа бил некој танчер, кој бил близок до византиската царица Теодора (Procopius: *Secret History*, translated by Richard Atwater, Chicago: P. Covici, 1927; New York).

Сите овие податоци практично значат дека постои многу голема веројатност дека токму од редовите на потомците на доселените Македонци во Антиохија потекнале низа значајни личности кои се родиле во овој град, а кои во продолжение ќе ги спомнеме. Секако дека овде пред сите се издвојува светиот евангелист Лука (доколку ја прифатиме теоријата, според која тој се родил во Антиохија).

Како втора силна индиција за македонското потекло на светиот евангелист Лука ќе ја спомнеме неговата паганска вероисповед и неговото одлично познавање на јазикот коине.

Во Библијата (цит. дело, стр. 1236), читаме:

"Лука спаѓа во редовите на хеленистички едуцираните шампиони на христијанството, што се гледа и од самото негово двочлено дело: Евангелието и Делата апостолски..."

Впрочем, свети Лука ги напишал своите дела од Новиот Завет токму на јазикот коине, за кој рековме дека претставувал мешан јазик. Дека неговите дела (но и остатокот од Новиот Завет) биле напишани на јазикот коине (а не на грчки јазик) ќе наведеме цитат од ЦД енциклопедијата Encarta (цит. дело, наслов *Bible*), каде во врска со ова, пишува:

"Од вон-библиските истражувања на тој период, сега е сосема јасно дека јазикот на Новиот Завет бил јазикот коине".

Познатиот библиски историчар Д-р Чарлс Френсис Потер децидно потенцира дека јазикот на Новиот Завет не е грчки, туку дека е коине. Тој дури ги обвинува сите оние кои тврделе дека Новиот Завет бил пишуван на "*старогрчки јазик*". Во врска со ова д-р Потер пишува:

"*Таканаречениот 'Грчки Нов Завет' не бил напишан на литературен грчки јазик, туку бил напишан на обичниот јазик коине. Тоа што овој факт не бил сфатен се до 20 век секако дека претставува една од најголемите грешки на учените која имаше трагични ефекти".* (Dr Charles Francis Poter: *The Lost Years of Jesus*

Revealed; A Fawcett Gold Medal Book, Published by Ballantine Books, Copyright 1962, 1958, CBS Publications, стр. 40).

Веќе спомнавме дека д-р Потер тврди дека јазикот коине во тоа време отприлика бил исто што е денес јазикот есперанто.

Значи, Новиот Завет бил напишан на јазикот што токму Македонците го наложиле како официјален јазик во земјите со кои владееле. Токму на овој јазик пишувал и свети Лука, кој освен тоа (според некои теории) бил роден во град каде што доминирале Македонците. Иако во Антиохија имало и еврејска колонија за свети Лука се знае дека не бил припадник на јудаизмот.

Како трета индиција за неговото можно македонско потекло е самото негово име. Коренот на името Лука е во терминот "*лукас*" што на јазикот коине, значело светлина. Овој термин го имало и во латинскиот јазик и тешко е да се утврди неговото вистинско потекло. Но, факт е дека не станува збор за еврејско име.

Како четврта индиција за можното македонско потекло на свети Лука, ќе споменеме дека самиот тој во своето дело *Дела апостолски* (16) пишува дека откако дошол во македонскиот град Филипи таму разговарал со некои жени. Сето ова свети Лука го пишува во прво лице множина, што значи дека тој лично учествувал во разговорите со Македонците. На кој јазик разговарал свети Лука со Македонците? Дали тој, покрај јазикот коине, го зборувал и стариот народен македонски јазик, па така умеел да се разбере со нив? Тешко дека може да биде даден дециден одговор на овие прашања, но факт е дека токму свети Лука бил тој што бил оставен од свети Павле како "*пазител*" на христијанството во Македонија, каде останал неколку години. Дали можеме да претпоставиме дека свети Павле го избрал токму свети Лука да го остави во Македонија само поради неговото македонско потекло, т.е. поради познавањето на македонскиот јазик, преку кој, свети Лука лесно можел да комуницира со тамошните Македонци? Да го кажеме и тоа дека во Библијата се спомнати и други разговори помеѓу свети Лука и жителите на Македонија.

За македонското етничко потекло на светиот евангелист Лука ќе спомнеме уште еден интересен податок. Имено, кај нас е малку познато дека во светот постојат сериозни странски истражувачи кои тврдат дека свети Лука и навистина бил по потекло Македонец. Овие истражувачи тврдат дека свети Лука не бил роден во Антиохија, туку дека бил роден во - Македонија (иако рековме дека и Антиохија била претежно населена со Македонци)! Како доказ за

постоењето на оваа теорија, ќе наведеме дел од биографијата на свети Лука, преземен од светски познатата општа ЦД американска енциклопедија Encarta (цит. дело, наслов: "*Luke, saint*"). Текстот за биографијата на свети Лука во оваа енциклопедија е составен врз основа на делата од врвни светски познавачи на оваа тема. Некои од овие библиски историчари претпоставуваат дека свети Лука бил Македонец од Македонија и дека всушност тој го повикал свети Павле да дојде во Македонија. Во врска со ова, во наведената енциклопедија читаме:

"*Свети Лука живеел во првиот век по Христа. Во Новиот Завет тој е претставен како придружник на свети Павле...Тој веројатно бил паган, затоа што свети Павле го одделува него од своите еврејски соработници ... Како што употребата на прво лице множина во Делата апостолски (16:10-17) може да ни покаже,* ***и ако авторот на Делата апостолски бил "човекот од Македонија"*** *(Дела апостолски, 16:9), Лука очигледно му се придружил на Павле во Троада, главниот град на Римската провинција во Азија*. *Подоцна, тој веројатно го придружувал Павле на неговото Второ мисионерско патување се до античко-македонскиот град Филипи, каде останал неколку години, додека Павле патувал низ Грција и Македонија.* (...)" (Подвлекувањето е мое, з.м.).

Значи, според оваа теорија, свети Лука бил Македонец од Македонија и токму тој го повикал свети Павле да дојде во нашата земја. Притоа, свети Лука го пречекал свети Павле во Троада (малоазиски град недалеку од Македонија), а потоа заедно со него се вратил во Македонија.

Уште подецидна потврда за постоењето на оваа теорија имаме во познатото американско издание "*Библиски земји"* (*Библеландс*) пишувано под надзор на д-р Клинт Арнолд од Теолошкиот Талбот Семинар. Овде исто така е спомната претпоставката дека свети Лука бил Македонец од Македонија. Во врска со ова читаме:

“Додека престојувал во Троада, Павле имал визија на човек од Македонија, кој го повикал да појде во таа провинција. ***Некои претпоставуваат дека човекот од Македонија бил лично Лука****,но ова тешко може да се потврди*”.(Подвлекувањето е мое, з.м.).(*The Apostle Paul's Visit to Philippi, History of Phillipi*, Dr.Clint Arnold and his class at Talbot Theological Seminary,The Biblelands Project. Copyright 1999 by Mustardseed Media,Inc Web site:http://www.mustardseed. net).

Најнакрај ќе спомнеме уште една многу силна индиција за можното македонско етничко потекло на свети Лука. Се работи за еден неверојатно интересен податок, кој речиси воопшто не е познат во нашата поширока јавност. Знаеме дека свети Лука ги напишал своите библиски дела (*Евангелие по Лука* и *Дела апостолски*) на јазикот коине. Внимателните проучувачи и аналитичари на најстарите преписи на неговите дела дошле до едно зачудувачко откритие. Тие откриле дека свети Лука во *Дела апостолски* употребил еден античко-македонски збор, што го немало во ниту еден друг текст откриен на територијата на денешна Грција. Истиот овој збор го имало на бројни натписи широм цела Македонија, но не и на територијата на денешна Грција. Овој збор бил откриен и на античкиот споменик “Вардарова Порта” во Солун. Во гореспоменатото издание *Библиски земји* во врска со сето ова читаме:

“*Лука, во своите објаснувања за престојот на Павле во Солун, употребува еден збор за 'градските старешини' што не се среќава во ниту еден друг текст од грчката литература. Истиот овој збор е пронајден на еден натпис на 'Вардаровата Порта', како и на бројни други натписи низ цела Македонија. Овој податок дава поткрепа во прилог на историската автентичност на објаснувањата на Лука.”* (*Archaeological Remains in Thessalonica*, Thessalonica, Dr.Clint Arnold and his class at Talbot Theological Seminary,The Biblelands Project. Copyright 1999 by Mustardseed Media, Inc Web site: http://www. mustardseed.net).

Интересно е тоа што во овој текст, “*Вардаровата Порта*” во Солун на англиски е напишана како “*Vardar Gate*”, а не како “*Axios Gate*”! (Подетално за сето ова, како и за улогата на Солун во библиските настани и во изданијата: "*Thessalonica*," in *The Anchor Bible Dictionary*. Volume 6. Edited by David Noel Freedman. New York: Doubleday, 1992; Simpson Jr., J.W. "*Thessalonians, Letters to the*," in *Dictionary of Paul and his Letters*. Downers Grove & Leicester: Intervarsity Press, 1993 i "*Thessalonica*," in *The International Standard Bible*

Encyclopaedia. Volume 5. Edited by James Orr. Grand Rapids: Wm. B. Eerdmans Publishing Co., 1974).

Но, кој е тој античко-македонски збор, што го употребил свети Лука, а кој збор го немало во ниту еден литературен античко-грчки текст? Тоа е зборот *политарси* (politarchos), чија етимологија била токму *градски старешини*. Овој термин свети Лука го употребил во *Дела апостолски* (17,6).

Кои биле *политарсите*? Тоа биле еден вид локални (градски) управници. *Политарсите* биле чиста македонска институција, која ја немало во ниту еден грчки град-држава. Токму затоа овој термин е пронајден исклучиво на натписи на територијата на Македонија и токму затоа истиот го немало во ниту еден античко-грчки текст! Најстарото спомнување на овој термин датира уште од 3 век пред Христа, т.е. од времето на македонскиот владетел Касандар. Овој термин (институција) се среќавал и на натписи во македонските колонии, т.е. територии што тогаш биле под македонска власт. Конкретно натписот од 3 век пред Христа се наоѓа на територијата на тогашна Илирија, која во тоа време била македонска колонија. Римјаните, и по окупацијата на Македонија, ја задржале оваа институција во македонските градови, па од римско време, на територијата на Македонија, има зачувано повеќе од педесет натписи во кои се споменува терминот *политарси*. На територијата на денешна Грција, пак, ниту од римско време не е откриен ниту еден текст во кој е спомнат овој античко-македонски термин.

Некој можеби ќе забележи дека овој термин во основа е грчки. Терминот всушност претставува кованица во која се содржани именките: *град* и *владетел* (*полит-арси*). На ова ќе одговориме дека е факт оти меѓу досега зачуваните зборови од античко-македонскиот јазик се среќаваат некои зборови, исти или слични со соодветните термини до тогашниот грчки јазик. Но, за овие зборови рековме дека античките Македонци и навистина ги позајмиле од античкиот грчки јазик. (Овде нема да навлегувам во елаборирање на анализите на старогрчкиот јазик во смисла, кои елементи од овој јазик не биле оригинални грчки, туку биле преземени од постарите јазици. Оставам можност за прифаќање сите идни откритија во овој правец).

Веќе рековме дека и во денешниот македонски јазик имаме прифатено многу странски термини за кои немаме соодветни наши (телевизор, сателит, аудио-систем, телефон) и многу други.

Е, сега да претпоставиме дека во денешниот македонски јазик ќе биде создадена некоја кованица од два вакви увезени збора, која ќе одговара само на некој автентичен македонски поим. Ваквата кованица (иако во основа ќе биде создадена од увезени зборови) сепак ќе биде македонска, затоа што ќе ја нема во останатите јазици, па дури ни во оние од кои се прифатени зборовите што ја сочинуваат. Ист таков бил случајот и со зборот *политарси*. Тој збор е македонска кованица, соодветна за автентичен македонски поим (специфичен облик на локална самоуправа) што, како таква, ја немало во јазикот од кој биле примени зборовите од кои таа била создадена.

Значи терминот (кованицата) *политарси* Македонците најверојатно го создале од позајмени грчки зборови, но она што е поважно е фактот дека ваква кованица немало во тогашниот грчки јазик, затоа што ваква институција немало на територијата на денешна Грција. Тоа била чиста македонска инситуција.

Но, да се вратиме на светиот евангелист Лука. Се поставува прашањето: зошто тој го употребил античко-македонскиот термин "*политарси"* во своите *Дела апостолски?* Дали можеме да претпоставиме дека тој и навистина бил Македонец од Македонија, кој како домороден жител, многу добро знаел за оваа македонска институција, па затоа и ја спомнал во своите дела?

Сигурно дека доколку тој би бил Грк (или каков било друг странец) тешко дека би употребил "*туѓ*" термин, затоа што се знае дека Грците во антиката воглавно ги *погрчувале* сите странски термини (поими, топоними, па дури и лични имиња) на кои наидувале. Тоа е познатиот феномен *Интерпретато Граеца*. Преку овој феномен оригиналните имиња на мнозина египетски, индиски, либиски, македонски и други негрчки божества во старогрчките записи биле заменувани со имињата на најблиските соодветни божества од грчката митологија. Тогашните старогрчки автори воопшто не се мачеле да ги запишуваат оригиналните имиња на овие божества, туку едноставно нив ги заменувале со имиња од сопствената култура. Така било и со личните имиња и топоними од странските негрчки народи. За сето ова постојат неколку стотици примери, на кои ќе се задржиме во следната книга, а овде ќе посочиме само на некои од нив.

Познато е дека античките Грци ги претставувале како грчки имињата на туѓите божества, кои немале никаква врска со грчката митологија. Интересен е случајот со Херодот. Пишувајќи за

Арапите, тој тврди дека нивни најважни божества биле "*Бахус"* и "*Уранија"* (!?), што секако дека воопшто не одговара на вистината. Но, во продолжение, самиот Херодот дава дополнително објаснување. За Арапите тој објаснува дека (цитат): "*Бахус на нивниот јазик го викале Оротал, а Уранија, Алилат"*. Значи, овде не станува збор за никакви "*Бахус"* и "*Уранија"*, туку за арапските божества *Оротал* и *Алилат*, кои Херодот (со цел да им ги приближи на грчките читатели), самоиницијативно ги преименувал *Бахус* и *Уранија.* Тоа е тој познат феномен на *Интерпретато Граеца.* Така правел Херодот (но и сите останати антички автори). Во случајов, арапските божества *Оротал* и *Алилат* најмногу го потсетувале на неговите *Бахус* и *Уранија* па затоа така и ги претставил, иако тие биле нешто сосема различно.

За религијата на Арапите пишувал и античкиот грчки историчар Аријан, кој, пак, тврдел дека Арапите славеле само два бога, и тоа: *Уран* и *Дионис* (!?), што секако дека исто така не одговара на вистината. (Arrian: "*The campaignes of Alexander",* translated by Aubrey De Selincourt, Pengiun books, 1971, с. 382).

Се знае дека во старогрчките извори и за египетските божества биле употребувани поинакви епитети и називи ("*Египетска Атена"* и сл.), а познатата египетска божица *Изида* Грците ја нарекувале "*Египетска Афродита".*

Ист е случајот и со либиските богови. Херодот ги опишува обичаите на либиското племе Аусијани, за кои пишува дека ја славеле божицата "*Минерва"* (!?), што исто така не одговара на вистината. Меѓутоа, во продолжение, Херодот повторно објаснува дека таа божица не се викала Минерва, туку дека таа си била оригинална аусијанска божица, која според неговите сфаќања имала слични карактеристики на "*грчката Минерва".* Херодот пишува:

"Аусијаните секоја година одржуваат прослави на божицата Минерва... Тие велат дека овие ритуали ги наследиле уште од своите предци и дека преку нив тие ја славаат својата божица, која е иста како Минерва (Атена) кај Грците."(The History of Herodotus, by Herodotus, translated by George Rawlinson).

Според ова испаѓа дека, ем Аусијаните ја славеле "*грчката божица Минерва"*, ем таа била нивна оригинална божица, наследена од нивните предци, што е сосема нелогично и контрадикторно. Во продолжение Херодот ги опишува овие либиски (аусијански) ритуали и од овој опис сосема јасно гледаме дека станува збор за нешто сосема непознато во грчкиот свет во

однос на грчкото славење на Минерва (Атена). Значи, на оригиналната либиска (аусијанска) божица, Херодот самоиницијативно и го сменил името во "*Минерва",* веројатно со цел што повеќе да им ја приближи претставата за оваа божица на своите читатели.

И за домородците во Етиопија Херодот пишува дека ги славеле "*Бахус" и "Јупитер"*, што исто така не одговара на вистината. Којзнае како се викале овие етиопски божества што Херодот ни ги претставил како "*Бахус"* и "*Јупитер"*.

Слично пишува и грчкиот историчар Аријан, кој пишува дека жителите на персискиот град Магарсус ја славеле "*локалната Атена"* (Arrian... стр. 109), иако се знае дека Персијанците си имале сопствена религија, различна од грчката. Аријан дури си дозволил да напише и дека лично персискиот крал Дарие Трети, откако бил целосно поразен од Александар Македонски, наводно му се помолил на - Зевс (!?), иако се знае дека персискиот врховен бог се викал *Мардук* или *Бел*, а не *Зевс*.

Аријан (исто, стр. 257) пишува и дека Индијците од Ниса наводно го славеле *Дионис* (!?). Којзнае како се викал тој индиски бог, што Аријан ни го претставил како *Дионис*. Вакви примери има уште многу.

Освен во религијата, старогрчките историчари практиката на менување на туѓите термини ја применувале и во негрчката топонимија. Така, на пример, Аријан големата средноазиска планина Хинду-Куш ја запишал како "*Индискиот Кавказ"* и т.н.

А, сега да го повземе сето ова со светиот евангелист Лука. Доколку тој бил Грк, тогаш со голема веројатност можеме да претпоставиме дека (во склад со однесувањето на мнозинството тогашни грчки автори, кои обилно го користеле феномненот *Интерпретато Граеца*) и тој би го *заменил* македонскиот термин *политарси* со некој приближен, нему познат и поблизок, грчки термин за *градските старешини*. Но, тој го употребил токму оригиналниот македонски термин. Дали ова не е силна индиција за неговото македонско етничко потекло?

На крајот ќе спомнеме еден значаен податок, а тоа е фактот дека делови од своето Евангелие свети Лука ги напишал токму во Македонија, и тоа во градот Филипи (подетално кај: Д-р Ѓорѓи Поп-Атанасов: *Библијата за Македонија и Македонците*, цит. дело, стр.115).

Интересно е и тоа што додека светиот евангелист Лука среде Македонците пишувал делови од Евангелието, на територијата на денешна Грција тој бил мачен и - обесен! Конкретно свети Лука бил убиен од Грците во Теба. Во коментарот за неговото житие (*Житија...октомври*, стр. 340), во врска со ова читаме:

"Многу е веројатно дека свети Лука бил очевидец на маченичкиот крај на светиот апостол Павле во Рим. По маченичкиот крај на светиот апостол Павле, свети Лука го проповедал Господ Исус Христос во Италија, Далмација, Галија, а посебно во Македонија, во која и пред тоа работел неколку години. Потоа го благовестил Христа и во Ахаја... Свети Лука имаше осумдесет и четири години, кога злобните идолопоклоници го ставија на маки поради Христа и го обесија на едно маслиново дрво во Теба Беотиска (територијата на Грција, з.м.)".

Света Марија Клеофина и света Марија Магдалена

Кога раскажува за распнувањето на Исус Христос на крстот, светиот евангелист Јован (19:25) пишува:

"Крај крстот на Исус стоеја неговата мајка и сестрата на неговата мајка, Марија Клеофина и Марија Магдалена."

Од аспект на нашето истражување, да кажеме дека веднаш паѓа в очи зборот *Клеофина* (вака е претставен во македонскиот превод на Библијата, Скопје, 1977). *Клеофина* всушност претставува придавка од машкото лично име *Клеофа*. Во еден ранохристијански апокрифен ракопис пишува дека Клеофа и бил татко на Марија (*The Gospel of Pseudo-Matthew;* chapter 42; The Gnostic Society Library, From-The Apocryphal New Testament M.R. James-Translation and Notes Oxford: Clarendon Press, 1924). Ете затоа во македонскиот превод на Библијата таа е претставена како *Марија Клеофина*, т.е. *Марија која му припаѓа на Клеофа.*

Повеќе од очигледно е дека името Клеофа го има истиот корен ("*Клео*") како неколку имиња од македонскиот ономастикон (Клеопатра, Клеомен и други). Значи, доколку дотичниот Клеофа и навистина и бил татко на Марија, тогаш (поради неговото име) можеби може да се претпостави дека и тој имал некое далечно балканско етничко потекло. Секако дека во таков случај, вакво

потекло би имала и Марија (доколку и навистина била негова ќерка).

Постојат мислења и дека Клеофа не и бил татко, туку дека и бил сопруг на Марија. Ваквиот став го застапува ранохристијанскиот историчар Евсевие. Тој пишува за еден многу интересен податок за кој вели дека го презел од делото на древниот писател Хегесип. Овој автор дури тврдел дека Клеофа му бил брат на Јосиф (придружникот на света Богородица), а дека Марија Клеофина била негова жена! (Eusebius of Caesarea: *Church History*, Book III, Chapter 11). Но, сето ова останува во доменот на шпекулациите.

Инаку, Марија Клеофина ја споменува и светиот евангелист Матеј (27: 56 и 61), кога таа, заедно со Марија Магдалена присуствувала на погребот на Исус, кој бил закопан од страна на богаташот Јосиф во сопствениот гроб (што го чувал за себе), откако претходно побарал од Пилат да го земе Исусовото тело. Светиот евангелист Матеј (28) ја опишува и сцената со Марија Магдалена и Марија Клеофина, кои биле првите личности што го виделе празен гробот на Исус, откако тој воскреснал. Тие исплашени, но и весели, поради тоа што го виделе, веднаш отишле да ги известат апостолите. Додека оделе по патот ги сретнал лично воскреснатиот Исус. Тие му се фрлиле пред нозете, а тој им рекол да не се плашат и да им јават на апостолите да појдат во Галилеја каде ќе им се прикаже и ним.

Марија Клеофина ја споменува и светиот апостол Марко (15: 41 и 47 и 16,1). Тој пишува дека Марија од далеку го гледала распнувањето на Исус на крстот. И тој пишува дека Марија Клеофина и Марија Магдалена биле единствените личности, кои присуствувале на погребот на Исус. Во саботата тие биле кај гробот на Исус за да го помазаат Исусовото тело, но кога влегле во гробот (кој бил во форма на пештера) внатре виделе еден млад човек, облечен во бело, кој ги известил дека Исус воскреснал. Марија Клеофина ја споменува и светиот евангелист Лука (24: 10).

Значи Марија Клеофина лично присуствувала на едни од најважните настани во христијанството - распнувањето на Исус и неговиот погреб, а воедно таа била првата личност (заедно со Марија Магдалена), која дознала дека Исус воскреснал.

Кога сме кај нејзината сестра по вера, Марија Магдалена, да кажеме дека таа го добила својот прекар (Магдалена) по градот Магдала, што се наоѓал во Галилеја. За Марија Магдалена се знае

дека не потекнувала од Јудеја, туку од Сирија (*Житија...јули*, стр. 569) - област која најдолго се задржала под власта на Македонците, кои таму биле масовно населени.

Семејството на света Богородица

Од аспект на нашево истражување да кажеме неколку зборови и за семејството на света Богородица. Нејзините родители се викале Јоаким и Ана.

Света Ана потекнувала од коленото на Леви. Таа била ќерка на свештеникот Матан (еврејско име). Тој живеел во времето на независната еврејска држава кога веќе била извршена јудаизација на не-еврејското (главно македонско и грчко) население во Светата земја. Матан имал жена од Јудиното колено од Витлеем и со неа имал три ќерки: Марија, Софија и Ана. Марија се омажила во Витлеем и ја родила Салома. И Софија се омажила во Витлеем и ја родила Елисавета - мајката на свети Јован Крстител. Ана се омажила во Назарет за Јоаким и од тој брак се родила света Марија Богородица. (*Житија... септември*, стр. 185-186).

Да ги разгледаме имињата на трите ќерки на Матан, т.е. имињата на мајката на света Богородица и на нејзините две сестри (тетки на света Богородица). Рековме дека тоа се: Ана, Марија и Софија.

Женското име Ана го има во постариот еврејски ономастикон, но многу слично име (Анниа) има и во постариот античко-македонски ономастикон (без разлика на неговото потекло). Во еврејскиот ономастикон името Ана се среќава и како машко име, додека во античко-македонскиот ономастикон името Анниа е женско.

Името Марија, пак, претставува коине варијанта на еврејското име Мирјам (Маријам). Ова име го има во постариот еврејски ономастикон, но го нема во македонскиот ономастикон. Значи, се работи за еврејско име. (За волја на вистината во постариот македонски ономастикон имало слично име *Марсија*, но тоа било машко име).

Но, интересно е името на нивната трета сестра, кое гласело - Софија! Ова име е произлезено од јазикот коине и вакво име нема во постариот еврејски ономастикон!

За свештеникот Матан (дедо по мајка на света Богородица) можеме да кажеме дека најверојатно бил роден отприлика некаде

во осмата или во седмата деценија пред Христа, а тоа е времето кога веќе била извршена јудаизацијата над Македонците кои потпаднале под власта на независната еврејска држава. Податокот за неговото потекло од коленото Леви (старо еврејско име) оди во прилог на неговото еврејско етничко потекло. Но, се поставува прашањето: зошто Матан на едната своја ќерка (Софија) и ставил име со потекло од јазикот коине? Познато е дека имало Евреи јудејци кои ставале вакви имиња на своите деца, но сепак тоа било ретка појава во однос на Евреите јудејци со еврејски имиња. Дали смееме да прêтпоставиме дека можеби некоја од снаите во семејството на Марија имала далечно македонско или некое друго балканско потекло? Но, веќе навлеговме во сферата на неблагодарни шпекулации и сите овие прашања најверојатно засекогаш ќе останат без одговор.

Сепак, за сопругата на Матан се знае дека била Еврејка (од родот на Јуда). Евреин бил и сопругот на Софија, кој потекнувал од древниот Аронов род (Лука 1:5). Од неговиот брак со Софија рековме дека се родила мајката на свети Јован Крстител - света Елисавета.

За родителите на света Богородица свети Јоаким и света Ана се знае дека немале деца се до својата педесетта година (*Житија... декември*, стр. 275). Според нивната возраст, најверојатно дека тие се родиле токму во времето кога со дел од Светата земја владееле Македонците Селевкиди.

Што се однесува до самата света Богородица, факт е дека не постои автентичен опис од нејзино време на нејзиниот вистински лик. Овде се само виденијата на нејзиниот лик и појава, од кои, некои се официјално признати како Божји чуда од Католичката Црква. Во уметничките претстави за неа таа е различно прикажувана. Интересно е тоа што во бројни уметнички дела, таа е прикажувана како жена со бел тен на лицето, а некаде е прикажана дури и како жена со сини очи! Ваква карактеристика немале ниту вистинските етнички Евреи, ниту најголемиот дел од Грците, ниту Арапите, ниту припадниците на постарите семитски народи, кои заедно со Македонците, во нејзино време биле најдоминантните народи во Светата земја. Но, наспроти тоа, постојат претстави на света Богородица, на кои таа е прикажана и како жена со потемен тен на лицето. Се разбира дека уметничките претстави на света Богородица не можат да бидат никаков доказ за нејзиниот вистински лик.

И во нејзините повремени појави таа им се прикажува на луѓето како жена со различен лик. Така, на пример, во сликата од Гвадалупе (Мексико), на која во 16 век на необјаснет начин на едно платно се има појавено ликот на света Богородица и која официјално е призната како Божјо чудо од Католичката Црква, ликот на света Богородица е прикажан со потемен тен. Но, таа се има прикажано и како жена со бел тен на лицето, како што е примерот со нејзината појава во 19 век во Лурд (Франција), која исто така е призната како Божјо чудо од страна на Католичката црква. Сите вакви нејзини појави можат само да бидат доказ дека таа е светица за сите луѓе на светот, без разлика на нивната етничка припадност.

Во продолжение ќе видиме и дека постојат податоци според кои света Богородица била во посета на Македонија, заедно со свети Јован Богослов и дека таму разговарала со поголем број Македонци, кои излегле да ја пречекаат. Ќе видиме и дека света Богородица ги благословила Македонците и македонската земја и дека нашироко им раскажувала за Исус. Ќе направиме осврт кон прашањето за јазикот на кој света Богородица разговарала со Македонците.

Да кажеме дека и роденият Богочовек од неа Господ Исус Христос во голем дел уметнички претстави за него исто така е прикажан како лик со нетипични еврејски карактеристики (бел тен на лицето, па дури и со руса коса и сини очи).

Многу е интересен податокот што на некои ранохристијански икони Исус бил сликан со ликот на Александар Македонски! Во американското издание на Национална Географија од 1968 година опишана е почитта кон Александар Македонски кај разни народи. Меѓу другото, овде читаме:

"*Александар останал во легендите на три континенти... Раните христијани го портретирале Исус со неговиот лик...*" (*Rome Builder of Our World,* Published by National Geographic Society, Washington DC, 1968, стр. 243).

Тенденцијата Исус да биде сликан со руса коса продолжила и во поново време. Како пример ќе ги издвоиме илустрациите во *Илустрирана Библија за млади*, која во оригинал е составена од O. Josiph, и E. Krause (професор во St. Thomas College, St. Paul, Minesota) и доктор Samuel Terrien (професор на Union Theological Seminary, New York). Оваа Библија е објавена во 1964 во Женева и до денес е преведена на голем број јазици ширум светот и сигурно дека досега

е продадена во милионски тираж. Истата е прифатена и од МПЦ и е објавена на македонски јазик во 1977 година со благослов на тогашниот Архиепископ Охридски и Македонски г-дин г-дин Доситеј. На сите илустрации во оваа Библија Исус е насликан како човек со руса коса, руса брада и сини очи! Што ги натерало авторите (инаку, врвни познавачи на христијанската наука) вака да го претстават Исуса во ова светски познато издание на Библијата?

Постојат претстави на ликот на Исус во кои тој е насликан и со потемна коса и очи, па дури и како припадник на црната раса.

Но, Исус е Бог. Тој е Светлина на светот и никому и на крај памет не треба да му падне да го испитува неговото етничко потекло, како што тоа го прават некои соседни "историчари".

Седумте свети проповедници

Како библиски личности со можно македонско потекло можеби биле и некои од седумте свети проповедници, кои биле избрани од апостолите за да го проповедаат христијанството во разни краеви (*Дела апостолски* 2,6*)*. Познато е дека, непосредно по распнувањето на Исус, од страна на дванаесетте апостоли бил организиран голем собир на христијаните. На овој собир дванаесетте апостоли избрале седум најдобри ученици, кои биле испратени на мисионерски патувања за да го шират христијанството. Тоа се познатите свети седум проповедници, кои исто така се наречени апостоли, затоа што и самите и припаѓале на првата христијанска заедница на светот. Нивното дејствување накратко е опишано и во Библијата. Сите седум свети проповедници носеле имиња, кои ги среќаваме и во постарата историја на античка Македонија или на Балканот. Тоа се светите: Стефан, Тимон, Никанор, Пармен, Филип, Прохор и Никола.

Впрочем, во христијанската наука е општо прифатено мислењето дека тие биле пагани (што значи, во најголема мера, Македонци или Грци). Така на пример во житието на светиот апостол, првомаченик и ѓакон Стефан (*Житија... декември*, стр. 765), читаме дека имињата на седумте свети проповедници не биле еврејски, туку дека биле балкански:

"Самите имиња на овие избраници покажуваат дека тие не беа од родот на Евреите, кои живееја во Ерусалим, туку од

оние кои живееја во хеленските земји, затоа што нивните имиња не се еврејски, туку се хеленистички."

За свети Стефан се знае дека бил убиен со каменување, откако претходно бил лажно обвинет дека го напаѓал Бога.

За проповедникот свети Никола речиси со сигурност може да се претпостави дека бил Македонец, затоа што и тој бил родум од Антиохија (*Житија... јануари*, стр. 139), за чиј македонски карактер веќе пишувавме.

Имињата Тимон и Никанор исто така ги среќаваме во постариот балкански ономастикон, додека името Пармен очигледно дека е скратена форма од името Парменион - име какво што носел познатиот генерал на Александар Македонски. Сигурно дека ова име го носеле и други Македонци.

Кога сме кај дејноста на проповедникот свети Филип, да кажеме дека и за неа нема многу податоци. Се знае дека тој проповедал во Самарија. Во *Дела апостолски* (8), опишана е неговата средба со некој Етиопјанец, кој ја читал книгата за пророкот Исаија. Опишан е разговорот помеѓу свети Филип и Етиопјанецот. Во сферата на претпоставките останува одговорот на прашањето: на кој јазик зборувале тие штом можеле меѓусебно да се разберат? Се знае дека книгата за пророкот Исаија во тоа време веќе била преведена на јазикот коине. Ова значи дека можеби Етиопјанецот ја читал книгата за Исаија на јазикот коине, кој јазик можеби го знаел од своите предци, кои сепак географски живееле поблизу до државата на Птолемеите (Египет) каде што бил направен преводот на Стариот Завет на јазикот коине, па оттаму лесно можел да биде пренесен во блиската Етиопија. И светиот проповедник Филип, доколку бил со балканско етничко потекло, немал проблеми со знаењето на овој јазик, што рековме дека Македонците го задржале и како втор јазик и по пропаста на нивната тамошна држава. Според тоа претпоставката дека тие помеѓу себе разговарале на јазикот коине изгледа поверојатна отколку претпоставката дека Етипјанецот го знаел еврејскиот јазик.

Свети Филип имал ќерка по име Ермиона. Подоцна таа била убиена поради Христа и денес е прогласена за христијанска светителка. (*Житија... септември*, стр. 99). Извесна форма на нејзиното име (Ермена) постои и во денешниот македонски ономастикон.

Династијата на Херод Велики

Кога пишуваме за можното македонско потекло на светиот апостол Филип, спомнавме дека во Библијата се спомнати уште две личности со името Филип (освен оние кои веќе ги набројавме). Еден од нив, бил роден син на познатиот еврејски крал Херод Велики (чие име кај нас е познато како "Ирод", но на англиски е преведено како Херод). Па, зарем може да се претпостави дека и еврејскиот крал Херод Велики можеби бил Македонец? Во прилог на оправданоста на поставувањето на оваа хипотеза ќе приложиме неколку факти.

Најнапред да кажеме дека во светската наука постојат сериозни разидувања околу теориите за етничкото потекло на Херод Велики. Така, на пример, во ЦД енциклопедијата "Енцарта" (цит. дело, наслов: *Херод тхе Греат)*, во биографијата на Херод Велики пишува дека тој бил од арапско етничко потекло. Овде читаме:

"Херод Велики (73-4 пред Христа), крал на Јудеја поставен од Римјаните (37-4 пред Христа), кој бил запометен како тиранин во христијанската и во еврејската традиција. Херод бил роден во јужна Палестина и бил со арапско потекло од обете страни (...)".

Меѓутоа, наспроти ова, во општата ЦД "Гролиер" енцикло-педија за Херод Велики пишува дека бил од еврејско етничко потекло! Овде читаме:

"Династијата на Херод била семејство на идоменски Евреи,кои владееле со различни региони во Палестина како кралеви и гувернери под Рим од 37 година пред Христа, до 70 година по Христа. (...)"

Од овие два контрадикторни ставови за етничкото потекло на Херод можеме само да заклучиме дека неговото етничко потекло не е со сигурност утврдено.

А, сега ќе приложиме еден многу интересен податок. Познато е дека династијата на Херод опфаќала неколку генерации од исто семејство, чии припадници под патронажа на Римјаните полузависно владееле како локални владетели со голем дел од Светата земја токму кога таму се родил и дејствувал Исус Христос. Веќе рековме дека најпознат владетел од оваа династија бил Херод Велики. Интересни се имињата на неговите родени дедо и татко,кои носеле исто име. Ова име гласело - Антипатер! Име, кое се среќава

кај античките Македонци уште во постарата историја на античка Македонија!

Но, тоа не е се. Херод Велики имал вкупно шест синови и пет ќерки од различни жени. Ако се погледнат нивните имиња, следи уште едно интересно сознание! Имињата на неговите синови биле: Архелај, Филип, Александар, Аристобул, Антипатер, Херод Антипа, а имињата на неговите ќерки биле: Олимпија, Роксана, Салома, Салампсио и Кипрос! Значи, пак претежно имиња од постариот античко-македонски ономастикон! Секако дека исклучок претставува името Салома, кое е еврејско име, додека името Роксана претставува македонско име за бактриската принцеза Рушанак, која била една од жените на Александар Македонски. За потеклото на името Кипрос има различни толкувања, а така е и со името Салампсио.

За да го направиме истражувањето поцелосно ќе ги спомнеме и другите познати лични имиња од династијата на Херод Велики, кои детално ги споменува еврејскиот историчар Јосиф Флавиј (*Jewsh Antiquites...* XVIII, 5,4).

Жената на Антипатер (мајката на Херод Велики) се викала Кипрос (или Киприс). Некои сметаат дека имала еврејско, а други дека имала балканско (македонско или грчко) потекло. Антипатер и неговата жена ги родиле децата: Херод, Фазаел, Јосиф и Ферор (*Jewsh Antiquites...* XIV, 7,3), а имале и барем уште една ќерка, по име Салома. Од овие имиња барем три се еврејски што можеби се должи на фактот што нивната мајка Кипрос можеби била Еврејка. Флавиј го спомнува и лицето Ахијабус (уште едно име со балканска основа!), кој бил роднина на Херод Велики (*Jewsh Antiquites...* ЏВ, 7,8). Исто така, ќерката на неговата сестра Салома се викала Береника и таа се омажила за синот на Херод Велики, по име Аристобул (*Jewsh Antiquites...* XVI, 1,2). Секако дека и ова се имиња од постариот античко-македонски ономастикон. Нивната ќерка се викала Херодијада. И нејзиното име е со балканска основа.

Исто така една од жените на Херод се викала Дорис. Од неа бил синот Антипатер (име од античко-македонскиот ономастикон). Дорис имала брат по име Тендион.

Всушност, Херод имал девет жени (*Jewsh Antiquites...* XVII, 1,3). Освен споменатите, овде е и неговата жена Клеопатра од Ерусалим (повторно име од стариот македонски ономастикон!).Флавиј го споменува и името на неговата жена

Палас, како и жените Федра и Елпис (повторно имиња со балканска основа).

Една од жените на Ирод Велики била и Еврејката Маријам од семејството на Макавеите со која имал две ќерки. Едната се викала Саламписио, а другата Кипрос.

Саламписио се омажила за својот прв братучед Фазаел (синот на Фазаел, братот на Ирод Велики) и имале пет деца: Антипатер, Ирод, Александар и две ќерки: Александра и Кипрос. Кипрос се омажила за Агрипа, синот на братот на Саламписио (и син на Ирод Велики) Аристобул.

Аристобул (татко на Агрипа и син на Ирод Велики од бракот со Береника, која била ќерка на сестрата на Ирод Велики, Салома и на идомеецот Костобар), освен Агрипа, имал уште два сина: Ирод и Аристобул и ќерка Иродијада.

Иродијада била мажена за својот чичко Филип (син на Ирод Велики) од кого имале ќерка Салома (тоа е познатата Салома која му рекла на својот чичко и очув да му ја отсече главата на свети Јован Крстител). Иродијада се развела од Филип уште додека бил жив (наспроти еврејските закони) и се омажила за неговиот брат Ирод Антипа. Салома подоцна се омажила за својот чичко Аристобул со кого имала три сина: Ирод, Агрипа и Аристобул.

Агрипа и Кипрос имале два сина (Агрипа и Друсус) и три ќерки, кои се викале: Береника, Маријаруна и Друсиус.

Подоцна Ирод (братот на Агрипа) се оженил со Маријамна (ќерка на Олимпија). Во бракот им се родил син Аристобул.

Втората ќерка на Ирод Велики (од бракот со Маријам) се викала Кипрос и таа била омажена со својот прв братучед Антипатер, синот на Салома, сестрата на Ирод Велики. Имале ќерка по име Кипрос.

Синот на Ирод Велики, по име Александар (кој бил убиен по наредба на својот татко) имал два сина: Александар и Тигран. Тигран бил поставен како млад за крал на Ерменија. Ова име до денес постои кај Ерменците. Александар имал син по име Александар.

Рековме дека и Фазаел (братот на Ирод Велики) имал син по име Фазаел.

Но, да направиме појасен преглед на личностите (по таткова страна) од династијата на Ирод Велики. Тие се:

Антипатер (дедо на Херод Велики)
Антипатер (татко не Херод Велики)
Кипрос (мајка на Херод Велики)
Фазаел (брат на Херод Велики)
Фазаел (син на Фазаел)
Јосиф (брат на Херод Велики)
Ферор (брат на Херод Велики)
Салома (сестра на Херод Велики)
Антипатер (син на Салома)
Александар (син на Херод Велики)
Аристобул (син на Херод Велики)
Херод Антипа (син на Херод Велики)
Антипатер (син на Херод Велики)
Архелај (син на Херод Велики)
Филип (син на Херод Велики)
Олимпија (ќерка на Херод Велики)
Роксана (ќерка на Херод Велики)
Кипрос (ќерка на Херод Велики)
Салома (ќерка на Херод Велики)
Салампсио (ќерка на Херод Велики)
Ахијабус (роднина на Херод Велики)
Береника (ќерка на сестрата на Херод Велики)
Херодијада (ќерка на Береника и Аристобул, син на Херод Велики)
Александар (внук од син на Херод Велики)
Тигран (внук од син на Херод Велики)
Антипатер (внук од ќерка на Херод Велики)
Александар (внук од ќерка на Херод Велики)
Маријамна (внука од ќерка на Херод Велики)
Херод (внук од ќерка на Херод Велики)
Александра (внука од ќерка на Херод Велики)
Кипрос (внука од ќерка на Херод Велики)
Агрипа (внук од син на Херод Велики)
Херод (внук од син на Херод Велики)
Аристобул (внук од син на Херод Велики)
Херодијада (внука од син на Херод Велики)
Салома (внука и правнука на Херод Велики, ќерка на Херодијада)
Херод (син на Салома и Аристобул)
Аристобул (син на Салома и Аристобул)
Агрипа (син на Салома и Аристобул)
Друсус (син на Агрипа и Кипрос)

Береника (ќерка на Агрипа и Кипрос)
Маријаруна (ќерка на Агрипа и Кипрос)
Друсиус (ќерка на Агрипа и Кипрос)
Аристобул (син на Херод и Маријамна)
Кипрос (ќерка на Антипатер и Кипрос)

Во овој список на личности од семејството на Херод Велики спомнати се вкупно 45 личности, по таткова страна. Од нив гледаме дека над триесет носеле лични имиња од постариот античко-македонски и балкански ономастикон! На имињата: Кипрос, Маријаруна, Маријамна и Салампсио не може со сигурност да им да се одреди потеклото, а само шест лица носеле еврејски имиња, веројатно поради еврејското потекло на некои од жените во династијата на Херод Велики.

Но, некој оправдано ќе забележи дека имињата од античко-македонскиот ономастикон кои ги среќаваме во династијата на Херод ги имало и во постарата грчка историја. Па, зошто тогаш да не се постави хипотеза дека Херод можеби бил Грк? Секако дека е можна и ваква хипотеза, но она што паѓа в очи (посебно кај личните имиња на синовите и ќерките на Херод Велики) е фактот дека среде нив доминираат имиња од македонските **владеачки** династии! Такви се имињата: Архелај, Филип, Александар, Олимпија, Роксана и Антипатер, а во македонскиот ономастикон често било и името Аристобул. Дали ова било само чиста случајност? Како можело толку имиња од дамнешните славни владеачки кругови на античко-македонската држава да се најдат во исто семејство?

Поради сето ова се поставува прашањето: ако династијата на Херод и навистина била еврејска или арапска, од каде тогаш кај Евреите и кај Арапите толкав број лични имиња, кои порано доминирале во владеачките кругови на античка Македонија? Ајде да кажеме дека по некој Евреин, од едни или други причини, носел вакво име. Веќе спомнавме дека, поради нејасни причини, дури и водачот на еврејската држава Јован Хиркан од династијата на Макавеите им ставил вакви имиња на своите два сина. Сепак, во целата династија на Макавеите ваквите имиња биле само поединечни случаеви, наспроти огромниот број еврејски имиња во неа. Но, во случајот со династијата на Херод не се работи за една или две, туку дури за најмалку триесет личности, кои носеле имиња од постариот македонски ономастикон при што мнозинството од овие имиња рековме

дека се среќаваат среде постарите македонски владеачки кругови. Секако дека и самото име Херод, несомнено дека има балканско потекло. Практично сите позначајни машки припадници на оваа династија носеле имиња од македонскиот, т.е. балканскиот ономастикон.

Значи, ономастиката на династијата на Херод Велики оди во прилог на оправданоста за поставување хипотеза за неговото можно македонско потекло.

Како втор сегмент во поткрепа на ваквата претпоставката ќе спомнеме уште еден ноторен факт, кој е малку познат во поширокаата јавност. Имено, Херод Велики (иако бил крал на еврејската држава), по своето религиозно убедување воопшто не припаѓал на јудаизмот, туку бил припадник на балканската религиозна определба! Веќе наведовме податоци дека на балканската религиозна определба во Светата земја главно припаѓале потомците на таму доселените Македонци и Грци. Веќе рековме и дека токму Македонците Селевкиди долго време се обидувале да ја наложат паганизацијата на тамошното еврејско население.

Паралелно со доказите за балканската религиозна определба на Херод Велики ќе понудиме и други докази од кои се гледа дека тој не бил никаков Евреин.

Во биографијата на Херод Велики од ЦД енциклопедијата Енцарта, дадени се уште докази од кои се потврдува неговото не-еврејско етничко потекло. Овде читаме дека за да ги смири односите со Евреите тој се оженил со Еврејката Мирјам, која подоцна ја погубил.

Впрочем, дека Херод Велики не бил никаков Евреин тврди и античкиот еврејски историчар Јосиф Флавиј. Најнапред Флавиј пишува дека Херод Велики им помагал на Римјаните да го заземат градот Ерусалим. Ова е уште еден силен доказ за неговото не-еврејско етничко потекло, штом им помогнал на Римјаните да ги поразат Евреите. Флавиј пишува дека Евреите во Ерусалим жестоко се бореле против Римјаните и против Херод Велики и не сакале тој да им биде поставен за владетел. Во врска со ова читаме:

"*Евреите се затвориле внатре во ѕидините на градот и се бореле против Херод со голема жар. Целиот народ се здружил заедно".* (*Jewsh Antiquites*... XIV,16,2).

Флавиј и преку други примери сосема јасно сведочи за нетрпението на Евреите кон Херод Велики, затоа што не се придржувал кон нивните закони, што значи дека тој ниту бил Евреин, ниту му

припаѓал на јудаизмот. Флавиј ги опишува жалбите на Евреите против Херод Велики што ги упатиле на својот свештеник Хиркан (*Jewsh Antiquites*...XIV,9,3). Исто така Флавиј пишува и дека сестрата на Херод се развела од својот сопруг Костобар по нејзина желба, што било во спротивност со еврејските закони, на што Ереите жолчно реагирале (*Jewsh Antiquites*...XV,7,10).

Флавиј заклучува дека:

"*Херод работел спротивно од законите на неговата земја и ги понижил нивните* (еврејските, з.м.) *древни правила, презентирајќи странски обичаи..."* (*Jewsh Antiquites*... XV,8,1).

Во продолжение Флавиј опишува неколку елементи од балканската паганска култура што Херод им ги наметнал на Евреите. Херод дури им организирал и олимпијади на Евреите. За сето ова Флавиј пишува дека било "*спротивно на еврејските обичаи"* (исто, 8,1). Флавиј пишува и дека Херод покажал "*бруталност кон законите на нивната земја"*, а врв на сето тоа било поставувањето на златен орел (симбол на богот Зевс) од страна на Херод над Големата порта на главниот еврејски храм (*Jewsh Antiquites*...XVII,6,2). Поради тоа Евреите му подготвиле атентат на Херод, но не успеале да го убијат (*Jewsh Antiquites*...XV,8,3-4).

Флавиј детално го опишува и погребот на Херод Велики и од овој опис јасно се гледа дека тој бил погребан според балканските паганси обичаи.

Ќе спомнеме уште еден многу интересен податок. Се работи за парите што ги ковел Херод Велики. Сите натписи на овие пари биле на јазикот коине. Овде приложуваме една бакарна монета кована во негово време. На аверсот е претставен орел (симболот на Зевс), а на реверсот има натпис на јазикот коине, кој гласи "*На кралот Херод"*. Всушност тој бил првиот еврејски владетел чии монети целосно биле испишани на јазикот коине.

Врз основа на сите овие сознанија, во споменатa биографија на Херод Велики (Енцарта, цит. дело) пишува дека тој всушност бил мразен од Евреите, поради тоа што бил странец. Овде читаме:

"*Херод бил мразен од Евреите бидејќи бил странец и пријател на Римјаните".*

За генезата на семејството на Херод Велики пишува и ранохристијанскиот историчар Евсевие, кој пренесува податоци од постари извори. И Евсевие децидно тврди дека Херод не бил никаков Евреин, туку дека бил странец! Овде читаме:

"*Во времето на Христа, во склад со пророштвото, дојде крајот на владетелите кои владееја со еврејскиот народ како наследници уште од старо време, а Херод, првиот странец, стана нивни крал*." (Eusebius of Caesarea: *Church History*, Book I, Chapter 6, *The Statements of Irenaeus in regard to the Divine Scriptures*).

И понатаму:

"*Кога Херод, првиот владетел со странска крв, стана крал, пророштвото на Мојсие целосно се исполни."* (Исто).

И понатаму:

"*Херод беше првиот странец кому Римјаните му го дадоа кралството на Евреите.*" (Исто).

Евсевие го цитира историчарот Африкан (Африцанус), кој напишал дека еден од предците на Херод Велики, исто така се викал Херод и бил свештеник во еден храм посветен на Аполон во градот Ашкелон (Eusebius of Caesarea: *Church History*, Book I, Chapter 7, *The Alleged Discrepancy in the Gospels in regard to the Genealogy of Christ*). Овој податок, доколку е вистинит, уште повеќе ја поткрепува вистината за балканската паганска религиозна определба на Херод Велики, т.е. претпоставката за неговото можно македонско етничко потекло. Африкан пишува и дека Херод Велики намерно ги уништил податоците за семејното потекло на мнозина Евреи поради страв да не се откриело нешто за неговото сопствено потекло. Евсевие пишува дека на таков начин Херод можел полесно да се прикаже себеси како потомок на некое славно семејство. (Исто, Book I, Chapter 7).

Да кажеме нешто и за историјатот на династијата на Херод Велики. Оваа династија почнала да владее со голем дел од Светата земја уште од времето кога независната еврејска држава на Макавеите веќе почнала да пропаѓа.

Во биографијата на Херод Велики во споменатата Гролиер енциклопедија. читаме:

"*Дедото и таткото на Херод Велики го носеле името Антипатер. Тие биле гувернери на провинцијата Идомеја, кои се воздигнале на власт за време на опаѓањето на моќта на Макавеите. За време на окупацијата на Сирија и на Палестина од страна на Римјаните, таткото на Херод, преку вешта дипломатија, успеал да добие римско државјанство, по што бил назначен за прокуратор на Јудеја. Херод Велики* (синот на Антипатер, з.м.) *подоцна, од страна на Римјаните, бил поставен*

за крал на Јудеја, со која владеел од Ерусалим по 37 година пред Христа... Херод ја ширел хеленизацијата помеѓу Евреите...”

Да кажеме накратко нешто и за настаните што се одиграле во врска со доаѓањето на Антипатер (таткото на Херод Велики) на власт во Јудеја. Ќе продолжиме со описот на историските настани во Јудеја онаму од каде што застанавме кога пишувавме за ширењето и крајот на независната еврејска држава, која настанала како резултат на еврејското востание против Македонците Селевкиди. Веќе рековме дека во 63 година пред Христа Римјаните го освоиле Ерусалим, отстранувајќи го јудејскиот крал од семејството Макеавеи, по име Аристобул II (синот на Јован Хиркан). На негово место Римјаните го поставиле неговиот брат Хиркан II (но само како висок свештеник, а не како крал). Римјаните ја редуцирале и територијата на нивната веќе полузависна држава. Тогаш, Антипатер (таткото на Херод Велики) поради својата поддршка на Хиркан II, со обилна помош од Цезар, успеал да дојде на самиот врв на власта во Јудеја (иако припаѓал на паганската култура и иако бил родум од Идомеја, т.е. имал вонјудејско потекло). Антипатер бил убиен во 43 година пред Христа, а на негово место дошол синот на неговиот опонент Аристобул II, кој се викал Антигон II (уште едно име од македонскиот ономастикон, а овде секако е и името на неговата сестра Александра). Антигон II, сосема разбирливо, го избркал од власта и Хиркан II. Меѓутоа, Римскиот сенат донел одлука Антигон II да биде симнат од власта и на негово место, во 37 година пред Христа, за крал на полузависната држава Јудеја, бил поставен Херод Велики - синот на претходно убиениот Антипатер. Во знак на одмазда, Херод наредил убиство на Антигон II и повторно го вратил Хиркан II во Ерусалим. Но, подоцна Хиркан II учествувал во заговор против Херод, поради што и тој бил ликвидиран во 30 година пред Христа.

Да заклучиме дека Антипатер (таткото на Херод Велики), сепак бил близок до власта на Макавеите, иако тоа воопшто не значи дека бил Евреин (посебно затоа што наведовме повеќе сведоштва дека неговиот син Херод Велики не само што не бил никаков Евреин, туку и дека тој бил мразен од Евреите, кои го сметале за странец).

Припадниците на Херодовата династија не можеле да бидат ниту Римјани. Веќе спомнавме дека Антипатер (таткото на Херод Велики) дури откако презел вешта дипломатија успеал да добие римско државјанство.

Флавиј пишува дека во таа вешта дипломатија Антипатер успеал да ги убеди египетските Евреи да и помагаат на војската на Цезар, поради што Цезар го наградил со римско граѓанско право. Во еден говор, Антипатер за да ги убеди египетските Евреи да го послушаат и да му помогнат на Цезар, дури им изјавил дека и тој бил "*Евреин*" (*Jewsh Antiquites...* XIV,8,1), што секако дека не одговара на вистината, ако се земат предвид сите познати историски податоци за неговиот живот што овде ги наведуваме (неговото идомејско потекло, паганската религиозна определба и сл.).

Откако докажавме дека (според релевантните наративни извори) Херод Велики не бил никаков Евреин, да одговориме и на прашањето: дали можеби тој и машките припадници на неговата династија биле Арапи (како што пишува во Енцарта)? Тешко дека може да се претпостави вакво нешто. Не само поради тоа што Арапите тогаш не носеле имиња од постариот македонски и балкански ономастикон, и не само поради неговата припадност кон паганската религиозна определба, туку и поради фактот што Херод Велики жестоко војувал против Арапите. Впрочем, тој изградил бројни тврдини во Јудеја токму поради заштита од Арапите. Во неговата гореспоменатa биографија (Гролиер, цит. дело)читаме:

"*За да ја заштити Јудеја од навлегувањата на Арапите, тој изградил или обновил синџир од тврдини...*"

Флавиј ја опишува и жестоката војна на Херод Велики против Арапите (*Jewsh Antiquites...* XIV, 5, 1), како и неговиот говор против Арапите (*Jewsh Antiquites...* XIV, 5,3).

Да кажеме неколку зборови и за земјата на потеклото на династијата на Херод, а тоа е Идомеја. Дали има податоци дека и во оваа земја имало населено колонизирани Македонци?

Пред да одговориме на ова прашање, најнапред ќе спомнеме дека, иако во најголемиот дел од светската наука е прифатено дека целата династија на Херод Велики потекнувала од Идомеја, древниот историчар Африкан, тврдел дека предокот на Херод Велики не потекнувал од Идомеја, туку од блискиот град Ашкелон. Според Африкан, дедото на Херод Велики (кој рековме дека се викал Антипатер) бил пленет како мал од разбојници и бил одведен во Идомеја, каде што подоцна се родил Херод Велики. (Eusebius of Caesarea: *Church History*, Book I, Chapter 6). Сепак, ние овде ќе се држиме до поприфатената теорија, според која целата династија на Херод Велики потекнувала од Идомеја. Впрочем, и градот Ашкелон се наоѓал на само неколку километри од границата на Идомеја.

Областа Идомеја се наоѓа јужно од Јудеја, т.е обете области граничат една со друга. Оваа област прво се викала *Едом* и во неа, во постарите времиња (околу 13 век пред Христа) биле населени потомците на најстариот син на Јаков, кои во времето помеѓу 10 и 6 век пред Христа честопати биле непријателски расположени кон населението во Јудеја. Но, во времето на Селевкидите сигурно дека и во оваа област биле доселени Македонци и Грци (барем според имињата од македонскиот ономастикон што се среќаваат меѓу тамошните жители дури и во римско време и според неколку други моменти, кои во продолжение ќе ги наведеме).

Можна индиција за (макар и делумниот) македонски карактер на Идомеја претставува и самата промена на името на оваа област. Имено, не е сосема јасно зошто оваа област во времето на владеењето на Македонците со Светата земја (но и потоа, т.е. во времето на Новиот Завет) го носела името *Идомеја*, а не *Едом*. Дали е во прашање само форма на претходното име *Едом*? Можеби е така, но ако се повикаме на фактот дека Селевкидите ставале познати македонски имиња, не само на градовите, туку и на областите во земјите со кои владееле (вклучувајќи ја и топонимијата во Палестина), можеби името Идомеја претставува ново македонско име на оваа област, поради фактот што името *Идомеја* нападно потсетува на името на познатиот античко-македонски град *Идомене*.

Дека во Идомеја не живееле Евреи (барем не како доминантно мнозинство) сведочи и веќе споменатата географска карта (Библија, Загреб, 1983, претпоследна страница), на која областа Идомеја јасно е означена како област што се наоѓа вон "*јудејското подрачје во хеленистичкото време"*.

Понатаму, во *Првата Книга за Макавеите* (3,5) пишува дека водачот на еврејскиот бунт Јуда Макавеј, кој рековме дека се борел против Македонците Селевкиди, жестоко војувал и против жителите на Идомеја, што е уште еден доказ дека таму не живееле Евреи (барем не како мнозинство).

Исто така, веќе го спомнавме и идомејскиот војсководител, кој се викал Ѓорѓија и кој исто така војувал против еврејските бунтовници. Се знае дека и ова име било често меѓу Македонците уште со векови пред тоа. Флавиј го споменува и идомеецот Костобар, кој му бил зет за сестра на Ирод. И ова име има балканска основа.

Да го спомнеме и податокот дека и војсководителот на Антиох ИВ, по име Лизија, кој тргнал со огромна војска да го задуши еврејското востание на Макавеите во Јудеја, пред да навлезе таму, отпр-

вин се стационирал токму во Идомеја (*Прва Мак*. 3,4). И ова е доказ дека жителите на оваа област не гледале благонаклоно на еврејското востание штом му пружиле гостопримство на македонскиот војсководител.

Конечно и Јосиф Флавиј сосема јасно ја нарекува Идомеја како "*земја на странците*" (*Jewsh Antiquites*...XII,8,6).

Приредувачот и преведувачот на овде цитираните книги од Флавиј, Вилијам Винстон коментирајќи ја забелешката под број 25 (*Jewsh Antiquites*... XIII), ги цитира зборовите на античкиот историчар Аммоуниус, во кои тој вели дека идомејците не биле Евреи. Овде читаме:

"*Идомејците отрвин не беа Евреи, туку Феникијци и Сиријци, кои подоцна беа потчинети од Евреите".*

Во продолжение овој историчар пишува дека дури потоа идомејците ги примиле еврејските закони, по што и самите почнале да биваат нарекувани како "*Евреи*". Ова значи дека и идомејците биле јудаизирани исто како што бил таков случајот и со некои Македонци и Грци.

Исто пишува и Флавиј (*Jewsh Antiquites*...XV,7,9), кој тврди дека за прв пат дури Евреинот Хиркан делумно ги јудаизирал идомејците.

Значи, со сигурност можеме да заклучиме дека во Идомеја (родното место на династијата на Ирод) живеело население, кое било непријателски расположено кон еврејските бунтови и кое војувало против еврејските бунтовници. Понатаму, видовме дека Идомеја е означена како вон-јудејско подрачје. Впрочем, видовме дека војската на Антиох овде можела да се стационира без проблеми, а видовме и дека и самите идомејци војувале против Евреите. Овде секако се и тогашните зачувани имиња на идомејците, од кои, покрај спомнатите лични имиња од династијата на Ирод со балкански корен, овде е и името Ѓорѓија.

Како резултат на сето досега изнесено можеме да заклучиме дека Ирод не бил ниту Евреин, ниту Римјанин, а изнесовме податоци според кои не можел да биде ни Арап. Тешко дека можел да биде и Грк, повторно поради присуството на лични имиња во неговата династија, кои многу веројатно дека биле преземени од славните поранешни античко-македонски владеачки кругови. Оттаму, со многу голема веројатност можеме да ја поставиме хипотезата дека тој можеби и навистина потекнувал од редовите на своевремено таму доселените Македонци.

Херод во еден свој говор пред Евреите и навистина ги спомнал Македонците, за кои рекол дека не го обновиле еврејските храм, но дека тој ќе го обновел (*Jewsh Antiquites...* XIV, 11, 1) што подоцна и навистина го направил.

Инаку, за време на своето владеење Херод Велики се покажал како голем градител во Јудеја. Тој ги реконструирал Ерихон и Ерусалим и изградил извесен број театри, амфитеатри и хиподроми (што е уште ден доказ за неговата паганска религиозна определба). Според Евангелието по Матеј, тој се обидел да го убие малиот Исус, преку наредбата за масовно убиство на сите мали машки деца, кои се родиле во Витлеем. Всушност, рековме дека тој бил запометен како тиранин од страна на Евреите.

По смртта на Херод Велики, Римјаните ја поделиле земјата на неговото владеење на неговите три сина: Филип, Архелај и Херод Антипа (неговите синови Александар и Аристобул претходно биле убиени од самиот Херод Велики откако открил дега подготвуваат заговор против него поради убиството на нивната мајка).

Најпознат од овие личности е Херод Антипа. Тоа е токму тој Херод, кој наредил да му биде отсечена главата на свети Јован Крстител. Познато е дека тој се оженил со претходната жена на својот брат Филип, по име Херодијада (уште едно име со балкански корен!), на која пак, воедно и бил чичко, затоа што таа била ќерка на Архелај, неговиот полубрат. Поради желбата на неговата нова жена Херодијада, Херод Антипа наредил да му биде отсечена главата на свети Јован Крстител. Херод Антипа е најспомнуваниот од целата нивна династија во Новиот Завет. Во Евангелието по Лука (23: 8-12) читаме дека лично Исус бил повикан на сослушување пред Херод Антипа. По сослушувањето, Херод го испратил Исуса повторно кај Пилат откако не нашол вина кај него. Подоцна Херод Антипа бил сменет од неговите господари Римјаните.

Од останатите браќа, Архелај, бидејќи сурово владеел, исто така бил сменет од Римјаните. За разлика од нив, Филип мирно владеел, а по неговата смрт, земјата со која владеел, Римјаните му ја доделиле на неговиот братанец (син од братот Аристобул), кој се викал Агрипа.

Агрипа бил заменет со Агрипа II и со тоа завршило владеењето на Херодовата династија, некаде околу 70 година по Христа. И Агрипа II е спомнат во Библијата поради тоа што пред него бил доведен свети Павле пред неговото заминување за Рим.

Откако ја ислушал одбраната на Свети Павле наспроти обвинувањата против него од страна на Евреите, Агрипа ИИ му одговорил: "*Уште малку и ќе ме убедиш да станам христијанин*." (*Дела апостолски*, 25 и 26) Интересно е што Агрипа ИИ имал сестра по име - Береника, што претставува уште едно старо име, кое било често среде поранешните македонски владеачки кругови. Некои сметаат дека Береника (28-79) воедно му била и жена на Херод Агрипа II. Таа прво имала тројца мажи, а подоцна станала љубовница и на Римјанинот Тит, кој подоцна станал римски император.

Конечно, во биографијата на Херод Агрипа II (Encarta, наслов "*Herod Agripa II*") исто така јасно пишува дека тој (а секако и неговите предци, барем по машка страна) не бил никаков Евреин. Тој бил воспитуван во Рим, но сепак ја почитувал еврејската традиција. Овде читаме:

"*Иако бил романизиран, Агрипа бил добро запознат со обичаите и традицијата на Евреите"*.

Аман Амадатов

Кога сме кај спомнувањето на Македонците во Библијата да го спомнеме и Македонецот Аман Амадатов, кој е спомнат во Стариот Завет. Имено, во Книгата на Естера (9,24), која била напишана кон крајот на периското владеење со Светата земја (Палестина) спомнат е еден Македонец по име Аман Амадатов, кој живеел на персискиот двор и кој ги прогонувал Евреите. Д-р Ѓорѓи Поп-Атанасов во својата книга: "*Библијата за Македонија и Македонците*" (Менора, Скопје, 1994, стр. 52,53 и 54) пишува дека во коине преводот (Септугинта) на оваа книга Аман Амадатов е опишан како „Македонец". Но, во еврејскиот текст на Библијата, терминот Македонец е заменет со терминот "*Агаги*", додека во латинскиот превод на Библијата (Вулгата), овој термин гласи"*Агаг*". Д-р Ѓорѓи Поп-Атанасов со право потсетува дека преводот на коине јазикот бил направен од седумдесет Евреи, кои одлично ги познавале обата јазика (коине и еврејскиот), па токму тие еврејскиот термин *Агаги*, го превеле со *Македонец*. Д-р Ѓорѓи Поп-Атанасов го поставува прашањето: што ги натерало еврејските преведувачи терминот *Агаги* да го поистоветат (преведат) со етнонимот *Македонец*? Д-р Ѓорѓи Поп-Атанасов се прашува и дали решението

на оваа загатка можеби не е во фактот што под *Агаги* можеби се крие името на Ајгај (Еге) - македонскиот главен град? Името на овој град им било познато на еврејските преведувачи на Септугинта, така што го замениле терминот *Агаги* (*Ајгеецот*, т.е. *човекот од Ајгај*) со етнонимот *Македонец*.

Инаку, во истата Книга на Естера (8,12) е спомнато името на Аман Амадатов и во Повелбата на персискиот цар Артаксеркс, според која овој цар наредил убиство на Аман Амадатов затоа што ги прогонувал Евреите, правејќи од нив непријатели на Персиската држава. Во оваа Повелба и навистина Аман Амадатов е спомнат како "*Македонец*", кој бил "*туѓ на персиската крв*". Всушност, Д-р Ѓорѓи Поп-Атанасов претпоставува дека Аман Амадатов можеби бил лажно обвинет од Евреите, под обвинение дека наводно сакал "*персиската власт да ја предаде во рацете на Македонците* " (во хрватскиот превод на Библијата дословно пишува:"*Македонаца*". Ест. 8: 12,о), па затоа и бил ликвидиран по наредба на персискиот цар, иако претходно уживал големо гостопримство во персиската држава.

Придонесот за христијанството од Македонците - жители на Александарија

Да кажеме нешто и за придонесот на Македонците од градот Александрија кон христијанството. Македонците од овој град дале свој значаен удел во самата филозофија на христијанството. Претходно споменатиот германски историчар Улрих Вилкен ова пластично го опишува со зборовите:

"*Во историјата на христијанството стариот град на Александар* (Александрија во Египет, з.м.) *повторно играше водечка улога. Центар на тоа беше христијанската Катехетичка школа чие уредување беше под влијание на примерот на паганскиот Музеј, делото на Птолемеј I ".*

Познато е дека во Александрија во времето на Исус Христос (но и пред тоа, а и извесно време потоа) како најдоминантно население живееле: Македонците, Грците, Евреите и Египјаните.

За Македонците како доминантни жители на Александрија во тоа време пишува и Јосиф Флавиј и тоа на неколку места во своите дела. Така, на пример, кога пишува за населувањето на Евреите во Александрија од страна на македонскиот владетел Птолемеј I, Фла-

вај пишува дека овој владетел на Евреите "...*во Александрија им дал исти привилегии на граѓани, какви што имале и самите Македонци"* (*Jewsh Antiquites*...XI, 12,1).

Во својата книга *Flavius Josephus Against Apion*Флавиј исто така пишува за Македонците како жители на Александрија. Во вториот дел (6), тој пишува дека: "*Грците и Македонците го поседуваа градот"*, а во продолжение тој ги обвинува Египјаните дека поради расната омраза кон Евреите ги придобиле Македонците и Грците да се свртат против Евреите кои живееле во Александрија.

Флавиј споменува и еден говор на јудејскиот крал Агрипа (прв век по Христа) во кој исто така сосема јасно се спомнати Македонците како доминантни жители на Александрија, но и како жители на неколку останати области во Египет (*Wars...И*И, 16,4). Во овој говор, зборувајќи за состојбите во градот Александрија во времето на римската окупација, Агрипа рекол:

"*Во Александрија... се стационирани два легиона* (римски, з.м.)*, кои ги надгледуваат подалечните делови на Египет, како и оние делови,кои повеќе се населени од угледните Македонци".*

Значи, речиси цели 400 години по основањето на Александрија, Македонците во значителна мера и натаму биле жители на овој град.

Оттаму, за сите позначајни личности што се родиле во Александрија во овој период (но и подоцна), можеме со полно право да претпоставиме дека голем дел од нив биле Македонци по род, т.е. потомци на таму доселените Македонци!

Александрија дала свој културен прилог во светската цивилизација уште пред појавата на христијанството. Во овој македонско-египетски град биле создадени врвни дела од светската наука и култура, во чиј придонес несомнено дека важна улога одиграле и Македонците како жители на овој град.

Овде секако дека треба да ја спомнеме големата Александриска библиотека, која била основана од македонскиот крал Птолемеј И. Неговиот син Птолемеј Втори го проширил фондот на книги. Значајна улога во ова имала и неговата сестра и жена кралицата Арсиноја (316-271 пред Христа), која била вистински владетел на Египет во времето на Птолемеј Втори. Во Александриската библиотека биле собрани најзначајните книги од тоа време. Таму бил создаден и првиот каталог на книги, кој бил изработен од поетот Калимах. Најпознати библиотекари биле

Аристофан од Византи и Аристарх од Самотраки. Во својот најголем зенит се смета дека оваа библиотека имала околу пет стотини четириесет и три илјади наслови! Оваа вредна библиотека била изгорена прво од Римјаните, а потоа и од муслиманите.

Во Александрија била создадена и алхемијата и тоа уште за време на македонскиот период. Во Александрија работел и научникот и математичар Херон, како и познатиот Архимед. Во Александрија се родил и поетот Аполоние (295 -215 пред Христа), кој е автор на познатата поема за Јасон и аргонаутите. Во 270 година пред Христа (значи само неколку децении по нејзиното градење и населување претежно со Македонци) во Александрија била пронајдена и клепсидрата. Во третиот век во Александрија живеел и работел и познатиот математичар Диофант, кој денес се смета за "*татко на алгебрата*." Во Александрија се родил и работел и Клаудие Птолемеј (100-170) светски познат астроном, географ и математичар, чии теории и толкувања (како, на пример: *Птолемеевиот систем* и други) доминирале во науката се до 16 век. Тој ја внел астрономијата и астрологијата во правењето на хороскопите.

А, сега да спомнеме неколку важни настани што се случиле во овој македонско-египетски град поврзани со подемот на христијанството, како и извесен број личности родени во Александрија кои дале свој значаен придонес во христијанството.

Како важен настан во христијанството, поврзан со македонско-египетскиот град Александрија, најнапред ќе го спомнеме фактот дека светиот евангелист Марко извесно време престојувал и работел токму среде Македонците во Александрија. Во неговата биографија во светски познатата ЦД енциклопедија Encarta (наслов Marko, Saint), пишува:

"*Според традиционалното мислење, Марко го напишал своето Евангелие во Рим, засновувајќи го врз учењето на Петар. Се претпоставува дека на крајот тој работел во Александрија".*

Дали некој дел од Евангелието светиот евангелист Марко го напишал и во Александрија, тешко може да се утврди. Во еден ранохристијански апокрифен ракопис пишува дека наводно самиот свети Марко признал дека делови од Евангелието ги напишал во Александрија. Овде ја читаме изјавата на свети Марко, која гласи:

"И кога го завршив канонот на третиот ден во градот Александрија, само што почнав да се молам, ми се јави Светиот Дух и ме поведе кај Тебе." (*The Book of John Concerning the Falling*

Asleep of Mary, From The New Advent: Fathers of the Church http://www.csn.net/advent/fathers/fathers.htm).

Некои учени сметаат дека дури и делови од Евангелието по Јован биле напишани во Александрија, и тоа во првата половина на вториот век (Encarta, наслов: *John, gospel according to*).

Во Александрија била создадена филозофската доктрина на гностицизмот од страна на Василид, кој бил учител во овој град во вториот век.

Во Александрија бил роден **свети Атанасие** (293-373). Тој бил врвен христијански теолог и епископ на Александрија. Активно се борел против аријанизмот, тврдејќи дека Бог Отец и Бог Син се едно исто. Тој бил автор на четири значајни дела од областа на теолошката расправа. Сигурно можеби и тој бил потомок на таму доселените Македонци.

Во Александрија се родила и **света Катерина**, која живеела во четвртиот век. Таа била христијанска девица и маченик, чие житие останало запишано од некој непознат каролински писател. Поради нејзиното спротивставување на прогонот на христијаните во Александрија таа била убиена од Римјаните, со тоа што главата и била отсечена. Нејзиното тело било пронајдено во 800 година, а во нејзина чест на Синај бил изграден манастир уште во 527 година. На ликовните претстави света Катерина главно е прикажувана како изразено русокоса девојка. Од сите доминантни етникуми во Александрија (Македонци, Грци, Египјани и Евреи), единствено Македонците биле луѓе со побел тен (меѓу кои имало и русокоси) додека останатите етникуми (Грци, Евреи и Египјани) биле луѓе со потемен тен. Ова значи дека доколку физичките карактеристики од повеќето ликовни претстави на света Катерина (руса коса и бел тен) и навистина одговарале на нејзиниот автентичен лик, тогаш со голема веројатност може да се претпостави дека таа била потомок на одамна доселените Македонци во овој град.

Во Александрија се родил и свети **Кирил Александриски** (376-444). Тој бил познат христијански епископ и теолог. Во 412 година бил избран за патријарх на Александрија. Бил голем противник на Евреите во Александрија поради нивните напади врз христијанството. По негово залагање голем број Евреи биле иселени од Александрија. Поради неговите теолошки расправии со еретиците тој денес се смета за еден од *Светите Оци на Црквата*. Поради неговото раѓање во Александрија постои голема веројатност дека и тој бил Македонец по потекло.

Во Александрија се родил и христијанскиот теолог свети **Дионисие Александриски** (190-264). Тој бил епископ во Александрија, по што бил прогонет од Римјаните. Во 260 година се вратил во Александрија. Позната е неговата поддршка на папата Корнелие против Новатијан. За евентуалното македонско потекло на свети Дионисие, освен фактот што е роден во Александрија, индиција претставува и неговото чисто македонско име, произлезено од името на античко-македонскиот бог Дионис.

Во Александрија се родил и христијанскиот теолог и учител **Ориген Адамант** (185-254). Тој му бил студент на Климент од Александрија. Ориген во Александрија ги поучувал христијаните и паганите (главно Македонците и Грците). Автор е на повеќе теоретски расправии. Поради неговите способности бил поканет да работи за христијанството во Ерусалим и во Кесарија. Во 250 година, за време на прогонот на христијаните, Ориген бил затворен и мачен од Римјаните. Поради тоа и умрел во 254 година.

Во Александрија бил роден и **свети Кир**. Тој бил лекар христијанин (*Житија... јануари*, стр. 891). Поради фактот што многу пагани од Александрија ги превел во христијанството, повеќе од сигурно е дека и тој бил Македонец или Грк (а не Евреин). Логично е да претпоставиме дека токму Македонците и Грците дејствувале среде паганите на кои неретко и самите им припаѓале пред да го прифатат христијанството. Таков бил и свети Кир, кој отпрвин и самиот бил воспитуван во пагански дух.

Во Александрија пострадале и **светите маченици Александар, Кронин, Јулијан и Макарие**, кои биле маченички убиени поради Христовата вера во 250 година. (*Житија... октомври*, стр. 684).

Во Александрија бил роден и **свети Пансофие** (*Житија... јануари*, стр. 489). Тој живеел во третиот век. Бил син на римскиот проконзул Нил, поради што, на прв поглед, може да се претпостави дека потекнувал од таму доселените Римјани. Но, во продолжение на неговото житие читаме дека и тој отпрвин и припаѓал на паганската религиозна определба. Оттаму и за него може да се претпостави дека можеби бил по потекло Македонец.

Од Александрија потекнувала и **света преподобна мајка Теодора Александриска**, која му припаѓала на високиот сталеж во Александрија. Откако како млада направила грев, се преоблекла во машко и цел живот живеела во манастир. Дури по смртта

монасите откриле дека е жена. Таа живеела во 5 век. Починала во 490 година. (*Житија... септември*, стр. 227-232).

Во Александрија била родена и **света маченица Евтропија**, која била маченички убиена затоа што била христијанка (*Житија... октомври*, стр. 683).

Во Александрија била родена и **светата маченица Томаида.** Таа била чесна христијанка, која била сурово убиена од својот свекор (*Житија...април*, стр. 191).

Во Александрија живеела и **света Мастридија** (*Житија... ноември*, стр. 724).

Во Александрија бил роден и **светиот маченик Антоние**. И тој бил маченички убиен за Христовата вера во својот роден град (*Житија...август*, стр. 154).

Од Александрија потекнува и **свети Анијан**, кој бил втор епископ Александриски. Тој му помагал на светиот евангелист Марко за време на неговиот престој во Александрија (*Житија... април*, стр. 393).

Во Александрија во третиот век биле убиени и: **свети Кирijак, свети Фавст и свети Авив.** Во Александрија пострадале и **светите маченици: Калодот, Макарие, Андреј, Киријак, Дионисие, Андреј, Вив, Теоктист и светите маченички Андропелагија и Текла** (*Житија... септември*, 142-143).

Како маченичка од Египет со балканско име, ќе ја спомнеме **светата маченица Хероида,** која пострадала во 308 година. Римјаните и ја отсекле главата поради тоа што била христијанка. Нејзиниот татко се викал Петар.

Ранохристијанскиот историчар Евсевие, повикувајќи се на постари извори, има напишано цело поглавие за маченициte од Александарија, кои сурово биле убиени заради својата вера во Христа. Од имињата со балканско потекло на овие маченици, ќе ги спомнеме: **Метро, Аполонија, Серафион, Кронион, Епимах, Александар, Дионисија** и други. Евсевие ги споменува и маченициte од другите краеви на Египет, од кои имиња со балканско потекло имале: **Херон, Атер, Исидор, Диоскур, Зено, Птолемеј** и други. (Eusebius of Caesarea: *Church History*, Book VI, Chapter 41, *The Martyrs in Alexandria*).

Сосема е веројатно дека барем некои од горенаведените светители и маченици биле Македонци.

Придонесот за христијанството од Македонците - жители на Антиохија

Досега неколкупати го спомнувавме градот Антиохија, кој бил изграден од Македонците Селевкиди и кој бил главен град на нивната држава. Веќе наведовме повеќе сведоштва од кои јасно се гледа дека Антиохија била населена претежно со Македонци, иако во овој град имало и Грци, а и помал број Евреи.

А сега да видиме кои значајни настани за христијанството се случиле во овој македонски малоазиски град и кои значајни личности со веројатно македонско потекло потекнувале од овој град.

Најнапред да кажеме дека повеќемина истражувачи сметаат дека во Антиохија се случил еден фундаментален настан поврзан со христијанството, а тоа е пишувањето на Евангелието по Матеј! Да потсетиме дека свети Матеј бил еден од дванаесетте Исусови апостоли и дека тој бил личен сведок на она што го запишал во врска со Исусовото дејствување. Раните христијански писатели го сметале неговото Евангелие како најстаро во Новиот Завет. За местото каде свети Матеј го напишал своето Евангелие постојат две мислења. Едното е дека тоа било напишано во Палестина, а второто е дека било напишано токму во македонскиот малоазиски град Антиохија, некаде околу 70 година по Христа.

Се знае и дека две од трите први христијански цркви, кои официјално биле признати во Никеја (325 година) биле основани во градови подигнати и населени од Македонците. Тоа се црквите во Александрија и во Антиохија, кои (заедно со онаа во Рим) биле првите официјални христијански цркви на светот!

Веќе спомнавме дека во Антиохија најпрвин се христијанизирале"*паганите"*, т.е. потомците на таму колонизираните Македонци. Во врска со ова да го кажеме извонредно значајниот податок дека терминот *христијани* за првпат во историјата бил употребен токму за жителите Македонци на Антиохија!

Во *Дела апостолски* (11: 25-26), за присуството на свети Павле и свети Варнава во Антиохија, читаме:

"*Во Антиохија, учениците, и тоа за првпат, беа наречени христијани".*

И терминот "*Католичка Црква"* за првпат бил спомнат од еден жител од Антиохија. Се работи за еден од најпознатите ранохристијански дејци, по име **свети Игнат**, кој бил роден во Антиохија. Тој

бил еден од тројцата *Апостолски оци*, кои дејствувале во првиот и во вториот век и кои биле сметани за директни наследници на дванаесетте апостоли. Свети Игнат оставил значајни дела за христијанската наука. Тој бил и епископ на Антиохија. Своите дела ги пишувал на јазикот коине, што претставува мошне силна индиција за неговото македонско потекло. За свети Игнат е интересно дека за првпат во историјата го употребил терминот "*Католичка црква*", што до денес останал како назив за една од најголемите црковни заедници во светот. Свети Игнат е значаен и по тоа што тој го потенцирал раѓањето на Исус од мајка девица. Во неговата биографија, во ЦД енциклопедијата (Encarta, наслов: *Ignatius of Antioch, Saint*) во врска со ова читаме:

"*Тој* (свети Игнат, з.м.) *бил првиот христијански писател, кој го потенцирал девичиното раѓање и кој го употребил терминот 'Католичка Црква', како заеднички термин за верниците".*

Во истата енциклопедија во поглавието за Католичката Црква, читаме:

"*Терминот 'католик'... за првпат бил спомнат во писмото што свети Игнат од Антиохија им го испратил на смирненците некаде околу 110 година по Христа".*

Инаку, свети Игнат маченички го завршил својот живот. Од страна на Римјаните тој бил фрлен среде sверови. Празнувањето на свети Игнат е популарно и среде денешните Македонци. Во Македонија и денес постои зачуван народен обичај, посветен на овој светител, што се вика *Игнат-подигнат*. На овој празник постарите луѓе симболично им ги *влечат* ушите на децата за да *пораснат повеќе*.

Првите христијански химни од ранохристијанскиот период биле напишани токму во градот Антиохија.

Што се однесува до христијанските великани и маченици, кои биле родени во македонскиот малоазиски град Антиохија, најнапред од сите треба да го истакнеме славниот христијански исполин **свети Јован Златоуст** (349-407). Тој се смета за татко на раната Црква. Уште на возраст од 18 години тој станал христијанин, по што поминал шест години како монах во планините близу Антиохија. Потоа станал христијански свештеник. Бил познат како голем говорник, поради што бргу станал прочуен во христијанскиот свет. Во 398 година бил назначен за патријарх на Константинопол, но поради интриги против него бил отповикан од оваа функција и бил прогонет. Неговите приврзаници одбиле да ги признаат

неговите наследници. Тој оставил бројни дела напишани на јазикот коине. Овие дела денес претставуваат неизбежна литература во христијанската теологија, а свети Јован Златоуст денес е сметан како еден од најзначајните христијански теолози на сите времиња. Поради неговото место на раѓање и поради јазикот на кој ги пишувал своите дела, постои веројатност дека и свети Јован Златоуст бил потомок на Македонците, кои своевремено го изградиле и го населиле градот Антиохија и чии потомци и во негово време таму живееле.

Впрочем, мајката на свети Јован Златоуст се викала Антуса, а татко му се викал Секунд. Името Секунд (без разлика а неговото потекло) го среќаваме како име на Македонецот, кој го придружувал свети Павле за време на неговото патување.

Во времето на свети Јован Златоуст Антиохија имала околу 200.000 жители од кои околу половината биле христијани (*Житија... ноември,* стр. 314). Во негово време се споменува старешината на Антиохија по име Архелај (исто, стр. 322), што претставува уште едно име од постариот античко-македонски ономастикон.

А, сега да спомнеме еден многу интересен податок. Во житието на свети Јован Златоуст читаме дека нему пред неговата смрт му се појавиле светите апостоли Петар и Јован и му рекле дека тој бил "*пастир на словенските овци Христови"*! Овде читаме:

"*Неколку дена пред смртта на блаженият, кога тој, по својот обичај стоеше ноќе на молитва, кај него дојдоа светите апостоли Петар и Јован, кои и порано му се јавуваа за време на неговиот живот во манастирот во Антиохија. Светите апостоли му рекоа: 'Радувај се добар пастиру на словенските овци Христови, цврст страдалнику! Ние сме испратени кај тебе од нашиот заеднички Господ Исус Христос за да ти помогнеме и да те утешиме...'"* (*Житија... ноември*, стр. 369)

Знаеме дека свети Јован Златоуст живеел во 4 век и во првите години на 5 век, што значи дека тој живеел речиси сто и педесет години пред наводното прво доселување на *Словените* од "*зад Карпатите"*. Па, од каде тогаш *Словени* во 4 и 5 век? За ова постојат две објаснувања.

Прво, можеби неговиот биограф дополнително, така да кажеме, во "подоцнежно време" ја уфрлил оваа речница во неговото житие, па така во животот на свети Јован Златоуст во 4 и 5 век се појавиле и *Словените*.

Но, постои и друго објаснување (секако до колку се докаже дека оваа реченица во неговото житие е автентична). Овде само накратко ќе спомнеме дека за потеклото на *Словените* постојат најмалку три различни теории. Покрај не сосема докажаната теорија за наводната прататковина на *Словените* од зад Карпатите, останатите две теории (зад кои стојат истакнати руски научници, меѓу кои и академици) тврдат дека прататковина на *јужните Словени* бил - Балканот! За жал, македонската официјална историографија не само што не ги ни споменува овие теории, туку и натаму тврдоглаво се држи исклучиво за заткарпатско-мочуришната теорија за потеклото на *Словените.* Теоријата за балканското потекло на *јужните Словени* дури била и официјална теорија во советската историографија за време на поранешниот СССР! Но, за сето ова досега повеќепати сме пишувале и повторно ќе пишуваме во следната книга.

Сега да се вратиме на останатите значајни личности за христијанството кои потекнувале од македонскиот малоазиски град Антиохија.

Во Антиохија бил роден и познатиот христијански теолог **Теодор** (350-428). Тој отпрвин бил "*паган*", а потоа станал христијанин. Бил поставен за епископ на Тарс, каде останал десет години. Негов ученик бил Нестор, создавачот на Несторијанската Црква. За македонското потекло на Теодор индиција претставува не само неговото место на раѓање, туку и неговата првобитна припадност кон "*паганизмот*".

Во Антиохија се родил и **светиот маченик Евсигние,** кој живеел во 4 век. И нему главата му била отсечена во 362 година.

Веќе спомнавме дека и **свети Никола**, кој бил еден од седумте проповедници (ѓакони), кои биле испратени од дванаесетте апостоли за да го шират христијанството, бил роден од Антиохија, што значи дека е многу веројатно дека и тој имал македонско потекло.

Во Антиохија живеел и **светиот маченик Теодор**. Тој живеел во 4 век. Бил маченички убиен во времето на Јулијан (*Житија... ноември*, стр. 691)

Во Антиохија најверојатно се родил и **Свети Евод.** Тој припаѓал на седумдесетминатa свети апостоли кои дејствувале во првиот век по Христа. Од страна на свети Павле бил поставен за прв епископ во Антиохија (*Житија...септември*, стр. 148). Ова може

да значи дека бил домороден жител на овој град, можеби потомок на таму населените Македонци.

Во Антиохија бил роден и **свети Теофан**. Неговите родители биле пагани. По смртта на својата жена станал христијанин и цел живот живеел вон градот Антиохија, заедно со својата втора жена **света Пансема** (*Житија... јуни*, стр. 224).

Во Антиохија бил роден и **светиот преподобен отец Теодосие Антиохиски**. Тој бил монах. (*Житија...февруари*, стр. 74).

Во Антиохија бил роден и **светиот маченик Никифор** (*Житија... февруари*, стр. 185). Живеел во 3 век. Главата му била отсечена во 260 година.

Во Антиохија била родена и **светата маченица Серафима**. Била убиена со отсекување на главата на почетокот од 2 век. (*Житија...јули*, стр. 709).

Во Антиохија бил роден и **свети Еразмо Охридски.** Тој живеел на крајот од 3 и почетокот на 4 век (*Житија...јуни*, цит. дело). Интересно е тоа што тој главно дејствувал во Охрид, каде покрстил мнозина пагани. Бил убиен од Римјаните во 303 година. За него со голема веројатност можеме да претпоставиме дека бил Македонец. Не само поради тоа што се родил во македонскиот сириски град Антиохија, туку и поради тоа што главно дејствувал во Охрид, среде Македонците, со кои можеби комуницирал на стариот македонски јазик.

Од Антиохија потекнува и **светиот свештеномаченик Теодорит, презвитер Антиохиски**. (*Житија... март*, стр. 152). Тој живеел во 4 век. Бил чувар на скапоценостите во Антиохиската црква и бил убиен од непријателите на христијанството.

Во Антиохија била родена и **светата маченица Јустина** (*Житија... октомври*, стр. 70). Нејзиниот татко се викал Едесие (македонско име, чија основа е градот Едеса) и бил паганскисвештеник. Мајка и се викала Клеодонија (повторно име со македонски корен). Света Јустина настрадала на крајот на 3 или на почетокот на 4 век.

Во Антиохија била родена и **света маченица Пелагија**, која живеела на крајот од 3 и почетокот на 4 век. Во 312 година се фрлила од кровот на својата куќа откако дошле римските стражари за да ја одведат на суд поради нејзината христијанска вероисповед. Таа тогаш имала само 15 години. (*Житија... октомври*, стр. 180-

181). Коренот на нејзиното име веројатно доаѓа од древниот народ *Пелазги*, кои во антиката биле населени во Македонија.

Во Антиохија бил роден и **светиот маченик Варлам.** Тој бил принудуван да им служи на "*идолите*" (паганските богови), но откако одбил, бил убиен со маченичка смрт во 304 година. (*Житија... ноември*, стр. 591).

Во Антиохија се родила и **светата маченица Домнина**. Таа потекнувала од богаташко семејство. Од Антиохија се преселила во Едеса (Воден) Таму била уапсена како христијанка од страна на Римјаните, поради што извршила самоубиство додека била водена во затвор. Со неа загинале и нејзините две ќерки. Тоа се случило во 306 година. (*Житија... октомври*, стр. 70)

Во Антиохија била родена и **светата преподобна мајка Пелагија**. Таа била богата девојка и една од најубавите во Антиохија. (*Житија... октомври*, стр. 170-178). Подоцна станала христијанка, се откажала од удобностите на земскиот живот и се замонашила. Живеела во 5 век.

Во Антиохија бил роден и **свети Симеон Мгвински**. Тој бил монах и дејствувал во Грузија.

Во Антиохија се родила и **светата праведница Марта**. (*Житија... јули*, стр. 64-65). Таа била мајка на **свети Симеон Дивногорец**. Во нејзиното житие е спомнато предградието Дафне во Антиохија, каде таа живеела.

Во Антиохија се родил и **свети Андроник** (*Житија... октомври*, стр. 184). Живеел во 4 и во првата половина на 5 век. Тој бил оженет со жена која се викала Атанасија. Живееле како христијани и им давале помош на сиромашните. По смртта на своите деца се замонашиле.

Во Антиохија бил роден и **свети Панкратие.** Тој живеел во времето на дејствувањето на Исус Христос. Откако слушнал за чудата на Исус, заедно со својот татко дошол во Ерусалим за да го види. Обајцата станале Исусови следбеници и го следеле Исус за време на неговото дејствување. Подоцна, поради ширење на христијанството свети Панкратие бил убиен. (*Житија... јули*, стр. 177). Неговиот татко **свети Маркел** бил поставен за епископ на Сицилија. (*Житија...февруари*, стр. 188).

Во Антиохија бил роден и **светиот преподобен отец Варадат**. Тој бил монах и живеел во 5 век. (*Житија... февруари*, стр. 397).

За некои епископи на Антиохија и на Александрија (како, на пример: свети Вавил од 3 век, Теодор Александриски и други) нема децидни податоци дека таму биле родени, иако таму живееле и дејствувале.

Нема никакво сомнение дека барем дел од овде наведените светители биле потомци на Македонците од Антиохија, според сведоштвата што веќе ги наведовме, според кои токму Македонците го основале и први го населиле овој град и чии потомци и подоцна живееле како негово значително население.

Придонесот за христијанството од Македонците - жители на останатите македонски градови во Азија

Веќе наведовме докази дека, освен големите градови Антиохија (сириска) и Александрија во Египет, Македонците Селевкиди и Птолемеи изградиле и други бројни населби во земјите со кои владееле, населувајќи ги и нив претежно со македонско и грчко население. Тоа е таа, како што ја нарекува Вилкен, "*една друга Македонија*", што се појавила и долго време егзистирала во Азија (источното Средоземје) и Африка (Египет и дел од Либија).

Логично е ако кажеме дека и во времето на Исус Христос, потомците на овие Македонци и натаму живееле во споменатите градови. Некои од нив дале свој придонес за христијанството. Во деталните описи на житијата на светителите од првите векови по Христа, потомците на овие Македонци можеби можат да се детектираат според нивното потекло од овие градови. За детектирање на потомците на таму доселените Македонци придонесува и паганската балканска религиозна определба на која отпрвин припаѓале некои од нив. Нормално дека некои од овие дејци веројатно биле и Грци. Да направиме преглед на некои од нив.

Најнапред ќе почнеме со градот Антиохија писидиска. Овој град се наоѓал на територијата на денешниот централен дел на Турција. Антиохија писидиска била изградена во 280 година пред Христа од страна на Македонецот Антиох И, што значи дека и овој град бил населен со Македонци. Поради тоа, со голема веројатност можеме да претпоставиме дека и некои од светителите кои

потекнувале од овој град можеби биле Македонци. Градот отпрвин опфаќал територија од 14 квадратни километри.

Од Антиохија писидиска потекнувале **светите маченици Стефан, Марко и Марко**. Сите тројца биле маченички убиени во времето на цар Диоклецијан. (*Житија... ноември*, стр. 660).

Во Антиохија писидиска била родена и **светата великомаченица Марина**. Нејзиниот татко се викал Едесие (име со чист македонски корен, создадено од името на македонскиот град Едеса!). Тој бил паганси свештеник и поради тоа самиот ја наклеветил својата ќерка на Римјаните. Така, света Марина била погубена, некаде на крајот од 3 или на почетокот од 4 век. (*Житија...јули*, стр. 383). Поради името на нејзиниот татко речиси со сигурност можеме да претпоставиме дека и света Марина била етничка Македонка.

Македонците Селевкиди изградиле или значително доградиле и неколку градови кои ги нарекле со името Селевкија и во кои најверојатно дека населиле извесен број Македонци. Некои светители потекнувале и од овие градови.

Во градот Селевкија писидиска се родил **светиот отец Артемон**, кој живеел и проповедал во времето на Исусовите апостоли. (*Житија... март*, стр. 451).

Во градот Селевкија сириска била родена **света преподобна мајка Антуса**, која била маченички убиена за Христовата вера во времето на римскиот цар Валеријан. (*Житија... август*, стр. 392)

Во градот Селевкија исавриска бил роден **свети Евтимие**. Се родил во 834 година. Бил патријарх на Цариград, а потоа се замонашил. Починал во 917 година.

Во градот Едеса киликиска (за кој рековме дека бил изграден од Македонците, поради што и добил вакво име) се родиле и **свети Сарвил и неговата сестра света Вевеја**. Тие живееле на крајот од првиот и почетокот на вториот век. (*Житија... октомври*, стр. 313). Во врска со нивното потекло во нивното житие читаме:

“Овие светци беа од Едеса, а пострадаа за време на цар Трајан во 110 година”. (*Житија... јануари*, стр. 835).

Сарвил отпрвин бил гаталец, што значи дека и припаѓал на паганската религиозна определба и бил почитуван од тамошните жители - пагани. Но, подоцна бил преобратен во христијанството од страна на епископот на Едеса, **свети Варсимеј**, поради што бил

мачен од Римјаните. Кога го видела тоа неговата сестра Вевеја и самата изјавила дека е христијанка, па и таа била мачена. На крајот главите им биле отсечени. И свети Варсимеј исто така бил мачен и убиен.

И првата збирка на текстови со христијански химни (позната под името "*Гностички Псалтир*") била создадена од еден жител на Едеса. Тоа е Ефрем од Едеса.

Во Едеса бил роден и **свети Јован од Едеса**. Во неговото житие читаме:

"Свети Јован беше родум од Едеса, побожен христијанин и римски офицер". (*Житија... јануари*, стр. 892).

Свети Јован ја напуштил војската и отишол во Ерусалим, а потоа и во Александрија. Животот го завршил маченички. За неговиот роден град Едеса, во толкувањата на неговото житие, пишува дека тоа не е градот Едеса во Македонија, туку дека е градот Едеса во малоазиската област Киликија.

И еден од врвните ранохристијански теолози исто така потекнувал од Едеса. Тоа бил **Ебаз од Едеса**, кој бил еден од авторите на познатото теолошко дело "*Трите Поглавија*". Ова дело било прифатено на Четвртиот екуменски собир, одржан во Халкидон во 451 година.

Да го спомнеме повторно и азискиот град Иконија. Во овој град се родила **света Параскева** (**света Петка Иконискa**). За Иконија веќе наведовме сведоштва дека била населена со пагани (главно Македонци и Грци). Света Петка Иконискa живеела во времето на Диоклецијан (3 и 4 век). Поради тоа што била христијанка, била маченички убиена од Римјаните (*Житија... октомври*, стр. 591).

Некаде во Сирија се родил и **свети Стратоник** (уште едно име од античко-македонскиот ономастикон). Тој живеел во 4 век и маченички пострадал за Христовата вера.

И самото име на **свети Македоние** ни зборува дека најверојатно овој светител бил Македонец. Тој живеел во Феникија и во Сирија, а тоа се токму областите, кои своевремено биле центар на државата на Македонците Селевкиди. Свети Македоние умрел во 418 година на 70 годишна возраст. Имал исцелителна моќ. Речиси цел живот го проживеал на отворено небо по пештери и јами (*Житија... јануари,* стр 760). Личното име Македоние тешко дека можел да го носи припадник на друг народ, затоа што тоа е специфично име, изведено од името на државата (земјата)

Македонија. Поради тоа, повеќе од јасно е дека ова име најмногу можело да биде задржано само од страна на потомците на Македонците, кои живееле во некогашната држава на Селевкидите. Нивните потомци и во римско време се уште биле свесни за своето македонско потекло, чиј спомен го артикулирале преку носењето на ова специфично име. Веќе спомнавме дека ова име, не случајно, се среќава и во 6 век, како име на жител на некогашниот голем македонски (азиски) град Антиохија.

Постои уште еден **свет маченик Македоние**, кој пострадал заедно со света Татјана и свети Теодул во времето на Јулијан Отстапник во 4 век. (*Житија... септември*, стр. 253). И за него, според името, со голема веројатност можеме да претпоставиме дека бил потомок на Македонците, иако нема податоци за местото на неговото потекло.

Постои и трет светител по име Македоние! И за овој **свети Македоние** има малку податоци. Се знае дека бил маченик, кому му биле отсечени прстите на нозете и рацете. (*Житија... јуни*, стр. 633).

Од времето на Исус Христос (но и нешто подоцна) во наративните извори се среќаваат и други лица кои носеле имиња со балканско потекло, а кои потекнувале од Азија, т.е. од земјите со кои своевремено владееле Македонците Селевкиди. Во списокот на светите седумдесет апостоли, кои биле едни од првите христијани во светот, ги среќаваме имињата на светите: Тадеј, Филимон, Олимп, Аполос, Артем (епископ во Листра), Игнат (епископ во Антиохија), Поликарп, Димитрија (епископ во Филаделфија) и други.

Во послешните векови се среќаваат уште повеќе личности со имиња од балканско потекло, кои му припаѓале на христијанството, а биле по потекло од територијата на некогашната држава на Македонците Селевкиди. Сигурно дека и некои од нив биле потомци на своевремено таму доселените Македонци.

ПРИДОНЕСОТ НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА КОН ХРИСТИЈАНСТВОТО

Освен Македонците вон Македонија, свој огромен придонес во христијанството приложиле и Македонците од самата Македонија! Во Македонија се случиле неколку клучни библиски настани, а во Македонија се родиле низа христијански светители и дејци.

Веќе спомнавме дека Македонија во Стариот Завет е спомната под името *Китим*. Да се потсетиме на цитатот од *Првата книга на Макавеите* (1-3), каде во врска со победата на Александар Македонски над персискиот цар Дарие, пишува:

"Александар Македонецот, синот Филипов, кој тогаш веќе беше господар на Грција, се појави од земјата Китим и го победи Дарие, кралот персиски и медиски, по што зацарува место него".

Именувањето на Македонија како *Китим* се среќава и на друго место во Библијата. Така, на пример, уште во *Битието* (10:4) се спомнати *Китимците* (Македонците), како еден од најстарите народи на светот, кои воделе директно потомство од синовите на Ное.

Во врска со библиското спомнување на Македонците ќе укажеме на еден многу интересен податок, што мошне убедливо го презентира д-р Ѓорѓи Поп-Атанасов во својата книга: *Библијата за Македонија и Македонците*. Имено, д-р Поп-Атанасов потсетува дека Македонија е спомната и од страна на најголемиот старозаветен пророк Мојсие (*Броеви*, 24:24). Овде читаме:

"Поморски народи се собираат од север. А бродовите од страна на Китим го покоруваат Асур, го покоруваат Евер, па и него ќе го стигне вечна гибел."

Спомнувањето на "*бродовите од страна на Китим*" практично значи дека Мојсие оставил сведоштво за постоење на Македонска флота. И нема ништо чудно во сето ова, до колку не се знае дека Мојсие ова го напишал некаде помеѓу 15 и 13 век пред Христа!!! Од друга страна знаеме дека наративните извори за создавањето на античката македонска држава го лоцираат создавањето на оваа држава некаде околу 8 век пред Христа. Ова практично значи дека Мојсие оставил сведоштво за постоење на Македонска флота 5 до 7 века **пред** наводното прво создавање на

античката македонска држава! Сигурно дека на ова сведоштво треба да му се посвети поголемо внимание, затоа што останатите наративни извори за прапочетоците на создавањето на античката македонска држава целосно се завиени во легендарни раскажувања. Во својата книга д-р Ѓорѓи Поп-Атанасов посочува повеќе аргументи во прилог на научно докажаната вистинитост на останатите историски записи од Мојсие, што дава посебна тежина на неговото сведоштво за постоењето на Македонска флота уште од 13 или 15 век пред Христа. Секако дека во прилог на вистинитоста на ваквото тврдење на Мојсие се и податоците што веќе ги наведовме во врска со постоењето на организиран живот во Македонија дури и пред времето на Мојсие.

Но, зошто Македонија била означена со името *Китим* во овој стар документ? Одговор на ова прашање повторно дава д-р Ѓорѓи Поп-Атанасов (цит. дело, стр. 28, 31 и 35). Најнапред тој потсетува дека и други денешни територии, во Библијата се спомнати со поинакви имиња, секако поради разбирливи причини што тој детално ги образложува. Така, на пример, Египет е спомнат како *Мирцраим*, Етиопија како *Офир, Уц* и *Хуш*; Кипар е спомнат како *Кафтор*; Шпанците се спомнати како *Тарсис* (според древниот град Тарсис, кој се наоѓал во Шпанија) и така натаму. Д-р Поп-Атанасов објаснува дека коренот на *Китим* е во именката *Кит*, а додатокот *им* е еврејски додаток, со кој во еврејскиот јазик се правеле термините за означување на одредени народи (како што отприлика кај нас е додатокот "*ци*" - Шпанци, Македонци и т.н.). Д-р Поп-Атанасов претпоставува дека името *Кит(им*) можеби е изведено од етнонимот *Скит*, т.е. од името на Скитите (кои и навистина во минатото живееле во југо-источна Европа). Втора претпоставка што ја дава д-р Поп-Атанасов е дека името Кит(им) произлегува од името на древно-македонскиот град Китион, а можеби и од името на старата македонска планина планина Китос, што ги спомнал уште Ксенофонт (440-355 пред Христа). Значи, гледаме дека во најзначајната книга на светот (Библијата) Македонците се спомнати како еден од најстарите народи на светот, кои од дамнина имале своја организирана држава!

По пропаста на античко-македонската држава (2 век пред Христа), Македонците и натаму останале да живеат како доминантно население во Македонија, без разлика што биле под римска окупација. Овде малку ќе се оддалечиме од темава за да го потврдиме постоењето на етничките Македонци во Македонија со

векови по пропаста на античко-македонската држава, т.е. со векови по нејзината окупација од страна на Римјаните. Ова е важно да го докажеме затоа што во продолжение ќе наведеме повеќе христијански светители кои потекнувале од Македонија токму од овие времиња, а кои денес во голема мера од страна на некои наши црковни историчари не се третирани како Македонци (!?). Со ваквиот однос на овие наши историчари се прави вистински грев кон овие наши сонародници - Македонци од т.н. *предсловенски период*. Ваквото нивно отфрлување е во целосна спротивност и со Уставот на МПЦ, а пред се со историската вистина! До колку светителите Македонци од т.н. *предсловенски период* не биле Македонци, тогаш што биле тие? За среќа Македонската Православна Црква официјално ги третира овие личности како наши македонски светители, а ова е запишано и во Преамбулата на самиот Устав на МПЦ.

Во новата верзија на Уставот на МПЦ (Скопје, 1995), во Преамбулата сосема јасно е потенциран континуитетот на денешните Македонци со античките. Во врска со ова читаме:

"Трагнувајќи од историската вистина дека Македонија и Македонците се овековечени во Светото Писмо - Библијата;

Почитувајќи го фактот дека во светата библиска и благословена земја Македонија христијанството е проповедано уште од светиот Апостол Павле, кој ги основал првите христијански црковни општини и епископии на македонските градови: Филипи, Солун, Бер и др.;

Имајќи ја предвид дејноста на македонските апостоли Гај и Аристарх (Дела 19,29) и на македонските цркви (епископии) во апостолско време (2. Кор. 8, 1-5) и потоа, па и во времето на Јустинијана Прима... Архиепископскиот Црковно-народен Собир на 31 октомври и 1 ноември, 1994 година, со измени и дополнувања, донесе УСТАВ на Македонската Православна Црква".

Во *Алманах на 25-ти јубилеен Црковно-народен собир* (септември, 1999 г. Издание на Американско-канадската епархија при МПЦ, Краун Поинт, Индијана, САД), како македонски светители спомнати се неколкумина светители од т.н. *предсловенски период*, иако во продолжение ќе видиме дека нивниот број е многу поголем.

Но, да отстапиме место и на историските аргументи. Да направиме преглед на некои од историските сведоштва кои јасно потврдуваат дека етничките Македонци си живееле во Македонија со векови по пропаста на античката македонска држава.

Уште во времето веднаш по римската окупација на Македонија, на смелите антички Македонци, кои до крај се бореле против надмоќниот римски непријател, им се обратил генералот на римските легии Павел Емилијан со следниот проглас:

"*Македонците ќе останат слободни и целосни господари на своите градови,но Македонија ќе биде под покровителство на Римјаните.Македонците ќе му го плаќаат на Рим половината од својот данок, што досега го плаќаа на својот цар.Секоја година населението ќе се собира во определен град и ќе си избира судии и управници според старите македонски обичаи."*

Меѓутоа, и покрај ваквата изјава, Римјаните воопшто не останале доследни на своите ветувања и почнале мошне сурово да се однесуваат кон Македонците. Поради ова Македонците често се бунтувале против римската окупација.

За постоењето на Македонците во времето по римската окупација на Македонија пишува и римскот историчар Анри Флок (втори век). Опишувајќи ги востанијата на Тракијците против римската окупација на Тракија (кои континуирано траеле од крајот на вториот до почетокот на првиот век пред Христа.), овој историчар го споменува и антиримското востание на Македонците:

"*По Македонците, според Божјата волја, востанаа и Тракијците, кои порано им плаќаа данок на Македонците".*

Повеќе од јасно е дека овде терминот *Македонци* е предаден во етничка смисла на зборот (а не во географска), затоа што Тракијците порано и навистина биле окупирани не од географските, туку од етничките антички Македонци, на кои биле принудени да им плаќаат данок. (Овој документ е преземен од книгата *Христоматиа по историа на Блгариа,* Софија, 1964, стр. 28.)

Македонците се спомнати и во Новиот Завет во врска со мисијата на светиот апостол Павле во Македонија. На овие цитати ќе се задржиме во продолжение.

Етничките Македонци во времето на римската окупација на Македонија ги споменува и најпознатиот еврејски антички историчар Јосиф Флавиј. Во својата книга *Њар оф тхе Јењс* (ИИ, 16, 4) Флавиј споменува еден говор на еврејскиот крал Агрипа пред Евреите, кои сакале да се борат против римската власт. Агрипа ги убедувал Евреите дека римската империја е многу силна и дека попусто ќе се борат. За да ги одврати од намерата Агрипа им спомнал дека и други народи се наоѓале под римска власт, па сепак, никој од нив не се осмелувал да се бори против оваа силна

империја. Меѓу наброените народи тој ги спомнал и Македонците, при што рекол:

"*Кој ве убедува да им се спротивставите на Римјаните? Можеби ќе кажете дека ви е тешко да живеете под ропство. Добро, но зарем не им е потешко на Грците?... Така е и со Македонците, кои имаат иста причина како и вие, да се борат за својата слобода".*

Не само што други автори сведочеле за постоењето на античките Македонци како најдоминантни жители во Македонија во периодот на римската окупација на нашата земја, туку и самите Македонци сведочеле за тоа. Така на пример, на една плоча, откриена во близината на Бер (253 година), во врска со ослободувањето на 12-годишниот роб на слобода, неговиот сопственик запишал:

"Јас Десиос Коминиос Јулианос и подарив на мајката на боговите Автохтоната дете, на име Калокерон Олимпин, на возраст од 12 години, родум - Македонец". (проф. Фотис Пецас: *Во шпицот меѓу идолопоклонството и христијанството*, в. Елиникос Ворас, цит. според Христо Андоновски, "*Јужна Македонија од античките до денешните Македонци"* Скопје, 1995, стр. 42).

Од овој натпис сосема јасно се гледа дека македонското етничко чувство не ги напуштило Македонците ни по четири века од римската окупација на Македонија, а за ова постојат и други сведоштва, од кои некои веќе наведовме.

Во овој ист трети век кога окупирана Македонија веќе одамна претставувала римска колонија Македонците барале водачите на нивните комуни, веќе да не се нарекуваат *архиревси*, туку - *македонијарси*!

За тогашните Македонци пишувал и писателот Созомен, кој живеел од крајот на 4 до средината на 5 век. Во врска со христијанизацијата на Македонците,која се одвивала во времето на императорот Константин Први Велики (306-337), Созомен запишал:

"*Хелените,Македонците и Илирите почнаа без страв да ја исповедуваат Христовата вера".* (*ГИБИ*, т И, Софија, 1954, стр. 50-51).

И овде посебно сакам да потенцирам дека во оваа изјава повеќе од очигледно е дека терминот *Македонци* е употребен во етничка,а не во географска смисла, бидејќи е употребен рамноправно со термините: *Илири* и *Хелени*, кои исто така претставуваат етнички

(а не географски) термини. Значи, повеќе од јасно е дека античките Македонци живееле во Македонија и во 4 век.

За античките Македонци како најдоминантен етникум во Македонија во рановизантискиот период пишува и Теодорит Кирски (393 година - средина на 5 век). Така, на пример, за градот Солун тој пишува дека е: *"голем и многунаселен град*, *кој му припаѓа на македонскиот народ"*. (*ГИБИ*...стр. 79-80).

Значи, постојат повеќе древни сведоштва кои го потврдуваат постоењето на етничките Македоцни како жители на Македонија со векови по римската окупација на нашата земја. Токму во ваквата Македонија населена со Македонци се случиле неколку важни настани поврзани со христијанството, кои во продолжение ќе ги наведиме, а се родиле и поголем број христијански светители.

Македонија е значајна и поради фактот што неколку клучни фигури на христијанството престојувале овде. Во нашата поширока јавност главно се знае дека само светите апостоли Павле и Лука престојувале во Македонија. Но, имало и други клучни личности од христијанството кои биле во посета на нашата земја. Во продолжение ќе направиме осврт кон овие важни настани.

Светиот апостол Павле во Македонија

Ќе почнеме со престојот на светиот апостол Павле во Македонија. Во светската наука добро е познато дека христијанизацијата на Европа започнала преку Македонија, конкретно преку првите христијански заедници што овде ги основал свети Павле. Првите христијани, кои го примиле христијанството на тлото на Европа, биле Македонци. Христијанизацијата на овие Македонци дошла како резултат на второто мисионерско патување на свети Павле (инаку, прво христијанско мисионерско патување во Европа).

Да се потсетиме накратко на овој извонредно значаен настан. Откако почнал со ширењето на христијанството низ Мала Азија свети Павле стигнал во Троада. Таму имал видение во кое му се појавил некој Македонец, кој го замолил да појде во Македонија за да им помогне на Македонците. Во *Делата апостолски* (16:9) во врска со ова читаме:

“Преку ноќта имаше Павле видение: стоеше пред него еден човек, Македонец, кој го молеше и му велеше: 'Премини во Македонија и помогни ни!'“

Веќе спомнавме дека постојат претпоставки според кои Македонецот што го повикал свети Павле да дојде во Македонија бил токму светиот евангелист Лука.

Во Библијата (Загреб, 1983, стр 1248), во коментарите за Посланијата на свети Павле, во врска со престојот на овој апостол во Македонија читаме:

“Малку потоа Павле, откако се одделил од Варнава, со новите соработници, тргнал на второто мисионерско патување во годините 50-52. Преку Мала Азија дошол во Европа, каде ги основал првите христијански заедници во Македонија: во Филипи, во Солун и во Верија”.

Значи, првите Македонци во Македонија се христијанизирале по само околу две и пол децении од распнувањето на Исус Христос, што претставува податок за почит! И сето тоа се случило по само два века од пропаста на независната античко-македонска држава, кога смелите Македонци се уште не можеле да се помират со римската окупација на својата земја.

Да направиме краток осврт на престојот на свети Павле во македонскиот град Филипи, каде практично била формирана првата христијанска зеаедница на тлото на Европа. Се смета дека свети Павле бил во Филипи летото во 50 година по Христа. (*The Apostle Paul's Visit to Philippi, History of Phillipi*, Dr.Clint Arnold and his class at Talbot Theological Seminary,The Biblelands Project. Copyright 1999 by Mustardseed Media,Inc Website:http://www. mustardseed. net).

Со сигурност можеме да кажеме дека огромното мнозинство на тогашните граѓани на Филипи, со кои се среќавал свети Павле, биле токму етничките антички Македонци. Освен претходно изнесените податоци за етничкиот состав на Македонија од тоа време, како потпрепа на ваквиот заклучок, ќе посочиме уште неколку моменти.

Добро е познато дека свети Павле со своите придружници во сите градови што ги посетувале, најпрво оделе во еврејските синагоги за да им проповедаат прво на Евреите за Исуса. Впрочем, ова сосема јасно може да се види во описите на посетите на разни градови од страна на свети Павле и неговите придружници, кои ги среќаваме во *Дела апостолски*. Но, што се случило кога дошле во Филипи? Во описот на нивната посета на овој град не се спомнува

никаква еврејска синагога. Ова само може да значи дека еврејска синагога во Филипи тогаш - немало! Во горецитираниот труд (*Тхе Апостле Паул'с Висит то Пхилиппи, Хисторѕ оф Пхиллипи*... цит. дело) е дадено едно интересно и убедливо толкување за овој настан. Овде читаме:

"*Павле имал обичај да оди во синагогите на градовите, но овде* (во Филипи, з.м.) *таква не се среќава. За да можеле Евреите да се собираат во синагога, морало да има најмалку десет мажи Евреи. Но, отсуството на синагога ни зборува дека таму имало мала еврејска популација.*"

Од овој податок може да се извлече заклучок за етничкиот состав на Филипи. Значи, во овој град Евреи речиси немало (штом немало ни десет мажи Евреи за да се собираат во синагога), туку најмногу имало Македонци, кои од порано живееле во овој град.

За доминантниот македонски етнички карактер на Филипи ќе спомнеме уште еден податок. Во *Дела апостолски* читаме дека откако не нашле еврејска синагога, свети Павле и придружиниците, излегле крај блиската река, каде народот тогаш се молел. Во врска со ова во *Дела апостолски* (16:13) читаме:

"*А во саботата излеговме надвор од градската врата, кон реката, каде што имаа обичај да се молат. И седнавме и им зборувавме на собраните жени.* "

Се поставува прашањето: зошто граѓаните на Филипи излегувале да се молат токму крај блиската река? Одговорот на ова прашање ни нуди уште еден доказ за доминантната македонска популација на Филипи. Имено, добро е познато дека античките Македонци гаеле посебен култ кон водата, т.е. кон реките и овој култ се среќава уште во постарата македонска историја. Така, на пример, во споменатата приказна за настанокот на македонската држава (раскажана од Херодот), реката одиграла пресудна улога во спасувањето на легендарниот македонски крал Пердика, кој заедно со своите двајца браќа биле прогонувани од своите непријатели. Практично античките Македонци им принесувале жртви на реките и истите длабоко ги почитувале. Интересно е и тоа што водата, како *натприродна сила,* останала и во фолклорот на Македонците од 19 и 20 век. Познатиот македонски фолклорист д-р Томе Саздов како најчесто користен материјален елемент со натприродна моќ во македонските сказни ја споменува токму водата (*Преглед на македонската народна проза; Култура,* Скопје, 1981 стр.71). Инаку,

неспорно е дека водата како *натприродна сила* ја има и во фолклорот на други народи.

Значи, молењето на граѓаните на Филипи крај реката претставувало стар античко-македонски обичај, што доволно зборува за доминантниот македонски етнички карактер на овој град.

Како поткрепа на сето ова ќе спомнеме и дека во апокрифниот ранохристијански ракопис, под наслов *Делата на Павле* спомната е некоја жена, жителка на Филипи, која се викала Стратоника (*Acts of Paul*, from "*The Apocryphal New Testament*" M.R.James-Translation and Notes Oxford: Clarendon Press,1924). И ова име е често во постариот античко-македонски ономастикон (без разлика на неговото потекло).

Секако дека во Филипи, освен доминантните Македонци, имало и припадници на други народи, но за нив можеме да кажеме дека главно биле привремено населени трговци со потекло од разни земји, кои таму ги продавале своите стоки. Една од нив била и жената Лидија од азискиот град Тијатира, за која во продолжение ќе пишуваме.

Сега предлагам да направиме обид за можно утврдување на идентитетот на првиот Македонец од Македонија кој станал христијанин на тлото на Европа, затоа што тоа практично бил првиот европјанин што се покрстил на тлото на Европа. Некои наши истражувачи сметаат дека првата европска христијанка била гореспоменатата "*Македонка Лидија*", која била покрстена уште за време на првото присуство на свети Павле и на неговите придружници на молитвата крај реката близу Филипи. Но, овде ќе дадеме едно поинакво мислење за идентитетот на првиот христијанин (кој се покрстил на тлото на Европа), секако потпирајќи се на добро познатите податоци. Во врска со ова во *Дела апостолски* (16: 14-15) читаме:

"*И една богојазлива жена по име Лидија, продавачка на пурпурно платно од градот Тијатира, слушаше. И Господ и го отвори срцето да внимава на Павловите зборови. А, кога беше крстена таа и нејзиниот дом, не замоли, велејќи: 'Ако ме признавате за верна на Господа, влезете во мојот дом и останете.'*"

Од овој извадок сосема јасно се гледа дека Лидија воопшто не потекнувала од Македонија, туку дека таа била по потекло од малоазискиот град Тијатира. Дури и ако била етничка Македонка (потомок на евентуално доселените Македонци во Тијатира, за што

постојат одредени индиции, за кои ќе пишуваме во продолжение), фактот што таа не била родена во Европа, е доволен за да кажеме дека таа не можела да биде првата европјанка која го примила христијанството, затоа што таа воопшто не била европјанка!

Па, кој бил првиот европјанин што го примил христијанството на тлото на Европа? Можни одговори на ова прашање се следните.

Како прво, тоа можеби бил некој од членовите на семејството на Лидија. Факт е дека таа имала свој дом и семејство во Филипи, за кое видовме дека исто така било покрстено од свети Павле и неговите придружници. Податоци за ова семејство не се спомнати во *Дела апостолски*. Не се знае ни дали Лидија била мажена или пак можеби живеела со своите родители (кои можеби ја придружувале за време на нејзиниот престој во Филипи). Не се знае ни дали таа во Филипи (доколку била мажена) живеела како снаа во домот на некој домороден Македонец, или пак и нејзиниот сопруг бил дојденец од Тијатира, кој ја придружувал за време на нејзиниот престој во Македонија. Сето ова останува во областа на шпекулациите, но доколу нејзиниот (евентуелен) сопруг бил Македонец, тогаш токму тој би можел да биде првиот европјанин кој го примил христијанството на тлото на Европа.

Ќе спомнеме уште една личност која можеби била првиот европски христијанин, покрстен на тлото на Европа. Но, пред да ја елаборираме оваа претпоставка, најнапред предлагам да видиме што се случувало со натамошниот престој на свети Павле во Филипи. Откако ја покрстиле Лидија и нејзиниот дом, свети Павле со придружниците сретнале некоја девојка, која била слугинка кај некои богаташи од Филипи. Девојката била опседната од лошиот дух и се занималава со претскажувања. Кога го видела свети Павле со придружбата, девојката почнала постојано да ги следи и да вика по нив. Во еден миг, свети Павле се свртел кон неа и во името на Исус му заповедал на лошиот дух да излезе од нејзиното тело. Така и се случило и девојката ја загубила моќта за претскажување. Кога го виделе тоа нејзините господари многу се налутиле затоа што ја загубиле можноста за печалба преку наплатувањето за нејзините претскажувања. За да му се одмаздат на свети Павле, тие го наклеветиле пред римската власт дека наводно го бунел народот против Римјаните. Поради тоа свети Павле и неговиот придружник свети Сила, биле затворени во затворот во Филипи, откако

претходно биле претепани. Во врска со сето ова, во *Дела апостолски* (16:22-34) читаме:

"*И заедно се крена народот против нив, а заповедниците им ги скинаа облеките и наредија да ги бијат со стапови. И откако им удрија многу стапови, ги фрлија во темница и му заповедаа на темничарот да ги чува добро. Откако прими таква заповед, тој ги фрли во внатрешниот дел на темницата, и нозете им ги стави во клада. Околу поноќ Павле и Сила се молеа и со песна го славеа Бога, а затворениците ги слушаа. Но одделнаш стана силен потрес, така што се стресоа основите на темницата: во истиот миг се отворија сите врати и на сите им паднаа оковите. А чуварот на темницата се разбуди и кога ги виде отворените врати на темницата, го извади мечот и сакаше да ги убие, мислејќи дека затворениците избегале. Но, Павле викна со силен глас, велејќи: 'Не прави си себеси никакво зло зашто сите сме тука.' А тој побара светлина истрча внатре и треперејќи падна пред Павле и Сила; ги изведе и рече: 'Господа, што треба да направам за да се спасам?' Тие пак рекоа: 'Верувај во Господа Исуса и ќе се спасиш ти и твојот дом.' И им го проповедаа Господовото слово нему и на сите кои беа во неговиот дом. И тој ги зеде во истиот час на ноќта, им ги изми раните од ударите и веднаш се крсти тој и сите негови. Тогаш ги одведе горе во куќата, постави трпеза, и се зарадува со целиот дом, зашто поверува во Бога".*

Во продолжение читаме дека утредента свети Павле и свети Сила и формално биле ослободени од затворот откако докажале дека имаат статус на римски граѓани. Дури им било упатено и извинување поради неправедното задржување во затвор (*Дела апостолски*, 16:39). Во продолжение читаме дека тие пак навратиле во домот на Лидија, а потоа заминале од Филипи.

А сега да ги разгледаме горенаведените извадоци. За темава што ја обработуваме нас не интересира темничарот на затворот во Филипи. По Лидија и членовите на нејзиното семејство, по се изгледа дека токму тој бил следниот жител на Филипи кој го примил христијанството. И додека за сопругот на Лидија (доколку го имала) не се знае дали бил домороден граѓанин на Филипи (во чиј дом таа - дојденката од азиска Тијатира - можеби живеела како сnаа), или пак можеби и тој бил од Тијатира, па заедно со својата сопруга-трговец само престојувале привремено во Филипи, таков не е случајот со темничарот на затворот во Филипи.

За него со многу голема веројатност можеме да претпоставиме дека бил домороден жител на Филипи. Најголема индиција за ова е неговото работно место - затворски темничар. Ова работно место е со постојана локација (затворот), за разлика од, на пример, работните места на трговците (како Лидија) кои постојано шетале низ градовите. За Римјаните (па и за сите окупатори на туѓи земји низ историјата) се знае дека претежно на највисоките воени и политички функции во окупираните територии поставувале свои луѓе, припадници од доминантниот етникум на окупаторот. Но, на пониските функции и работни места (меѓу кои секако дека спаѓале и затворските темничари), биле ставани домородни луѓе, припадници на окупираниот народ. Ова е сосема разбирливо ако се знае со колкава територија тогаш владееле Римјаните. Оттаму, многу е веројатно дека токму таков бил и темничарот на затворот во Филипи.

Освен тоа читаме дека и тој имал сопствен дом и семејство во Филипи. Ова е уште една индиција во полза на претпоставката дека тој бил домороден жител на овој македонски град. Веќе наведовме податоци според кои токму Македонците биле најдоминантните жители на Филипи во тоа време, па оттаму најверојатно дека и затворскиот темничар бил Македонец! Дали можеби токму тој бил првиот европски христијанин што се христијанизирал на тлото на Европа?

Да заклучиме дека без разлика дали првиот европски домороден христијанин, кој се христијанизирал на тлото на Европа, бил евентуалниот сопруг на Лидија или можеби темничарот на затворот, речиси нема сомнение дека тој бил Македонец!

Да ја споменеме и смелата жена Лидија, која била првата личност што се христијанизирала на тлото на Европа и која поради тоа е канонизирана како светителка. За неа рековме дека потекнувала од градот Тијатира. Овој град се наоѓал во северниот дел од античката област Лидија (по која и продавачката Лидија го добила своето лично име). Тијатира денес се наоѓа во Турција. Првото познато име на овој град било Пелопио, а името Тијатира му било ставено од генералот на Александар Македонски и подоцнежен основател на династијата Селевкиди - Селевк Никатор. Подоцна овој град сменил уште неколку имиња. Денес го носи турското име Акхисар. Тијатира е познат град и среде љубителите на нумизматиката затоа што тоа бил еден од првите градови во светот во кој се употребувале парите. На претставите на парите од

Тијатира бил прикажан ликот на божицата Кибела. За оваа божица се знае дека припаѓала на културата на Фригите. За Фригите, пак, рековме дека (додека живееле во Македонија, кога го носеле името Бриги) дале значителен етно-културен прилог во формирањето на античко-македонскиот народ. Подоцна, се разбира, дека и во Тијатира била направени етнички промени, но сигурно дека потомците на Фригите и натаму живееле во овој град. Тијатира прво се наоѓала под власта на Персијанците, а потоа речиси два века била под власта на Македонците. Сосема е можно во тоа време и во Тијатира да биле населени Македонци, а силна индиција за ова е постоењето на храм на Аполон во овој град, чии остатоци и денес можат да се видат. Римјаните го освоиле овој град во 80 година пред Христа.

Значи во Тијатира, покрај Фригите (кои од дамнина таму биле доселени од Балканот), најверојатно дека имало и подоцна доселени Македонци, но се знае дека имало и Евреи. Во Библијата е спомнато името на жената Језабел од Тијатира, која им била опонент на христијаните. Во Тијатира се пронајдени материјални наоди и од еврејската култура.

Значи етничкото потекло на Лидија не може да се утврди. Индиција дека можеби и таа имала македонско потекло претставува фактот што и самата присуствувала заедно со мнозинството Македонци од Филипи на молитвата крај реката во овој град, што значи дека и самата се придржувала до овој стар античко-македонски обичај.

Но, да се вратиме на престојот на свети Павле во Филипи. Се смета дека Второто Послание до Коринтјаните свети Павле го напишал токму за време на својот престој во Филипи. Во горецитираниот труд во врска со ова читаме:

“*Овде во Филипи, Павле веројатно го чекал доаѓањето на Тит, кој е спомнат во Второто Послание до Коринтјаните (2:13). Доколку и навистина било така тогаш Второто Послание до Коринтјаните веројатно било напишано во овој град.*” (*The Apostle Paul's Visit to Philippi…*, цит. дело.)

Овој податок е прифатен како веродостоен и во споменатото светски познато издание на *Илустрирана Библија за млади* (објавено на македонски во Скопје, 1977 год., стр. 495), каде во врска со ова читаме:

"*Првото послание до христијанската општина во Коринт е напишано во 56-та во Ефес, а второто во Македонија, во зимата на 56/57 година.*"

Ова ни открива уште еден неверојатно значаен момент, достоен за почит, а тоа е фактот дека практично делови од Библијата биле пишувани и во Македонија!

На крајот да кажеме нешто и за археолошките споменици во Филипи, кои потекнуваат од времето на антиката.

Градот Филипи порано се викал Крениде. Името Филипи го добил во чест на Филип Втори Македонски. Во близина на овој град се наоѓал патот Виа Игнација. Во времето на римската окупација на Македонија граѓаните на Филипи се здобиле со римско граѓанско право и биле заштитени од државата.

Северно од Виа Игнација биле пронајдени остатоци од затвор, за кој се смета дека бил токму затворот во кој биле затворени свети Павле и свети Сила. Источно од затворот било откриено светилиште посветено на Аполон и Артемида. Бил откриен и еден театар, изграден од Филип Втори Македонски (4 век пред Христа). Во горецитираното издание "*Библиски земји*" (Biblelands) пишувано под надзор на д-р Клинт Арнолд од Теолошкиот Талбот Семинар. (наслов: *Archaeological Remains in Philippi; The Apostle Paul's Visit to Philippi, History of Phillipi*, Dr.Clint Arnold and his class at Talbot Theological Seminary,The Biblelands Project. Copyright 1999 by Mustardseed Media,Inc Web site:http:// www.mustardseed. net). предаден е детален преглед за археолошките наоди во Филипи од времето на антиката.

Во овој преглед читаме дека од тој период во Филипи биле пронајдени и (цитат): "*...многу херојски светилишта, како и еден македонски гроб".* Овие наоди биле покриени со христијански базилики. Градби биле пронајдени и јужно од Виа Игнација. Во продолжение на гореспоменатиот преглед читаме:

"*Источно од форумот каде што е пронајден македонскиот гроб, се наоѓала христијанска базилика. Изгледа дека тоа е најраната базилика, што потекнува од 4 век по Христа. Во оваа октагонална црква има мозаик направен врз мермерниот под, кој е посветен на светиот апостол Павле.*"

Значи, гледаме дека и најстарата европска христијанска црква од 4 век била изградена во Македонија. Во Филипи биле откриени уште неколку базилики.

Јужно од Виа Игнација биле откриени остатоци од римска бања, а источно од форумот била откриена и мала библиотека!

Ова е многу значаен податок кој ни зборува дека Македонците и во тоа време го почитувале пишаниот збор.

Да го кажеме и тоа дека свети Павле престојувал и во македонските градови Амфипол и Аполонија на својот пат кон Солун (*Дела апостолски* 17:1).

Во Солун свети Павле престојувал во куќата на Јасон, а оттаму заминал за Верија (Бер). Во Солун и во Верија мнозина Македонци и Евреи биле покрстени.

И покрај богатите археолошки наоди од времето на антиката во Солун, сепак најголемиот дел од античките богатства на овој град до денес остануваат тајна. Во прегледот на археолошките ископувања во Солун, во горенаведеното издание на *Библиски земји*, се заклучува:

"*И покрај сите овие археолошки наоди, најголемиот дел од градот се уште останува тајна, гледајќи од аспект на археологијата...*" (*Thessalonica*, *Archeological Remains in Thessalonica*, Dr.Clint Arnold and his class at Talbot Theological Seminary, The Biblelands Project. Copyright1999 by Mustardseed Media,Inc Web site: http:// www.mustardseed. net)

Познато е дека свети Павле испратил три свои посланија до Македонците (две до солуњаните и едно до филипјаните). Во Првото Послание до солуњаните свети Павле пишува:

"И вие се угледавте на нас и на Господа, примајќи го словото во голема неволја, со радоста на Светиот Дух, така што им станавте пример на сите верници од Македонија и Ахаја (1,7) *...А за братољубието нема потреба да ви пишувам, зашто Самиот Бог ве научи да се љубите еден со друг, а вие го правите тоа кон сите браќа во цела Македонија"*(4,9).

Овде гледаме дека свети Павле сосема јасно ја издвојува Македонија од Ахаја (територијата на денешна Грција).

На своето трето мисионерско патување, свети Павле повторно дошол во Македонија. Овојпат бил придружуван од неколкумина Македонци.

Од неговото трето патување интересен е описот на неговиот престој во малоазискиот град Ефес (кој главно бил населен со Грци). Овде свети Павле решил повторно да ги испрати во Македонија своите помошници Тимотеј и Ераст. Во *Делата апостолски* (19: 21-22), за ова читаме:

"*Кога помина тоа, Павле науми преку Македонија и Ахаја, да отиде во Ерусалим... И тогаш ги испрати во Македонија двајцата*

свои помошници Тимотеј и Ераст, додека тој се задржа во Азија уште некое време".

Свети Павле во Ефес доживеал големи непријатности. Откако тој и неговите следбеници (Македонците Гај и Аристарх) почнале да го проповедаат христијанството, Грците толку се налутиле што сакале физички да се пресметаат со нив, фалејќи ја на сет глас својата божица Артемида Ефеска. Во *Делата апостолски* (19:18-19), во врска со ова читаме:

"Кога го слушнаа тоа (Грците, з.м.)*, полни со гнев, почнаа да викаат 'Голема е Артемида од Ефес'. И целиот град се побуни. Сите како еден јурнаа кон театарот, влечејќи ги со себе Македонците Гај и Аристарх, Павловите сопатници"*.

Значи, овде Македонците практично биле малтретирани од Грците поради ширењето на христијанството.

Поради овој бунт во Ефес, свети Павле заминал оттаму и повторно отпатувал за Македонија. Во врска со настаните што следувале по бунтот на Грците во Ефес, во *Делата апостолски* (20: 1-4) читаме:

"*Кога се смири бунтот, Павле ги повика кај себе учениците и им даде совети. Потоа се прости од нив и отпатува за Македонија. Откако ги помина тие краеви, советувајќи ги браќата со многу говори, дојде во Грција, каде остана три месеци. Бидејќи Евреите, додека се подготвуваше да отплови за Сирија, му поставија заседа, тој реши да се врати таму преку Македонија. Со него беа: Сопатер, син на Пир од Верија, Аристарх и Секунд од Солун и Гај од Дерба и Тимотеј..."*

Гледаме дека овде Македонија повторно е сосема јасно издвоена од територијата на Грција. Исто така гледаме дека Македонците во тоа време се уште ги користеле личните имиња од славните времиња на слободниот живот на античка Македонија.

Свети Павле престојувал во Македонија вкупно четирипати.

Посетата на света Богородица на Македонија

Во нашата поширока јавност малку се знае дека во Македонија престојувала и една од клучните личности во христијанството, а тоа е лично света Марија Богородица! Денес е зачувано житието (биографијата) на света Богородица во кое е опишан нејзиниот живот од раѓањето, па се до нејзината смрт. Овде

подетално се опишани настаните од животот на света Богородица, што се одиграле по распнувањето и воскреснувањето на Исус Христос. Имено, света Богородица, заедно со апостолите и останатите христијани, продолжила да го шири христијанството се до својата смрт. Таа главно го проповедала Божјото Слово во Палестина, но во еден миг решила да отпатува кај своите приврзаници на Кипар, кои постојано ја канеле. За време на патувањето на Кипар, света Богородица накратко престојувала и во Македонија (конкретно на Света Гора, Атос или Атон на полуостровот Халкидик). Во книгата *Житија на светците за месец за август* (цит. дело) во прегледот на настаните од нејзиниот живот, во врска со ова пишува:

"Се зборува дека Пресвета Богородица била на островот Кипар кај свети Лазар Четвородневни, кој таму беше епископ, како и на Света Гора Атонска (Македонија, з.м!)".

Посетата на света Богородица на Македонија детално е опишана во нејзината биографијата од светогорскиот инок свети Стефан. Во врска со посетата на света Богородица на Македонија, свети Стефан пишува:

"Преблагословената Богородица се качи на коработ, заедно со возљубениот ученик Христов, девственият Јован и со останатите нивни побожни следбеници. Коработ заплови кон Кипар, но ненадејно дувна спротивен ветер и го втера коработ во пристаништето на Атонска Гора (Македонија, з.м.). *Тоа беше она што ангелот и го претскажа на Пречиста Богородица. Целата Атонска Гора беше преполна со идоли: таму се наоѓаше големо светилиште на Аполон, каде што се одвиваа гатања, магии и многу други демонски дејствија. Сите незнабошци многу го почитуваа тоа место како одбрано од боговите..."*

Во продолжение читаме дека, кога Македонците разбрале дека во нашата земја стигнала света Богородица, во голем број излегле да ја пречекаат и да ја видат. Во врска со ова свети Стефан пишува:

"Сите отрчаа кон морскиот брег во споменатото пристаниште. Здогледувајќи го коработ и Мајката Божја, тие чесно ја примија и на својот собир ја прашаа: 'Каков Бог си родила и како да го именуваме?' Пресвета Богородица, отворајќи ја својата божествена уста му благовести на народот се за Исус Христос. Тогаш сиот народ падна на земја и сите и се поклонија и

и укажаа големи почести - нејзе што Го роди. И поверувајќи и тие се крстија бидејќи многу чуда направи Мајката Божја".

Света Богородица била видно трогантa од ваквиот прием од страна на Македонците. Поради ова таа им се обратила со зборовите:

"Ова место нека биде дел од мене и од Мојот Син и Мој Бог. Божјата Благодет нека владее со ова место и со овдешните жители, кои со вера и со побожност се држат до заповедите на мојот Син и мој Бог. Се што ќе им треба за животот на Земјата тие ќе го имаат во изобилство и без некој поголем труд и ќе им биде поодготвен животот небески и до крајот на векот нема да ја отстапат од ова место милоста на мојот Син, а јас ќе бидам заштитничка на ова место и негова сесрдна застапничка пред Бога". (*Житија... август*, стр. 254-256).

Потоа света Богородица им оставила на Македонците за учител еден од своите следбеници и повторно ги благословила. Во продолжение читаме дека света Богородица влегла во коработ и отпатувала за Кипар.

Овде повторно предлагам да го поставиме прашањето: на кој јазик света Богородица разговарала со Македонците? Дали таа разговарала со Македонците на арамејскиот јазик, при што некој од нејзината придружба им го преведувал тоа што таа го зборувала? Иако оваа претпоставка може да се прифати, мислам дека не треба да се отфрли ни претпоставката дека света Богородица добро го зборувала јазикот коине, т.е. јазикот што токму Македонците своевремено го наложиле во Светата земја. Знаеме дека света Богородица, пред да го роди Исус, над една деценија живеела во храм. Таа таму цело време го проучувала Стариот Завет. Поради фактот што некои делови од Стариот Завет во оригинал биле напишани на јазикот коине, сосема е можно дека света Богородица ги читала нив во оригинал, откако претходно го научила овој јазик (за што, впрочем, имала доста време).

Света Богородица ја посетила Македонија во првиот век, а тоа е токму во времето за кое наведовме повеќе историски сведоштва дека во Македонија и натаму живееле етничките Македонци, иако се наоѓале под римска власт. Нивниот живот под Римјаните бил исклучително тежок, но тие веќе немале сили да кренат ново востание против овој суров режим. Можеби затоа Македонците со радост ја пречекале света Богородица. Таа и самата потекнувала од земја што се наоѓала под ропство на

Римјаните, а новата христијанска вера ги поистоветувала сите луѓе пред Бога - робовите и господарите. Токму затоа Македонците го прифаќале христијанството, гледајќи во него спас од својата тешка состојба.

Посетата на света Богородица на Македонија официјално е призната и од страна на Македонската Православна Црква, иако мислам дека МПЦ треба многу повеќе да го користи и експлоатира пред домашната и светска јавност овој сензационален податок.

Како доказ за ова ќе го посочиме спомнатиот *Алманах на 25-ти јубилеен Црковно-народен собир* (објавен како издание на МПЦ). Во врска со посетата на света Богородица на нашата земја во овој Алманах (стр. 9), читаме:

"Мајката Божја, Пресветата Богородица со стапнувањето (присуството) свое на македонската земја, ја благослови и таа постана света земја, матица на христијанството за Европа".

Впрочем, дека света Богородица и навистина патувала вон Палестина (заедно со свети Јован Богослов) доказ е и куќата каде таа престојувала во малоазискиот град Ефес, кој денес се наоѓа во Турција близу брегот на Егејско Море. Оваа куќа и денес постои и истата се наоѓа под заштита на турската држава. Популарно е позната како "Куќата на света Богородица". Се смета дека во неа света Богородица ги поминала последните мигови од својот живот. Куќата на света Богородица се наоѓа на планината Билбил на 420 метри надморска височина. Оваа куќа била откриена од лазаријанските свештеници во 1891 година и во неа до денес постојано доаѓаат на поклонение илјадници христијани (но и муслимани) од целиот свет. Значи, штом света Богородица престојувала во Ефес и штом овој податок денес е признат не само од христијаните, туку и од муслиманите, а секако и од официјалната турска власт, нема причина да не веруваме дека таа и навистина престојувала и во Македонија, која е само неколку стотини километри оддалечена од Ефес.

Исконската врска помеѓу Македонците и света Богородица можеби останала најмногу забележана на македонските средновековни и нововековни икони и фрески на кои е претставен ликот на света Богородица. На мнозина од нив, на челото на шамијата, но и на левото и десно раме на света Богородица, е претставен најважниот древен македонски симбол - шеснаесетзрачното и осумзрачното македонско сонце. Овој симбол останал длабоко врежан во свеста на Македонците уште од искона. Досега најрано

откриените претстави на сонцето среде Македонците се забележани уште од 9 век пред Христа. Сонцето се среќава и како симбол во споменатата Херодотова приказна за настанокот на македонската држава. Подоцна прêтставата на сонцето се оформила како специфичен симбол и тоа како осумзрачно и шеснаесетзрачно сонце. Шеснаесетзрачното македонско сонце се користело како царски симбол, додека осумзрачното македонско сонце главно го користеле македонските војници на своите штитови, а било позастапено и на македонските монети (но и на бројни други предмети).

По пропаста на античка Македонија, симболот на македонското сонце се задржал во свеста на Македонците дури до денешни дни. Постојат повеќе десетици (ако не и стотици) претстави на македонското осумзрачно и шеснаесетзрачно сонце, изработени главно по македонските цркви (икони,фрески, олтари и сл.).Можеби Македонците од Средниот век (но и потоа) не го знаеле прецизното значење на македонското сонце, но сигурно дека тоа останало во нивната свест како симбол за нешто многу важно и значајно. Токму поради тоа најбројни се претставите на македонското сонце на македонските икони и фрески поврзани со ликот на света Богородица, што доволно зборува за важноста што македонските зографи му го придавале на овој симбол. За жал, оваа појава кај нас досега не е подетално обработена и останува за некое следно истражување, а дотогаш ликот на света Богородица од молчаливите македонски икони и фрески и натаму ќе го чува овој свет симбол за Македонците.

Светиот евангелист Јован во Македонија

Во Македонија престојувал уште еден од дванаесетте Исусови апостоли. Тоа е апостолот и евангелист свети Јован Богослов, кој е и автор на *Евангелието по Јован* и на *Јовановото Откровение*. За *Евангелието по Јован* веќе наведовме податоци дека постојат мислења според кои тоа било пишувано во Александрија, што значи среде потомците на таму доселените Македонци.

Што се однесува до посетата на Македонија од страна на светиот евангелист Јован Богослов веќе рековме дека за време на посетата на Македонија од страна на света Богородица, со неа бил

и “*девствениот Јован”.* Тоа е токму светиот евангелист Јован Богослов - апостолот Исусов. Имено, по Вознесението на Исус, свети Јован (како и останатите апостоли) продолжил да го проповеда христијанството низ разни земји. Во меѓувреме, тој бил посинет од света Богородица и ја придружувал за време на нејзиното патување на Кипар, за време на кое престојувале и во Македонија.

Светиот апостол Петар во Македонија

Во Македонија престојувал уште еден исполин на христијанството, а тоа а основателот на прахристијанската Црква, Исусовиот апостол свети Петар. Во неговото житие читаме дека и свети Петар по Вознесението Христово посетил повеќе земји во кои го проповедал христијанството. Меѓу овие земји била и Македонија. Во врска со ова во неговото житие читаме:

“Од Антиохија Петар дојде во Македонија каде што исто така постави епископи: Олимп на филипјаните, а Јасон на солуњаните...” (*Житија... јуни*, стр. 647).

Значи, не само што свети Петар престојувал во Македонија, туку тој овде имал и значајни активности, кога на македонските христијани од Солун и Филипи им поставил епископи.

Свети Петар бил убиен во 67 година.

Светиот евангелист Матеј во Македонија

Во Македонија престојувала уште една голема личност на христијанството. Тоа е светиот евангелист Матеј, кој е автор на *Евангелието по Матеј* од Новиот Завет и е еден од дванаесетте Исусови првоапостоли. Веќе рековме дека постои мислење дека свети Матеј го напишал своето Евангелие во македонскиот (малоазиски) град Антиохија. Но, тоа не било се во однос на врските на свети Матеј со Македонците. Во нашата поширока јавност малку се знае дека тој и лично престојувал во Македонија! Во врска со неговата посета на нашата земја, во коментарот за неговото житие, читаме:

“Според кажувањата на некои Свети Матеј го проповедал Христовото Евангелие и во Македонија (*Житија...август*, стр. 148).

Во самото житие на свети Матеј, пак, сосема јасно пишува дека светиот евангелист Матеј и навистина престојувал во Македонија. Овде читаме:

"Откако отпатува од Ерусалим, светиот апостол Матеј го проповедаше Евангелието во многу земји. Благовестувајќи го Христос тој ја пропатува Македонија, Сирија, Персија, Паркија и Мидија, како и цела Етиопија ..." (*Житија...ноември*, стр. 508).

Претходно спомнавме дека и светите евангелисти Јован и Лука престојувале во Македонија. Ова значи дека дури **тројца**, од четворицата евангелисти, престојувале во нашата земја.

Светиот апостол Андреј во Македонија

Свети Андреј бил првиот Исусов апостол. По Исусовото Вознесение, свети Андреј го проповедал христијанството во Русија. Токму затоа свети Андреј денес е прогласен за заштитник на Русија. И свети Андреј бил убиен на територијата на денешна Грција. Тој таму бил распнат на крст што имал форма на буквата Х. Оттогаш крстовите со ваква форма го носат името "*Крст на свети Андреј*". Во 8 век посмртните останки на свети Андреј биле пренесени во Шкотска, поради што тој е прогласен за заштитник и на оваа земја. Во знак на почит кон свети Андреј денешното знаме на Шкотска го има токму неговиот крст на темно сина основа.

Во поширокатa јавност малку е познато дека свети Андреј престојувал и во Македонија! Во врска со ова во неговото житие читаме:

"А, кога по страдањата на Господ, воскресението и вознесението, свети Андреј, како и останатите апостоли го прими Светиот Дух, кој влезе во него во вид на огнен јазик, и кога со коцка беа одредени земјите, нему му се паднаа земјите: Витинија, Пропонтида со Халкидон и Византија, Тракија и Македонија... Овие покраини и градови свети Андреј ги пропатува проповедајќи го Христос". (*Житија...ноември*, стр. 825).

По се изгледа дека свети Андреј подоцна повторно ја посетил Македонија. Доказ за ова имаме во продолжението на неговото житие, каде читаме дека тој, по посетата на Русија, заминал за Рим, а оттаму повторно дошол на Балканот. Во врска со ова читаме:

“По посетата на горните руски градови, каде што денес се наоѓа Новгород, посетувајќи го и Рим, тој се врати во грчката покраина Епир и повторно отиде во Тракија” (исто, стр. 828).

Значи, од Рим свети Андреј дошол во Епир, а оттаму заминал за Тракија. Секако дека не е можано од Епир да се замине за Тракија без да се помине низ Македонија. Ова е доказ дека свети Андреј двапати престојувал во нашата земја, што исто така претставува податок за почит!

Повеќе детали за престојот на свети Андреј во Македонија среќаваме во ранохристијанскиот апокрифен ракопис под наслов *Делата на Андреј* (*Acts of Andrew*," The Apocryphal New Testament" M.R. James-Translation and Notes Oxford: Clarendon Press, 1924). Да направиме осврт кон делот од овој ракопис во кој е опишана посетата на свети Андреј на нашата земја.

За доаѓањето на свети Андреј во Македонија, во овој ракопис читаме:

“*Во Перинт тој најде брод што оди за Македонија и ангелот му кажа да се качи на него”.*

Во продолжение читаме дека свети Андреј дошол во Филипи. Таму имало двајца браќа богаташи од кои едниот имал две ќерки, а другиот два сина. Бидејќи во градот немало толку богати како нив, двајцата браќа се договориле да ги оженат своите деца меѓусебно, т.е. двата сина на едниот брат да се оженат за двете ќерки на другиот. Но, непосредно пред свадбата на сон на браќата им се јавил Бог кој им рекол да го почекаат доаѓањето на Неговиот слуга Андреј и да не ги прават свадбите додека не дојде тој. Браќата така и направиле. По три дена дошол свети Андреј и тие му кажале за нивниот сон. Тогаш тој им објаснил дека е грев блиски роднини да се женат и мажат помеѓу себе. Браќата го прифатиле овој совет на свети Андреј и ги откажале свадбите. Понатаму читаме дека некој млад богаташ од Солун по име Ексо, без знаење на своите родители, му се придружил на свети Андреј, следејќи го за време на неговите проповеди. Кога разбрале неговите родители дека нивниот син е во Филипи, му понудиле многу дарови за да се врати кај нив во Солун. Ексо ги одбил даровите и останал со свети Андреј. Родителите многу се налутиле и ангажирале луѓе за да го убијат својот син. Но, Ексо го преживеал обидот за убиство. Во оваа епизода се спомнува името на еден жител на Филипи, по име Лизимах, кој застанал во одбрана на Ексо. Ова име исто така го

имало и во постариот античко-македонски ономастикон (без разлика на неговото потекло).

Во продолжение читаме дека свети Андреј заминал за Солун. Таму, во името Исус, успеал да го излечи синот на солунчанецот Карпијан, кој бил тешко болен, а направил и други чуда. Кај него во Солун дошол некој Медија од Филипи кој го замолил да се врати таму за да го излекува и неговиот син. Свети Андреј ја послушал неговата молба и се вратил во Филипи, каде го излекувал синот на Медија. Таму ја излекувал и ќерката на филипјанецот Никола, кој во знак на благодарност му понудил скапи дарови, кои свети Андреј ги одбил. Во продолжение на овој текст читаме дека (цитат): "*Неговата слава се рашири низ цела Македонија".* Дошле и мнозина филозофи за да дискутираат со него. Меѓутоа, римскиот проконзул Виринус се вознемирил поради растечкиот углед на свети Андреј, поради што испратил војници за да го заробат и доведат кај него. Но, кога војниците дошле кај свети Андреј, неговите бројни придружници Македонци се фатиле за оружјето за да го бранат. Свети Андреј го спречил крвопролевањето. Тогаш на лице место стигнал самиот проконзул, кој почнал да го испрашува свети Андреј. Проконзулот му рекол на свети Андреј дека е маќепсник штом успеал да направи толку чуда и го прашал зошто го тера народот да се откаже од своите божества. Свети Андреј одговорил дека не е маќепсник, туку дека е Исусов апостол и дека чудата не ги прави тој, туку Исус. Присутниот народ почнал да го брани свети Андреј, а проконзулот почнал да им се заканува, велејќи дека ќе го запознае императорот со овој обид за бунт. Во врска со сето ова во истиот ракопис читаме:

"*Проконзулот им рече: 'Не верувајте му луѓе! Не верувајте му на тој маќепсник! А, луѓето одговорија: 'Тоа не е магија туку тоа е вистинско учење! '. Проконзулот рече: 'Ќе го фрлам овој човек на sверовите и ќе му напишам на царот дека вие не ги почитувате неговите закони.' Луѓето само што не почнаа да фрлаат камења по проконзулот, велејќи му: 'Пиши му на царот дека Македонците го примија Божјото Слово и дека се откажаа од идолите, па сега ќе го славаат само вистинскиот Бог.'*

Без разлика на веродостојноста на поголемиот дел од податоците во овој апокрифен ракопис, мислам дека во горенаведениот дијалог има вистина во смисла на тоа што и навистина една од причините поради која Македонците го прифаќале христијанството била нивната тешка положба под власта на Римјаните. Во горена-

ведениот извадок дури се чувствуваат и елементи на политички отпор кон Римјаните, посебно преку потенцирањето на македонската етничка припадност и нивната решеност јавно да се откажат од официјалната државна религиозна определба во Римската империја, за да можат и на таков начин да му се спротивстават на римскиот окупатор. Македонците не се уплашиле дури ни од можната реакција на царот поради нивното јавно отфрлување на еден значаен сегмент од римската власт, а видовме и дека биле подготвени и со оружје да го бранат првиот Исусосв апостол. Значи, овој извадок сосема одговара на вистинската состојба каква што тогаш била во Македонија.

Во продолжение читаме за заминувањето на свети Андреј од Македонија, за време на кое бил следен од многу Македонци. Овде читаме:

"*Многу верници од Македонија му се придружија во два брода. И сите сакаа да престојуваат на бродот на свети Андреј за да го слушаат. Тој им рече: 'Ја знам вашата желба, но бродот е премал. Испратете ги слугите и багажот на поголемиот брод, а вие останете со мене на овој брод.'*

Овде читаме за Македонецот Антим, кој им помогнал да се распоредат. По дванаесет дена пловидба, стигнале во Патра во Ахаја. Така завршил првиот престој на свети Андреј во Македонија.

Веќе спомнавме дека, и покрај прифатеноста на теоријата за еврејското етничко потекло на свети Андреј, неговото име несомнено дека е име со чист балкански корен. Рековме и дека свети Андреј бил роден во Витсаида - град што токму Македонците своевремено го проширале, а веројатно и населиле (макар и делумно).

Други светители, кои престојувале во Македонија

Постои можност дека во Македонија престојувала и света Марија Магдалена. Во нејзиното житие останало запишано дека таа пропатувала *многу земји.* Овде читаме:

"По Вознесението Господово таа пропатува низ многу земји, благовестувајќи го Христос, исто како и светите апостоли... Потоа света Магдалена од Рим отпатув за Ефес кај свети Јован Богослов, кому апостолски му помагала во проповедањето на Евангелието (*Житија... јули*, стр. 569).

Сосема е можно една од тие *многу земји* што ги посетила света Марија Магдалена да била и Македонија, која можеби таа ја посетила на патот од Рим во Ефес.

Од првите позначајни христијански великани да го кажеме и тоа дека во Македонија престојувал и свети Пармен, кој бил еден од седумминатa избрани свети проповедници. Тој бил избран лично од страна на дванаесетте апостоли по што бил упатен да го проповеда христијанството. Притоа свети Пармен престојувал и во нашата земја. Во коментарот на неговото житие (*Житија... јули*, стр. 691), читаме:

"Според мислењето на некои истражувачи светиот апостол Пармен го проповедал Евангелието во Македонија. Се смета дека свети Пармен маченички пострадал при крајот на владеењето на цар Трајан (98-117)."

Во Македонија престојувале уште неколку стотици светители, кои не биле родени во нашата земја. Најголемиот дел од нив престојувале на Света Гора на полуостровот Халкидик. Веќе рековме дека света Богородица за време на својот престој на Света Гора ја благословила оваа земја, по што Света Гора станала еден од најзначајните духовни центри на христијанството во светот, а секако дека така е и денес, кога македонската Света Гора се наоѓа под Грција. Доволно е да се прочитаат житијата (биографиите) на сите досега канонизирани светители за да се види дека грамаден дел од нив престојувале или живееле во манастирите на Света Гора.

Македонци - светители

Познато е дека Македонија дала поголем број христијански светители. Кај нас досега главно се форсираа само извесен број од нив (претежно оние од т.н. *словенски период*), но во последно време МПЦ покажува коректен однос и кон останатите, не помалку заслужни, светители што ги дала македонската земја.

Најпрвин ќе ги спомнеме најпознатите македонски светители при што во интерес на просторот нема подетално да се задржуваме на нивната дејност, која главно е добро позната во нашата јавност.

Свети Кирил и свети Методија. Светите македонски браќа биле родени во Солун и најверојатно дека потекнувале од угледно семејство на потомци на античките Македонци. Впрочем, за ова постојат и посредни докази. Познато е дека во Солун (но и во Македонија) во тие времиња никогаш не дошло до масовно населување

на етнички Грци. Се знае дека уште Филип Втори Македонски (таткото на Александар Македонски) во четвртиот век пред Христа ги иселил сите грчки колонисти од македонското крајбрежје, иако подоцна дозволил враќање на помал број од нив, но не во Солун, затоа што овој град тогаш не постоел. Уште од своето основање Солун бил населен со етнички антички Македонци (кои, впрочем, се и негови основачи) и не постои **ниту еден** документ за масовно иселување или помор на античките Македонци или за нивните потомци од Солун! Се разбира дека некои од нив подоцна, поради разни околности биле нарекувани во разните хроники како *Грци, Ромеи* и сл., но факт е дека тие и тогаш си биле крвни потомци на етничките антички Македонци. Освен тоа, мнозинството солунчани и неколку децении по раѓањето на светите браќа, себеси се декларирале како Македонци!

Како доказ за ова ќе го споменеме цитатот од Јован Каменијат, кој во своето дело "*За заземањето на Солун"* за градот Солун во 904 година напишал:

"*Нам, пријателу, татковина ни е Солун... Тоа е првиот и најголем град на Македонците!"*

Значи во 904 година се уште постојат потомците на античките Македонци.

И византискиот поет Ефрем за Солун вели дека бил: "*престолнина на Македонците"* (Ephraemii Chronologii caesares, J.P.Migne, PG 143, Paris, 1891, 198).

Исто така, отпаѓа и претпоставката дека терминот *Македонци* се однесува за географските *македонци*, како жители на византиската тема *Македонија*, затоа што Солун бил вон границите на оваа тема, а во наведеното сведоштво од Каменијат се зборува за *Македонци* како жители на Солун. Значи, овде терминот *Македонци* се однесува токму за етничките потомци на античките Македонци, кои своевремено го формирале овој град и кои во 10 век се уште си живееле во него како најдоминантни жители.

Сведоштва дека Македонците биле доминантни жители на Солун имаме и од подоцнежниот период.

Од сето ова заклучокот се наметнува сам по себе. Огромното мнозинство жители на Солун (но и на Македонија), кои во тоа време биле нарекувани *Грци, Ромеи* и слично, всушност биле крвни потомци на античките Македонци. Такви најверојатно дека биле и светите браќа Кирил и Методија. Впрочем, во нивните житија пишу-

ва дека тие биле од стар и угледен род, што значи дека биле староседелци во македонскиот град Солун.

Светите браќа Кирил и Методија ја создале глаголицата и тие денес се прогласени за сезаштитници на Европа.

Познат светител Македонец е и **свети Климент Охридски**. Тој бил најпознатиот ученик на свети Кирил и Методија. Свети Климент Охридски ја создал кирилицата - писмо на кое денес пишуваат стотици милиони Руси, Украинци, Белоруси, Македонци, Бугари, Срби, Црногорци... Со кирилицата во минатото пишувале и други народи. Свети Климент Охридски е познат е и по тоа што основал универзитет со околу 3500 ученици. Тоа е еден од првите универзитети во Европа.

Меѓу најпознатите македонски светители, кој воедно бил просветител и лекар бил и **свети Наум Охридски**, познат и како **свети Наум Чудотворец**. Неговиот култ како лекар останал и по неговата смрт. Споменот за него се чува во голем број македонски народни преданија и легенди. И денес мнозина одат во посета на неговиот гроб (во манастирот "Свети Наум" во близината на Охрид), каде се лекуваат од разните здравствени проблеми.

Да ја спомнеме и **светата маченица Злата Мегленска**. Во нејзиното житие читаме:

"*Светата маченица Злата е родена во село Слатина во Мегленската област од сиромашни селски родители, кои имаа уште три ќерки"*. (*Житија... октомври*, стр. 271).

Света Злата Мегленска била убиена во 1795 година, откако не сакала да се омажи за некој Турчин.

Познат македонски светител бил и **светиот маченик Спасо Радовишки.** Во неговото житие читаме:

"Свети Спасо се родил во селото Радовиш во Струмичката епархија". (*Житија...август*, стр. 501).

За него се знае дека пострадал во 1794 година, откако не сакал да се одрече од Христовата вера и да го прими исламот.

Познат македонски светител бил и **светиот маченик Ѓорѓи Кратовски**. Во неговото житие читаме дека се родил во "*Кратово, на десет часа одење од Штип."* Неговиот спомен се слави во февруари. Свети Ѓорѓи Кратовски бил убиен од Турците во 1515 година на 18 годишна возраст.

Познат македонски светител бил и **свети Јован Кукузел**. Не се знае со сигурност кога точно живеел свети Јован Кукузел. Некои сметаат дека живеел или во 11, 12, па дури и во 14 век. Во

неговото житие читаме дека тој бил роден во Албанија, но дека бил со *словенско* потекло:

"Блаженият Јован се родил во Драч. По потекло бил Словен. (*Житија... октомври*, стр. 21).

Меѓутоа за местото на неговото потекло постојат и поинакви мислења. Сотир Голабовски во својот труд "*Свети Јован Кукузел*" (Годишен Зборник, книга 3, Богословски факултет "Свети Климент Охридски", Скопје, 1997) прави осврт на сите досега познати извори и теории околу потеклото на свети Јован Кукузел. Така, тој го наведува цитатот од Музичка Енциклопедија 2, Загреб, МСМ ЛЏIII (стр.69), каде во врска со потеклото на овој светител, пишува:

"*Се знае дека е роден во Македонија (веројатно Дебарско*)".

Сотир Голабовски наведува и едно народно предание според кое свети Јован Кукузел се родил во Дебарско (село Џерменци). Свети Јован Кукузел оставил значајни дела од црковното пеење.

Како познат македонски светител да го спомнеме и **свети Нектарие Битолски.** Во неговото житие читаме:

"Преподобниот Нектарие се родил во Битола. Неговите родители беа побожни и праведни пред Бога. На крштевката на својот син му го дадоа името Никола." (*Житија...декември*, стр. 173).

Свети Нектарие Битолски починал во 1500 година.

Да го спомнеме и **свети Иларион Мегленски**. Тој се замонашил на 18 годишна возраст, а подоцна станал епископ Мегленски. Водел борба против еретиците и починал во 1164 година.

Еден од познатите македонски светители е и **свети Прохор Пчински**. Тој живеел во 11 век во околината на реката Пчиња. Неговиот татко се викал Јован, а мајка му се викала Ана. Живеел како монах во една пештера во Кумановско. Во неговото житие читаме дека му претскажал на ловецот Диоген (кој случајно наишол на неговата пештера додека бил на лов) дека ќе стане византиски цар. Подоцна така и се случило. Ловецот Диоген отишол во Цариград и недолго потоа и навистина се качил на византискиот трон. Тоа е познатиот византиски цар Роман ИВ Диоген. Ова практично значи дека и овој цар бил по потекло Македонец, поради фактот што ловел во близината на пештерата каде што се подвизувал свети Прохор Пчински. По над тридеценискиот престој во пештерата околу Пчиња, свети Прохор Пчински заминал да живее

во друга пештера на планината Козјак. Подоцна на местото каде живеел свети Прохор Пчински царот Роман ИВ Диоген подигнал црква во знак на благодарност кон овој светител.

Да го спомнеме и познатиот македонски светител **свети Јоаким Осоговски**. Тој живеел во 11 и 12 век. Живеел како монах на падините на Осоговските планини.

Познат македонски светител е и **свети Гаврил Лесновски**. Тој потекнувал од благородничко семејство, но бидејќи земскиот живот не го интересирал, се замонашил. Претходно подигнал еден манастир во Лесновската Гора. Околу триесет години живеел како монах, а потоа се вратил во манастирот што го подигнал, каде починал.

Освен овие, условно кажано, најпознати во нашата поширока јавност македонски светители, истражувачот прим. д-р Тодор Влахчев од Штип во својот труд под наслов: "*Светители Македонци, кои не се застапени во Календарот на Македонската Православна Црква"* (објавен во в. *Македонско Сонце,* од 20.06.1997 до 01.08.1997 г.), објави податоци (пронајдени низ стара црковна литература) за уште **девет** христијански светители, кои биле родени Македонци, а кои дотогаш не беа познати како такви во нашата поширока јавност. Да спомнеме накратко за секој од нив по нешто, користејќи податоци од горенаведениот труд од д-р Влахчев, но и податоци од литературата што досега ја цитиравме во врска со светителите Македонци.

Македонски светител кој живеел на крајот од 18 и почетокот на 19 век бил **светиот маченик Никита Серски**. Тој бил Македонец, роден во Албанија. Долго време престојувал на Света Гора од каде заминал за Серез со намера маченички да умре за христијанството. Таму бил затворен од Турците затоа што го проповедал христијанството меѓу муслиманите. Бил жестоко мачен и умрел во април 1808 година.

Македонец бил и **светиот маченик Акакие Серски**, познат и како **свети Акакие Солунски**. Неговото крстено име било Атанасие. Во врска со неговото потекло, во неговото житие читаме:

"Новомаченикот Христов Акакие беше родум од селото Ниохор (Ново Село, з.м.) *во Македонија, во близината на Солун. Неговите родители беа побожни христијани и кога им се роди, го крстија и му го дадоа името Атанасие. Поради сиромаштијата, неговите родители, заедно со целото семејство се преселија во*

градот Сер, кога Атанасие имаше девет години". (*Житија...мај*, стр. 41-46).

Свети Акакие бил уапсен од Турците откако почнал јавно да го велича Христос и тоа среде Цариград. Веднаш бил затворен, мачен и убиен. Според гореспоменатото житие Турците му ја отсекле главата во 1815 година, а според трудот на д-р Влахчев, тоа се случило во 1816 година.

Македонец бил и **свети Дионисие Костурски**. Тој се родил во селото Горица (Костурско). Се подвизувал како монах на Света Гора, а потоа отишол да живее во пештера. Живеел во 14 век и починал на 72-годишна возраст.

Македонец бил и **свети Теофил Мироточиви**. Тој бил роден во селото Зилјахово, кое се наоѓа на патот помеѓу Серез и Драма. Во неговото житие читаме:

"Преподобниот наш отец Теофил се родил во местото Зики (Зилјахово, з.м.) *во Македонија од побожни и чесни родители, кои му дадоа вистинско христијанско воспитание"*. (*Житија... јули,* стр. 167)

Извесно време работел кај цариградскиот патријарх, а бил во посета и на Ерусалим. Потоа се замонашил. Умрел од старост во 1548 година.

Македонец бил и **светиот маченик Никодим Охридски (Никодим Елбасански)**. Д-р Влахчев го наведува тврдењето на рускиот црковен историчар архиепископот Филарет Черниговски според кое преподобниот маченик Никодим бил *албански Словен*, што значи дека бил Македонец од Елбасан. Бил убиен од Турците откако јавно го величел христијанството за сметка на исламот. Тоа се случило во 1822 година.

Македонци биле и **светиот маченик Јаков Костурски** и неговите двајца ученици **ѓакон Јаков и монах Дионисие.** Бидејќи заедно биле убиени, нивниот помен е во ист ден. Во врска со потеклото на свети Јаков Костурски во неговото житие читаме:

"Свети Јаков потекнуваше од едно село во Костурската епархија. Неговите родители се викаа Мартин и Параскева." (*Житија...ноември*, стр. 13-17).

Светиот маченик Јаков загинал со маченичка смрт. Бил убиен од Турците во ноември 1520 година. Со него биле убиени и неговите браќа по вера: ѓаконот Јаков и монахот Дионисие (старо македонско име, з.м.) поради тоа што не сакале да го примат исламот.

Моштите на свети Јаков биле пренесени во селото Галатиста во близината на Солун.

Македонец бил и **светиот маченик Христо**. Тој бил Македонец од Албанија. Поради спор со некои Турчин во Цариград, бил наклеветен пред турската власт дека го напаѓал исламот. Поради тоа бил затворен, мачен и убиен. Тоа се случило во 1748 година. Свети Христо тогаш бил на четириесетгодишна возраст.

Македонец бил и **светиот маченик Ангел Битолски (Лерински)**. За неговиот живот нема многу податоци, но според неговиот прекар се знае дека и тој потекнувал од Македонија. Поради Христовата вера маченички бил убиен во 1750 година.

Македонка била и **света маченица Виса.** За нејзиниот живот нема податоци, освен што е спомната како *Виса од Солун* во списокот на светители што се чува во Зографскиот манастир на Света Гора.

Со ова завршивме со прегледот на Македонците светители кои ги обелодени прим. д-р Тодор Влахчев во наведениот труд. За пофалба е тоа што Македонската Православна Црква позитивно реагираше на овој негов труд и веднаш ги вклучи овие светители Македонци во својот Православен календар.

Но, тоа не е се кога се во прашање Македонците светители. Во моите истражувања наидов на уште Македонци, кои денес се слават како светители, а за кои нашата поширока јавност речиси воопшто не е запозната. Да ги наведиме и овие светители со надеж дека и тие набргу ќе се најдат во Православниот календар на МПЦ, каде што впрочем и заслужено припаѓаат. Овде ќе ги спомене и оние Македонци светители, кои биле од т.н. *предсловенски период*, затоа што и тие биле Македонци и затоа што МПЦ (според својот Устав) ги прифаќа и овие наши сонародници како македонски светители. Да ги наведиме нивните имиња со краток осврт за нивното потекло.

Но, пред да почнеме со презентирањето на овие Македонци светители, најнапред да ги спомнеме **светите македонски апостоли Аристарх и Гај**, кои дејствувале уште во првиот век по Христа како придружници на светиот апостол Павле. Нивните имиња се спомнати во Преамбулата на Уставот на МПЦ, каде се запишани како македонски светители.

Етничка Македонка била и **светата маченица Еликонида**, која живеела во третиот век. За нејзиното потекло во нејзиното житие читаме:

"Светата маченица Еликонида беше родена во Солун и беше воспитувана во христијанско благочестие. (*Житија... мај*, стр. 614).

Македонка била и **светата маченица Теодотија**. Во врска со нејзиното потекло читаме:

"Света Теодотија беше вдовица со три деца. Во Солун, заедно со свети Анастасие, Теодотија се трудеше околу Божјото дело, потполно посветена на побожниот живот". (*Житија... јули*, стр. 713).

Поради христијанството била осудена на смрт и била погубена заедно со нејзините три деца. Живеела во 3 век.

Македонец бил и **светиот свештеномаченик Мокие**, кој исто така живеел во третиот век. Во неговото житие читаме.

"Во времето на царувањето на Диоклецијан во времето на антипатите Лаодокие и Максим, во времето на прогоните преземени насекаде против христијаните, живееше во Македонија во градот Амфипол христијанскиот презвитер Мокие". (*Житија... мај*, стр.284).

Свети Мокие им се спротивставувал на оние Македонци, кои го славеле паганскиот македонски бог Дионис, проповедајќи го христијанството. Поради тоа бил наклеветен на Римјаните кои му ја отсекле главата во 295 година.

Македонец бил и **светиот маченик Флорентие**. Во врска со неговото потекло читаме:

"*Светиот маченик Флорентие беше од градот Солун"*. (*Житија... октомври*, стр. 266).

Свети Флорентие пострадал во почетокот на 3 век. Бил фрлен жив во оган во Солун од противниците на христијанството.

Македонец бил и **светиот маченик Александар Солунски**. Тој бил убиен за време на царот Максимилијан во 298 година. Во неговото житие пишува дека живеел и бил убиен во Солун, каде бил и погребан (*Житија... ноември*, стр. 199).

Македонка била и **светата маченица Матрона**. Во врска со нејзиното потекло во нејзиното житие читаме:

"Света Матрона, како сиромашна девојка, беше слугинка во домот на некој Евреин во Солун..."(*Житија... март*, стр. 525). Поради Христовата вера била убиена од домаќинката на Евреинот. Живеела во 3 и 4 век.

Македонци биле и **светите маченици Пасикрат и Валентион**. Во врска со нивното потекло во нивното житие читаме:

"Учениците Христови Пасикрат и Валентион беа од градот Доростол Македонски. Тие беа римски војници, но христијани." (*Житија... мај*, стр. 592). Во продолжение читаме дека и тие биле означени како *Словени*, иако живееле во 3 и 4 век! Во врска со ова читаме:

"Овие свети маченици Словени, пострадаа во 302 година". (Исто, стр. 595).

Можните причини за ваквото нивно детерминирање веќе ги објаснивме кога пишувавме за свети Јован Златоуст.

Македонци најверојатно биле и тројца од шесминатa свети маченици, кои биле убиени од Римјаните во македонскиот град Аполонија во 284 година. Имињата на овие тројца биле: **свети Филикс, свети Перегрин** и **свети Ермиј**. Во врска со сето ова во нивното заедничко житие читаме:

"Свети Исавр, ѓакон на светите тајни на Божјата Црква, Василие и Инокентие беа од Атина. Тие ја оставија својата татковина и отидоа во градот Аполонија во Македонија. Таму, по откровението на ангелот Божји, тие се качија до една пештера недалеку од градот. Таму ги најдоа Филикс, Перегрин и Ермиј, кои беа христијани". (*Житија...јули*, стр. 122).

Поради фактот што последниве тројца се наоѓале во Македонија, кога им се придружиле тројцата христијани од Атина, можеме со голема веројатност да претпоставиме дека тие биле домородни Македонци. Сите шесмина денес се слават во ист ден.

Македонка била и **светата маченица Васа и нејзините деца Теогонија, Агапија и Писта**. Во нејзиното житие читаме:

"Светата маченица Васа живееше во времето на цар Максимијан во градот Едеса". (*Житија... август*, стр. 373).

Света Васа била мажена за пагански свештеник, но кришум била христијанка и така ги воспитала и своите деца. Нејзиниот маж ја открил и ја обвинил на власта поради што била погубена заедно со своите деца. Знаеме дека и во Азија имало град што го носел името Едеса. И овој град бил изграден од Македонците поради што и во него (макар и делумно) живееле Македонци во времето на света Васа. Во нејзиното житие не е прецизирано за кој град Едеса станува збор.

Македонка била и **светата маченица Анисија**. Во нејзиното житие читаме:

"Во време на царувањето на незнабожниот цар Максимијан живееше во славниот град Солун една девојка по име

Анисија, ќерка на богати христинајски родители, кои ја воспитуваа во страв од Бога." (*Житија... декември*, стр. 841).

Значи таа живеела на крајот од 3 и почетокот на 4 век.

Македонка била и познатата христијанска маченица **света Варвара**. Таа е родена близу македонското селото Елешница во близина на градот Разлог. (Георги Радуле: *ИсториÔ на МакедониÔ-апологиÔ на македонизма,* СофиÔ, 1997,стр. 100).

Македонци биле и **свети Агатопод ѓакон и свети Теодул**, кои заедно биле убиени поради верата во Христа во Солун во 303 година. Во нивното житие читаме:

"За време на царувањето на безбожните римски цареви Диоклецијан и Максимијан живееја во Солун двајца богоугодни службеници црквени Агатопод ѓакон и Теодул". (*Житија...април*, стр. 61).

Да го спомнеме и познатиот македонски светител **свети Димитрија Солунски**. Тој бил роден солунчанец, кој бил убиен поради Христовата вера во 306 година. Во врска со неговото потекло читаме:

"Светиот великомаченик Димитрија се роди од високородни и побожни родители во градот Солун. Неговиот татко беше солунски војвода и кришум веруваше во нашиот Господ Исус Христос кому му служеше". (*Житија... октомври*, стр. 563).

Во книгата *ЖитиÔ на светиите* (Синодално издателство, СофиÔ, 1991, стр. 537), во врска со потеклото на свети Димитрија, читаме:

"*Светиот великомаченик Димитрија се родил во 3 век. Родното место му е градот Солун. Татко му бил висок службеник. Бил градоначалник.*"

Поради фактот што таткото на свети Димитрија бил висок римски службеник (војвода или градоначалник) некои сметаат дека тој не бил Македонец, туку дека бил *Римјанин*, кој само престојувал на служба во Солун. Но, ова воопшто не мора да биде така. Како прво, во житието на свети Димитрија воопшто не пишува дека татко му не бил роден солунчанец. Понатаму, работното место никако не може да ја определува етничката припадност. Да се потсетиме дека и таткото на светите браќа Кирил и Методија бил висок византиски службеник (подстратег), па сепак за него знаеме дека потекнувал од старо македонско солунско семејство. Веќе ги наведовме и македонските светители Пасикрат и Валентион, кои биле родени Ма-

кедонци, а работеле како римски војници. И за царот Јустинијан се знае дека бил роден во Македонија, па сепак тој си бил *лојален* кон државата со која владеел, а така било и со други римски и византиски високи официјални лица. Секако дека вакви примери има безброј во историјата и денес. Освен тоа, знаеме дека кај Римјаните било практика да стават месни луѓе за локални управници на својата власт и ова е добро познат факт. Поради сето ова нема причина да не веруваме дека и свети Димитрија бил етнички Македонец. Впрочем, во прилог на неговото можно македонско потекло доволно зборува самото негово име, кое честопати се среќава и во постарата историја на античка Македонија (без разлика на неговото потекло). Но, да кажеме неколку зборови за неговиот живот.

Откако пораснал Димитрија бил поставен за царски намесник на целата солунска област. Тогаш тој почнал јавно да го проповеда христијанството, поради што бил сослушан лично од царот Максимијан. Пред царот тој смело повторил дека е христијанин, по што бил затворен. Претходно целото свое богатство му го предал на својот слуга Луп и му кажал да им го раздаде на сиромашните. Недолго потоа свети Димитрија бил убиен по наредба на царот. До денес неговиот празник Митровден со посебна почит се слави меѓу Македонците.

Современик, сонародник и сограѓанин на свети Димитрија бил и **светиот маченик Нестор.** Во врска со неговото потекло читаме:

“Во Солун живееше едно момче по име Нестор со силно тело, убаво лице и со брада која само што почнуваше да расне.” (*Житија... октомври*, стр. 584).

Во тоа време царот Максимијан многу ги мачел христијаните. Во Солун тој имал изградено арена за гладијаторски борби. Рингот се наоѓал на столбови, а под рингот имало исправени копја со врвовите нагоре, така што секој што ќе паднел, паѓал директнио врз копјата. Максимијан имал свој омилен борец, кој се викал Лиј и кој бил по потекло Вандал. Нему сосила му биле доведувани христијани за да се “бори” со нив. Така загинале многу христијани, кои тој ги фрлал врз копјата. Но, тогаш за борба се пријавил младиот Македонец Нестор. Бидејќи и самиот бил христијанин, претходно отишол кај свети Димитрија (кој тогаш лежел во затвор поради христијанството) за да добие благослов од него. Откако добил благослов од свети Димитрија, Нестор се борел

со Лиј и го победил. Вандалот паднал врз копјата и загинал. Кога го видел тоа царот Максимијан се налутил и наредил да го убијат и Нестор.

Македонци биле и **светите маченици Гуриј, Самон и Авив**. Тие биле од градот Воден (Едеса). Во нивното житие читаме:

"Во тоа време во близината на градот Едеса живееја во самотија како во тивко пристаниште двајца побожни мажи Гуриј и Самон". (*Житија... ноември*, стр. 487).

Иако рековме дека и во Азија имало град со име Едеса, во коментарот направен од д-р Јустин Поповиќ за родниот град на овие светители пишува дека е "*град во Македонија*".

Светите маченици Гуриј и Самон од Едеса биле убиени со маченичка смрт која се случила помеѓу 293 и 306 година. Во нивното житие читаме:

"Во тоа време, во гореспоменатиот град Едеса, во кој порано настрадаа светите маченици Гуриј и Самон, живееше еден ѓакон по име Авив." (исто, стр. 491).

Во продолжение е опишан и неговиот живот и маченичка смрт, која се случила во 322 година. Денес сите тројца се слават заедно. Сите тројца се познати по тоа што помогнале во спасувањето на нивната убава сограѓанка Ефимија, која била ќерка на Софија. Ефимија со измама била заведена и одведена од некој војник Германец (Гот) во неговата земја. Ефимија таму живеела многу несреќен живот. Според расказот во житието на светите маченици Гуриј, Самон и Авив, тие и помогнале на Македонката Ефимија на чудесен начин да се врати во својот роден град кај својата мајка.

Македонци биле и **светите исповедници Едески**, кои биле убиени во втората половина на 4 век затоа што не ја прифаќале аријанската ерес, која доминирала во времето на царот Валент. (*Житија...август*, стр. 429). И за нив не е прецизирано во кој град Едеса живееле. Но, факт е дека и во македонскиот и во азискиот град Едеса живеело население со македонско етничко потекло.

Македонец бил и **светиот маченик Доминин**. Во врска со неговото потекло во неговото житие читаме:

"Свети Доминин беше од Солун. Кога царот Максимијан градеше своја палата во Солун, свети Доминин беше фатен како христијанин и проповедник на побожноста, по што беше одведен пред царот на суд". (*Житија... октомври*, стр. 20).

Ова се случило во самиот почеток на 4 век. Потоа свети Доминин бил мачен и убиен.

Македонец бил уште еден значаен ранохристијански деец. Се работи за **свети Павле Исповедник**, кој бил Цариградски патријарх во 4 век. Тој го наследил претходниот Цариградски патријарх Александар. Главен ривал на свети Павле Исповедник за местото Цариградски патријарх му бил аријанецот Македоние. Според неговото име, можеме да претпоставиме дека најверојатно и Македоние бил по потекло етнички Македонец. Значи, свети Павле Исповедник бил православерен, а Македоние бил аријанец. Меѓу нив се водела голема борба кој да биде Цариградски патријарх. Во врска со сите овие настани, читаме:

"Кога блаженият Александар патријарх лежеше на смртната постела, ужалените верници го прашаа: 'Кому не оставаш нас, твоите чеда, оче? Кого ни оставаш наместо себе за пастир, кој ќе оди по твоите стапки и мудро ќе управува со Црквата Христова?' Болниот патријарх им укажа на два достојни мажи: блаженият Павле, родум од Солун, презвитер по чин и ѓаконот Македоние. Потоа им кажа: 'Ако сакате да имате пастир, кој ќе ве учи и кој ќе ве просветлува со добрина, одберете го Павле, ако, пак, сакате да имате само личен човек, само однадвор украсен, одберете го Македоние'". (*Житија...ноември*, стр 97-99).

Свети Павле Исповедник уште е познат и под името свети Павле Цариградски.

Македонци биле и единаесет од **светите Петнаесет Тивериополски маченици**. Тие потекнувале од околината на Струмичко. Тоа биле месните свештеници: **Петар, Јован, Сергеј, Теодор и Никифор**; ѓаконите: **Василиј и Тома**, монасите: **Еротеј, Аритон и Даниел** и мирјанинот **Сократ**. Останатите четворица свети Тивериополски маченици биле Грци. Сите петнаесетмина биле убиени поради Христовата вера во ноември 363 година.

Етничка Македонка била и **света Синклитикија**. Нејзиното житие го напишал свети Атанасие, кој во врска со нејзиното потекло, запишал:

"*Оваа света имениčка на небесниот совет беше од македонската земја. Нејзините предци, откога слушнаа за Богољубието и за Христољубието на жителите на Александрија, отидоа од Македонија во градот на Александар Македонски".*

Света Синклитикија била многу убава девојка, која се откажала од материјалните добра и цел живот му се посветила на христијанството, живеејќи како монахиња. Таа го распродала целото свое богатство, а парите им ги разделила на сиромашните. Потоа со својата слепа сестра отишле да живеат во една пештера надвор од Александрија. Таа го криела свети Атанасие од аријанците. Умрела во длабока старост. (*Житија ...јануари*, стр. 167-169). Света Синклитикија живеела во 4 век. Интересно е тоа што нејзините родители се преселиле токму во Александрија, што значи дека тие практично се преселиле во градот на своите сонародници Македонци, кои во тоа време, се уште биле значителна популација во Александрија. Можеби нејзиното македонско потекло била една од причините за нејзината блиска соработка со свети Атанасие (за кого рековме дека бил роден во Александрија).

Македонка била и **светата маченица Тесалонокија**. Таа била ќерка на некој "*идолопоклоник*"(паган) по име Клеон. Света Тесалоникија го прифатила христијанството и откако незиниот татко не можел да ја разубеди да се откаже од Христовата вера, била наклеветена кај властите и била мачена по наредба на својот татко. Угледните солуњани **Авкт** и **Таврион** го прекориле татко и, но тој и нив ги наклеветил на римскиот намесник. Сите тројца биле мачени и убиени со отсекување на главите. Во продолжение на нивното житие читаме дека: *"нивните свети тела со достоинство беа положени во Амфипол* (град во Македонија,з.м.)".(*Житија... ноември*, стр. 121-122).

Многу е веројатно дека и преподобниот отец **свети Давид Солунски** бил по потекло Македонец. Во неговото житие читаме:

"Според некои преподобниот Давид се родил и израснал во Солун." (*Житија... јуни*, стр. 575).

Овој преподобен отец живеел монашки живот и умрел во 548 година.

Македонец бил и **светиот маченик Паладие**. Во неговото житие од овде цитираната литература единствено што пишува за него е следното:

"Родум од Солун, се подвизувал во околината на Александрија во шести и во почетокот на седми век". (*Житија... ноември,* стр. 782).

Значи, се работи за уште еден Македонец од Македонија, кој се преселил кај своите далечни сонародници во македонско-египетскиот град Александрија.

Во нашата поширока јавност малку е познат податокот дека најпознатиот византиски цар Јустинијан (владеел: 527-565), не само што потекнувал од Македонија, туку дека и тој е прогласен за христијански светител! Неговиот ден се слави во ноември. Некои историчари дури сметаат дека тој бил *Словен*, иако постои мислење дека неговото *словенско* потекло било измислено многу подоцна. Како и да е, **свети Јустинијан** е син на македонската земја, што значи дека и тој е македонски светител. Во неговото житие читаме:

"Свети Јустинијан по потекло бил Словен... од околината на Скопје. Неговото словенско име било Управда." (*Житија... ноември* 420).

Македонец бил и **светиот преподобен отец Теофил Исповедник**. Речиси цел живот се подвизувал како монах. Во врска со неговото потекло, во неговото житие читаме:

"Блаженият Теофил се родил од побожни родители во близината на градот Тивериопол и, кога беше на возраст од три години, го крстија". (*Житија... октомври*, стр. 205). Светиот преподобен отец Теофил Исповедник живеел во 8 век.

Македонец бил и **свети Фотие Солунски**. За неговиот живот малку се знае. Во неговото житие читаме:

"Големиот и богоугоден подвижник Солунски од 11 век, го основал манастирот Акапниј во Солун". (*Житија... јули*, стр. 223).

Македонец бил и еден од Ерусалимските патријарси. Тоа е преподобниот и богоносен отец **свети Леонтие (Лав) Втори Ерусалимски**. Во житието за овој свет патријарх читаме:

"Леонтие, преподобниот и богоносен отец наш живееше во 12 век. Се родил во местото Струмица, која порано се викаше Тивериопол, од богати и благочестиви родители". (*Житија... мај*, 378).

Свети Леонтиое (Лав) е еден од ретките Македонци, кои ја носеле титулата патријарх.

Една од најпознатите македонски светителки, која воедно била и позната историска личност била и **светата преподобна мајка Теодора**. Тоа всушност е царица Теодора, позната историска личност, која му била сопруга на византискиот император Михаил ИИ Комнен (1237-1271). Дека царица Теодора (света Теодора) била чиста Македонка, читаме во нејзиното житие, каде пишува:

"*Блажена и света Теодора потекнуваше од исток, а беше родена од родителите Јован и Елена. Таа израсна во местото наречено Сервија во Македонија, како мирисна роза, која од себе*

го шири мирисот на чесното живеење. Нејзините родители имаа благородно потекло и беа роднини со царевите, бидејќи таткото Јован, наречен Петралиф, беше царски намесник и владетел на Солун и на цела Македонија". (*Житија... март*, стр. 216).

За жал и за оваа македонска светителка, во македонската поширока јавност, не се знае речиси ништо, иако таа можеби била најпознатата Македонка - светителка.

За македонското етничко потекло на света Теодора (царица Теодора) читаме и во делот од нејзиното житие, каде е опишано нејзиното запознавање со византискиот цар Михаил ИИ Комнен:

"Пристигнувајќи во северните краеви на Македонија, во градот Сервија, Михаил ја виде таму блажена Теодора и веднаш се вљуби во нејзината убавина." (Исто, стр. 218).

Подоцна царот Михаил ја избркал Теодора, која била бремена, поради неговата љубов со некоја вдовица. Теодора се нашла на улица, но била прибрана во семејството на некој свештеник каде го родила детето. Подоцна царот Михаил се покајал и долго време ја барал низ царството. Кога ја пронашол, побарал прошка од неа, по што пак си ја прибрал заедно со детето. Кога повторно станала царица света Теодора направила многу добрини за сиромашните, а изградила и една голема црква. По смртта на царот Михаил, таа се замонашила. Несомнено дека света царица Теодора заслужува посебно место меѓу Македонците светители и нејзиниот светол лик допрва треба да се истражува.

Македонец најверојатно бил и **свети Јован, митрополит на Зихна**. Тој живеел на крајот на 13 и почетокот на 14 век. Во неговото житие не пишува каде е роден, но се знае дека уште на двегодишна возраст, по смртта на родителите, бил земен кај својот чичко Јоаникие на Света Гора. Така пораснал целосно воспитан во христијанскиот дух. Во неговото житие читаме дека: "*христијаните од градот Зихна од источна Македонија, дојдоа кај преподобниот Јован со голема молба да се согласи да им стане архиерej".* Потоа читаме дека тој во Серез изградил манастир, каде бил погребан по својата смрт во 1333 година (*Житија... декември*, стр. 363-364). Топонимот Зихна можеби се однесува на Зилјахово.

Македонец бил и **светиот преподобен отец Никодим Тисмански**. Во неговото житие читаме:

"Преподобниот наш отец Никодим беше родум од средишните краеви на Македонија". (*Житија...декември*, стр.758).

Според едни мислења, тој бил роден во Прилеп, а според други во Костур. Живеел во 14 век и дејствувал главно во Романија.

Македонец бил и **свети Антоние нов Чудотворец**. Во неговото житие читаме:

"Овој преподобен отец, нашиот Антоние нов потекнува од Верија во Македонија. Родителите му беа добродетелни и имотни".

Во продолжение читаме дека тој уште како дете го примил христијанството и заминал во манастир во македонската област Пиерија. Потоа живеел во пештера. По неговата смрт жителите на Верија (Бер) и на Пиерија се скарале кој да го земе неговото тело. За да го решат проблемот, неговото тело го ставиле на воловска кола и ги пуштиле воловите сами да одат. Воловите го однеле неговото тело право во неговиот роден дом во Верија. Свети Антоние нов Чудотворец живеел во 14 век. (*Житија...јануари*, цит. дело, стр. 550 и 551).

Македонец бил и **светиот новомаченик Никола**. Во неговото житие (*Житија... април*, стр. 138) читаме:

"Свети Никола беше родум од Солун и беше ѓакон".

Овој маченик пострадал од Турците во 1463 година на островот Лезб, заедно со свештеномаченикот Рафаило од Итака.

Македонец бил и **свети Макарие Макрис** (Солунски). Во врска со неговото потекло, во неговото житие пишува:

"*Овој преподобен Макарие беше родум од Солун и беше совршен маж на зборовите и разумот".* (*Житија...јануари*, стр. 259).

Свети Макарие бил монах во Света Гора, а потоа живеел во Цариград. Умрел во 1431 година.

Македонка била и **светата маченица Кирана**. Во врска со нејзиното потекло читаме:

"Оваа прекрасна Христова невеста Кирана беше од селото Ависока близу Солун. Таа беше дете на побожни христијански родители." *(Житија... февруари,* стр. 473-475).

Света Кирана била погубена во Солун во 1751 година откако претходно лажно била обвинета дека ветила оти ќе се омажи за некој Турчин и дека ќе си ја смени верата. Таа тоа го негирала, поради што била мачена и убиена.

Македонка била и **светата маченица Акилина**. За нејзиното потекло читаме:

"Света Акилина беше од селото Закливери од околината на Солун".

Нејзиниот татко отепал некој Турчин и за да не биде погубен од Турците поминал во исламот. Потоа посакал да ја исламизира и ќерка си за да не му прават проблеми Турците, но таа, ни по долги убедувања, не сакала да го стори тоа. Поради тоа била убиена во 1764 година. (*Житија...сетември*).

Македонец најверојатно бил и **светиот преподобномаченик Кирил**. За него читаме:

"Пострадал за христијанската вера во 1566 година. Неговиот спомен се врши на денешен ден во Солунската митрополија. Останатите Синаксири не го спомнуваат. (*Житија... јули*, стр. 124).

Бидејќи овој маченик се слави во Солун многу веројатно е дека тој оттаму и потекнувал.

Македонец бил и **светиот новомаченик Атанасие Солунски**. Во врска со неговото потекло од неговото житие читаме дека бил: "*родум од селото Колијаки, од околината на Солун".* (*Житија... септември*, 179).

Свети Атанасие бил наклеветен од Турците дека бил муслиман, кој поминал во христијанската вера, што тогаш било строго забрането. Поради тоа бил маченички убиен. Се родил во 1749, а бил убиен во 1774 година.

Македонец бил и **светиот маченик Христодул**. Во врска со неговото потекло читаме:

"*Свети Христодул беше родум од Касандра крај Солун. Како дете дојде во Солун и го изучи кројачкиот занает".* (*Житија... јули*, стр. 686). Во продолжение читаме дека тој отишол на островот Хиос и таму видел како некој Бугарин се откажува од христијанството на што тој се спротиставил. Поради тоа бил убиен од Турците во 1777 година.

Македонец бил и светиот **новомаченик Александар Солунски**. Во неговото житие читаме:

"Овој маченик Христов беше роден во Солун за време на големата турска тиранија над овој град". (*Житија... мај*, стр. 600).

Светиот новомаченик Александар бил убиен од Турците во Смирна во 1794 година.

Македонец (по татко) бил и **светиот новомаченик Марко**. Во неговото житие читаме:

"Свети Марко новомаченикот Христов се родил во Смирна. Неговиот татко се викаше Хаџи-Константин и беше родум од Солун, а мајка му Марија беше родум од Смирна". (*Житија... јуни*, стр. 112).

Светиот новомаченик Марко бил убиен од Турците во 1801 година поради верата во Христос.

Македонец бил и **светиот новомаченик Јован**, кој живеел во 18 и 19 век. Во врска со неговото потекло во неговото житие читаме:

"Светиот новомаченик Јован... се родил во големиот град Солун од татко Јован и мајка Томаида". (*Житија...мај,* стр. 638).

Светиот новомаченик Јован бил убиен од Турците во 1802 година, откако не сакал да го прифати исламот.

Македонец бил и **светиот новомаченик Аргир**. Поради одбрана на Христовата вера, убиен од Турците во 1806 година. Во врска со неговото потекло, во неговото житие читаме:

"Новомаченикот Христов Аргир беше родум од селото Апоном во близината на Солун. (*Житија... мај*, стр. 290).

Македонец бил и **свети Ѓорѓи нов Јанински**. Во неговото житие читаме:

"Овој новомаченик е роден во 1810 година во селото Чуркли, во Гервенската околија во северна Грција. Неговите родители Константин и Василка беа сиромашни земјоделци и умреа кога Ѓорѓија имаше 8 години". (*Житија...јануари*, стр.552-553).

Во продолжение на неговото житие е опишан неговиот христољубив живот и маченичка смрт од Турците, затоа што бил наклеветен дека е муслиман, кој преминал во христијанството, што тогаш било строго забрането. Свети Ѓорѓи го одрекувал тоа, поради што бил маченички убиен на возраст од триесет години. Жена му се викала Елена.

*

Од горенаведениот список на македонски светители гледаме дека, освен досега признатите светители Македонци, постојат барем уште педесетина Македонци, кои се прогласени за светители во христијанството, а кои, поради едни или други причини, не беа пошироко познати во нашата јавност.

Со ова вкупниот број на Македонци, кои се овенчале со славата на светители и за кои постојат децидни сведоштва дека биле Македонци, изнесува близу **деведест**! Овде не ги вклучувам

светителите од Антиохија, Александрија и другите малоазиски македонски градови, иако најверојатно дека добар дел и од овие светители имале македонско етничко потекло. Со тоа, Македонија можеби е земјата што дала најголем број светители во христијанството, барем ако зборуваме сраземерно во однос на својата големина и тогашна бројност на населението. Извесен број од овие светители биле и познати историски личности (свети Јустинијан - царот византиски, свети Кирил, свети Методија, свети Климент Охридски, света царица Теодора Комнена и други) и тие оставиле значаен придонес во светската историја и култура. Македонци светители биле и неколкумина патријарси и епископи, но најголем дел од нив биле маченици.

КОНСУЛТИРАНА ЛИТЕРАТУРА

Adcock F. E.: "*The Greek and Makcedonian Art of War"* (Univercity of Califormia Press, Berkeley and Los Angeles, 1957).

Андоновски Христо: "*Јужна Македонија од античките до денешните Македонци"* (Скопје, 1995 год.).

Антољак Стјепан: "*Средновековна Македонија 1",* (*Мисла*, Скопје, 1985 год.).

Arrian: "*The Campaigns of Alexander",* Translated by Aubrey De Selincourt (*Pengiun books*, USA, 1987).

Badian E. "*Greeks and Macedonians",* Studies in the History of Art, (Washingtion, D.C., USA, 1982).

Barker Phil: *"Armies of the Macedonian and Punic wars, Organization, tactics, dress and weapons"* (Copyright R.E.G. Games Ltd, Wargames Research Group, 1971).

Библија (превод: Душан Х. Константинов, Битола, *Еуролибер*, 1999, ИСБН 9989-900-00-0).

Библија (Krscanska saasnjost, Загреб, 1983).

Borza Eugen: "*In the Shadow of Olimpus, The Emergence of Macedon"*, (Princeton Univercity Press, Princeton, New Jersey, ISBN 0-691-05549-1, USA, 1990).

Вајгал Артур: "*Александар Македонски"* (Скопје, 1992 год.).

"Верковиќ, Македонски народни умотворби 5" (Македонска книга,Скопје, 1985 год.).

Веселиновиќ С. М.: “*Лекције из Светог Писма - Законске књиге Старог Завета”* (Београд, Нова штампарија *Давидовиќ*, Дечанска 14, 1908 год.).

Вилкен Улрих: “*Александар Македонски”* (1931 год., во превод на македонски, Скопје, 1988 год.)

Вражиновски Танас: “*Македонски народни преданија*, *Македонско народно творештво: Народни преданија”* (книга И, Скопје, 1986 год.).

Gerote George: *"History of Greece"* (third edition, London, John Murray, Albemarle Street, 1851).

Diodorus of Sicily. Book 17, *Loeb Edition* volume IX.

Dorovsky J.: "*Ceske zeme a Balkan"* (Brno 1974).

Eusebius of Caesarea: "*Church History".*
Житија на светците за месец јануари, приредил Д-р Јустин Поповиќ, (Белград, 1972).

Житија на светците за месец февруари, приредил Д-р Јустин Поповиќ, (Белград, 1973).

Житија на светците за месец март, приредил Д-р Јустин Поповиќ, (Белград, 1973).

Житија на светците за месец април, приредил Д-р Јустин Поповиќ, (Белград, 1973).

Житија на светците за месец мај, приредил Д-р Јустин Поповиќ, (Белград, 1974).

Житија на светците за месец јуни, приредил Д-р Јустин Поповиќ, (Белград, 1975).

Житија на светците за месец јули, приредил Д-р Јустин Поповиќ, (Белград, 1975).

Житија на светците за месец август, приредил Д-р Јустин Поповиќ, (Белград, 1976).

Житија на светците за месец септември, приредил Д-р Јустин Поповиќ, (Белград, 1976).

Житија на светците за месец октомври, приредил Д-р Јустин Поповиќ, (Белград, 1977).

Житија на светците за месец ноември, приредил Д-р Јустин Поповиќ, (Белград, 1977).

Житија на светците за месец декември, приредил Д-р Јустин Поповиќ, (Белград, 1977).

Житиа на светиите (Синодално издателство, Софиа, 1991).

Илустрирана Библија за млади (Скопје, 1977).

"International Bible Society (во превод на македонски ХБЦ "Радосна Вест", Скопје, 1999 год.).

Кацаров Гаврил: "*Цар Филип Втори Македонски"* (Софија, 1922 год.).

Квинтиј Куртиј Руф: "*Историја на Александар Македонски",* во превод од латински на д-р Љубинка Басотова (Скопје, 1998 год.).

"*Кралевите на античка Македонија и нивните монети во Република Македонија"* (*Македонска Цивилизација*, Скопје, 1994), авторите Никола Шелдаров и Виктор Лилчиќ.

"*Одбрани четива за историјата на македонскиот народ"* (Скопје, 1951 год.).

Пенушлиски Кирил: “*Народната култура на Егејска Македонија”* (*Мисла,* Скопје, 1992 год.).

Плутарх: *Александар Македонски* (Скопје, 1994 год.).

Plutarch: "*Aemilius Paulus"*, Translated by John Dryden

Plutarch: *"Antony"*, Translated by John Dryden

Поленаковиќ Харалампие: *“Избрани дела 2”* (Скопје 1988 год.).

Поп-Атанасов Ѓорѓи: “*Библијата за Македонија и Македонците*” (Менора, Скопје, 1995 год.).

Поречки Т. Л.: “*Истина о Македонији кроз документацију”* (Белград, 1992 год.).

Poter Charles Francis: "*The Lost Years of Jesus Revealed"* (A Fawcett Gold Medal Book, Published by Ballantine Books, 1962, 1958, CBS Publications).

Pribicevic Stojan: "*Macedonia - Its People and History"* (ISBN 0-271-00315-4, The Pensylvania State University Press, USA, 1982)

Procopius: "*Secret History"*, translated by Richard Atwater (Chicago: P. Covici, 1927; New York).

Psellus Michael: "*Chronographia"* (Introduction by Professor J.M. Hussey; trans. E.R.A Sewter, New Haven: Yale University Press, 1953).

Радуле Георги: “*Историа на Македониа - апологиа на македонизма”* (Софиа, 1997 год.).

Ристовски Блаже: “*Македонија и македонската нација”* (Скопје, 1995 год.).

Ристовски Блаже: “*Портрети и процеси И”* (Скопје, 1989 год.).

Саздов Томе: “*Преглед на македонската народна проза”* (*Култура,* Скопје, 1981 год.).

“Сборник на народни умотворениа, наука и книжнина” (Софиа, 1889 год.).

Славеска Лидија: “*Етногенезата на македонскиот народ”*(Скопје, 1992 год.).

Synthia Syndor Slowikowski: "*Sport and Culture in the Ancient Macedonian Society"*, (The Pennsylvania State University, 1988).

Flavius Josephus: "*Flavius Josephus Against Appion*" (*The Works of Flavius Josephus,* translated by William Whiston, Christian Classics Ethereal Library, Calvin College, USA).

Flavius Josephus: "*Jewish Antiquities*" (*The Works of Flavius Josephus,* translated by William Whiston, Christian Classics Ethereal Library, Calvin College, USA).

Flavius Josephus:"*War of the Jews*" (*The Works of Flavius Josephus,* translated by William Whiston, Christian Classics Ethereal Library, Calvin College, USA).

Hammond N.G.L.: "*History of Macedonia I"* (Oxford, 1976).

Hammond N.G.L.: "*The Macedonian State, Origins, Institutions, and History"* (Published in the United States by Oxford University Press Inc.,New York.1989, ISBN 0-19-814927-1).

“Христоматиа по историа на Блгариа” (Софиа, 1964 год.).

Тодоровски Гане: “*Веда Словена”* (Македонска книга, Скопје, 1979 год.).

"*The Apocryphal New Testament*" (M.R. James-Translation and Notes Oxford: Clarendon Press, 1924).

"The Nag Hammadi Library" (revised edition. Harper Collins, San Fransisco, 1990, ISBN 0-06066935-7).

"The Columbia Encyclopedia" (Fifth Edition Copyright ©1993, Columbia University Press).

"The Hutchinson Encyclopedia" (Helicon Publishing, 1999).

Chadwick John: *"Who were Dorians*?" (Cambrigde, 1976).

ЗБОРНИЦИ И ДРУГИ ПУБЛИКАЦИИ:

Алманах на 25-ти јубилеен Црковно-народен собир (септември,1999 г. Издание на Американско-канадската епархија при МПЦ,Краун Поинт, Индијана, САД).

Biblical Archaeology Society Washington, DC 20016-1700, USA Copyright © 2000.

Годишен Зборник, книга 3, Богословски факултет "Свети Климент Охридски", Скопје, 1997

Панов Бранко: "*Теофилакт Охридски за музиката во Македонија од 11 до 12 век"* (*Македонска музика*, бр. 2, 1979 год.).

Rome Builder of Our World, Published by National Geographic Society, Washington DC, 1968

"Словенско братство" (Зборник, Белград, 1947 год.).

The Ancient Macedonians And Their Language, Council for Research into South-Eastern Europe of the Macedonian Academy of Sciences and Arts, Skopje, 1993.

"The Apostle Paul's Visit to Philippi, History of Phillipi", Dr.Clint Arnold and his class at Talbot Theological Seminary,The Biblelands

Project. Copyright 1999 by Mustardseed Media,Inc Web site:http://www.mustardseed. net

Cleopatra VII Thea Philopater, description http://riverworld.pennmush. org/~alansz/rw-pbem/bg/chars/cleopatra.html.

Cleopatra VII, Ptolemaic Dynasty, Design, Layout and Graphic Art by Jimmy Dunn, an Inter City Oz Inc Employee USA, 1996.

ВЕСНИЦИ И СПИСАНИЈА

Македонско сонце (Скопје)
Нова Македонија (Скопје)
Народна волја (Благоевград)
Влахчев Тодор: "*Светители Македонци, кои не се застапени во Календарот на Македонската Православна Црква"* (в. *Македонско Сонце,* од 20.06.1997 до 01.08.1997 г.).

ЦД ЕЦИКЛОПЕДИИ:

CD Grolier electronic publishing, inc. Mindscape, Inc. 1995, Novato, CA 94945
Chronicle Encyclopedia of History (USA,1997)
Microsoft Encarta 98 Encyclopedia Deluxe Edition (USA, 1998)

РЕЦЕНЗИЈА ЗА КНИГАТА "ИСУС ХРИСТОС И МАКЕДОНЦИТЕ"

Книгата "Исус Христос и Македонците" од историчарот Александар Донски претставува вредно и интересно четиво, кое нуди не многу познати во јавноста, податоци за уделот на Македонците во библиските собитија. Содржината на книгата привлекува со богатството на аргументи и со лесниот стил на пишување. Со тоа оваа книга не само што ќе претставува корисно помагало на библиските историчари и теолози, туку ќе предизвика интерес и среде пошироката популација.

Во книгата не се изоставени ниту врските на денешните со античките Македонци, т.е. со Македонците кои директно учествувале во библиските собитија - факт што веќе официјално го признава и нашата Македонска Православна Црква, што, помеѓу другото, се гледа и од цитираните изјави на почетокот од книгава од нашиот архиепископ г-дин г-дин Стефан, како и од митрополитот на МПЦ г-дин Кирил. Конечно, оваа вистина е спомната и во Уставот на МПЦ. Денешните Македонци, како потомци на древниот библиски македонски народ, можат само да се восхитуваат на Божјата промисла поради тоа што нивните предци биле едни од ретките, избрани од Бога, народи, кои учествувале во важните библиски собитија.

Но, како што забележува и авторот Донски, овие податоци, поради одредени субјективни причини, досега не беа третирани во научната јавност на покомплексен начин. Токму затоа книгата на Александар Донски може да претставува поттик за натамошни проучувања во оваа насока. Вистината никогаш не може целосно да се сокрие, па така, преку оваа книга, подзаборавениот удел на Македонците во клучните библиски настани, со Божја помош, повторно излегува на виделина пред денешниве и идниве генерации. Поради сето ова книгата "Исус Христос и Македонците" од Александар Донски најтопло ја препорачувам за печат, со нескриена надеж дека истата набргу ќе се појави преведена и на некој странски јазик за да можат вредните податоци што таа ги содржи, што побргу да се најдат и пред светската јавност.

Август, 2000 год. М-р Звонко Ангелов

(Магистер по теолошки науки од Православниот Универзитет „Свети Владимир" од Њујорк, САД)

АЛЕКСАНДАР ДОНСКИ е роден во ноември 1960 година во Штип. Потекнува од уметничко семејство. Основно и средно образование завршил во родниот град, а дипломирал на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Скопје на групата Историја на уметноста со археологија. Има објавено голем број написи, авторски документарни радио-емисии и фељтони од областа на фолклорот, историјата и религијата во повеќе македонски и странски списанија и весници. За својата истражувачка дејност добитник е на извесен број награди и признанија. Во 1987 година, како резултат на неговите истражувања во Јапонија, од кои произлезе трудот Јапонскиот печат за Илинденското востание ја доби највисоката тогашна награда на Штип - наградата 8 ноември. Во 1989 година ја објави книгата-зборник Фолклорното богатство на Штип. Во 1993 ја доби стипендијата на Фондот за отворено општество на (ЦЕУ РСС) за истражувачкиот проект Детскиот фолклор во источна Македонија, кој со успех го заврши.Во 1994 година ја објави книгата Натприродни одгласи. Во 1995 година ја објави книгата Што ќе ни се случи по смртта?, книга со сведоштва на македонски граѓани кои преживеале клиничка смрт. Има објавувано и свои кратки раскази во реномирани македонски списанија за литературата, а се занимава и со преводи на литературни дела и есеи од хрватски, српски и бугарски јазик за списанието за уметност СУМ. Во 1996 година ја објави збирката раскази под наслов Морбидни раскази. Еден е од ко-авторите на книгата Македонија - богата и сиромашна земја, која на германски јазик е објавена во Германија во 1997 година. Истата година во Софија на бугарски јазик ја објави брошурата Орисија, посветена на етногенетските разлики помеѓу Македонците и Бугарите, подготвена и преведена од македонскиот писател во Бугарија - Славе Македонски. Автор е и на неколку документарнаи радио и ТВ серии, снимени во продукција на Радио Штип и ТВ ИРИС од Штип. Неколку

години соработувал и со “Народна волја” (македонски весник од Бугарија) и “Австралиско-македонски неделник” од Мелбурн. Објавува свои текстови и на Интернет. Автор е и на книгите: “Етногенетските разлики помеѓу Македонците и Бугарите”; “Исус Христос и Македонците”, “Уделот на Македонците во светската цивилизација”; “Античко-македонското наследство во денешната македонска нација” (објавена и на англиски); “Денешните потомци на Самуиловата царска династија” (објавена и на англиски со посебен осврт на роднинската врска на цар Самуил со британската кралица Елизабета Втора), “Сведоштва за Илинденскиот период” (во ко-авторство со Атанас Кирјаков, македонски активист од пиринскиот дел на Македонија), “Сите светители од Македонија”, “Македонското потекло на некои од американските претседатели”, која е објавена и на англиски, “Византиски цареви од македонско потекло”, “Денешните потомци на античко-македонската царска династија”, како и на романите: “Тајната на Бакарната книга” (која е објавена и на англиски), “Обединувањето на Македонија” и на мистеријата “Американски јасновидец во контакт со духот на Александар Македонски”. Автор е и на бројни документарни емисии од областа на македонската историја кои се поставени на Youtube.